СЛУЖБЕН ВЕСНИК

на Република Северна Македонија

Број 277 **28 декември 2019, сабота** **година LXXV**

www.slvesnik.com.mk **contact@slvesnik.com.mk**

С О Д Р Ж И Н А

		Стр.
4327.	**Уредба** за номенклатурата на средствата за амортизација и годишните амортизациони стапки, како и начинот на пресметување на амортизацијата, односно отписот на вредноста на материјалните и нематеријалните средства.....	**5**
4328.	**Уредба** за изменување и дополнување на Уредбата за распоредувањето на одредени стоки во комбинираната номенклатура согласно со регулативите на Европската комисија (*).....	**8**
4329.	**Уредба** за начинот на пресметка на данокот на моторни возила и на износите потребни за пресметка на данокот на моторни возила.....	**10**
4330.	**Одлука** за давање согласност на Решението за давање на одобрение за одгледување на канабис за медицински цели на Друштво за трговија и услуги СОЛИДИС ХЕРБАЛ ДООЕЛ Струмица.....	**11**
4331.	**Одлука** за усвојување на Годишната програма за работа на Националниот центар за одговор на компјутерски инциденти за 2020 година....	**11**
4332.	**Одлука** за предавање на недвижност - градежно земјиште во владение на Акционерското друштво за вршење на енергетски дејности Национални енергетски ресурси Скопје, во државна сопственост.....	**11**
4333.	**Одлука** за давање согласност на Годишната инвестициона програма на Јавното претпријатие „Стрежево“- Битола за 2020 година.....	**12**
4334.	**Одлука** за давање согласност на Програмата за работа и Финансискиот план на Агенцијата за странски инвестиции и промоција на извозот на Република Северна Македонија за 2020 година.....	**12**
4335.	**Одлука** за определување на услуга од јавен интерес во железнички превоз на патници.....	**12**
4336.	**Одлука** за давање согласност на Инвестиционата програма за 2020 година на ЈП за водоснабдување „Студенчица“ Кичево.....	**13**
4337.	**Одлука** за давање на согласност на Годишната инвестициона програма за 2020 година на ЈПВ „Лисиче“- Велес.....	**13**

Стр.

4338. **Одлука** за давање согласност на Годишната инвестициона програма на јавното претпријатие за извршување на водостопански дејности хидросистем „Злетовица“ – Пробиштип за 2020 година..... **13**

4339. **Одлука** за давање на согласност на Годишна програма за работата на Советот за унапредување и надзор на ревизијата на Република Северна Македонија за 2020 година..... **14**

4340. **Одлука** за давање согласност на Одлуката за покривање на загуба на Јавното претпријатие за стопанисување со пасишта за 2018 година..... **14**

4341. **Одлука** за давање согласност на Одлуката за покривање на загуба на Јавното претпријатие за стопанисување со пасишта за 2017 година..... **14**

4342. **Одлука** за давање согласност на Годишната програма за изградба, реконструкција, рехабилитација, одржување и заштита на државните патишта за 2020 година..... **14**

4343. **Одлука** за критериумите и постапката за распределба на средства за финансирање на програмските активности на здруженија и фондации од Буџетот на Република Северна Македонија..... **15**

4344. **Одлука** за давање согласност на Инвестиционата програма за период 2020-2022 година и Финансиската програма за 2020 година на Јавното претпријатие за железничка инфраструктура железници на Република Северна Македонија– Скопје..... **16**

4345. **Одлука** за одобрување на Годишниот план за работа на Агенција за храна и ветеринарство за 2020 година..... **16**

4346. **Одлука** за потврдување на Финансискиот план за 2020 година на Агенцијата за поттикнување на развојот на земјоделството..... **16**

4347. **Одлука за** потврдување на Финансискиот план на Фондот за осигурување на депозити за 2020 година. **17**

4348. **Одлука** за давање согласност на Годишната инвестициона програма на ЈП Службен весник на Република Северна Македонија за 2020 година..... **17**

4349. **Одлука** за давање согласност на Договорот за доделување на државна помош на Друштво за производство и услуги КЕСЛЕР МАКЕДОНИЈА ДООЕЛ Илинден – корисник на Технолошка индустриска развојна зона Скопје 1..... **17**

4350. **Одлука** за доделување на концесија за експлоатација на минерална суровина – мермер на Друштвото за производство, услуги и трговија АЛМАРКО МИНЕРАЛИ ДОО Скопје на локалитетот “Стари Присад Стена“, Општина Прилеп..... **17**

Стр.

4351. **Одлука** за давање согласност на Годишната програма за работење на Агенцијата за планирање на просторот во 2020 година..... **18**

4352. **Одлука** за давање согласност на Годишниот финансиски план на Агенцијата за планирање на просторот во 2020 година..... **18**

4353. **Одлука** за давање на согласност на Годишната програма со финансиски план за 2020 година на Дирекцијата за технолошки индустриски развојни зони..... **19**

4354. **Одлука** за давање согласност на Одлуката за утврдување на висината на бодот за пресметување на платите на вработените во железници на Република Северна Македонија Транспорт АД – Скопје..... **19**

4355. **Одлука** за распоредување на приходите од игри на среќа и од забавните игри во 2020 година за финансирање на програмските активности на националните инвалидски организации, нивните здруженија и нивната асоцијација, на здруженија за борба против семејно насилство и Црвениот крст на Република Северна Македонија..... **19**

4356. **Одлука** за давање согласност на Годишниот финансиски план на Фондот за иновации и технолошки развој за 2020 година..... **20**

4357. **Одлука** за давање согласност на Годишната програма за работа на Фондот за иновации и технолошки развој за 2020 година..... **20**

4358. **Одлука** за давање согласност на Програма за изменување на Годишната програма со финансиски план за 2019 година на Дирекцијата за технолошки индустриски развојни зони..... **20**

4359. **Одлука** за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Локална урбанистичко планска документација за изградба на објект со намена Г2-лесна и незагадувачка индустрија КО Марена, Општина Кавадарци..... **21**

4360. **Одлука** за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на проект за инфраструктура за изградба на линиски објект јавен локален пат со траса од КП 552/1 до приклучок со постоечки јавен локален пат КП 607/1, КО Сарамзалино Општина Лозово..... **21**

4361. **Одлука** за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на локална урбанистичка планска документација за изградба на објект со намена А4-времено сместување КО Бардовци, Општина Карпош..... **21**

Стр.

4362. **Одлука** за вршење на работите за располагање со градежно земјиште сопственост на Република Северна Македонија за Општина Могила..... **22**

4363. **Одлука** за вршење на работите за располагање со градежно земјиште сопственост на Република Северна Македонија за Општина Лозово..... **22**

4364. **Одлука за** дополнување на Одлуката за утврдување на општинските патишта и улици за кои работите за рехабилитација и реконструкција ќе ги врши Јавното претпријатие за државни патишта..... **22**

4365. **Одлука** за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Уставен суд на Република Северна Македонија..... **23**

4366. **Одлука** за давање согласност на Договорот за доделување на државна помош на Друштвото за производство, трговија и услуги ГЕРЕС-ХАЈМЕР СКОПЈЕ ДООЕЛ Илинден– корисник на Технолошка индустриска развојна зона Скопје 2..... **24**

4367. **Одлука** за давање согласност на Договорот за доделување на државна помош на Друштво за производство и трговија ДУРА АУТОМОТИВЕ СТРЕКЧЕРС ДООЕЛ Илинден – корисник на Технолошка индустриска развојна зона Скопје 2..... **24**

4368. **Одлука** за дополнување на Одлуката за распределба на средства согласно Договорот за заем по проектот „Водоснабдување и одведување на отпадни води“..... **24**

4369. **Одлука** за задолжување на Општина Пробиштип со краткорочен кредит кај Развојна банка на Северна Македонија АД Скопје..... **25**

4370. **Одлука** за давање согласност на Решението за давање на одобрение за одгледување на канабис за медицински цели на Друштво за производство, трговија и услуги КРУШЕВО ВЕЕД ИНТ ДОО Скопје..... **25**

4371. **Одлука** за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Државна урбанистичка планска документација за изградба на објекти со намена Г1-тешка индустрија за експлоатација на минерална суровина бакар на локалитет Боров Дол, КО Горна Враштица, КО Долна Враштица, КО Брест, Општина Радовиш и Општина Штип..... **25**

4372. **Одлука** за испраќање на припадници на Армијата на Република Северна Македонија за учество во вежбовната активност „COMBINED RESOLVE XIII“, во Сојузна Република Германија..... **26**

4373. **Одлука** за определување на добрата и услугите кои подлежат на повластена стапка на данокот на додадена вредност..... **26**

Стр.

4374. **Одлука** за давање согласност на Договорот за доделување на државна помош на Друштво за производство и трговија ДУРА АУТОМОТИВЕ ЕКСТРУЖОНС ДООЕЛ Илинден – корисник на Технолошка индустриска развојна зона Скопје 2..... **42**

4375. **Одлука** за одобрување на Програмата за давање на услуги на воздухопловната навигација за 2020 година на Акционерското друштво во државна сопственост за вршење на дејноста давање услуги во воздухопловната навигација М-НАВ АД Скопје..... **42**

4376. **Одлука** за одобрување на Годишниот финансиски план за 2020 година на Акционерското друштво во државна сопственост за вршење на дејноста давање услуги во воздухопловната навигација М-НАВ АД Скопје..... **42**

4377. **Решение** за назначување на претставник на Република Северна Македонија во Заедничкиот комитет за сукцесија на движен и недвижен имот од Анексот А на Спогодбата за прашањата на сукцесија..... **42**

4378. **Програма** за користење на средствата за ветеринарно јавно здравство во 2020 година..... **43**

4379. **Програма** за основни геолошки истражувања за 2020 година..... **44**

4380. **Одлука** за давање на согласност на Програмата за изменување и дополнување на Програмата за работа и финансискиот план на Агенцијата за странски инвестиции и промоција на извозот на Република Северна Македонија за 2019 година..... **44**

4381. **Програма** за работа на Институтот за акредитација на Република Северна Македонија за 2020 година.... **44**

4382. **Програма** за финансирање на програмските активности на здруженијата и фондациите за 2020 година.... **49**

4383. **Програма** за систематски прегледи на учениците и студентите во Република Северна Македонија за 2020 година..... **50**

4384. **Програма** за колекторски систем Охрид и Струга..... **53**

4385. **Програма** за унапредување на животната средина за 2020 година..... **53**

4386. **Програма** за инвестирање во животната средина за 2020 година..... **54**

4387. **Програма** за инвестиции во животната средина за 2020 година..... **55**

4388. **Програма** за конкурентност, иновации и претприемништво за 2020 година..... **56**

4389. **Програма** за намалување на аерозагадувањето за 2020 година..... **60**

		Стр.
4390.	**Програма** за спроведување на мониторинг во областа на производството, преработката, складирањето, дистрибуцијата, употребата и сообразноста на производите за заштита на растенијата и резидуи од производи за заштита на растенијата во производи од примарно земјоделско производство за 2020 година.....	**61**
4391.	**Програма** за фитосанитарна политика во 2020 година.....	**66**
4392.	**Програма за** изградба, опремување и одржување на објекти за детска заштита за 2020 година.....	**69**
4393.	**Програма** за развој и унапредување на ловството и за одгледување и заштита на дивечот под заштита во репроцентрите за 2020 година.....	**70**
4394.	**Програма** за проширена репродукција на шумите за 2020 година.....	**71**
4395.	**Програма** за спроведување на мониторинг во областа на производството, преработката, складирањето, дистрибуцијата, употребата и сообразноста на ѓубриња, биостимулаторите и подобрувачите на својствата на почвата, како и контрола на квалитетот на ѓубриња, биостимулаторите и подобрувачите на својствата на почвата за 2020 година.....	**72**
4396.	**Програма** за семе и саден материјал во 2020 година.....	**73**
4397.	**Програма** за развој на дејноста за заштитата на децата за 2020 година....	**73**
4398.	**Програма** за изменување на Програмата за изградба, опремување и одржување на објекти за детска заштита за 2019 година.....	**78**
4399.	**Програма** за финансирање на активностите во тутунското производство за 2020 година.....	**79**
4400.	**Програма** за изменување на Програмата за остварување на социјалната заштита за 2019 година.....	**79**
4401.	**Програма** за изменување на Програмата за изградба, опремување и одржување на објекти за социјална заштита и домови за стари лица за 2019 година.....	**80**
4402.	**Годишна програма** за националната инфраструктура на просторните податоци за 2020 година.....	**80**
4403.	**Програма** за изградба, опремување и одржување на објекти за социјална заштита и домови за стари лица за 2020 година.....	**82**
4404.	**Програма** за финансиска поддршка за производство на електрична енергија од повластени производители кои користат премија за 2020 година.....	**83**
4405.	**Програма** за рефундирање на средства платени како царински давачки, данок на додадена вредност и акциза за набавка на патнички автомобил за лица со тешка и најтешка телесна попреченост, лица со умерена, тешка и длабока интелектуална попреченост, за потполно слепи лица со придружник и за потполно глуви лица за 2020 година.....	**84**
4406.	**Програма** за користење на средства за здравствена заштита на животните во 2020 година.....	**85**
4407.	**Програма** за изградба и реконструкција на средни училишта за 2020 година.....	**86**
4408.	**Програма** за остварување и развој на дејноста во ученичкиот стандард за 2020 година.....	**87**
4409.	**Програма** за остварување и развој на дејноста во студентскиот стандард за 2020 година.....	**89**
4410.	**Програма** за поддршка на домашен туризам за работници со ниски приходи.....	**91**
4411.	**Програма** за научно-истражувачката дејност за 2020 година.....	**96**
4412.	**Годишна програма** за финансирање на изработка на просторен план на Република Северна Македонија..	**100**
4413.	**Програма** за работи од областа на хидрометеоролошката дејност во 2020 година.....	**101**
4414.	**Програма** за задолжителна имунизација на населението во Република Северна Македонија за 2020 година.....	**103**
4415.	**Програма** за финансиска поддршка во рибарството и аквакултурата за 2020 година.....	**127**
4416.	**Програма** за обезбедување на трошоците за болни кои се третираат со дијализа и активности за пациентите со хемофилија во Република Северна Македонија за 2020 година.....	**138**
4417.	**Програма** за организирање и унапредување на крводарителството во Република Северна Македонија за 2020 година.....	**143**
4418.	**Програма** за лекување на ретки болести во Република Северна Македонија за 2020 година.....	**149**
4419.	**Програма** за испитување на појавата, спречување и сузбивање на бруцелозата кај населението во Република Северна Македонија за 2020 година.....	**155**
4420.	**Програма** за партиципација при користењето на здравствена заштита на одделни заболувања на граѓаните и здравствена заштита на родилките и доенчињата во Република Северна Македонија за 2020 година.....	**167**
	Огласен дел.....	**1-48**

ВЛАДА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

4327.

Врз основа на член 9-а став (6) од Законот за данокот на добивка („Службен весник на Република Македонија“ бр. 112/14, 129/15, 23/16, 190/16 и 248/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 232/19) и член 24 став (4) од Законот за данокот на личен доход („Службен весник на Република Македонија“, бр. 241/18), Владата на Република Северна Македонија, на седницата одржана на 28 декември 2019 година, донесе

У Р Е Д Б А
ЗА НОМЕНКЛАТУРАТА НА СРЕДСТВАТА ЗА АМОРТИЗАЦИЈА И ГОДИШНИТЕ АМОРТИЗАЦИОНИ СТАПКИ, КАКО И НАЧИНОТ НА ПРЕСМЕТУВАЊЕ НА АМОРТИЗАЦИЈАТА, ОДНОСНО ОТПИСОТ НА ВРЕДНОСТА НА МАТЕРИЈАЛНИТЕ И НЕМАТЕРИЈАЛНИТЕ СРЕДСТВА

Член 1

Со оваа уредба се утврдува номенклатурата на средствата за амортизација и годишните амортизациони стапки, како и начинот на пресметување на амортизацијата, односно отписот на вредноста на материјалните и нематеријалните средства која се признава како расход во даночниот биланс на обврзниците на данок на добивка и обврзниците на данокот на личен доход кои остваруваат доход од самостојна дејност (во натамошниот текст: даночниот обврзник).

Член 2

(1) Под материјални и нематеријални средства од член 1 на оваа уредба (во натамошниот текст: средства), се сметаат правата односно предметите, чиј поединечен трошок на набавка е поголем од 500 евра во денарска противвредност и корисниот век на употреба е подолг од една година.

(2) Како материјални средства од став (1) на овој член се сметаат градежните објекти, постројките и опремата, алатот, погонскиот и канцеларискиот инвентар, компјутерската опрема вклучувајќи ги и софтверите, мебелот, транспортните уреди и средства, биолошките средства (повеќегодишни насади и основни стада), со кои располага даночниот обврзник и кои служат за вршење на неговата дејност.

Член 3

Обврската за пресметување на амортизацијата односно на отписот на вредноста не се однесува на следниве средства:

1) земјиштата и шумите како природни богатства што не се трошат;

2) градежните објекти и предметите кои во согласност со закон се прогласени за споменици на културата и за историски споменици, односно кои претставуваат музејска вредност како и уметничките дела (освен ако овие објекти не се користат за дејност од која се остваруваат приходи) и книгите во библиотеките;

3) патишта од локално значење со земјена или макадамска подлога, како и објектите кои се нивен составен дел;

4) долниот строј кај железничките и другите пруги кај патиштата, аеродромите, улиците, плоштадите, парковите и другите изградени јавни површини;

5) средствата кои не се расположливи за употреба;

6) средствата кои трајно се надвор од употреба и

7) средствата на даночниот обврзник над кој е отворена постапка за стечај или ликвидација, ако во тоа време не ја врши дејноста.

Член 4

(1) Амортизацијата односно отписот на вредноста на средствата се врши со праволиниска метода со примена на амортизациони стапки утврдени со Номенклатурата на средствата за амортизација и годишните амортизациони стапки, која е составен дел на оваа уредба и амортизацијата се признава како расход за даночни цели.

(2) Годишните амортизациони стапки утврдени со Номенклатурата на средствата за амортизација за целите на оданочувањето може да се зголемат најмногу до 50%. Вака зголемените амортизациони стапки се сметаат како највисоки дозволени амортизациони стапки за пресметување на амортизацијата која се признава како расход во даночниот биланс согласно со член 9-а став (2) од Законот за данокот на добивка и член 24 став (1) од Законот за данокот на личен доход.

Член 5

(1) Основица за пресметување на амортизацијата претставува набавната вредност, односно ревалоризационата вредност на средствата утврдена во согласност со усвоените меѓународни стандарди за финансиско известување и усвоените меѓународни стандарди за финансиско известување за мали и средни субјекти.

(2) Трошоците по основ на амортизација на ревалоризационата вредност на средствата, пресметани за делот на ревалоризационата вредност на средствата која е повисока од нивната набавна вредност, не се признаваат како расход во даночниот биланс.

(3) Набавната вредност на основните средства се утврдува во согласност со прифатените сметководствени стандарди и ја сочинува куповната цена (фактурната вредност) зголемена за увозните давачки и даноците кои не се рефундираат при купувањето и сите други издатоци кои директно се припишуваат на подготвување на средството за неговата наменета употреба. Сите трговски попусти и рабати искажани во фактурната вредност се одбиваат при утврдување на набавната вредност.

(4) Основицата за пресметување на амортизација се коригира за последователните издатоци во согласност со сметководствените стандарди со кои се зголемува

очекуваната корист на средството за даночниот обврзник, односно за вложувањата поради реконструкција, адаптација или други вложувања со кои се зголемува корисниот век на употреба, капацитетот, функционалната поврзаност и слично.

(5) Променетата вредноста на средството по основ на последователните издатоци од став (4) од овој член претставува основица за натамошно пресметување на амортизацијата од денот кога издатоците настанале, односно кога се утврдени.

Член 6

(1) Амортизацијата се пресметува поединечно за секое средство во рамките на амортизационите групи пропишани со Номенклатурата на средствата за амортизација и годишните амортизациони стапки сé додека вредноста на средствата од член 5 став (1) и (4) на оваа уредба не биде во целост надоместена.

(2) Кога ќе се надомести вредноста која претставува основица за пресметување на амортизација, односно кога износот на набавната вредност на средството е еднаков со износот на отпишаната вредност, престанува натамошното пресметување на амортизацијата. Тоа важи и ако средствата потоа се користат за вршење на дејноста.

(3) Амортизацијата пресметана на средствата од став (2) на овој член не се признава како расход во даночниот биланс.

Член 7

Трошокот по основ на амортизација на средствата се признава како расход во даночниот биланс од денот кога средствата од член 2 од оваа Уредба стануваат расположиви за употреба.

Член 8

(1) Трошокот по основа на амортизација на продадените, подарените, на друг начин отуѓени или уништени средства, како и средства што се трајно надвор од употреба, се признава како расход во даночниот биланс до крајот на месецот во кој основните средства биле во употреба.

(2) Неамортизираната набавна вредност на средствата од став (1) на овој член се признава како расход во даночниот биланс во даночниот период во кој средствата се продадени, подарени, на друг начин отуѓени или уништени.

(3) Неамортизираната набавна вредност на средствата што се трајно надвор од употреба се признава како расход во даночниот биланс согласно член 9-а став (5) од Законот за данокот на добивка и член 24 став (3) од Законот за данок на личен доход.

(4) Набавната вредност на средствата од член 3 на оваа уредба, се признава како расход во даночниот биланс во даночниот период во кој средствата се продадени, подарени, на друг начин отуѓени или уништени, како и средствата што се трајно надвор од употреба,

(5) Под средства што се трајно надвор од употреба, во смисла на став (3) и став (4) од овој член се сметаат: средствата што со одлука или со друг акт на органот на управување на даночниот обврзник се ставени надвор од употреба поради физичка дотраеност или техничка застареност; средствата што даночниот обврзник повеќе од една година непрекинато не ги користи, а нивното ставање надвор од употреба не е поради поправка или доградба; средствата што се во фаза на набавка, а чија набавка, со одлука или со друг акт е откажана или три години едноподруго не се вложуваат средства за довршување на таа набавка, и средствата што во последните пет години даночниот обврзник непрекинато ги користи помалку од 30% од нивниот програмиран капацитет.

Член 9

Ако даночниот обврзник за свои потреби ги отпишува средствата по методи и стапки кои се различни од утврдените со оваа уредба и ако вкупно утврдениот износ на амортизација за даночниот период е помал од износот кој би се добил со примена на одредбите на оваа уредба, така утврдениот износ претставува расход по основа на амортизација и за целите на одданочувањето.

Член 10

Средствата со кои располага даночниот обврзник, а кои по називот или поблискиот опис на називот на средствата по амортизациони групи, не се наведени во Номенклатурата за амортизација и годишните амортизациони стапки, се распоредуваат во групата: „Останати неспомнати долгорочни средства“.

Член 11

Средствата кои во целост се отпишани остануваат во евиденцијата и се искажуваат во билансот на состојба до моментот на нивното продавање, подарување, отуѓување на друг начин или уништување.

Член 12

Со денот на отпочнувањето на примената на оваа уредба престанува да важи Уредбата за начинот на пресметување на амортизацијата, односно отписот на вредноста на нематеријалните и материјалните вложувања и за номенклатурата на средствата за амортизација и годишните амортизациони стапки („Службен весник на Република Македонија“ бр. 64/02, 98/02 и 10/08).

Член 13

Оваа уредба ќе отпочне да се применува за изготвувањето на годишната сметка за 2019 година.

Член 14

Оваа уредба влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

Бр. 45-10682/1
28 декември 2019 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Северна Македонија,
Зоран Заев, с.р.

НОМЕНКЛАТУРА НА СРЕДСТВАТА ЗА АМОРТИЗАЦИЈА И ГОДИШНИТЕ АМОРТИЗАЦИОНИ СТАПКИ

Реден број на амортизациона група	Назив на средствата по амортизациони групи	Годишна стапка на амортизација
1.	**ГРАДЕЖНИ ОБЈЕКТИ**	
1.1.	Градежни објекти на високоградба и нискоградба од армирано бетонска и метална конструкција (згради, мостови, тунели, надвозници, нафтоводи, гасоводи, водоводи и далекуводи), се сметаат за самостојни градежни објекти	2,5
1.2.	Градежни објекти на нискоградба со горен строј (горен строј на патишта и пруги, брани, насипи, прегради и слично)	3
1.3.	Градежни објекти на високоградба и нискоградба од дрвена конструкција	5
1.4.	Останати неспомнати градежни објекти	10
2.	**ОПРЕМА**	
2.1.	Опрема за производство и преработка, дистрибуција на нафта, гас, електрична и топлотна енергија, опрема за водовод и комунални услуги и бродови	5
2.2.	Погонски и деловен инвентар (машини, алати, транспортни средства и уреди), авиони и други превозни средства и опрема во воздушниот сообраќај	10
2.3.	Мебел и деловен инвентар во трговија, угостителство и туризам, опрема за затоплување, вентилација и за одржување на канцелариски и други простории, канцелариски и друг мебел, како и друга опрема за вршење на канцелариски работи	20
2.4.	Компјутерска опрема со софтвер, телекомуникациска опрема, патнички моторни возила, возила на моторен погон и приклучни уреди	25
2.5	Останата неспомната опрема	10
3.	**БИОЛОШКИ СРЕДСТВА**	
3.1	**ПОВЕЌЕГОДИШНИ НАСАДИ**	10
3.2	**ОСНОВНО СТАДО**	20
4.	**ДОЛГОРОЧНИ НЕМАТЕРИЈАЛНИ СРЕДСТВА**	20
5.	**ОСТАНАТИ НЕСПОМНАТИ ДОЛГОРОЧНИ СРЕДСТВА**	10

4328.

Врз основа на член 5 став 3 од Законот за Царинската тарифа („Службен весник на Република Македонија“ бр. 23/03, 69/04, 10/08, 160/08, 35/10, 11/12, 93/13, 44/15, 81/15 и 192/15 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 124/19), Владата на Република Северна Македонија, на седницата одржана на 28 декември 2019 година, донесе

У Р Е Д Б А

ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА УРЕДБАТА ЗА РАСПОРЕДУВАЊЕТО НА ОДРЕДЕНИ СТОКИ ВО КОМБИНИРАНАТА НОМЕНКЛАТУРА СОГЛАСНО СО РЕГУЛАТИВИТЕ НА ЕВРОПСКАТА КОМИСИЈА[1](*)

Член 1

Во Уредбата за распоредување на одредени стоки во Комбинираната номенклатура согласно со регулативите на Европската комисија („Службен весник на Република Македонија“ бр. 2/14, 65/14, 113/14, 157/14, 17/15, 67/15, 126/15, 177/15, 2/16, 68/16, 133/16,202/16, 22/17, 48/17, 162/17, 189/17, 44/18, 99/18, 157/18, 201/18 и 234/18) и („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 45/19, 118/19 и 201/19), во членот 1, во ставот (2) бројот „230“ се брише, а по Прилогот 444 се додава нов Прилог 445, кој е составен дел на оваа уредба.

Член 2

Прилогот 230 се брише.

Член 3

Оваа уредба влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“ .

Бр. 45-10787/1
28 декември 2019 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Северна Македонија,
Зоран Заев, с.р.

---

[*] Со оваа уредба се врши усогласување со Регулативите на Комисијата на ЕУ за распоредување на одредени стоки во Комбинираната номенклатура, CELEXбр. 32019R1391 и , 32019R1404.

Прилог 445

Опис на стоката Согласно регулатива (ЕЦ) бр. 1404/2019	**Распоредување (Тар. ознака)**	**Основ за распоредување**
(1)	(2)	(3)
Пар од зашилени врвови сочинети од пластика и метал (челик со врв од волфрам) специјално дизајнирани да бидат прицврстени за стапчиња за Нордископешачењесо клик-он систем. Види слика (*). 	9506 91 90	Распоредувањето е утврдено со Основните правила 1 и 6 за примена на Номенклатурата на Царинската тарифа, Забелешка 3 од Глава 95 и наименување на тар. број 9506, и тар. подброј 9506 91 90. Нордиските стапчиња за пешачење не можат да се сметаат за стапови за одење, бастуни како тие од тар. Број 6602. Објективните карактеристики на Нордиските стапчиња за пешачење се разликуваат од бастуни за одење од тар. број 6602 со оглед дека истите се дизајнирани да се користат во пар да го туркаат телото нанапред слично на движењето во крос скијање.Рачките се вертикално продолжување бна стапчињата слично на рачките кај стапчињата кај крос скијањето, додека рачките на стапчињата за одење се хоризонтално продолжување на стапчињата за да за да им дозволат на корисниците да ја оддржуваат тежината со стапчето. Нордиското одење, пешачење, е различно од обичното одење зашто горниот дел од телото работи на туркање на телото напред со помош на стапчињата и, оттука може да се како физичка вежба согласно значењето на тарифен број 9506. Врвовите имаат карактеристичен облик и дизајн и специфичен систем на прицврстување што ги прави погодни за употреба само или главно со стапчињата за Нордиско-одење (производи од тар. број 9506) согласно Забелешка 3 од Глава 95. Распоредување во тар. број 6603 како делови на стапови за одење, бастуни од тар. број 6602, оттука е исклучено согласно Забелешка 1 (в) од Глава 66. Врвовите оттука се распоредуваат во тар. подброј 9506 91 90 како делови на производи и опрема за општа физичка вежба.
(*) Фотографијата е само од информативен карактер		

4329.

Врз основа на член 9 став (11) од Законот за данок на моторни возила („Службен весник на Република Северна Македонија“ број 261/19), Владата на Република Северна Македонија, на седницата, одржана на 28 декември 2019 година, донесе

У Р Е Д Б А
ЗА НАЧИНОТ НА ПРЕСМЕТКА НА ДАНОКОТ НА МОТОРНИ ВОЗИЛА И НА ИЗНОСИТЕ ПОТРЕБНИ ЗА ПРЕСМЕТКА НА ДАНОКОТ НА МОТОРНИ ВОЗИЛА

Член 1

Со оваа уредба се утврдува начинот на пресметка на данокот на моторни возила и на износите потребни за пресметка на данокот на моторни возила, врз основа на критериумите утврдени во член 9 ставови (1), (4), (5), (6) и (7) од Законот за данок на моторни возила (во понатамошниот текст: законот).

Член 2

(1) Данокот на моторни возила од член 9 став (1) од законот се пресметува според следната формула:

ДМВ = (ВМВ x пВВ)xСКД + CO2 x кCO2,

при што:

- ДМВ е данок на моторно возило изразен во денари;
- ВМВ е вредност на моторното возило искажано во евра;
- СКД е среден курс на Народната Банка на Република Северна Македонија на денарот во однос на еврото на денот на пресметката;
- пВВ е процент што е наведен во Табела 1, а кој одговара за граничните вредности на на моторното возило;
- CO2 е емисија на CO2 за соодветното моторно возило и
- кCO2 е коефициент што е наведен во Табела 2, а кој одговара за граничните вредности на CO2.

Табела 1 - Гранични вредности на моторното возило и проценти за одаточување на вредноста на моторни возила

Вредност на моторното возило (EUR)		
над	до	пВВ
-	10.000	0,0%
10.000	12.000	1,0%
12.000	14.000	2,0%
14.000	16.000	4,0%
16.000	18.000	6,0%
18.000	20.000	8,0%
20.000	23.000	10,0%
23.000	26.000	12,0%
26.000	29.000	14,0%
29.000	32.000	16,0%
32.000	35.000	17,0%
35.000	40.000	18,0%
40.000	50.000	19,0%
50.000	-	20,0%

Табела 2 - Гранични вредности на CO2 и коефициенти за одаточување по CO2 на моторни возила

Гранични вредности на CO_2 (грам CO_2/km)		Коефициент (денари/грам CO_2/km)	
над	до	кCO_2 Бензин,ТНГ,КПГ	кCO_2 Дизел
0	0	0	0
1	50	5	10
51	75	10	20
76	90	20	40
91	100	30	60
101	110	40	80
111	130	50	100
131	140	70	130
141	150	100	160
151	170	130	190
171	190	160	220
191	225	190	250
226	255	220	280
256	-	250	320

(2) Вредноста на коефициентот на емисии на јаглерод диоксид (CO2) на моторното возило - кCO2, што е наведен во Табела 2 ќе се применува на следниот начин:

- од 1 јануари 2020 година до 31 декември 2020 година вредноста на коефициентот кCO2 ќе се применува од Табела 2 од овој член;
- од 1 јануари 2021 година до 31 декември 2021 година вредноста на коефициентот кCO2 ќе се применува во зголемен износ за 25% и
- од 1 јануари 2022 година вредноста на коефициентот кCO2 ќе се применува во зголемен износ за 50%.

Член 3

Данокот на моторни возила од член 9 став (4) од законот се пресметува според следната формула:

ДМВ = СМ x М

при што:

- ДМВ е данок на моторни возила изразен во денари;
- СМ е силина на моторот искажана во киловати - kW и
- М е единечна вредност на еден kW што е наведен во Табела 3, а која одговара за граничните вредности на силината на моторот искажана во киловати – kW и чиј износ е зависен од нивото на емисијата на издувните гасови.

Табела 3 - Гранични вредности на силина на моторот и вредност искажана во денари

Силина на мотор во киловати - kW		M - единечна вредност на 1 kW (ден/kW)			
		>Euro IV норма	Euro III норма	Euro II норма	Euro I норма
над	до	ден/kW	ден/kW	ден/kW	ден/kW
0 kW	80 kW	120 ден	180 ден	240 ден	300 ден
80 kW	140 kW	150 ден	210 ден	270 ден	330 ден
140 kW	-	180 ден	240 ден	300 ден	360 ден

Член 4

Данокот на моторни возила од член 9 став (6) од законот се пресметува според следната формула:

ДМВ = ЗФМ х К

при што:

- ДМВ е данок на моторни возила изразен во денари;
- ЗФМ е зафатнината на моторот искажана во кубни сантиметри - см3 и
- К е единечна вредност на еден кубен сантиметар што е наведена во Табела 4, а која одговара за граничните вредности на зафатнина на моторот искажана во кубни сантиметри-см3, и чиј износ е зависен од нивото на емисијата на издувните гасови.

Табела 4 - Гранични вредности на зафатнина на моторот и единечна вредност на еден кубен сантиметар искажана во денари

Зафатнина на мотор во кубни сантиметри - см³		К - единечна вредност на 1 см³			
		> Euro IV норма	Euro III норма	Euro II норма	Euro I норма
над	до	ден / см³	ден / см³	ден / см³	ден / см³
50 см³	125 см³	5 ден	7 ден	8 ден	10 ден
125 см³	250 см³	5 ден	7 ден	8 ден	10 ден
250 см³	380 см³	5 ден	7 ден	8 ден	10 ден
380 см³	500 см³	5 ден	7 ден	8 ден	10 ден
500 см³	800 см³	5 ден	7 ден	8 ден	10 ден
800 см³	-	5 ден	7 ден	8 ден	10 ден

Член 5

Оваа уредба влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија", а ќе отпочне да се применува од 1 јануари 2020 година.

Бр. 45-10885/1
28 декември 2019 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Северна Македонија,
Зоран Заев, с.р.

4330.

Врз основа на член 29-а став 2 од Законот за контрола на опојни дроги и психотропни супстанции („Службен весник на Република Македонија" бр. 103/08, 124/10, 164/13, 149/15, 37/16, 53/16 и 193/17), Владата на Република Северна Македонија, на седницата, одржана на 28 декември 2019 година, донесе

О Д Л У К А
ЗА ДАВАЊЕ СОГЛАСНОСТ НА РЕШЕНИЕТО ЗА ДАВАЊЕ НА ОДОБРЕНИЕ ЗА ОДГЛЕДУВАЊЕ НА КАНАБИС ЗА МЕДИЦИНСКИ ЦЕЛИ НА ДРУШТВО ЗА ТРГОВИЈА И УСЛУГИ СОЛИДИС ХЕРБАЛ ДООЕЛ СТРУМИЦА

1. Со оваа одлука се дава согласност на Решението за давање на одобрение за одгледување на канабис за медицински цели на Друштво за трговија и услуги СОЛИДИС ХЕРБАЛ ДООЕЛ Струмица со број 19-872/4 од 5.11.2019 година.

2. Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија".

Бр. 45-8736/1
28 декември 2019 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Северна Македонија,
Зоран Заев, с.р.

4331.

Врз основа на член 26-а став (3) од Законот за електронските комуникации („Службен весник на Република Македонија" бр. 39/14, 188/14, 44/15, 193/15, 11/18, 21/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр.98/19 и 153/19), Владата на Република Северна Македонија, на седницата, одржана на 28 декември 2019 година, донесе

О Д Л У К А
ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ГОДИШНАТА ПРОГРАМА ЗА РАБОТА НА НАЦИОНАЛНИОТ ЦЕНТАР ЗА ОДГОВОР НА КОМПЈУТЕРСКИ ИНЦИДЕНТИ ЗА 2020 ГОДИНА

Член 1

Со оваа одлука се усвојува Годишната програма за работа на Националниот центар за одговор на компјутерски инциденти за 2020 година, донесена од директорот на Агенцијата за електронски комуникации во соработка со министерот за информатичко општество и администрација бр. 1802-3153/1 од 11.11.2019 година.

Член 2

Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија", а ќе отпочне да се применува од 1 јануари 2020 година.

Бр. 45-9040/1
28 декември 2019 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Северна Македонија,
Зоран Заев, с.р.

4332.

Врз основа на член 33 став (2) од Законот за експропријација („Службен весник на Република Македонија" бр.95/12, 131/12, 24/13, 27/14, 104/15, 192/15, 23/16 и 178/16), Владата на Република Северна Македонија, на седницата, одржана на 28 декември 2019 година, донесе

О Д Л У К А
ЗА ПРЕДАВАЊЕ НА НЕДВИЖНОСТ - ГРАДЕЖНО ЗЕМЈИШТЕ ВО ВЛАДЕНИЕ НА АКЦИОНЕРСКОТО ДРУШТВО ЗА ВРШЕЊЕ НА ЕНЕРГЕТСКИ ДЕЈНОСТИ НАЦИОНАЛНИ ЕНЕРГЕТСКИ РЕСУРСИ СКОПЈЕ, ВО ДРЖАВНА СОПСТВЕНОСТ

Член 1

Со оваа одлука на Акционерското друштво за вршење на енергетски дејности НАЦИОНАЛНИ ЕНЕРГЕТСКИ РЕСУРСИ Скопје во државна сопственост - како

предлагач на експропријацијата, да му се предаде во владение недвижност-градежно земјиште кое претставува:

1. Дел од КП бр.465 (стара состојба) односно 1/2 идеален дел од КП бр.465/3 (нова состојба) КО Стенче со површина од 352 м2, 1/2 идеален дел од КП бр.465/1 (нова состојба) КО Стенче со површина од 539 м2 и 1/2 идеален дел од КП бр.465/2 (нова состојба) КО Стенче со површина од 303 м2, запишани во Имотен лист бр.140, согласно Решение за експропријација УП.бр.2508-379/3-2018 од 23.9.2019 година на Министерство за финансии - Управа за имотно - правни работи, Подрачно Одделение за првостепена управна постапка во Тетово, за изградба на објект од јавен интерес Магистрален гасовод Делница 5 Скопје-Тетово-Гостивар со крак до Тетово и ГМРС Тетово и ГМРС Гостивар.

2. Дел од КП бр.815/2 (стара состојба) односно 1/4 идеален дел од КП бр.815/4 (нова состојба) КО Селце со површина од 518 м2, 1/4 идеален дел од КП бр.815/3 (нова состојба) КО Селце со површина од 30 м2 и 1/4 идеален дел од КП бр.815/5 (нова состојба) КО Селце со површина од 460 м2, запишани во Имотен лист бр.862, согласно Решение за експропријација УП.бр.25-35/7 од 5.9.2019 година на Министерство за финансии - Управа за имотно - правни работи, Подрачно Одделение за првостепена управна постапка во Прилеп, за изградба на објект од јавен интерес Магистрален гасовод Делница 2 Неготино (Кавадарци)-Битола.

Член 2

Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

Бр. 45-9282/1
28 декември 2019 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Северна Македонија,
Зоран Заев, с.р.

4333.

Врз основа на член 11 точка 8 од Законот за јавните претпријатија („Службен весник на Република Македонија“ бр.38/96, 6/02, 40/03, 49/06, 22/07, 83/09, 97/10, 6/12, 119/13, 41/14, 138/14 , 25/15, 61/15 , 39/16, 64/18 и 35/19), Владата на Република Северна Македонија, на седницата одржана на 28 декември 2019 година, донесе

О Д Л У К А
ЗА ДАВАЊЕ СОГЛАСНОСТ НА ГОДИШНАТА ИНВЕСТИЦИОНА ПРОГРАМА НА ЈАВНОТО ПРЕТПРИЈАТИЕ “СТРЕЖЕВО”- БИТОЛА ЗА 2020 ГОДИНА

1. Со оваа одлука се дава согласност на Годишната инвестициона програма на Јавното претпријатие „Стрежево“ - Битола за 2020 година, бр.05-878/1 од 28.11.2019 година, усвоена од Управниот одбор на ова јавно претпријатие на седницата, одржана на 28.11.2019 година.

2. Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“, а ќе почне да се применува од 1 јануари 2020 година.

Бр. 45-9709/1
28 декември 2019 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Северна Македонија,
Зоран Заев, с.р.

4334.

Врз основа на член 14 од Законот за основање на Агенција за странски инвестиции и промоција на извозот на Република Македонија („Службен весник на Република Македонија” бр.57/10, 36/11, 41/14 и 64/18), Владата на Република Северна Македонија, на седницата, одржана на 28 декември 2019 година, донесе

О Д Л У К А
ЗА ДАВАЊЕ СОГЛАСНОСТ НА ПРОГРАМАТА ЗА РАБОТА И ФИНАНСИСКИОТ ПЛАН НА АГЕНЦИЈАТА ЗА СТРАНСКИ ИНВЕСТИЦИИ И ПРОМОЦИЈА НА ИЗВОЗОТ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА ЗА 2020 ГОДИНА

1. Со оваа одлука се дава согласност на Програмата за работа и Финансискиот план на Агенцијата за странски инвестиции и промоција на извозот на Република Северна Македонија за 2020 година бр.02-1974/3 од 23 декември 2019 година, усвоена од Управниот одбор на Агенцијата за странски инвестиции и промоција на извозот на Република Северна Македонија, на седницата, одржана на 23 декември 2019 година.

2. Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија”, а ќе отпочне да се применува од 1 јануари 2020 година.

Бр. 45-9807/1
28 декември 2019 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Северна Македонија,
Зоран Заев, с.р.

4335.

Врз основа на член 119 став (1) од Законот за железничкиот систем („Службен весник на Република Македонија“ бр.48/10, 23/11, 80/12, 155/12, 163/13, 42/14, 130/14, 152/15, 31/16, 178/16 и 64/18), Владата на Република Северна Македонија, на седницата, одржана на 28 декември 2019 година, ја донесе следната

О Д Л У К А
ЗА ОПРЕДЕЛУВАЊЕ НА УСЛУГА ОД ЈАВЕН ИНТЕРЕС ВО ЖЕЛЕЗНИЧКИ ПРЕВОЗ НА ПАТНИЦИ

1. Со оваа одлука се определува дека железнички превоз на патници е услуга од јавен интерес, која согласно член 134 од Законот за железничкиот систем ја извршува Железници на Република Северна Македонија Транспорт АД – Скопје.

2. Услугите кои се даваат при железнички превоз на патници се:

- безбеден и сигурен превоз на патници од почетната до крајната дестинација;
- придржување и почитување на возниот ред;
- достапност на возови за инвалидизирани лица и лица со намалена способност за движење, како и давање на бесплатна помош;
- одржување на хигиена во возовите;
- информации во текот на патувањето на патникот доколку технички е возможно (доцнење, услуги во возот, наредна железничка станица, главни услуги за поврзување и сигурносни и безбедносни прашања);
- доколку железничката услуга не може да продолжи, се организира во најкраток можен рок алтернативна услуга за превоз на патниците;
- греење во возот, за време на ниски надворешни температури во текот на годината, согласно Правилникот за условите начинот за безбедно одвивање на железничкиот сообраќај во врска со железничките возила и железничките пруги („Службен весник на Република Македонија“ бр.19/08);
- овозможување бесплатен превоз на млади лица до 27 години, секоја прва и трета недела во месецот, во период на викенд денови (петок по 12 часот, до понеделник до 12 часот); на стари лица (жени 62 години и мажи 64 години) секој втор викенд во месецот (петок, сабота и недела); на студенти секој четврток и на сите ученици во средното образование и тоа еднаш неделно – секоја среда;
- поседување на доволно капацитети во секој момент во зависност од потребата за превоз на патници во железничкиот сообраќај и
- овозможување на продажба на билети во билетарници или апарати за продажба на билети и во воз.

3. Договор за компензирање на дел од трошоците направени при јавен железнички превоз на патници во име на Владата на Република Северна Македонија ќе склучи министерот за транспорт и врски и директорот на Железници на Република Северна Македонија Транспорт АД – Скопје, во рок од седум дена од денот на влегувањето во сила на оваа одлука.

4. Со влегувањето на сила со оваа одлука престанува да важи Одлуката за определување на услугата од јавен интерес во железнички превоз на патници („Службен весник на Република Македонија” бр.7/17 и 5/18).

5. Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

Бр. 45-9877/1
28 декември 2019 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Северна Македонија,
Зоран Заев, с.р.

4336.

Врз основа на член 11 точка 8 од Законот за јавните претпријатија („Службен весник на Република Македонија“ бр.38/96, 6/02, 40/03, 49/06, 22/07, 83/09, 97/10, 6/12, 119/13, 41/14, 138/14, 25/15, 61/15, 39/16, 64/18 и 35/19), Владата на Република Северна Македонија, на седницата одржана на 28 декември 2019 година, донесе

О Д Л У К А
ЗА ДАВАЊЕ СОГЛАСНОСТ НА ИНВЕСТИЦИОНАТА ПРОГРАМА ЗА 2020 ГОДИНА НА ЈП ЗА ВОДОСНАБДУВАЊЕ „СТУДЕНЧИЦА“ КИЧЕВО

1. Со оваа одлука се дава согласност на Инвестиционата програма за 2020 година на ЈП за водоснабдување „Студенчица“ Кичево, бр.02-2236/1-2/2, усвоена од Управниот одбор на ова јавно претпријатие, на седницата, одржана на 4 декември 2019 година.

2. Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавување во „Службен весник на Република Северна Македонија“, а ќе почне да се применува од 1 јануари 2020 година.

Бр. 45-9911/1
28 декември 2019 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Северна Македонија,
Зоран Заев, с.р.

4337.

Врз основа на член 11 точка 8 од Законот за јавните претпријатија („Службен весник на Република Македонија“ бр. 38/96, 06/02, 40/03, 49/06, 22/07, 83/09, 97/10, 06/12, 119/13, 41/14, 138/14, 25/15, 61/15, 39/16, 64/18 и 35/19), Владата на Република Северна Македонија, на седница, одржана на 28 декември 2019 година, донесе

О Д Л У К А
ЗА ДАВАЊЕ НА СОГЛАСНОСТ НА ГОДИШНАТА ИНВЕСТИЦИОНА ПРОГРАМА ЗА 2020 ГОДИНА НА ЈПВ „ЛИСИЧЕ“-ВЕЛЕС

Член 1

Со оваа одлука се дава согласност на Годишната инвестициона програма за 2020 година на ЈПВ „Лисиче“-Велес бр. 02-479/3 од 3.12.2019 година, усвоена од Управниот одбор на ова јавно претпријатие, на седницата, одржана на 3.12.2019 година.

Член 2

Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“, а ќе отпочне да се применува од 1 јануари 2020 година.

Бр. 45-9915/1
28 декември 2019 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Северна Македонија,
Зоран Заев, с.р.

4338.

Врз основа на член 11 точка 8 од Законот за јавните претпријатија („Службен весник на Република Македонија“ бр.38/96, 6/02, 40/03, 49/06, 22/07, 83/09, 97/10, 6/12, 119/13, 41/14, 138/14, 25/15, 61/15, 39/16, 64/18 и 35/19), Владата на Република Северна Македонија, на седницата, одржана на 28 декември 2019 година, донесе

О Д Л У К А
ЗА ДАВАЊЕ СОГЛАСНОСТ НА ГОДИШНАТА ИНВЕСТИЦИОНА ПРОГРАМА НА ЈАВНОТО ПРЕТПРИЈАТИЕ ЗА ИЗВРШУВАЊЕ НА ВОДОСТОПАНСКИ ДЕЈНОСТИ ХИДРОСИСТЕМ „ЗЛЕТОВИЦА“ – ПРОБИШТИП ЗА 2020 ГОДИНА

1. Со оваа одлука се дава согласност на Годишната инвестициона програма на Јавното претпријатие за извршување на водостопански дејности Хидросистем „Злетовица“ - Пробиштип за 2020 година бр.01-714/10 од 29.11.2019 година, усвоена од Управниот одбор на Јавното претпријатие, на седницата одржана на 29.11.2019 година.

2. Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“, а ќе почне да се применува од 1 јануари 2020 година.

Бр. 45-9916/1
28 декември 2019 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Северна Македонија,
Зоран Заев, с.р.

4339.

Врз основа на член 8 став (2) од Законот за ревизија („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 158/10, 135/11, 188/13, 43/14, 138/14, 145/15, 192/15, 23/16 и 83/18) Владата на Република Северна Македонија, на седницата, одржана на 28 декември 2019 година, донесе

О Д Л У К А
ЗА ДАВАЊЕ НА СОГЛАСНОСТ НА ГОДИШНА ПРОГРАМА ЗА РАБОТАТА НА СОВЕТОТ ЗА УНАПРЕДУВАЊЕ И НАДЗОР НА РЕВИЗИЈАТА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА ЗА 2020 ГОДИНА

1. Со оваа одлука се дава согласност на Годишната програма за работата на Советот за унапредување и надзор на ревизијата на Република Северна Македонија за 2020 година, усвоена од Советот за унапредување и надзор на ревизијата на Република Северна Македонија со бр. 01-285/2 од 5.12.2019 година.

2. Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“, а ќе почне да се применува од 1 јануари 2020 година.

Бр. 45-9920/1
28 декември 2019 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Северна Македонија,
Зоран Заев, с.р.

4340.

Врз основа на член 11 точка 3 од Законот за јавните претпријатија („Службен весник на Република Македонија” бр. 38/96, 6/02, 40/03, 49/06, 22/07, 83/09, 97/10, 6/12, 119/13, 41/14, 138/14, 25/15, 61/15, 39/16, 64/18 и 35/19), Владата на Република Северна Македонија, на седницата одржана на 28 декември 2019 година, донесе

О Д Л У К А
ЗА ДАВАЊЕ СОГЛАСНОСТ НА ОДЛУКАТА ЗА ПОКРИВАЊЕ НА ЗАГУБА НА ЈАВНОТО ПРЕТПРИЈАТИЕ ЗА СТОПАНИСУВАЊЕ СО ПАСИШТА ЗА 2018 ГОДИНА

1. Со оваа одлука се дава согласност на Одлуката за покривање на загубата на Јавното претпријатие за стопанисување со пасишта за 2018 година, бр.02-132/2 од 18.04.2019 година, донесена од Управниот одбор на ова претпријатие, на седницата, одржана на 18.04.2019 година.

2. Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија”.

Бр. 45-10006/1
28 декември 2019 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Северна Македонија,
Зоран Заев, с.р.

4341.

Врз основа на членот 11 точка 3 од Законот за јавните претпријатија („Службен весник на Република Македонија“ бр. 38/96, 6/02, 40/03, 49/06, 22/07, 83/09, 97/10, 6/12, 119/13, 41/14, 138/14, 25/15 61/15, 39/16, 64/18 и 35/19), Владата на Република Северна Македонија, на седницата, одржана на 28 декември 2019 година, донесе

О Д Л У К А
ЗА ДАВАЊЕ СОГЛАСНОСТ НА ОДЛУКАТА ЗА ПОКРИВАЊЕ НА ЗАГУБА НА ЈАВНОТО ПРЕТПРИЈАТИЕ ЗА СТОПАНИСУВАЊЕ СО ПАСИШТА ЗА 2017 ГОДИНА

1. Со оваа одлука се дава согласност на Одлуката за покривање на загубата на Јавното претпријатие за стопанисување со пасишта за 2017 година, бр.02-151/2 од 4.5.2018 година, донесена од Управниот одбор на ова претпријатие, на седницата, одржана на 4.5.2018 година.

2. Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

Бр. 45-10007/1
28 декември 2019 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Северна Македонија,
Зоран Заев, с.р.

4342.

Врз основа на член 11 точка 8 од Законот за јавните претпријатија („Службен весник на Република Македонија“ бр.38/96, 6/02, 40/03, 49/06, 22/07, 83/09, 97/10, 6/12, 119/13, 41/14, 138/14, 25/15, 61/15, 39/16,64/18 и 35/19) Владата на Република Северна Македонија, на седницата, одржана на 28 декември 2019 година, донесе

О Д Л У К А
ЗА ДАВАЊЕ СОГЛАСНОСТ НА ГОДИШНАТА ПРОГРАМА ЗА ИЗГРАДБА, РЕКОНСТРУКЦИЈА, РЕХАБИЛИТАЦИЈА, ОДРЖУВАЊЕ И ЗАШТИТА НА ДРЖАВНИТЕ ПАТИШТА ЗА 2020 ГОДИНА

Член 1

Со оваа одлука се дава согласност на Годишната програма за изградба, реконструкција, рехабилитација, одржување и заштита на државните патишта за 2020 година бр.02-13329/6 од 6.12.2019 година, донесена од Управниот одбор на Јавното претпријатие на седницата одржана на 6.12.2019 година.

Член 2

Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“, а ќе почне да се применува од 1 јануари 2020 година.

Бр. 45-10018/1
28 декември 2019 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Северна Македонија,
Зоран Заев, с.р.

4343.

Врз основа на член 49 став (3) од Законот за здруженија и фондации („Службен весник на Република Македонија“ бр.52/10, 135/11 и 55/16), Владата на Република Северна Македонија, на седницата, одржана на 28 декември 2019 година, донесе

О Д Л У К А
ЗА КРИТЕРИУМИТЕ И ПОСТАПКАТА ЗА РАСПРЕДЕЛБА НА СРЕДСТВА ЗА ФИНАНСИРАЊЕ НА ПРОГРАМСКИТЕ АКТИВНОСТИ НА ЗДРУЖЕНИЈА И ФОНДАЦИИ ОД БУЏЕТОТ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

Член 1

Со оваа одлука се утврдуваат критериумите и постапката за распределба на средства за финансирање на програмските активности на здруженијата и фондациите од Буџетот на Република Северна Македонија.

Член 2

Распределбата на средствата од член 1 од оваа одлука на корисниците се врши преку грантови за програми (проекти) во приоритетни цели утврдени со Програма за финансирање на програмските активности на здруженија и фондации.

Член 3

Основни организациски критериуми кои треба да ги исполнуваат здруженијата и фондациите корисници на средства од Буџетот на Република Северна Македонија се:

1. Да се регистрирани согласно одредбите на Законот за здруженија и фондации најмалку една година пред објавувањето на огласот;
2. Работењето и дејствувањето е насочено кон поширокаta јавност и кон интересите на заедницата;
3. Да не добиле средства или поднеле пријава од/до друг орган на државната управа или други извори за иста намена и активности за кои поднесуваат пријава, а што би значело двојно финансирање на истите активности од различни извори.

Одредбата од став 1 точка 3 на овој член не се однесува на барањата за надомест на делот за кофинансирање на ЕУ проекти од страна на крајните корисници.

Член 4

Проценка на квалитетот на проектите на здруженијата и фондациите кои ги исполнуваат критериумите од член 3 од оваа одлука, се врши врз основа на следните посебни програмски критериуми:

Области	Максимум бодови
1. Организациски капацитет	20
1.1. Дали здружението/фондацијата има организациска структура и ресурси за спроведување на проектот (вработени, активни волонтери или хонорарно ангажирани лица, канцелариски простор, техничка опрема и способност да раководи со буџетот)	10
1.2. Дали здружението/фондацијата има искуство во областа (приоритетната цел) за која се пријавува на огласот	10
2. Мрежно работење и соработка	5
2.1. Дали здружението/фондацијата членува во мрежи и платформи на граѓански организации (национални и меѓународни) и во последните 3 години реализирале проекти во соработка со други организации или органи на државната управа	5
3. Квалитет на проектот	50
3.1. Колку општата цел на проектот ќе придонесе кон реализацијата на дадената приоритетна цел	10
3.2. Колку е кохерентен целокупниот проект и дали содржи јасна заложба за негово спроведување	10
3.3. Дали спроведувањето на активностите доведуваат до остварување на предвидените резултати во проектот	10
3.4. Дали планот за спроведување е јасен и остварлив	10
3.5. Дали постојат јасно дефинирани индикатори за мерење на постигнувањата	10
4. Буџет и ефикасност на трошоците	20
4.1. Дали активностите соодветно се одразуваат во буџетот	10
4.2. Дали односот помеѓу предвидените трошоци и очекуваните резултати е соодветен	10
5.Бодови за поттикнување на рамномерен регионален развој согласно Одлуката за класификација на планските региони според степенот на развиеноста за периодот од 2018 до 2023 година	5

Член 5

Распределбата на средствата од член 1 од оваа одлука се спроведува врз основа на оглас, кој се објавува во средствата за јавно информирање 30 дена по донесување на Буџетот на Република Северна Македонија.

Распределбата на средствата се спроведува согласно добрата практика за обезбедување финансиска поддршка утврдена во Кодексот на добри практики за финансиска поддршка на здруженија на граѓани и фондации („Службен весник на Република Македонија“ бр.130/07).

Член 6

Здруженијата и фондациите кои се пријавуваат на огласот треба да достават:

1. Пријава за финансиска поддршка;
2. Предлог – проект;
3. Копие од тековна состојба од уписот во регистарот на други правни лица за регистрација на здружението/фондацијата не постара од шест месеци;
4. Копие од статутот;
5. Копие од завршната сметка (биланс на состојба и биланс на успех) за претходната година или изјавата доставена до Централниот регистар дека во претходната година имале приход помал од 2.500 евра во денарска проттивредност според курсот на Народна банка Република Северна Македонија;
6. Извештај за работата со цели, активности, резултати и извори на финансирање во претходната година.

Здруженијата и фондациите не можат да поднесат повеќе од една пријава за финансиска поддршка по огласот.

Член 7

Изборот на проекти се врши од страна на Комисија на Владата на Република Северна Македонија, составена од членови на Владата на Република Северна Македонија и на Советот за соработка со и развој на граѓанскиот сектор, по спроведена проценка на квалитетот на предлог-проектите од страна на оперативна група назначена од членовите на Комисијата.

Член 8

Доделените средства се користат исклучиво за намената за која се доделени и на начин определен во предлог-проектот.

Во рок од 30 дена по завршувањето на своите програмски активности, а најдоцна од 31 јануари наредната година, здруженијата и фондациите доставуваат извештај за користењето на средствата до Генералниот секретаријат на Владата на Република Северна Македонија.

Член 9

Административно - техничките работи за распределба на средствата ги врши Генералниот секретаријат на Владата на Република Северна Македонија.

Член 10

Со денот на влегувањето во сила на оваа одлука престанува да важи Одлуката за критериумите и постапката за распределба на средства за финансирање на програмските активности на здруженија на граѓани и фондации од Буџетот на Република Македонија („Службен весник на Република Македонија“ бр. 23/09).

Член 11

Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

Бр. 45-10060/1
28 декември 2019 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Северна Македонија,
Зоран Заев, с.р.

4344.

Врз основа на член 7 став (4) од Законот за железничкиот систем („Службен весник на Република Македонија“ бр. 48/10, 23/11, 80/12, 155/12, 163/13, 42/14, 130/14, 152/15, 31/16, 178/16 и 64/18), Владата на Република Северна Македонија, на седницата, одржана на 28 декември 2019 година донесе

О Д Л У К А
ЗА ДАВАЊЕ СОГЛАСНОСТ НА ИНВЕСТИЦИОНАТА ПРОГРАМА ЗА ПЕРИОД 2020-2022 ГОДИНА И ФИНАНСИСКАТА ПРОГРАМА ЗА 2020 ГОДИНА НА ЈАВНОТО ПРЕТПРИЈАТИЕ ЗА ЖЕЛЕЗНИЧКА ИНФРАСТРУКТУРА ЖЕЛЕЗНИЦИ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА – СКОПЈЕ

1. Со оваа одлука се дава согласност на Инвестиционата програма за период 2020 – 2022 година и Финансиската програма за 2020 година на Јавното претпријатие за железничка инфраструктура Железници на Република Северна Македонија-Скопје, кои се составен дел на Бизнис планот за 2020 година, донесен од Управниот одбор на ова јавно претпријатие бр.0201-7297/1 од 10.12.2019 година, на седницата, одржана на 10.12.2019 година.

2. Оваа одлука влегува на сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија”, а ќе отпочне да се применува од 1 јануари 2020 година.

Бр. 45-10076/1
28 декември 2019 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Северна Македонија,
Зоран Заев, с.р.

4345.

Врз основа на член 20 став (2) од Законот за безбедност на храната („Службен весник на Република Македонија“ бр. 157/10, 53/11, 1/12, 164/13, 187/13, 43/14, 72/15, 129/15, 213/15, 39/16 и 64/18), Владата на Република Северна Македонија, на седницата, одржана на 28 декември 2019 година, донесе

О Д Л У К А
ЗА ОДОБРУВАЊЕ НА ГОДИШНИОТ ПЛАН ЗА РАБОТА НА АГЕНЦИЈА ЗА ХРАНА И ВЕТЕРИНАРСТВО ЗА 2020 ГОДИНА

Член 1

Со оваа одлука се одобрува Годишниот план за работа на Агенција за храна и ветеринарство за 2020 година, бр. 02-3875/1 од 10.12.2019 година.

Член 2

Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“, а ќе почне да се применува од 1 јануари 2020 година.

Бр. 45-10103/1
28 декември 2019 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Северна Македонија,
Зоран Заев, с.р.

4346.

Врз основа на член 9 од Законот за основање на Агенцијата за поттикнување на развојот на земјоделството („Службен весник на Република Македонија“ бр.3/98, 43/14, 64/18 и 27/19), Владата на Република Северна Македонија, на седницата, одржана на 28 декември 2019 година, донесе

О Д Л У К А
ЗА ПОТВРДУВАЊЕ НА ФИНАНСИСКИОТ ПЛАН ЗА 2020 ГОДИНА НА АГЕНЦИЈАТА ЗА ПОТТИКНУВАЊЕ НА РАЗВОЈОТ НА ЗЕМЈОДЕЛСТВОТО

1. Со оваа одлука се потврдува Финансискиот план за 2020 година на Агенцијата за поттикнување на развојот на земјоделството, бр.02-225/6 од 10.12.2019 година, донесен од Управниот одбор на Агенцијата за поттикнување на развојот на земјоделството, на седница одржана на 10.12.2019 година.

2. Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“, а ќе почне да се применува од 1 јануари 2020 година.

Бр. 45-10119/1 Претседател на Владата
28 декември 2019 година на Република Северна Македонија,
Скопје **Зоран Заев,** с.р.

4347.

Врз основа на член 15 став 3 од Законот за Фондот за осигурување на депозити („Службен весник на Република Македонија” бр. 63/00, 29/02, 43/02, 49/03, 81/08, 158/10, 43/14, 15/15, 153/15, 27/16 и 83/18), Владата на Република Северна Македонија, на седницата, одржана на 28 декември 2019 година, донесе

О Д У К А
ЗА ПОТВРДУВАЊЕ НА ФИНАНСИСКИОТ ПЛАН НА ФОНДОТ ЗА ОСИГУРУВАЊЕ НА ДЕПОЗИТИ ЗА 2020 ГОДИНА

Член 1

Со оваа одлука се потврдува Финансискиот план на Фондот за осигурување на депозити за 2020 година, УО. број 02 - 375 од 11.12.2019 година, усвоена од Управниот одбор на Фондот за осигурување на депозити, на седницата, одржана на 11.12.2019 година.

Член 2

Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија”, а ќе отпочне да се применува од 1 јануари 2020 година.

Бр. 45-10133/1 Претседател на Владата
28 декември 2019 година на Република Северна Македонија,
Скопје **Зоран Заев,** с.р.

4348.

Врз основа на член 11 точка 8 од Законот за јавните претпријатија („Службен весник на Република Македонија“ бр. 38/96, 6/02, 40/03, 49/06, 22/07, 83/09, 97/10, 6/12, 119/13,41/14, 138/14, 25/15, 61/15, 39/16, 64/18 и 35/19), Владата на Република Северна Македонија, на седницата, одржана на 28 декември 2019 година, донесе

О Д Л У К А
ЗА ДАВАЊЕ СОГЛАСНОСТ НА ГОДИШНАТА ИНВЕСТИЦИОНА ПРОГРАМА НА ЈП СЛУЖБЕН ВЕСНИК НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА ЗА 2020 ГОДИНА

1. Со оваа одлука се дава согласност на Годишната инвестициона програма на Јавното претпријатие Службен весник на Република Северна Македонија за 2020 година, бр.01-2608/1 од 6.12.2019 година, усвоена од Управниот одбор на Јавното претпријатие Службен весник на Република Северна Македонија, на седницата одржана на 11.12.2019 година.

2. Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“, а ќе почне да се применува од 1 јануари 2020 година.

Бр. 45-10143/1 Претседател на Владата
28 декември 2019 година на Република Северна Македонија,
Скопје **Зоран Заев,** с.р.

4349.

Врз основа на член 4-а став (11) и член 12 став (2) точка 29 од Законот за технолошки индустриски развојни зони („Службен весник на Република Македонија” бр.14/07, 103/08, 130/08, 139/09, 156/10, 127/12, 41/14, 160/14, 72/15, 129/15, 173/15, 192/15, 217/15, 30/16 и 83/18), Владата на Република Северна Македонија, на седницата, одржана на 28 декември 2019 година, донесе

О Д Л У К А
ЗА ДАВАЊЕ СОГЛАСНОСТ НА ДОГОВОРОТ ЗА ДОДЕЛУВАЊЕ НА ДРЖАВНА ПОМОШ НА ДРУШТВО ЗА ПРОИЗВОДСТВО И УСЛУГИ КЕССЛЕР МАКЕДОНИЈА ДООЕЛ ИЛИНДЕН – КОРИСНИК НА ТЕХНОЛОШКА ИНДУСТРИСКА РАЗВОЈНА ЗОНА СКОПЈЕ 1

Член 1

Со оваа одлука се дава согласност на Договорот за доделување на државна помош на Друштво за производство и услуги КЕССЛЕР МАКЕДОНИЈА ДООЕЛ Илинден – корисник на Технолошка индустриска развојна зона Скопје 1.

Член 2

Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија”.

Бр. 45-10145/1 Претседател на Владата
28 декември 2019 година на Република Северна Македонија,
Скопје **Зоран Заев,** с.р.

4350.

Врз основа на член 42 став (16) од Законот за минерални суровини („Службен весник на Република Македонија“ бр.136/12, 25/13, 93/13, 44/14, 160/14, 129/15, 192/15, 39/16, 53/16, 120/16, 189/16 и 7/19), Владата на Република Северна Македонија, на седницата, одржана на 24 декември 2019 година, донесе

О Д Л У К А
ЗА ДОДЕЛУВАЊЕ НА КОНЦЕСИЈА ЗА ЕКСПЛОАТАЦИЈА НА МИНЕРАЛНА СУРОВИНА – МЕРМЕР НА ДРУШТВОТО ЗА ПРОИЗВОДСТВО, УСЛУГИ И ТРГОВИЈА АЛМАРКО МИНЕРАЛИ ДОО СКОПЈЕ НА ЛОКАЛИТЕТОТ „СТАРИ ПРИСАД СТЕНА“, ОПШТИНА ПРИЛЕП

1. На Друштвото за производство, услуги и трговија АЛМАРКО МИНЕРАЛИ ДОО Скопје се доделува концесија за експлоатација на минерална суровина –

мермер на локалитетот „Стари Присад Стена“, општина Прилеп, со површина на простор на концесија за експлоатација дефиниран со точки меѓусебно поврзани со прави линии, а точките дефинирани со координати како е дадено во табелата, и тоа:

Точка	Координата Y	Координата X
Т-1	7548750	4588250
Т-2	7551000	4589000
Т-3	7552000	4589000
Т-4	7552000	4587000
Т-5	7550935	4586261
Т-6	7550885	4585840
Т-7	7551207	4585739
Т-8	7551118	4585394
Т-9	7550775	4585700
Т-10	7550850	4586200
Т-11	7550890	4586400
Т-12	7550555	4586498
Т-13	7550585	4586635
Т-14	7550780	4586725
Т-15	7550908	4586504
Т-16	7551000	4587000
Т-17	7549000	4588000

2. Површината на просторот на концесијата за експлоатација од точка 1 на оваа одлука изнесува P= 4.982442 km2.

3. Времетраењето на доделената концесија од точка 1 на оваа одлука изнесува 30 (триесет) години.

4. Висината на надоместокот за доделената концесија од точка 1 на оваа одлука се определува со Договорот за концесија во согласност со Тарифникот за утврдување на висината на надоместоците за издавање на дозволи и концесии за вршење на детални геолошки истражувања и концесии за експлоатација на минерални суровини.

5. Начинот и роковите на плаќање на надоместокот за доделената концесија од точка 1 на оваа одлука ќе се определат со Договорот за концесија.

6. Како почеток на важење на концесијата од точка 1 на оваа одлука се смета денот на потпишување на Договорот за концесија.

7. Во име на Владата на Република Северна Македонија, Договорот за концесија ќе го потпише министерот за економија.

8. Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

Бр. 45-10202/1
24 декември 2019 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Северна Македонија,
Зоран Заев, с.р.

4351.

Врз основа на член 65 од Законот за просторно и урбанистичко планирање („Службен весник на Република Македонија“ бр.199/14, 44/15, 193/15, 31/16, 163/16, 64/18 и 168/18), Владата на Република Северна Македонија, на седницата, одржана на 28 декември 2019 година, донесе

О Д Л У К А
ЗА ДАВАЊЕ СОГЛАСНОСТ НА ГОДИШНАТА ПРОГРАМА ЗА РАБОТЕЊЕ НА АГЕНЦИЈАТА ЗА ПЛАНИРАЊЕ НА ПРОСТОРОТ ВО 2020 ГОДИНА

Член 1

Со оваа одлука се дава согласност на Годишната програма за работење на Агенцијата за планирање на просторот во 2020 година, бр.0102-1178/9 од 25 декември 2019 година, донесена од Управниот одбор на оваа агенција, на седницата одржана на 25 декември 2019 година.

Член 2

Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија”, а ќе отпочне да се применува од 1 јануари 2020 година.

Бр. 45-10215/1
28 декември 2019 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Северна Македонија,
Зоран Заев, с.р.

4352.

Врз основа на член 65 од Законот за просторно и урбанистичко планирање („Службен весник на Република Македонија“ бр. 199/14, 44/15, 193/15, 31/16, 163/16, 64/18 и 168/18), Владата на Република Северна Македонија, на седницата, одржана на 28 декември 2019 година, донесе

О Д Л У К А
ЗА ДАВАЊЕ СОГЛАСНОСТ НА ГОДИШНИОТ ФИНАНСИСКИ ПЛАН НА АГЕНЦИЈАТА ЗА ПЛАНИРАЊЕ НА ПРОСТОРОТ ВО 2020 ГОДИНА

Член 1

Со оваа одлука се дава согласност на Годишниот финансиски план на Агенцијата за планирање на просторот во 2020 година, бр.0201-1179/10 од 25.12.2019 година, донесен од Управниот одбор на оваа агенција, на седницата одржана на 25.12.2019 година.

Член 2

Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“, а ќе почне да се применува од 1 јануари 2020 година.

Бр. 45-10216/1
28 декември 2019 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Северна Македонија,
Зоран Заев, с.р.

4353.

Врз основа на член 13 став (1) од Законот за технолошки индустриски развојни зони („Службен весник на Република Македонија" бр.14/07, 103/08, 130/08 139/09, 156/10, 127/12, 41/14, 160/14, 72/15, 129/15, 173/15, 192/15, 217/15, 30/16 и 83/18), Владата на Република Северна Македонија, на седницата одржана на 28 декември 2019 година, донесе

О Д Л У К А
ЗА ДАВАЊЕ НА СОГЛАСНОСТ НА ГОДИШНАТА ПРОГРАМА СО ФИНАНСИСКИ ПЛАН ЗА 2020 ГОДИНА НА ДИРЕКЦИЈАТА ЗА ТЕХНОЛОШКИ ИНДУСТРИСКИ РАЗВОЈНИ ЗОНИ

1. Со оваа одлука се дава согласност на Годишната програма со финансиски план за 2020 година на Дирекцијата за технолошки индустриски развојни зони бр.01-1650/1 од 13.12.2019 година, донесена од Управниот одбор на Дирекцијата за технолошки индустриски развојни зони, на седницата, одржана на 13.12.2019 година.

2. Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија", а ќе почне да се применува од 1 јануари 2020 година.

Бр. 45-10257/1
28 декември 2019 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Северна Македонија,
Зоран Заев, с.р.

4354.

Врз основа на член 383 став (2) од Законот за трговските друштва („Службен весник на Република Македонија" бр. 28/04, 84/05, 25/07, 87/08 , 42/10 , 48/10, 24/11, 166/12, 70/13, 119/13, 120/13, 187/13, 38/14, 41/14,138/14, 88/15, 192/15, 6/16, 30/16, 61/16, 64/18 и 120/18), Владата на Република Северна Македонија, на седницата одржана на 28 декември 2019 година, донесе

О Д Л У К А
ЗА ДАВАЊЕ СОГЛАСНОСТ НА ОДЛУКАТА ЗА УТВРДУВАЊЕ НА ВИСИНАТА НА БОДОТ ЗА ПРЕСМЕТУВАЊЕ НА ПЛАТИТЕ НА ВРАБОТЕНИТЕ ВО ЖЕЛЕЗНИЦИ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА ТРАНСПОРТ АД – СКОПЈЕ

Член 1

Со оваа одлука се дава согласност на Одлуката за утврдување на висината на бодот за пресметување на платите на вработените во Железници на Република Северна Македонија Транспорт АД – Скопје бр. 2671/1-16, донесена од Управниот одбор на акционерското друштво на седница одржана на 28.11.2019 година.

Член 2

Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија".

Бр. 45-10260/1
28 декември 2019 година
Скопје

Заменик на претседателот
на Владата на Република
Северна Македонија,
д-р **Кочо Анѓушев,** с.р.

4355.

Врз основа на член 16 став (3) од Законот за игрите на среќа и за забавните игри („Службен весник на Република Македонија" бр. 24/11, 51/11, 132/11, 148/11, 74/12, 171/12, 27/14, 139/14, 61/15, 154/15, 23/16 и 178/16) и член 32 од Законот за извршување на Буџетот на Република Северна Македонија за 2020 година („Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 265/19), Владата на Република Северна Македонија, на седницата, одржана на 28 декември 2019 година, донесе

О Д Л У К А
ЗА РАСПОРЕДУВАЊЕ НА ПРИХОДИТЕ ОД ИГРИ НА СРЕЌА И ОД ЗАБАВНИТЕ ИГРИ ВО 2020 ГОДИНА ЗА ФИНАНСИРАЊЕ НА ПРОГРАМСКИТЕ АКТИВНОСТИ НА НАЦИОНАЛНИТЕ ИНВАЛИДСКИ ОРГАНИЗАЦИИ, НИВНИТЕ ЗДРУЖЕНИЈА И НИВНАТА АСОЦИЈАЦИЈА, НА ЗДРУЖЕНИЈА ЗА БОРБА ПРОТИВ СЕМЕЈНО НАСИЛСТВО И ЦРВЕНИОТ КРСТ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

Член 1

Со оваа одлука се распоредуваат средства во износ од 70.000.000,00 денари од приходите од игри на среќа и забавни игри за 2020 година.

Член 2

Средствата од член 1 од оваа одлука се распоредуваат:

1. За финансирање на годишните програми на Националните инвалидски организации, нивните здруженија и нивната асоцијација, во износ од 57.000.000,00 денари, согласно Законот за инвалидски организации и тоа:

- За финансирање на програмските активности на Националниот совет на инвалидски организации на Македонија, во износ од 5.400.000,00 денари
- За финансирање на програмските активности на Националниот сојуз на лица со телесен инвалидитет на Македонија – Мобилност, во износ од 10.680.000,00 денари
- За финансирање на програмските активности на Националниот сојуз на глуви и наглуви на Република Северна Македонија, во износ од 10.650.000,00 денари
- За финансирање на програмските активности на Национален сојуз на слепите на Република Северна Македонија, во износ од 12.180.000,00 денари
- За финансирање на програмските активности на Национален сојуз на цивилни инвалиди од војната на Македонија, во износ од 3.730.000,00 денари
- За финансирање на програмските активности на Националната федерација за спорт и рекреација на инвалидите на Македонија, во износ од 3.450.000,00 денари
- За финансирање на програмските активности на Републички центар за поддршка на лица со интелектуална попреченост – Порака, во износ од 9.710.000,00 денари
- За финансирање на програмските активности на Националниот Сојуз на инвалиди на трудот на Република Северна Македонија, во износ од 1.200.000,00 денари

2. За финансирање на програмските активности на здруженија за борба против семејното насилство, во износ од 4.000.000 денари и тоа:

- Здружение Кризен центар Надеж со вкупен годишен износ од 1.092.000,00денари
- Организација на жени на Град Скопје со вкупен годишен износ од 1.300.000,00 денари
- Сојуз - Национален совет за родова рамноправност со вкупен годишен износ од 805.000,00 денари и
- Здружение за семејна психотерапија и системска пракса на Македонија со вкупен годишен износ од 803.000,00 денари

3. За финансирање на Годишната програма на Црвениот Крст на Република Северна Македонија, во износ од 9.000.000,00денари.

Член 3

Оваа одлука ќе ја спроведе Министерството за труд и социјална политика, согласно месечен план за исплата на овие средства.

Член 4

Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

Бр. 45-10559/1
28 декември 2019 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Северна Македонија,
Зоран Заев, с.р.

4356.

Врз основа на член 28 став 2 од Законот за иновациската дејност („Службен весник на Република Македонија“ бр.79/13, 137/13, 41/14, 44/15, 6/16, 53/16, 190/16 и 64/18) Владата на Република Северна Македонија, на седницата, одржана на 28 декември 2019 година, донесе

О Д Л У К А
ЗА ДАВАЊЕ СОГЛАСНОСТ НА ГОДИШНИОТ ФИНАНСИСКИ ПЛАН НА ФОНДОТ ЗА ИНОВАЦИИ И ТЕХНОЛОШКИ РАЗВОЈ ЗА 2020 ГОДИНА

Член 1

Со оваа одлука се дава согласност на Годишниот финансиски план на Фондот за иновации и технолошки развој за 2020 година, бр.01-1779/9 донесен од Управниот одбор на Фондот за иновации и технолошки развој, на седница, одржана на 26 декември 2019 година.

Член 2

Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија”, а ќе отпочне да се применува од 1 јануари 2020 година.

Бр. 45-10619/1
28 декември 2019 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Северна Македонија,
Зоран Заев, с.р.

4357.

Врз основа на член 28 став 2 од Законот за иновациската дејност („Службен весник на Република Македонија“ бр.79/13, 137/13, 41/14, 44/15, 6/16, 53/16, 190/16 и 64/18) Владата на Република Северна Македонија, на седницата, одржана на 28 декември 2019 година, донесе

О Д Л У К А
ЗА ДАВАЊЕ СОГЛАСНОСТ НА ГОДИШНАТА ПРОГРАМА ЗА РАБОТА НА ФОНДОТ ЗА ИНОВАЦИИ И ТЕХНОЛОШКИ РАЗВОЈ ЗА 2020 ГОДИНА

Член 1

Со оваа одлука се дава согласност на Годишната програма за работа на Фондот за иновации и технолошки развој за 2020 година, 01-1779/8 донесена од Управниот одбор на Фондот за иновации и технолошки развој на седница на 26.12.2019 година.

Член 2

Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија”, а ќе отпочне да се применува од 1 јануари 2020 година.

Бр. 45-10619/2
28 декември 2019 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Северна Македонија,
Зоран Заев, с.р.

4358.

Врз основа на член 13 став (1) од Законот за технолошки индустриски развојни зони („Службен весник на Република Македонија“ бр.14/07, 103/08, 130/08 139/09, 156/10, 127/12, 41/14, 160/14, 72/15, 129/15, 173/15, 192/15, 217/15, 30/16 и 83/18), Владата на Република Северна Македонија, на седницата, одржана на 28 декември 2019 година, донесе

О Д Л У К А
ЗА ДАВАЊЕ СОГЛАСНОСТ НА ПРОГРАМАТА ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ГОДИШНАТА ПРОГРАМА СО ФИНАНСИСКИ ПЛАН ЗА 2019 ГОДИНА НА ДИРЕКЦИЈАТА ЗА ТЕХНОЛОШКИ ИНДУСТРИСКИ РАЗВОЈНИ ЗОНИ

1. Со оваа одлука се дава согласност на Програмата за изменување на Годишната програма со финансиски план за 2019 година на Дирекцијата за технолошки индустриски развојни зони бр.01-1691/1 од 19.12.2019 година, донесена од Управниот одбор на Дирекцијата за технолошки индустриски развојни зони на седницата одржана на 19.12.2019 година.

2. Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

Бр. 45-10620/1
28 декември 2019 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Северна Македонија,
Зоран Заев, с.р.

4359.

Врз основа на член 49-а став 3 од Законот за земјоделското земјиште („Службен весник на Република Македонија“ бр.135/07, 18/11, 148/11, 95/12, 79/13, 87/13, 106/13, 164/13, 39/14, 130/14, 166/14, 72/15, 98/15, 154/15, 215/15, 7/16, 39/16 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.161/19), Владата на Република Северна Македонија, на седницата, одржана на 28 декември 2019 година, донесе

О Д Л У К А
ЗА ДАВАЊЕ НА СОГЛАСНОСТ ЗА ТРАЈНА ПРЕНАМЕНА НА ЗЕМЈОДЕЛСКО ВО ГРАДЕЖНО ЗЕМЈИШТЕ ЗА ИЗРАБОТКА НА ЛОКАЛНА УРБАНИСТИЧКО ПЛАНСКА ДОКУМЕНТАЦИЈА ЗА ИЗГРАДБА НА ОБЈЕКТ СО НАМЕНА Г2-ЛЕСНА И НЕЗАГАДУВАЧКА ИНДУСТРИЈА КО МАРЕНА, ОПШТИНА КАВАДАРЦИ

Член 1

Со оваа одлука се дава согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Локална урбанистичко планска документација за изградба на објект со намена Г2-лесна и незагадувачка индустрија КО Марена, Општина Кавадарци.

Член 2

Земјоделското земјиште за кое се дава согласност за трајна пренамена ги има следните катастарски индикации:

Катастарска парцела бр.	Катастарска општина	Викано место	Катастарска култура	Кататастарска класа
685/9	Марена	Соколица	нива	1
Вкупна површина на земјиштето во планскиот опфат:				1868м^2

Член 3

Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија”.

Бр. 45-10676/1
28 декември 2019 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Северна Македонија,
Зоран Заев, с.р.

4360.

Врз основа на член 49-а став 3 од Законот за земјоделското земјиште („Службен весник на Република Македонија“ бр.135/07, 18/11, 148/11, 95/12, 79/13, 87/13, 106/13, 164/13, 39/14, 130/14, 166/14, 72/15, 98/15, 154/15, 215/15, 7/16, 39/16 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.161/19), Владата на Република Северна Македонија, на седницата, одржана на 28 декември 2019 година, донесе

О Д Л У К А
ЗА ДАВАЊЕ НА СОГЛАСНОСТ ЗА ТРАЈНА ПРЕНАМЕНА НА ЗЕМЈОДЕЛСКО ВО ГРАДЕЖНО ЗЕМЈИШТЕ ЗА ИЗРАБОТКА НА ПРОЕКТ ЗА ИНФРАСТРУКТУРА ЗА ИЗГРАДБА НА ЛИНИСКИ ОБЈЕКТ ЈАВЕН ЛОКАЛЕН ПАТ СО ТРАСА ОД КП 552/1 ДО ПРИКЛУЧОК СО ПОСТОЕЧКИ ЈАВЕН ЛОКАЛЕН ПАТ КП 607/1, КО САРАМЗАЛИНО ОПШТИНА ЛОЗОВО

Член 1

Со оваа одлука се дава согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Проект за инфраструктура за изградба на линиски објект Јавен локален пат со траса од КП 552/1 до приклучок со постоечки јавен локален пат КП 607/1, КО Сарамзалино општина Лозово.

Член 2

Земјоделското земјиште за кое се дава согласност за трајна пренамена со вкупна површина од 3003м2 ги има следните катастарски индикации:

Катастарска парцела бр.	Катастарска општина	Викано место	Катастарска култура	Кататастарска класа
469-дел	Сарамзалино	Стар пат	пасиште	4
552/1-дел	Сарамзалино	Лепа страна	нива	4
472-дел	Сарамзалино	Стар пат	пасиште	3
519-дел	Сарамзалино	Крушки	пасиште	3
497-дел	Сарамзалино	Стар пат	пасиште	3
503-дел	Сарамзалино	Стар пат	камењар	0
504-дел	Сарамзалино	Стар пат	пасиште	3
Вкупна површина на земјиштето во планскиот опфат:				4869 м^2

Член 3

Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

Бр. 45-10686/1
28 декември 2019 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Северна Македонија,
Зоран Заев, с.р.

4361.

Врз основа на член 49-а став 3 од Законот за земјоделското земјиште („Службен весник на Република Македонија“ бр.135/07, 18/11, 148/11, 95/12, 79/13, 87/13, 106/13, 164/13, 39/14, 130/14, 166/14, 72/15, 98/15, 154/15, 215/15, 7/16, 39/16 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.161/19), Владата на Република Северна Македонија, на седницата, одржана на 28 декември 2019 година, донесе

О Д Л У К А
ЗА ДАВАЊЕ НА СОГЛАСНОСТ ЗА ТРАЈНА ПРЕНАМЕНА НА ЗЕМЈОДЕЛСКО ВО ГРАДЕЖНО ЗЕМЈИШТЕ ЗА ИЗРАБОТКА НА ЛОКАЛНА УРБАНИСТИЧКА ПЛАНСКА ДОКУМЕНТАЦИЈА ЗА ИЗГРАДБА НА ОБЈЕКТ СО НАМЕНА А4-ВРЕМЕНО СМЕСТУВАЊЕ КО БАРДОВЦИ, ОПШТИНА КАРПОШ

Член 1

Со оваа одлука се дава согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Локална урбанистичка планска документација за изградба на објект со намена А4-времено сместување КО Бардовци, Општина Карпош.

Член 2

Земјоделското земјиште за кое се дава согласност за трајна пренамена ги има следните катастарски индикации:

Катастарска парцела бр.	Катастарска општина	Викано место	Катастарска култура	Кататастарска класа
1032/3-дел	Бардовци	Белушка	лозје	2
Вкупна површина на земјиштето во планскиот опфат: 1521,95 м^2				

Член 3

Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија”.

Бр. 45-10747/1
28 декември 2019 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Северна Македонија,
Зоран Заев, с.р.

4362.

Врз основа на член 101 став (1) од Законот за градежно земјиште („Службен весник на Република Македонија“ бр. 15/15, 98/15, 193/15, 226/15, 31/16, 142/16 и 190/16), Владата на Република Северна Македонија, на седницата, одржана на 28 декември 2019 година, донесе

О Д Л У К А
ЗА ВРШЕЊЕ НА РАБОТИТЕ ЗА РАСПОЛАГАЊЕ СО ГРАДЕЖНО ЗЕМЈИШТЕ СОПСТВЕНОСТ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА ЗА ОПШТИНА МОГИЛА

Член 1

Општината Могила ќе врши работи за располагање со градежно земјиште сопственост на Република Северна Македонија, кое се наоѓа на нејзиното подрачје согласно исполнетите услови од член 99 од Законот за градежно земјиште.

Член 2

Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

Бр. 45-10792/1
28 декември 2019 година
Скопје

Заменик на претседателот
на Владата на Република
Северна Македонија,
д-р **Кочо Анѓушев,** с.р.

4363.

Врз основа на член 101 став (1) од Законот за градежно земјиште („Службен весник на Република Македонија“ бр. 15/15, 98/15, 193/15, 226/15, 31/16, 142/16 и 190/16), Владата на Република Северна Македонија, на седницата одржана на 28 декември 2019 година, донесе

О Д Л У К А
ЗА ВРШЕЊЕ НА РАБОТИТЕ ЗА РАСПОЛАГАЊЕ СО ГРАДЕЖНО ЗЕМЈИШТЕ СОПСТВЕНОСТ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА ЗА ОПШТИНА ЛОЗОВО

Член 1

Општината Лозово ќе врши работи за располагање со градежно земјиште сопственост на Република Северна Македонија, кое се наоѓа на нејзиното подрачје согласно исполнетите услови од член 99 од Законот за градежно земјиште.

Член 2

Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

Бр. 45-10793/1
28 декември 2019 година
Скопје

Заменик на претседателот
на Владата на Република
Северна Македонија,
д-р **Кочо Анѓушев,** с.р.

4364.

Врз основа на член 14 став (6) од Законот за јавните патишта („Службен весник на Република Македонија“ бр.84/08, 52/09, 114/09, 124/10, 23/11, 53/11, 44/12, 168/12, 163/13, 187/13, 39/14, 42/14, 166/14, 44/15, 116/15, 150/15, 31/16, 71/16 и 163/16), Владата на Република Северна Македонија, на седницата, одржана на 5 ноември 2019 година, донесе

О Д Л У К А
ЗА ДОПОЛНУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА УТВРДУВАЊЕ НА ОПШТИНСКИТЕ ПАТИШТА И УЛИЦИ ЗА КОИ РАБОТИТЕ ЗА РЕХАБИЛИТАЦИЈА И РЕКОНСТРУКЦИЈА ЌЕ ГИ ВРШИ ЈАВНОТО ПРЕТПРИЈАТИЕ ЗА ДРЖАВНИ ПАТИШТА

Член 1

Во Одлуката за утврдување на општинските патишта и улици за кои работите за рехабилитација и реконструкција ќе ги врши Јавното претпријатие за државни патишта („Службен весник на Република Македонија“ бр. 186/16), во членот 1 став 1 по алинејата 47 се додава нова алинеја 48 која гласи:

„- Булевар „Видое Смилевски Бато“, Општина Тетово, во должина од 3790 метри“.

Член 2

Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија".

Бр. 45-10917/1
5 ноември 2019 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Северна Македонија,
Зоран Заев, с.р.

4365.

Врз основа на член 44 став (4) од Законот за користење и располагање со стварите во државна сопственост и со стварите во општинска сопственост („Службен весник на Република Македонија" бр. 78/15, 106/15, 153/15, 190/16 и 21/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр.101/19), Владата на Република Северна Македонија, на седницата, одржана на 28 декември 2019 година, донесе

О Д Л У К А
ЗА ПРЕСТАНОК И ЗА ДАВАЊЕ НА ТРАЈНО КОРИСТЕЊЕ НА ДВИЖНИ СТВАРИ НА УСТАВЕН СУД НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

Член 1

Со оваа одлука на досегашниот корисник Генералниот секретаријат на Владата на Република Северна Македонија му престанува користењето на движните ствари, и тоа:

Реден број	Опис на движна ствар	Сериски број	Количина	Инвентарен број
1	Принтер (Lexmark B2338dw)	4600824107723	1	190172
2	Принтер (Lexmark B2338dw)	46008241076WN	1	190173
3	Принтер (Lexmark B2338dw)	460082410772B	1	190175
4	Принтер (Lexmark B2338dw)	46008241076WM	1	190174
5	Принтер (Lexmark B2338dw)	4600824107729	1	190176
6	Принтер (Lexmark B2338dw)	46008241075Z9	1	190177
7	Принтер (Lexmark B2338dw)	460082410771M	1	190178
8	Принтер (Lexmark B2338dw)	460082410772D	1	190179
9	Принтер (Lexmark B2338dw)	46008241075C5	1	190180
10	Принтер (Lexmark B2338dw)	46008241076W9	1	190181
11	Принтер (Lexmark B2338dw)	460082410771R	1	190182
12	Принтер (Lexmark B2338dw)	46008241076W8	1	190183
13	Принтер (Lexmark B2338dw)	460082410771X	1	190184
14	Принтер (Lexmark B2338dw)	46008241076W4	1	190185
15	Принтер (Lexmark B2338dw)	46008241076WG	1	190186
16	Принтер (Lexmark B2338dw)	46008241075ZF	1	190189
17	Принтер (Lexmark B2338dw)	460082410771Z	1	190190
18	Принтер (Lexmark B2338dw)	46008241076WK	1	190191
19	Принтер (Lexmark B2338dw)	46008241075C8	1	190192
20	Принтер (Lexmark B2338dw)	46008241076R0	1	190193
21	Принтер (Lexmark B2338dw)	46008241075C9	1	190194
22	Принтер (Lexmark B2338dw)	46008241076PW	1	190195
23	Принтер (Lexmark B2338dw)	46008241076WD	1	190196
24	Принтер (Lexmark B2338dw)	46008241076R8	1	190197
25	Принтер (Lexmark B2338dw)	46008241075ZT	1	190198
26	Принтер (Lexmark B2338dw)	4600824107726	1	190199
27	Принтер (Lexmark B2338dw)	46008241075DK	1	190200
28	Принтер (Lexmark B2338dw)	46008241075CD	1	190201
29	Принтер (Lexmark B2338dw)	46008241076RC	1	190202
30	Принтер (Lexmark CS317dn)	502744945RDMZ	1	190204

Член 2

Движните ствари од член 1 од оваа одлука се даваат на трајно користење без надоместок на Уставен суд на Република Северна Македонија.

Член 3

Генералниот секретар склучува договор со претседателот на Уставен суд на Република Северна Македонија, со кој се уредуваат правата и обврските за движните ствари од член 1 на оваа одлука.

Член 4

Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија".

Бр. 45-10932/1 Претседател на Владата
28 декември 2019 година на Република Северна Македонија,
Скопје **Зоран Заев,** с.р.

4366.

Врз основа на член 4-а став (11) и член 12 став (2) точка 29 од Законот за технолошки индустриски развојни зони („Службен весник на Република Македонија" бр. 14/07, 103/08, 130/08, 139/09, 156/10, 127/12, 41/14, 160/14, 72/15, 129/15, 173/15, 192/15, 217/15, 30/16 и 83/18) Владата на Република Северна Македонија, на седницата, одржана на 28 декември 2019 година, донесе

О Д Л У К А
ЗА ДАВАЊЕ СОГЛАСНОСТ НА ДОГОВОРОТ ЗА ДОДЕЛУВАЊЕ НА ДРЖАВНА ПОМОШ НА ДРУШТВОТО ЗА ПРОИЗВОДСТВО, ТРГОВИЈА И УСЛУГИ ГЕРЕСХАЈМЕР СКОПЈЕ ДООЕЛ ИЛИНДЕН– КОРИСНИК НА ТЕХНОЛОШКА ИНДУСТРИСКА РАЗВОЈНА ЗОНА СКОПЈЕ 2

Член 1

Со оваа одлука се дава согласност на Договорот за доделување на државна помош на Друштвото за производство, трговија и услуги ГЕРЕСХАЈМЕР СКОПЈЕ ДООЕЛ Илинден –корисник на Технолошка индустриска развојна зона Скопје 2.

Член 2

Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија".

Бр. 45-10960/1 Претседател на Владата
28 декември 2019 година на Република Северна Македонија,
Скопје **Зоран Заев,** с.р.

4367.

Врз основа на член 4-а став (11) и член 12 став (2) точка 29 од Законот за технолошки индустриски развојни зони („Службен весник на Република Македонија" бр.14/07, 103/08, 130/08, 139/09, 156/10, 127/12, 41/14, 160/14, 72/15, 129/15, 173/15, 192/15, 217/15, 30/16 и 83/18) Владата на Република Северна Македонија, на седницата, одржана на 28 декември 2019 година, донесе

О Д Л У К А
ЗА ДАВАЊЕ СОГЛАСНОСТ НА ДОГОВОРОТ ЗА ДОДЕЛУВАЊЕ НА ДРЖАВНА ПОМОШ НА ДРУШТВО ЗА ПРОИЗВОДСТВО И ТРГОВИЈА ДУРА АУТОМОТИВЕ СТРЕКЧЕРС ДООЕЛ ИЛИНДЕН – КОРИСНИК НА ТЕХНОЛОШКА ИНДУСТРИСКА РАЗВОЈНА ЗОНА СКОПЈЕ 2

Член 1

Со оваа одлука се дава согласност на Договорот за доделување на државна помош на Друштво за производство и трговија ДУРА АУТОМОТИВЕ СТРЕКЧЕРС ДООЕЛ Илинден – корисник на Технолошка индустриска развојна зона Скопје 2.

Член 2

Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија".

Бр. 45 – 10962/1 Претседател на Владата
28 декември 2019 година на Република Северна Македонија,
Скопје **Зоран Заев,** с.р.

4368.

Врз основа на член 36 став 3 од Законот за Владата на Република Македонија („Службен весник на Република Македонија" бр.59/00, 12/03, 55/05, 37/06, 115/07, 19/08, 82/08, 10/10, 51/11, 15/13, 139/14, 196/15, 142/16, 140/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр.98/19), а во врска со член 5 од Законот за задолжување на Република Македонија со заем кај Европската инвестициона банка по Договорот за заем по Проектот „Водоснабдување и одведување отпадни води" („Службен весник на Република Македонија" бр. 83/10), Владата на Република Северна Македонија, на седницата одржана на 28 декември 2019 година, донесе

О Д Л У К А
ЗА ДОПОЛНУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА РАСПРЕДЕЛБА НА СРЕДСТВА СОГЛАСНО ДОГОВОРОТ ЗА ЗАЕМ ПО ПРОЕКТОТ „ВОДОСНАБДУВАЊЕ И ОДВЕДУВАЊЕ НА ОТПАДНИ ВОДИ"

Член 1

Во Одлуката за распределба на средства согласно Договорот за заем по Проектот „Водоснабдување и одведување на отпадни води" („Службен весник на Република Македонија" бр. 154/10, 113/15 и 29/19), по членот 3 се додава нов член 3-а кој гласи:

„Член 3-а

За неискористените средства за реализација на потпроекти утврдени со Договорот за заем по Проектот „Водоснабдување и одведување на отпадни води", општините и општините во градот Скопје можат да аплицираат во Министерството за транспорт и врски за проекти со проценета вредност до двојно поголема од распределената согласно со Одлуката за распределба на средства, намалена за вкупниот износ на нивните искористени и ангажирани средства.

Реализацијата на средствата од став 1 на овој член ќе се врши се до целосно искористување на преостанатите средства од заемот финансиран од Европската инвестициона банка, односно реализација на буџетот кој во согласност со Одлуката за распределба на средства согласно договорот за заем по Проектот „Водоснабдување и одведување на отпадни води“ изнесува 48.380.000 евра.

Распределбата на преостанатите средства ќе се врши врз основа на поднесена комплетна и квалитетна проектна документација согласно со постојната законска регулатива за реализација на проекти од областа на водоснабдување и одведување на отпадни води и во согласност со условите и начинот на користење на заемот утврдени со Договорот за заем по Проектот, во рок од три месеци од денот на влегување во сила на оваа одлука.“

Член 2

Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

Бр. 45-10994/1
28 декември 2019 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Северна Македонија,
Зоран Заев, с.р.

4369.

Врз основа на член 16 став (9) од Законот за јавен долг („Службен весник на Република Македонија” бр.62/05, 88/08, 35/11, 139/14 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.98/19), Владата на Република Северна Македонија, на седницата, одржана на 28 декември 2019 година, донесе

О Д Л У К А
ЗА ЗАДОЛЖУВАЊЕ НА ОПШТИНА ПРОБИШТИП СО КРАТКОРОЧЕН КРЕДИТ КАЈ РАЗВОЈНА БАНКА НА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА АД СКОПЈЕ

Член 1

Општина Пробиштип се задолжува кај Развојна банка на Северна Македонија АД Скопје со краткорочен кредит во износ од 16.150.000,00 денари, за реализација на проектот „Примена на системи плаќаш колку што создаваш отпад и самостојни единици за компостирање на биоотпад или скратено БИООТПАД“.

Член 2

Средствата од краткорочниот кредит од член 1 на оваа одлука Општина Пробиштип ќе ги користи со цел обезбедување на финансиски средства за дополнително финансирање на Проектот од ИПА компонента - прекугранична соработка, под следните услови:

- каматна стапка: фиксна каматна стапка која изнесува 5,75% на годишно ниво;
- рок на отплата: една година со вклучен грејс период;
- грејс период: шест месеци и
- начин на отплата: квартално.

Член 3

Условите и начинот на користење на кредитот, како и сервисирањето на обврските кои произлегуваат од истиот, се утврдуваат со Договорот за кредит што ќе се склучи помеѓу Општина Пробиштип и Развојна банка на Северна Македонија АД Скопје.

Член 4

Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

Бр. 45-10996/1
28 декември 2019 година
Скопје

Заменик на претседателот
на Владата на Република
Северна Македонија,
д-р **Бујар Османи,** с.р.

4370.

Врз основа на член 29-а став 2 од Законот за контрола на опојни дроги и психотропни супстанции („Службен весник на Република Македонија“ бр. 103/08, 124/10, 164/13, 149/15, 37/16, 53/16 и 193/17), Владата на Република Северна Македонија, на седницата, одржана на 28 декември 2019 година, донесе

О Д Л У К А
ЗА ДАВАЊЕ СОГЛАСНОСТ НА РЕШЕНИЕТО ЗА ДАВАЊЕ НА ОДОБРЕНИЕ ЗА ОДГЛЕДУВАЊЕ НА КАНАБИС ЗА МЕДИЦИНСКИ ЦЕЛИ НА ДРУШТВО ЗА ПРОИЗВОДСТВО, ТРГОВИЈА И УСЛУГИ КРУШЕВО ВЕЕД ИНТ ДОО СКОПЈЕ

1. Со оваа одлука се дава согласност на Решението за давање на одобрение за одгледување на канабис за медицински цели на Друштво за производство, трговија и услуги КРУШЕВО ВЕЕД ИНТ ДОО Скопје со број 19-818/6 од 25.12.2019 година.

2. Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

Бр. 45-11002/1
28 декември 2019 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Северна Македонија,
Зоран Заев, с.р.

4371.

Врз основа на член 49-а став 3 од Законот за земјоделското земјиште („Службен весник на Република Македонија“ бр.135/07, 18/11, 148/11, 95/12, 79/13, 87/13, 106/13, 164/13, 39/14, 130/14, 166/14, 72/15, 98/15, 154/15, 215/15, 7/16 и 39/16 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.161/19), Владата на Република Северна Македонија, на седницата, одржана на 28 декември 2019 година, донесе

О Д Л У К А
ЗА ДАВАЊЕ НА СОГЛАСНОСТ ЗА ТРАЈНА ПРЕНАМЕНА НА ЗЕМЈОДЕЛСКО ВО ГРАДЕЖНО ЗЕМЈИШТЕ ЗА ИЗРАБОТКА НА ДРЖАВНА УРБАНИСТИЧКА ПЛАНСКА ДОКУМЕНТАЦИЈА ЗА ИЗГРАДБА НА ОБЈЕКТИ СО НАМЕНА Г1-ТЕШКА ИНДУСТРИЈА ЗА ЕКСПЛОАТАЦИЈА НА МИНЕРАЛНА СУРОВИНА БАКАР НА ЛОКАЛИТЕТ БОРОВ ДОЛ, КО ГОРНА ВРАШТИЦА, КО ДОЛНА ВРАШТИЦА, КО БРЕСТ, ОПШТИНА РАДОВИШ И ОПШТИНА ШТИП

Член 1

Со оваа одлука се дава согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Државна урбанистичка планска документација за изградба на објекти со намена Г1-тешка индустрија за експлоатација на минерална суровина бакар на локалитет Боров Дол, КО Горна Врашшица, КО Долна Врашшица, КО Брест, Општина Радовиш и Општина Штип.

Член 2

Земјоделското земјиште за кое се дава согласност за трајна пренамена, со вкупна површина од 3581м2 ги има следните катастарски индикации:

Катастарска парцела бр.	Катастарска општина	Викано место	Катастарска култура	Катастарска класа
863	Горна Врашшица	Подарница	пасиште	4
908	Горна Врашшица	Конджел	пасиште	4
27/2-дел	Долна Врашшица	Голем Бацел	пасиште	4
1870	Брест	Басерица	нива	6
2086	Брест	Лозјата	нива	6
Вкупна површина на земјоделско земјиште предмет на трајна пренамена: 472377100м²				

Член 3

Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

Бр. 45-11011/1
28 декември 2019 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Северна Македонија,
Зоран Заев, с.р.

4372.

Врз основа на член 41 став 2 од Законот за одбрана („Службен весник на Република Македонија“, бр.42/01, 5/03, 58/06, 110/08, 51/11, 151/11 и 215/15), Владата на Република Северна Македонија, на седницата, одржана на 28 декември 2019 година, донесе

О Д Л У К А
ЗА ИСПРАЌАЊЕ НА ПРИПАДНИЦИ НА АРМИЈАТА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА ЗА УЧЕСТВО ВО ВЕЖБОВНАТА АКТИВНОСТ „COMBINED RESOLVE XIII“, ВО СОЈУЗНА РЕПУБЛИКА ГЕРМАНИЈА

1. За учество во вежбовната активност „COMBINED RESOLVE XIII“, која ќе се одржи во Сојузна Република Германија, во периодот од 17 јануари - 5 февруари 2020 година, се испраќаат 35 (триесет и пет) припадници на Армијата на Република Северна Македонија (во натамошниот текст: Армијата).

2. Финансиските трошоци за транспорт, сместување и исхрана ги обезбедува Амбасадата на Соединетите Американски Држави во Република Северна Македонија, а дневниците за службено патување на припадниците на Армијата ги обезбедува Министерството за одбрана.

3. Подготовките и организацијата на припадниците на Армијата, ќе ги изврши Министерството за одбрана.

4. Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

Бр. 45-11013/1
28 декември 2019 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Северна Македонија,
Зоран Заев, с.р.

4373.

Врз основа на член 30 став (3) од Законот за данокот на додадена вредност („Службен весник на Република Македонија“ бр. 44/99, 86/99, 8/01, 21/03, 19/04, 33/06, 101/06, 114/07, 103/08, 114/09, 133/09, 95/10, 102/10, 24/11, 135/11, 155/12, 12/14, 112/14, 130/14, 15/15, 129/15, 225/15, 23/16, 189/16 и 198/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 98/19 и 124/19) Владата на Република Северна Македонија, на седницата, одржана на 28 декември 2019 година, донесе

О Д Л У К А
ЗА ОПРЕДЕЛУВАЊЕ НА ДОБРАТА И УСЛУГИТЕ КОИ ПОДЛЕЖАТ НА ПОВЛАСТЕНА СТАПКА НА ДАНОКОТ НА ДОДАДЕНА ВРЕДНОСТ

Член 1

Со оваа одлука поблиску се определуваат добрата и услугите кои подлежат на повластена стапка на данокот на додадена вредност, согласно член 30 став 1 и 2 од Законот за данокот на додадена вредност (во натамошниот текст: Закон).

Член 2

(1) Повластената стапка на данокот на додадена вредност во смисла на член 30 од Законот се применува врз прометот и увозот на:

1. Производи за човечка исхрана кои се распоредени во следниве тарифни броеви/подброеви/ознаки/глави од Царинската тарифа:

Ред. бр.	Глава/ тарифен број/ подброј/ ознака	Наименување на стоките според Номенклатурата на царинската тарифа
(1)	(2)	(3)
1.	Глава 2	Месо и други кланични производи за јадење
2.	0301	Риби, живи
3.	0302	Риби, свежи или разладени, освен рибини филети и друго рибино месо од тар. број 0304
4.	0303	Риби, замрзнати, освен рибини филети и друго рибино месо од тар. број 0304
5.	0304	Рибини филети и друго рибино месо (немелено или мелено), свежо, разладено или замрзнато
6.	0305	Риби, сушени, солени или во саламура; чадена риба, вклучувајќи и готвени риби пред или во текот на процесот на чадење; брашно, прав и пелети од риба, погодни за човечка исхрана
7.	0306	Черупкари со черупка или без черупка, живи, свежи, разладени, замрзнати, исушени, посолени или во саламура; черупкари со черупка или без черупка чадени, варени или неварени пред или за време на процесот на чадење; черупкари, во черупка, парени или варени во вода, неразладени или разладени, замрзнати, исушени, солени или во саламура; прав, брашно и пелети од черупкари, погодни за човечка исхрана
8.	0307	Мекотелци со черупка или без черупка, живи, свежи, разладени, замрзнати, сушени, солени или во саламура; чадени мекотелци со черупка или без черупка, варени или неварени пред или за време на процесот на чадење; прав, брашно и пелети од мекотелци, погодни за човечка исхрана
9.	0308	Водни без'рбетници освен черупкари и мекотелци, живи, свежи, разладени, замрзнати, сушени, солени или во саламура;чадени водни без'рбетници освен черупкари и мекотелци, варени или неварени пред или за време на процесот на чадење; прав, брашно и пелети од водни без'рбетници освен черупкари и мекотелци, погодни за човечка исхрана
10.	0401	Млеко и павлака, неконцентрирани и без додаден шеќер или други материи за засладување
11.	0402	Млеко и павлака, концентрирани или со додаден шеќер или други материи за засладување
12.	0403	Маштеница, кисело млеко, павлака, јогурт, кефир и друго ферментирано или закиселено млеко и павлака, концентрирани или неконцентрирани или со содржина на додаден шеќер или други материи за засладување или ароматизирани или со додадено овошје, јатчесто овошје или какао
13.	0404	Суротка, концентрирана или неконцентрирана или со додаток на шеќер или други материи за засладување; производи што се состојат од природни состојки на млеко со додавање или без додавање на шеќер или други материи за засладување, на друго место неспомнати ниту опфатени
14.	0405	Путер и други маснотии и масла добиени од млеко; млечни премази
15.	0406	Сирење и урда
16.	0407 21 0407 29 0407 90	Други свежи јајца, освен за приплод
17.	0408 11 80 00	Сушени жолчки
18.	0408 19 81 00	Течни жолчки
19.	0408 19 89 00	Други, вклучувајќи замрзнати
20.	0408 91 80 00	Други живински и птичји јајца, сушени
21.	0408 99 80 00	Други живински и птичји јајца
22.	0409	Природен мед
23.	0410	Јастиви производи од животинско потекло, на друго место неспомнати ниту опфатени
24.	0504	Црева, бабулиња и желудници од животни (освен од риби), цели или во парчиња, свежи, разладени, замрзнати, солени, во саламура, сушени или чадени
25.	0701 90 50 00	Компир свеж или разладен, млад, од 1 јануари до 30 јуни, освен за сеидба
26.	0701 90 90 00	Друг компир свеж или разладен, освен за сеидба
27.	0702	Домат, свеж или разладен
28.	0703 10 11 00	Кромид во низи, свеж или разладен, освен за сеидба
29.	0703 10 19 50	Кромид свеж или разладен, од 1 април до 30 септември, освен за сеидба
30.	0703 10 19 90	Кромид свеж или разладен, од 1 октомври до 31 март, освен за сеидба
31.	0703 10 90 00	Алма свежа или разладена
32.	0703 20 00 90	Лук свеж или разладен, освен за сеидба
33.	0703 90 00 90	Праз и други лукови свежи или разладени, освен за сеидба
34.	0704	Зелка, карфиол, келераба, кељ и сличен зелковиден зеленчук за јадење, свежи или разладени:
35.	0705	Салата (lactuca sativa) и цикорија (Cichorium spp.), свежи или разладени:
36.	0706	Моркови, бросква или репка угарница (бела репка), цвекло, целер, коренаш, 'рдокви и сличен коренест зеленчук за јадење, свеж или разладен
37.	0707	Краставици и корнишони, свежи или разладени
38.	0708	Мешунест зеленчук во мешунки или зрно, свеж или разладен
39.	0709 20	Шпаргли, свежи или разладени
40.	0709 30	Модар патлиџан, свеж или разладен
41.	0709 40	Целер, освен целер коренаш, свеж или разладен
42.	0709 51	Печурки за јадење од видот Agaricus, свежи или разладени
43.	0709 59	Други печурки
44.	0709 60 10 00	Слатки пиперки, свежи или разладени

45.	0709 60 99 10	Пиперки од родот Capsicum или од родот Pimenta од 15 мај до 14 ноември, свежи или разладени
46.	0709 60 99 90	Пиперки од родот Capsicum или од родот Pimenta од 15 ноември до 14 мај, свежи или разладени
47.	0709 70	Спанаќ, новозеландски спанаќ и лобода, свежи или разладени
48.	0709 91 00 00	Артичоки, свежи или разладени
49.	0709 92 90 00	Маслинки
50.	0709 93	Тикви, тиквичи и бундеви (Cucurbita spp.)
51.	0709 99	Друг зеленчук, свеж или разладен.
52.	0710	Зеленчук (неварен или варен на пареа или во врела вода), замрзнат
53.	0712 20	Кромид, сушен
54.	0712 31	Печурки за јадење од видот Agaricus, сушени
55.	0712 32	Јудино уво (Auricularia spp.), сушени
56.	0712 33	Желатинозна леденка (Tremella spp.)
57.	0712 39	Друг зеленчук, сушен
58.	0712 90 05 00	Компири сушени, сечени или несечени или во тенки листови, но понатаму необработени
59.	0712 90 19 00	Пченка шеќерец (Zea mays var. saccharat), освен за сеидба
60.	0712 90 30 00	Домати, сушени
61.	0712 90 50 00	Моркови, сушени
62.	0712 90 90 00	Друг зеленчук, сушен
63.	0713 10 90 10	Сушен грашок (Pisum sativum), за човечка употреба
64.	0713 20	Солен сушен грашок (Garbanzos)
65.	0713 31	Грав сушен од видот Vigna mungo (L) Hepperli или Vigna Radiata (L) Wilczek
66.	0713 32	Грав ситен црвен сушен (Adzuki) (Phaseolus) или (Vigna angularis)
67.	0713 33 90 00	Грав обичен сушен (Phaseolus vulgaris), освен за сеидба
68.	0713 34 00 00	Bambara грав (Vigna subterranea или Voandzeia subterranean)
69.	0713 35 00 00	Cowpea грашок (Vigna unguiculata)
70.	0713 39	Друг грав сушен (Vigna spp., Phaseolus spp.)
71.	0713 40 00 90	Сушена леќа, освен за сеидба
72.	0713 50	Боб сушен (Vicia faba var, major) и коњски боб сушен (Vicia faba var equina, Vicia faba rav. minor)
73.	0713 60 00 90	Голубски грашок (Cajanus cajan):Друго
74.	0713 90 00 90	Друг сушен мешунест зеленчук, освен за сеидба
75.	0714	Маниока, арорут, салеп, ерусалемски артичоки, сладок компир и слични корења и гртки со висока содржина на скроб или инулин, свежи, разладени, замрзнати или сушени, цели или режани или во форма на пелети; срцевина од саго дрво
76.	Глава 8	Овошје и јатчесто овошје за јадење; кори од агруми или од дињи и лубеници
77.	0902	Чај, неароматизиран или ароматизиран
78.	0903	Мате-чај
79.	0904	Пипер од родот Пипер; сушена или кршена или мелена пиперка од родот Capsicum или од родот Pimenta
80.	0905	Ванила
81.	0906	Цимет и цвет од циметово дрво
82.	0907	Каранфилче (цели плодови, пупки и дршки)
83.	0908	Мушкатен орев, мацис и кардамом
84.	0909	Семе од анис, бадијан, анасон, коријандер, ким или кумин; бобинки од смрека
85.	0910	Исиот, шафран, куркума, мајчина душица, ловоров лист, кари и други мирудии
86.	1001 19 00 00	Тврда пченица, освен за сеидба
87.	1001 99 00 00	Друг пир, обична пченица и наполица, освен за сеидба
88.	1002 90 00 00	'Рж, освен за сеидба
89.	1003 90 00 90	Јачмен, освен за сеидба, освен пиварски и добиточен
90.	1004 90 00 00	Овес, освен за сеидба
91.	1005 90 00 00	Пченка, освен за сеидба
92.	1006 10 30 00	Ориз во лушпа, освен за сеидба, етивиран (Parboiled), со кружни зрна
93.	1006 10 50 00	Ориз во лушпа, освен за сеидба, етивиран (Parboiled), со средни зрна
94.	1006 10 71 00	Ориз во лушпа, освен за сеидба, етивиран (Parboiled) со долги зрна, со однос должина/широчина поголем од 2, но помал од 3
95.	1006 10 79 00	Ориз во лушпа, освен за сеидба, етивиран (Parboiled), со долги зрна, со однос должина/широчина еднаков или поголем од 3
96.	1006 20	Ориз, лупен (костенлив)
97.	1006 30	Ориз, полубланширан или бланширан, полиран или неполиран или глазиран
98.	1006 40	Кршен ориз
99.	1007 90 00 00	Сорго во зрно, освен за сеидба
100.	1008 40 00 90	Фонио
101.	1008 50 00 90	Киноа
102.	1008 60 00 00	Тритикале
103.	1008 90 00 90	Други жита, освен за сеидба
104.	1101	Брашно од пченица или наполица
105.	1102	Брашно од жита, освен од пченица или наполица
106.	1103 11	Јарма и гриз од пченица
107.	1103 13	Јарма и гриз од пченка
108.	1103 19	Јарма и гриз од други жита
109.	1104	Жита во зрно поинаку обработени (на пр: лупени, валани во лушпи, перлирани, обрежани или гмечени), освен ориз од тар. број 1006; никулци од жита, цели, валани, во лушпи или мелени
110.	1105	Брашно, гриз, прав, лушпи, гранули и пелети од компир
111.	1106	Брашно, гриз и прав од сушен мешунест зеленчук што се распоредува во тар. број 0713,

		од саго-корења или кртоли што се распоредуваат во тар. број 0714 или од производите на Глава 8
112.	1201 90 00 00	Соја во зрно, вклучувајќи кршена или дробен, освен за сеидба
113.	1202 41 00 00	Кикиритки, во лушпа, освен за сеидба
114.	1202 42 00 00	Лупени кикирики, кршени или некршени
115.	1203 00 00 00	Копра
116.	1204 00 90 00	Семе од лен
117.	1205 10 90 00	Семиња од маслодајна репка со ниска содржина на еручна киселина, освен за сеидба
118.	1205 90 00 00	Семе од маслодајна репка, освен за сеидба
119.	1206 00 91 00	Семе од сончоглед, лупени; во лушпа со сиви и бели ленти, освен за сеидба
120.	1206 00 99 00	Друго семе од сончоглед, освен за сеидба
121.	1207 10 00 00	Палмов орев и јатки
122.	1207 29 00 00	Семиња од памук, освен за сеидба
123.	1207 30 00 00	Семиња од рицинус, освен за сеидба
124.	1207 40 90 00	Семиња од сусам, освен за сеидба
125.	1207 50 90 00	Семиња од синап, освен за сеидба
126.	1207 60 00 00	Семе од шафраника (Carthamus tinctorius),
127.	1207 91 90 00	Семиња од афион, освен за сеидба
128.	1207 99 91 00	Семиња од коноп, освен за сеидба
129.	1207 99 96 00	Други семиња, освен за сеидба
130.	1208	Брашно и гриз од маслодајни семиња и плодови, освен од синап
131.	1212	Рокчиња, морски и други алги, шеќерна репка и шеќерна трска, свежи, разладени, замрзнати или суви, вклучувајќи и мелени; голушки и јатки од овошје и други растителни производи (вклучувајќи корен од цикорија, непржен, од видот Cichorium intybus sativum), вид што првенствено се употребува за човечка исхрана, на друго место неспомнати ниту вклучени
132.	1501 10 90 00	Друго сало
133.	1501 20 90 00	Друга свинска маст
134.	1501 90 00 00	Живинска маст
135.	1502 10 90 00	Маснотии од животни од видовите говеда, овци или кози, освен оние од тар. број 1503: Лој: Друго
136.	1502 90 90 00	Маснотии од животни од видовите говеда, овци или кози, освен оние од тар. број 1503: Друго: Друго
137.	1507 90 90 00	Друго соино масло
138.	1508 90 90 00	Друго масло од кикиритки
139.	1509	Маслиново масло и негови фракции, пречистено или непречистено, но хемиски немодификувано:
140.	1510 00 90 00	Други масла и нивни фракции, освен сурови масла, добиени исклучително од маслинки, пречистени или непречистени, но хемиски немодификувани, вклучувајќи мешаници на овие масла или фракции со масла или со фракции од тар. број 1509:
141.	1511 90 11 00	Палмово масло и негови фракции, цврсти фракции, освен сурово, во пакувања со нето маса од 1 кг или помала
142.	1511 90 19 00	Друго палмово масло и негови фракции, цврсти фракции, освен сурово
143.	1511 90 99 00	Друго палмово масло и негови фракции, освен сурово
144.	1512 11 91 00	Друго масло од сончоглед
145.	1512 11 99 00	Друго масло од шафран
146.	1512 19 90 00	Масло од сончоглед или шафраника: Друго
147.	1512 29 90 00	Друго памуково масло
148.	1513 11 91 00	Масло од кокосов орев (корпа) и негови фракции; Сурово масло; Друго: Во пакување со нето маса од 1кг или помала
149.	1513 11 99 00	Масло од кокосов орев (корпа) и негови фракции; Сурово масло; Друго: Во пакување со нето маса поголема од 1кг
150.	1513 19 11 00	Масло од кокосов орев (копра) и негови фракции, цврсти фракции, во пакувања со нето маса од 1 кг или помала
151.	1513 19 19 00	Масло од кокосов орев (копра) и негови фракции, цврсти фракции, во пакувања со нето маса поголема од 1 кг
152.	1513 19 91 00	Масло од кокосов орев (копра) и негови фракции, кои не се цврсти фракции, во пакувања со нето маса од 1 кг или помала
153.	1513 19 99 00	Масло од кокосов орев (копра) и негови фракции, кои не се цврсти фракции, во пакувања со нето маса поголема од 1 кг
154.	1513 21 30 00	Масло од палмова јатка (голушка) или палмови ореви и нивни фракции; Сурово масло; Друго: Во пакувања со нето маса од 1 кг или помала
155.	1513 29 11 00	Масло од палмова јатка (голушка) или палмови ореви и нивни фракции, цврсти фракции, во пакувања со нето маса од 1 кг или помала
156.	1513 29 19 00	Масло од палмова јатка (голушка) или палмови ореви и нивни фракции, цврсти фракции, во пакувања со нето маса поголема од 1 кг
157.	1513 29 50 00	Масло од палмова јатка (голушка) или палмови ореви и нивни фракции, кои не се цврсти фракции, во пакувања со нето маса од 1 кг или помала
158.	1513 29 90 00	Масло од палмова јатка (голушка) или палмови ореви и нивни фракции, кои не се цврсти фракции, во пакувања со нето маса поголема од 1 кг
159.	1514 19 90 00	Друго масло од репка
160.	1514 91 90 00	Масло од репка или масло од синап и нивни фракции,пречистени или непречистени, но хемиски немодификувани; Друго; Сурово масло; Друго
161.	1514 99 90 00	Друго масло од синап
162.	1515 19 90 00	Друго ленено масло и негови фракции
163.	1515 29 90 00	Друго пченкарно масло и негови фракции
164.	1515 30 90 00	Друго рицинусово масло и негови фракции
165.	1515 50 99 00	Друго сусамово масло и негови фракции
166.	1515 90 11 00	Тунгово масло; масло од јојоба и Oiticica; восок од мирта (myrtle) и јапонски восок;

		нивни фракции
167.	1515 90 39 00	Друго масло од семе на тутун и негови фракции
168.	1515 90 51 00	Други растителни масти и масла, неиспарливи (вклучувајќи масло од јојоба) и нивни фракции, пречистени или непречистени, но хемиски немодификувани; Друго; Други масла и нивни фракции; Сурови масла; Друго; Цврсти, во пакување со нето маса од 1 кг или помала
169.	1515 90 59 00	Други растителни масти и масла, неиспарливи (вклучувајќи масло од јојоба) и нивни фракции,пречистени или непречистени, но хемиски немодификувани; Друго; Други масла и нивни фракции;Сурови масла; Друго;Цврсти во пакување со нето маса поголемо од 1кг и течни
170.	1515 90 91 00	Други масла и нивни фракции, цврсти, во пакувања со нето маса од 1 кг или помала
171.	1515 90 99 00	Други масла и нивни фракции, цврсти во пакување со нето маса поголемо од 1 кг и течни
172.	1516 10	Животински масти и масла и нивни фракции
173.	1516 20 10 00	Хидрогенизирано рицинусиново масло, т.н. „опал-восок“
174.	1516 20 91 00	Растителни масти и масла и нивни фракции, во пакување со нето маса од 1 кг или помала
175.	1516 20 96 00	Масло од семе од кикиритки, памук, зрна на соја или семе од сончоглед; други масла кои содржат помалку од 50% по маса на слободни масни киселини и исклучувајќи го маслото од палмова јатка (голушка), илипа, кокосов орев, „colza“, семе од репка, или масло од копаи
176.	1516 20 98 00	Други растителни масти и масла и нивни фракции
177.	1517	Маргарин; јастиви мешаници или препарати од масти или масла од животинско или растително потекло или од фракции на различни масти или масла од оваа глава, освен мастите или маслата за јадење и нивните фракции од тар. број 1516:
178.	Глава 16	Преработки од месо, риби, черупкари, мекотелци или од други водни без'рбетници
179.	1701 91 00 00	Шеќер со додадени средства за ароматизација или материи за бојосување
180.	1701 99 10 00	Бел шеќер
181.	1701 99 90 00	Друг шеќер
182.	1704	Производи од шеќер (вклучувајќи бела чоколада), без какао
183.	1805	Какао во прав, без додаден шеќер или други материи за засладување
184.	1806	Чоколада и други прехранбени производи што содржат какао
185.	Глава 19	Производи врз база на жита, брашно, скроб или млеко; слаткарски производи
186.	2001	Зеленчук, овошје, јатчесто овошје и други делови на растенија за јадење, приготвени или конзервирани во оцет или оцетна киселина
187.	2002	Домати приготвени или конзервирани на друг начин освен со оцет или оцетна киселина
188.	2003	Печурки и трифли, приготвени или конзервирани на друг начин освен во оцет или оцетна киселина
189.	2004	Друг зеленчук приготвен или конзервиран на друг начин освен во оцет или оцетна киселина, замрзнат, освен производите од тар. број 2006
190.	2005	Друг зеленчук приготвен или конзервиран на друг начин освен во оцет или оцетна киселина, незамрзнат, освен производите од тар. број 2006
191.	2006	Зеленчук, овошје, јатчесто овошје, кори од овошје и други делови од растенија, конзервирани во шеќер (кандирани, суви или кристализирани)
192.	2007	Џемови, овошни желеа, мармелади, пиреа од овошје и јатчесто овошје и пасти од овошје и јатчесто овошје добиени со варење, со додавање или без додавање на шеќер или други средства за засладување
193.	2008	Овошје, јатчесто овошје и други јастиви делови на растенија, поинаку приготвени или конзервирани, со додавање или без додавање на шеќер или други средства за засладување или алкохол, на друго место неспомнати или опфатени:
194.	Глава 21	Разни производи за исхрана
195.	2209	Оцет и замена за оцет добиени од оцетна киселина
196.	2501 00 91 00	Сол погодна за човечка исхрана

2. Публикации кои се распоредени во следниве тарифни броеви/подброеви/ознаки/глави од Царинската тарифа:

Ред. бр.	Глава/ тарифен број/ подброј/ ознака	Наименување на стоките според Номенклатурата на царинската тарифа
(1)	(2)	(3)
1.	4901 10 00 10	Печатени книги, брошури, летоци и слични печатени материјали, вклучувајќи и слободни листови, непресвиткани или пресвиткани: кои не се претежно за рекламни цели и оние кои не се со порнографска содржина

2.	4901 99 00 10	Печатени книги, брошури, летоци и слични печатени материјали, вклучувајќи и слободни листови, непресвиткани или пресвиткани: кои не се претежно за рекламни цели и оние кои не се со порнографска содржина
3.	4901 91 00 00	Речници и енциклопедии, и нивни сериски делови што излегуваат во продолженија
4.	4902 10 00 10	Весници, списанија и други периодични публикации, илустрирани или не, со или без реклама. Што излегуваат најмалку четири пати неделно, кои не се претежно за рекламни цели и оние кои не се со порнографска содржина
5.	4902 90 00 10	Весници, списанија и други периодични публикации, илустрирани или не, со или без реклама, други кои не се претежно за рекламни цели и оние кои не се со порнографска содржина
6.	4903 00 00 00	Детски книги со слики, вклучувајќи книги за цртање или боење, кои не се претежно за рекламни цели
7.	Ex. 4905	Географски и хидрографски карти или слични карти од сите видови, вклучувајќи, атласи, sидни карти, топографски планови и глобуси, печатени *Кои не се претежно за рекламни цели (кои содржат помалку од 50% рекламна содржина) и оние кои не се со порнографска содржина

3. **Семенски и саден материјал за производство на земјоделски растенија кои се распоредени во следниве тарифни броеви**/подброеви/ознаки/глави **од Царинската тарифа:**

Ред. бр.	Глава/ тарифен број/ подброј/ ознака	Наименување на стоките според Номенклатурата на царинската тарифа
(1)	(2)	(3)
1.	0602 10	Невжилени резници и калем-гранчиња, калеми:
2.	0602 20	Садници на јастиво овошје или јатчесто овошје,вклучувајќи ги и оние во форма на грмушки или џбунови, калемени или некалемени:
3.	0602 90 10 00	Мицелиум за печурки
4.	0602 90 20 00	Садници на ананас
5.	0602 90 30 00	Садници на зеленчук и јагоди
6.	0701 10 00 00	Компир: За сеидба
7.	0703 10 19 10	Кромид: За сеидба
8.	0703 10 19 30	Кромид :Арпацик
9.	0703 20 00 10	Лук: За сеидба
10.	0703 90 00 10	Праз и други лукови: За сеидба
11.	0712 90 11 00	Пченка шеќерец (Zea mays var. saccharat):Хибриди за сеидба
12.	0713 10 10 00	Грашок (Pisum sativum):За сеидба
13.	0713 33 10 00	Грав обичен (Phaseolus vulgaris):За сеидба
14.	0713 40 00 10	Леќа:За сеидба
15.	0713 60 00 10	Голубски грашок (Cajanus cajan): За сеидба
16.	0713 90 00 10	Друг мешунест зеленчук: За сеидба
17.	1001 11 00 00	Тврда пченица: За сеидба
18.	1001 91	Друга пченица и наполица:За сеидба
19.	1002 10 00 00	'Рж:За сеидба

20.	1003 10 00 00	Јачмен: За сеидба
21.	1004 10 00 00	Овес: За сеидба
22.	1005 10	Пченка: За сеидба:
23.	1006 10 10 00	Ориз во лушпа (арпа или суров): За сеидба
24.	1007 10	Соргово зрно: За сеидба
25.	1008 10 00 00	Елда
26.	1008 21 00 00	Просо: За сеидба
27.	1008 40 00 10	Фонио: За сеидба
28.	1008 50 00 10	Киноа: За седиба
29.	1008 90 00 10	Други жита: За сеидба
30.	1201 10 00 00	Соја во зрно : За сеидба
31.	1202 30 00 00	Кикиритки: За сеидба
32.	1204 00 10 00	Семе од лен:За сеидба
33.	1205 10 10 00	Семиња од маслодајна репка со ниска содржина на еручна киселина: За сеидба
34.	1206 00 10 00	Семиња од сончоглед: За сеидба
35.	1207 21 00 00	Семиња од памук:За сеидба
36.	1207 30 00 00	Семе од рицинус: За сеидба
37.	1207 40 10 00	Семиња од сусам: За сеидба
38.	1207 50 10 00	Семиња од синап: За сеидба
39.	1207 70 00 00	Семиња од диња
40.	1207 91 10 00	Семе од афион: За сеидба
41.	1207 99 20 00	Друго маслодајно семе: За сеидба
42.	1209 10 00 00	Семе од шеќерна репка наменето за сеидба:
43.	1209 21 00 00	Семе од крмни растенија: Семе од луцерка (alfalfa) наменето за сеидба
44.	1209 22	Семе од крмни растенија: Семе од црвена детелина (Trifolium spp.) наменето за сеидба:
45.	1209 23	Семе од крмни растенија: Семиња од виук наменето за сеидба:
46.	1209 24 00 00	Семе од крмни растенија: Семе од кентаки сина трева (Poa pratenisis L.) наменето за сеидба
47.	1209 25	Семе наменето за сеидба: Семе од крмни растенија: Семе од 'ржна трева (Lolium, multiflorum Lam, Lolium perenne L.)
48.	1209 29	Семе наменето за сеидба: Семе од крмни растенија: Друго:
49.	1209 91	Семе наменето за сеидба: Друго: Семе од зеленчук
50.	1209 99	Семе наменето за сеидба: Друго

4. Ѓубрива кој се распоредени во следниве тарифни броеви/подброеви/ознаки/глави од Царинската тарифа:

Ред. бр.	Глава/ тарифен број/ подброј/ ознака	Наименување на стоките според Номенклатурата на царинската тарифа
(1)	(2)	(3)
1.	Глава 31	Губрива

5. Средства за заштита на растенија кои се распоредени во следниве тарифни броеви/подброеви/ознаки/глави од Царинската тарифа:

Ред. бр.	Глава/ тарифен број/ подброј/ ознака	Наименување на стоките според Номенклатурата на царинската тарифа
(1)	(2)	(3)
1.	3808	Инсектициди, родентициди, фунгициди, хербициди, средства против 'ртење и средства за регулација на растењето на растенијата, дезинфектанти и слични производи, подготвени во форма или пакување за продажба на мало или како препарати или производи (на пр,сулфурирани ленти, фитили, свеќи и хартии за убивање муви)

6.Фолии од пластична маса за употреба во земјоделството кои се распоредени во следниве тарифни броеви/подброеви/ознаки/глави од Царинската тарифа:

Ред. бр.	Глава/ тарифен број/ подброј/ ознака	Наименување на стоките според Номенклатурата на царинската тарифа
(1)	(2)	(3)
1.	3920 10 24 10	Други плочи, листови, филмови, фолии и ленти, од пластични маси, што не се со клеточна структура, незајакнати, неламинирани, без подлога или што не се комбинирани со други материјали: Од полимери на етилен: Со дебелина што не надминува 0,125 мм: Од полиетилен со специфична тежина: Помала од 0,94: Растегливи филмови, непечатени, за употреба во земјоделството.
2.	3920 10 25 11	Други плочи, листови, филмови, фолии и ленти, од пластични маси, што не се со клеточна структура, незајакнати, неламинирани, без подлога или што не се комбинирани со други материјали: Од полимери на етилен: Со дебелина што не надминува 0,125 мм: Од полиетилен со специфична тежина: Помала од 0,94: Друго:Непечатени, за употреба во земјоделството.
3.	3920 10 25 91	Други плочи, листови, филмови, фолии и ленти, од пластични маси, што не се со клеточна структура, незајакнати, неламинирани, без подлога или што не се комбинирани со други материјали: Од полимери на етилен: Со дебелина што не надминува 0,125 мм: Од полиетилен со специфична тежина: Помала од 0,94: Друго: Печатени, за употреба во земјоделството.
4.	3920 10 28 10	Други плочи, листови, филмови, фолии и ленти, од пластични маси, што не се со клеточна структура, незајакнати, неламинирани, без подлога или што не се комбинирани со други материјали: Од полимери на етилен: Со дебелина што не надминува 0,125 мм: Од полиетилен со специфична тежина: 0,94 или поголема, за употреба во земјоделството.
5.	3920 10 40 11	Други плочи, листови, филмови, фолии и ленти, од пластични маси, што не се со клеточна структура, незајакнати, неламинирани, без подлога или што не се комбинирани со други материјали: Друг: Непечатени, за употреба во земјоделството.
6.	3920 10 40 91	Други плочи, листови, филмови, фолии и ленти, од пластични маси, што не се со клеточна структура, незајакнати, неламинирани, без подлога или што не се комбинирани со други материјали: Друг: Печатени, за употреба во земјоделството.
7.	3920 10 81 10	Други плочи, листови, филмови, фолии и ленти, од пластични маси, што не се со клеточна структура, незајакнати, неламинирани, без подлога или што не се комбинирани со други материјали: Со дебелина што надминува 0,125 мм: Синтетичка хартиена целулоза, во форма на влажни листови изработена од неповрзани фино разгранети полиетиленски влакненца, измешани или неизмешани со целулозни влакна во количина која не надминува 15%, со содржина на поли (винил алкохол) растворен во вода како средство за навлажнување, за употреба во земјоделство

8.	3920 10 89 11	Други плочи, листови, филмови, фолии и ленти, од пластични маси, што не се со клеточна структура, незајакнати, неламинирани, без подлога или што не се комбинирани со други материјали: Со дебелина што надминува 0,125 мм: Друго: Непечатени, за употреба во земјоделство
9.	3920 10 89 91	Други плочи, листови, филмови, фолии и ленти, од пластични маси, што не се со клеточна структура, незајакнати, неламинирани, без подлога или што не се комбинирани со други материјали: Со дебелина што надминува 0,125 мм: Друго: Печатени, за употреба во земјоделство

7.Земјоделска механизација која е распоредена во следниве тарифни броеви/подброеви/ознаки/глави од Царинската тарифа:

Ред. бр.	Глава/ тарифен број/ подброј/ ознака	Наименување на стоките според Номенклатурата на царинската тарифа
(1)	(2)	(3)
1.	8208 40 00 00	Ножеви и сечива за машини или за механички направи: За машини во земјоделството, хортикултурата или во шумарството
2.	8419 31 00 00	Сушилници: На земјоделски производи
3.	8424 41 00 00	Механички уреди (со или без рачен погон) за исфрлање, дисперзија или распрснување на течности или прав: Прскалки за земјоделство и хортикултура: Преносливи (портабл) прскалки
4.	8424 49 10 00	Механички уреди (со или без рачен погон) за исфрлање, дисперзија или распрснување на течности или прав: Прскалки за земјоделство и хортикултура: Друго: Прскалки и запрашувачи направени за монтирање на земјоделски трактори или влечени од земјоделски трактори
5.	8424 49 90 00	Механички уреди (со или без рачен погон) за исфрлање, дисперзија или распрснување на течности или прав: Прскалки за земјоделство и хортикултура: Друго: Друго
6.	8424 82 10 00	Други уреди: За земјоделство и хортикултура: Апарати за наводнување
7.	8424 82 90 00	Други уреди: За земјоделство и хортикултура: Друго
8.	8428 20 20 00	Елеватори и транспортери пневматски: Специјално направени за употреба во земјоделството: За растурлив материјал
9.	8428 20 80 00	Елеватори и транспортери пневматски: Специјално направени за употреба во земјоделството: Друго
10.	8428 90 71 00	Други машини: Друго: Натоварувачи специјално проектирани за употреба во земјоделството: Наменети за прикачување за земјоделски трактори
11.	8428 90 79 00	Други машини: Друго: Натоварувачи специјално проектирани за употреба во земјоделството: Други
12.	8432 10 00 00	Плугови
13.	8432 21 00 00	Брани, тањирачи, култиватори, плевилики и копачки: Дискови брани
14.	8432 29 10 00	Брани, тањирачи, култиватори, плевилики и копачки: Друго: Тањирачи и култиватори
15.	8432 29 30 00	Брани, тањирачи, култиватори, плевилики и копачки: Друго: Брани
16.	8432 29 50 00	Брани, тањирачи, култиватори, плевилики и копачки: Друго: Ротоватори
17.	8432 29 90 00	Брани, тањирачи, култиватори, плевилики и копачки: Друго: Друго
18.	8432 31 00 00	Машини за сеење, садење и пресадување: Без обработка за директно сеење, садење и пресадување
19.	8432 39 11 00	Машини за сеење, садење и пресадување: Друго: Машини за сеење: Со централно водење
20.	8432 39 19 00	Машини за садење и пресадување: Друго: Машини за сеење: Друго
21.	8432 39 90 00	Машини за садење и пресадување
22.	8432 41 00 00	Растурачи на шталско ѓубре
23.	8432 42 00 00	Дистрибутери на минерални или хемиски ѓубрива
24.	8432 80 00 00	Други машини
25.	8432 90 00 00	Делови
26.	8433 20 10 00	Други косачки, вклучувајќи и лостни приклучни косачки за монтажа на трактор: Со мотор
27.	8433 20 50 00	Други косачки, вклучувајќи и лостни приклучни косачки за монтажа на трактор: Друго: Проектирани да бидат носени или влечени на трактор
28.	8433 20 90 00	Други косачки, вклучувајќи и лостни приклучни косачки за монтажа на трактор: Друго:Друго
29.	8433 30 00 00	Други машини за сено
30.	8433 40 00 00	Преси за балирање слама и сточна храна, вклучувајќи и машини за собирање и врзување во бали
31.	8433 51 00 00	Комбајни за собирање на земјоделски производи со одвојување на зрната од растението
32.	8433 52 00 00	Други машини за одвојување на зрното од растението (вршидба, ронење, итн.)
33.	8433 53 10 00	Машини за вадење коренести или кртолести плодови: Машини за вадење и собирање на компир
34.	8433 53 30 00	Машини за вадење коренести или кртолести плодови: Машини за сечење врвови и собирање на репка
35.	8433 53 90 00	Машини за вадење коренести или кртолести плодови: Друго
36.	8433 59 11 00	Други: Силажни комбајни: Самоодни
37.	8433 59 19 00	Други: Силажни комбајни: Друго
38.	8433 59 85 00	Други машини: Друго
39.	8433 60 00 00	Машини за чистење, сортирање или селекција на јајца, овошје или други земјоделски производи
40.	8433 90 00 00	Делови
41.	8434 10 00 00	Машини за молзење
42.	8434 20 00 00	Машини за млекарството
43.	8434 90 00 00	Делови

44.	8435 10 00 00	Преси, гмечалки и слични машини што се користат во производство на вино, јаболкова ракија, овошни сокови или слични пијалаци
45.	8435 90 00 00	Делови
46.	8436 10 00 00	Машини за подготвување на храна за животни
47.	8436 21 00 00	Инкубатори и топли батерии за пилиња
48.	8436 29 00 00	Машини за живинарството: Друго
49.	8436 80 90 00	Други машини: Друго
50.	8436 91 00 00	Делови: На машини за живинарството или на инкубатори и на топли батерии за пилиња
51.	8436 99 00 00	Делови: Други
52.	8437 10 00 00	Машини за чистење или сортирање семе, зрна или сушен мешунест зеленчук
53.	8437 80 00 00	Други машини
54.	8437 90 00 00	Делови
55.	8701 10 00 00	Трактори (освен оние од тар. број 8709): Трактори со една оска
56.	8701 91 10 00	Трактори (освен оние од тар. број 8709): Други, со моќност на мотор: Што не надминува 18kW: Земјоделски и шумски трактори на тркала
57.	8701 92 10 00	Трактори (освен оние од тар. број 8709): Други, со моќност на мотор: Што надминува 18 kW, но не надминува 37 kW: Земјоделски и шумски трактори на тркала
58.	8701 93 10 00	Трактори (освен оние од тар. број 8709): Други, со моќност на мотор: Што надминува 37 kW, но не надминува 75 kW: Земјоделски и шумски трактори на тркала
59.	8701 94 10 00	Трактори (освен оние од тар. број 8709): Други, со моќност на мотор: Што надминува 75 kW, но не надминува 130 kW: Земјоделски и шумски трактори на тркала
60.	8701 95 10 00	Трактори (освен оние од тар. број 8709): Други, со моќност на мотор: Што надминува 130 kW: Земјоделски и шумски трактори на тркала
61.	8716 20 00 00	Самонатоварни или самоистоварни приколки и полуприколки за земјоделски цели

8. Лекови вклучувајќи и лекови за ветеринарна медицина кои се распоредени во следниве тарифни броеви/подброеви/ознаки/глави од Царинската тарифа:

Ред. бр.	Глава/ тарифен број/ подброј/ ознака	Наименување на стоките според Номенклатурата на царинската тарифа
(1)	(2)	(3)
1.	3001	Жлезди и други органи за органотерапевтски цели, сушени, вклучувајќи ги и во прав; екстракти од жлезди или од други органи или од нивни секрети за органотерапевтски цели; хепарин и негови соли; други човечки или животински материи приготвени за терапевтски или профилактички цели, неспоменати ниту опфатени на друго место
2.	3002	Човечка крв; животинска крв подготвена за употреба во терапевтски, профилактички или дијагностички цели; антисеруми, други фракции на крв и имунолошки производи, модификувани или немодификувани или добиени со биотехнолошки процеси; вакцини, токсини, култури на микро-организми (освен на квасец) и слични производи
3.	3003	Лекови (освен производите од тар. броеви 3002, 3005 или 3006) што се состојат од две или повеќе состојки што се измешани заедно за терапевтска или профилактичка употреба, но кои не се приготвени во одмерени дози ниту во форма или пакување за малопродажба
4.	3004	Лекови (освен производите од тар. броеви 3002, 3005 или 3006) што се состојат од измешани или неизмешани производи за терапевтска или профилактичка употреба, приготвени во одмерени дози (вклучувајќи ги и оние во форма на трансдермален систем на апликација) или во форми или пакување за продажба на мало
5.	3006 30 00 00	Контрастни средства за радиографски испитувања; дијагностички реагенси наменети за употреба кај пациентите
6.	3006 40 00 00	Забарски цементи и други забарски полнила; цементи за реконструкција на коски
7.	3006 60 00 00	Хемиски препарати за контрацепција врз база на хормони, на други производи од тар.број 2937 или на спермициди
8.	9018 90 84 10	Интраутерини системи со levonorgestrel

9. **Машини за автоматска обработка на податоци и нивни единици (компјутери) кои се распоредени во следниве тарифни броеви**/подброеви/ознаки/глави **од Царинската тарифа:**

Ред. бр.	Глава/ тарифен број/ подброј/ ознака	Наименување на стоките според Номенклатурата на царинската тарифа
(1)	(2)	(3)
1.	8443 31 00 00	Други принтери, копир машини и факс машини, комбинирани или не комбинирани: Машини, кои извршуваат најмалку две од следниве функции: печатење, копирање или факс трансмисија, со можност за поврзување со машина за автоматска обработка на податоци или во мрежа
2.	8443 32	Други принтери, копир машини и факс машини, комбинирани или не комбинирани: Други, со можност за поврзување со машина за автоматска обработка на податоци или во мрежа

3.	8471	Машини за автоматска обработка на податоци и нивни единици; магнетни или оптички читачи, машини за преснимување на податоци на носители на податоци во кодирана форма и машини за обработка на такви податоци, неспомнати или неопфатени на друго место
4.	8473 30	Делови и прибор на машини од тар. број 8471
5.	8528 42	Монитори со катодна цевка: Погодни за директно поврзување или дизајнирани за употреба со машина за автоматска обработка на податоци од тар. број 8471
6.	8528 52	Монитори: Погодни за директно поврзување или дизајнирани за употреба со машина за автоматска обработка на податоци од тар. број 8471
7.	8528 59	Други монитори: други
8.	8528 62 00 00	Проектори: Погодни за директно поврзување или дизајнирани за употреба со машина за автоматска обработка на податоци од тар. број 8471
9.	8542	Електронски интегрирани кола

10. Термални сончеви системи и компоненти кои се распоредени во следниве тарифни броеви/подброеви/ознаки/глави од Царинската тарифа:

Ред. бр.	Глава/ тарифен број/ подброј/ ознака	Наименување на стоките според Номенклатурата на царинската тарифа
(1)	(2)	(3)
1.	3921 11 00 10	Други плочи, листови, филмови, фолии и ленти, од пластични маси: Од полимери на стирол наменети исклучиво за сончеви системи и компоненти
2.	6806 10 00 10	Волна од згура, волна од камен и слична минерална волна (вклучувајќи меѓусебни мешаници), во растурена состојба, листови, плочи или ролни: Од полимери на стирол наменети исклучиво за сончеви системи и компоненти
3.	7002 39 00 10	Стакло во форма на цевки, необработени: Друго: наменети исклучиво за сончеви системи и компоненти
4.	7006 00 90 10	Стакло од тар. броеви 7003, 7004 или 7005, свиткано, со обработени рабови, гравирано, дупчено, емајлирано или поинаку обработено, неврамено ниту споено со други материјали: Друго: Наменети исклучиво за сончеви системи и компоненти
5.	7311 00 91 10	Контејнери за компримирани или течни гасови, од железо или челик: Друго со капацитет: Помал од 1000 литри: Наменети исклучиво за сончеви системи и компоненти
6.	8413 70 30 10	Пумпи за течности, опремени или неопремени со мерни уреди; Други центрифугални пумпи: Циркуларни пумпи за грејни системи и снабдување со топла вода: Наменети исклучиво за сончеви системи и компоненти
7.	8419 19 00 10	Проточни или акумулациони грејачи за вода, неелектрични: Друго: Сончеви колектори
8.	8419 19 00 91	Проточни или акумулациони грејачи за вода, неелектрични: Друго: Друго: Наменети исклучиво за сончеви системи и компоненти
9.	8419 50 20 10	Изменувачи на топлина: Единици на изменувачи на топлина изработени од флуополимери и со влезни и излезни отвори за цевка со дијаметар од 3 см или помалку: Наменети исклучиво за сончеви системи и компоненти
10.	8419 50 80 10	Изменувачи на топлина: Друго: Наменети исклучиво за сончеви системи и компоненти
11.	9032 10 80 10	Инструменти и апарати за автоматска регулација или управување: Термостати: Друго: Наменети исклучиво за сончеви системи и компоненти

11. Медицинска опрема, помагала и други уреди чијашто намена е за олеснување или третирање на инвалидност исклучиво за лична употреба од страна на инвалидни лица, а кои се распоредени во следниве тарифни броеви/подброеви/ознаки/глави од Царинската тарифа:

Ред. бр.	Глава/ тарифен број/ подброј/ ознака	Наименување на стоките според Номенклатурата на царинската тарифа
(1)	(2)	(3)
1.	Ex. 4802	Непремачкана хартија и картон, кои се употребуваат за пишување, печатење или други графички цели, и неперфорирани дупчени картички и ленти, во ролни или правоаголни листови (вклучувајќи и квадратни), со било каква димензија, освен хартија од тар. број 4801 или 4803; рачно изработена хартија и картон *Брајова хартија
2.	Ex. 4804	Крафт-хартија и картон, непремачкани, во ролни или листови, освен оние од тар. број 4802 или 4803 *Брајова хартија
3.	Ex.4805	Друга непремачкана хартија и картон, во ролни или листови, понатаму необратена или доработена освен онаа наброена во забелешка 3 кон оваа глава *Брајова хартија
4.	Ex. 4823	Друга хартија, картон, целулозна вата и листови и ленти од целулозни влакна, сечени во определена големина или форма; други производи од хартиена маса, хартија, картон, целулозна вата или листови или ленти од целулозни влакна *Брајова хартија
5.	Ex. 6115 10	Чорапи со означен степен на компресија (на пример, чорапи за проширени вени) *Чорапи за вени
6.	6602 00 00 10	Бастуми, стапови за инвалидни лица

7.	8428 90 90 10	Други машини: Друго: Дигалки за неподвижни лица
8.	Ex. 6307 90 10 00	Други готови производи: Друго: Плетени или кукичани *Ортози
9.	Ex. 6307 90 91 00	Други готови производи: Друго: Друго: Од филц *Ортози
10.	Ex. 6307 90 92 00	Други готови производи: Друго: Друго: Друго: Драперии за еднократна употреба, изработени од ткаенини од тар. број 5603, од вид кој се употребуваат при хируршки процедури *Ортози
11.	Ex. 8472 90 80 00	Други канцелариски машини (на пример, машини за умножување-хектографски или на матрици, машини за адресирање, автоматски машини за исплата на банкноти, машини за сортирање, броење и завиткување на метални пари, машини за острење моливи, машини за перфорирање или спојување со жичени копци): Друго: *Машини со брајова азбука за слепи лица
12.	Ex. 8519 81 00 00	Други апарати: Со употреба на магнетен, оптички или полупроводнички медиум *Апарати за репродукција- касетофони за слепи лица
13.	Ex. 8523	Дискови, ленти, флеш мемориски единици, „паметни картички" и други медиуми за снимање на звучни или други појави, снимени или неснимени, вклучувајќи матрици и мастери за производство на дискови, но исклучувајќи ги производите од Глава 37 *Говорни книги *Магнетни ленти и касети за изготвување на Брајови и говорни книги
14.	8713	Колички за инвалидизирани лица, вклучувајќи ги и оние со мотор или друг механички погон
15.	8714 20 00 00	Делови и прибор за колички за неспособни лица
16.	9001 40 41 00	Леќи од стакло за очила: Со корективно дејствување: Довршени од двете страни: Со еден фокус
17.	9001 40 49 00	Леќи од стакло за очила: Со корективно дејствување: Довршени од двете страни: Друго
18.	9001 40 80 00	Леќи од стакло за очила: Со корективно дејствување: Друго
19.	9001 50 41 00	Леќи за очила од други материјали: Со корективно дејствување: Довршени од двете страни: Со еден фокус
20.	9001 50 49 00	Леќи за очила од други материјали: Со корективно дејствување: Довршени од двете страни: Друго
21.	9001 50 80 00	Леќи за очила од други материјали: Со корективно дејствување: Друго
22.	Ex. 9004 90 10 00	Корективни или заштитни очила со леќи од пластични маси *Очила со корективно дејствување *Темни очила со странични штитници
23.	Ex. 9004 90 90 00	Корективни или заштитни очила со леќи од други материјали *Очила со корективно дејствување *Темни очила со странични штитници
24.	Ex. 9013 80	Други уреди, апарати и инструменти * Телевизорски зголемувачи за лица со слаб вид
25.	Ex. 9018 39 00 00	Шприцеви, игли, катетри, канили и слично: Друго *Кеси за собирање урина
26.	Ex. 9019 10 90 00	Други апарати за механотерапија; апарати за масажа; апарати за психолошки тестирања *Повеќекелиски пневматски антидекубитис душек *Повеќекелиски пневматски антидекубитис душек кој има и гел комори *Повеќекелиско пневматско антидекубитис перниче *Повеќекелиско пневматско антидекубитис перниче кое има и гел комори
27.	Ex. 9019 20 00	Апарати за озонотерапија, оксигенотерапија, аеросол терапија, вештачко дишење или други терапевтски апарати за дишење *Инхалатор, мерач за протокот на воздух за инхалаторот, апарат за одржување на постојан притисок во дишните патишта, оксигенератори, концентратори на кислород
28.	9021	Ортопедски справи, вклучувајќи и патерици, хируршки појаси и потпашувачи (натеги); шини и други справи за фрактури; вештачки делови на телото; апарати за подобрување на слухот и други апарати што се носат, или вградуваат во телото, за да го надоместат недостатокот или инвалидноста
29.	Ex. 9023 00 80 00	Инструменти, апарати и модели, наменети за цели на демонстрирање (на пр, за образованието или за изложби), што се непогодни за други употреби: Друго *Училишни помагала и апарати дизајнирани за употреба од слепи лица или лица со слаб вид
30.	Ex. 9027 80 80 00	Други електронски инструменти и апарати: Друго *Апарати за одредување на шеќер во крв за лична употреба
31.	Ex 9102	Рачни, џебни и други лични часовници, вклучувајќи и штоперици, освен оние што се распоредуваат во тар.број 9101 *Часовници за слепи лица (брајови)
32.	9403 20 20 10	Болнички кревети со механички уреди
33.	3006 91 00 00	Средства кои се идентифицираат за стома употреба
34.	9619 00 89 10	Хигиенски и слични производи: Од други материјали: Друго (на пример, производи за нега при инконтиненција): Од хартиена пулпа, хартија, целулозна вата или листови и ленти од целулозни влакна

12. Сурово масло за производство на храна за човечка исхрана, распоредено во следните тарифни броеви/подброеви/ознаки/глави од Царинската тарифа:

Ред. бр.	Глава/ тарифен број/ подброј/ ознака	Наименување на стоките според Номенклатурата на царинската тарифа
(1)	(2)	(3)
1.	1507 10 90 00	Соино масло и негови фракции, пречистено или непречистено, но хемиски немодифицирано: Сурово масло, вклучувајќи дегумирано (без смола): Друго

2.	1508 10 90 00	Масло од кикиритки и негови фракции, пречистено или непречистено, но хемиски немодификувано: Сурово масло: Друго
3.	1510 00 10 00	Други масла и нивни фракции, добиени исклучително од маслинки, пречистени или непречистени, но хемиски немодификувани, вклучувајќи мешаници на овие масла или фракции со масла или со фракции од тар. број 1509: Сурови масла
4.	1511 10 90 00	Палмово масло и негови фракции, пречистено или непречистено, но хемиски немодификувано: Сурово масло: Друго
5.	1512 11 91 00	Сурови масла од семе од сончоглед и нивни фракции
6.	1512 11 99 00	Сурови масла од семе од шафран и нивни фракции
7.	1512 21 90 00	Памуково масло и негови фракции: Сурово масло, вклучувајќи го и она со отстранет госипол: Друго
8.	1513 11 99 00	Масло од кокосов орев (копра) и негови фракции: Сурово масло: Друго
9.	1513 21 90 00	Масло од палмова јатка (голушка) или палмови ореви и нивни фракции: Сурово масло: Друго: Друго
10.	1514 11 90 00	Репино масло со ниска содржина на еручна киселина и негови фракции: Сурово масло: Друго
11.	1515 11 00 00	Ленено масло и негови фракции: Сурово масло
12.	1515 21 90 00	Пченкарно масло и негови фракции: Сурово масло: Друго
13.	1515 50 19 00	Сусамово масло и негови фракции: Сурово масло: Друго
14.	1515 90 29 00	Масло од семе на тутун и негови фракции: Сурово масло: Друго

13. Добиточна храна, адитиви за добиточна храна и жив добиток распоредени во следниве тарифни броеви/подброеви/ознаки/глави од Царинската тарифа:

Ред. бр.	Глава/ тарифен број/ подброј/ ознака	Наименување на стоките според Номенклатура на царинска тарифа
(1)	(2)	(3)
1.	0101	Коњи, магарења, маски и мулиња, живи
2.	0102	Живи животни, вид говеда (Bovinae)
3.	0103	Свињи, живи
4.	0104	Овци и кози, живи
5.	0105	Живина, домашна, жива, живина од видот Gallus domesticus, пајки, гуски, мисирки и морки
7.	1003 90 00 20	Јачмен: Добиточен
8.	Ex. 1008 29 00 00	Елда, просо, семе за птици; други жита: Друго * Добиточна храна
9.	1008 30 00 00	Семе за птици
10.	2301	Брашно, прав и пелети, од месо или од месни кланични производи, од риби или од черупкари, мекотелци или други водни без'рбетници, непогодни за човечка исхрана; цимиринки
11.	2302	Трици и други остатоци добиени со просејување, мелење или друга обработка на жита и мешункасти растенија, непелетизирани или пелетизирани
12.	2303	Остатоци од производство на скроб и слични остатоци, резанки од шеќерна репка, отпадоци од шеќерна трска и други отпадоци од шеќерната индустрија, остатоци и отпадоци од пивари или дестилерии, непелетизирани или пелетизирани
13.	2304	Маслени погачи и други цврсти остатоци, добиени при екстракција на масло од соја, немелени, мелени или пелетизирани
14.	2305	Маслени погачи и други цврсти остатоци, добиени при екстракција на масло од кикирики, немелени, мелени или пелетизирани
15.	2306	Маслени погачи и други цврсти остатоци, добиени при екстракција на растителни маснотии или масла, освен оние од тар.броеви 2304 и 2305, немелени, мелени или пелетизирани
16.	2308	Растителни материјали и растителни отпадоци и остатоци од преработка на растителни материјали и споредни производи, пелетизирани или непелетизирани, што се употребуваат за исхрана на животни, на друго место неспомнати или опфатени
17.	2309 90	Производи што се употребуваат за исхрана на животни: Друго

14. Бебешки производи и тоа: креветче, количка, транспортер, релаксатор, седиште за во возило, када, хранилка, цуцла, шише и пелени за бебиња распоредени во следниве тарифни броеви/подброеви/ознаки/глави од Царинската тарифа:

Ред. бр.	Глава/ тарифен број/ подброј/ ознака	Наименување на стоките според Номенклатура на царинска тарифа
(1)	(2)	(3)
1.	Ex. 9403 20 20 90	Друг метален мебел: Друго *Кревети за бебиња.
2.	Ex. 9403 60 90 00	Друг дрвен мебел *Кревети за бебиња.
3.	Ex. 9403 89 00 00	Друг мебел; Мебел со други материјали, вклучувајќи и трска, врба, бамбус или слични материјали: Друго *Кревети за бебиња.
4.	8715 00 10 00	Бебешки колички
5.	Ex. 9401 61 00 00	Други седишта, со дрвени скалети: Тапацирани *Бебешки седишта за возила, транспортер, релаксатор, хранилки
6.	Ex. 9401 69 00 00	Други седишта, со дрвени скелети: Тапацирани: Други *Бебешки седишта за возила, транспортер, релаксатор, хранилки
7.	Ex. 9401 71 00 00	Други седишта, со метални скелети: Тапацирани *Бебешки седишта за возила, транспортер, релаксатор, хранилки
8	Ex. 9401 79 00 00	Други седишта, со метални скелети: Тапацирани: Друго *Бебешки седишта за возила, транспортер, релаксатор, хранилки
9.	Ex 9401 80 00 00	Други седишта *Бебешки седишта за возила, транспортер, релаксатор, хранилки
10.	Ex. 3922 10 00 00	Кади, туш кади, садопери и лавабоа *Када за бебиња
11.	Ex. 3926 90 97 90	Други производи од пластични маси *Цуцли за бебиња
12.	Ex. 4014 90 00 00	Хигенски и фармацевски производи (вклучувајќи цуцли) од гума освен тврда гума, со прибор или без прибор од тврда гума: Друго *Цуцла од гума за бебиња
13.	Ex. 7013 99 00 00	Други производи од стакло: Други *Шишиња за бебиња
14.	Ex. 3924 10 00 00	Трпезни садови и кујнски садови и прибор *Шишиња за бебиња
15.	Ex. 6307 90 98 00	Други готови производи: Друго: Друго * Носачи за бебиња
16.	Ex. 9619 00 30 00	Хигиенски влошки и тампони, пелени и влошки за бебиња и слични производи, од било кој материјал: Од вата од текстилни материјали *Пелени и влошки за бебиња
17.	Ex. 9619 00 50 00	Хигиенски влошки и тампони, пелени и влошки за бебиња и слични производи, од било кој материјал: Од други текстилни материјали *Пелени и влошки за бебиња
18.	Ex. 9619 00 81 10	Пелени и влошки за бебиња и слични производи: Од други материјали: Од хартиена пулпа, хартија, целуозна вата или листови и ленти од целуозни влакна *Пелени и влошки за бебиња
19.	Ex. 9619 00 81 90	Пелени и влошки за бебиња и слични производи: Од други материјали: Друго *Пелени и влошки за бебиња

15. Училишен прибор и тоа: училишна торба (ранец), тетратка, молив, пенкало, блок, работна тетратка, боички, линеар, шестар, пластелин, острилка, гума и коректор, распоредени во следниве тарифни броеви/подброеви/ознаки/глави од Царинската тарифа:

Ред. бр.	Глава/ тарифен број/ подброј/ ознака	Наименување на стоките според Номенклатура на царинска тарифа
(1)	(2)	(3)
1.	Ex. 4202 11 10 00	Ковчези, куфери, несесери, аташе-куфери, актчанти, школски торби и слични контејнери: Со надворешна површина од кожа или од вештачка кожа: Аташе-куфери, актен-чанти, школски торби и слични торби *Училишни торби (ранец) од кожа
2.	Ex. 4202 12 11 00	Ковчези, куфери, несесери, аташе-куфери, актчанти, школски торби и слични контејнери: Со надворешна површина од пластични маси или од текстилни материјали: Од листови од пластика: Аташе-куфери, актен-чанти, школски торби и слични торби *Училишни торби (ранец) од пластични маси
3.	Ex. 4202 12 91 00	Ковчези, куфери, несесери, аташе-куфери, актчанти, школски торби и слични контејнери: Со надворешна површина од пластични маси или од текстилни материјали: Од други материјали, вклучувајќи вулкафибер: Аташе-куфери, актен-чанти, школски торби и слични торби *Училишни торби (ранец) од други материјали
4.	4820 20 00 00	Тетратки
5.	Ex. 9609	Моливи (освен моливите од тар.број 9608) писалки, мини за моливи, пастели, јаглен за цртање, креди за пишување или цртање и кројачки креди *Моливи *Боици
6.	Ex. 3213 10 00 00	-Бои за уметничко сликарство, настава или за знаци, бои за нијансирање, бои и слично за разонода и забава, во таблети, туби, теглички, шишенца, чанчиња или слични форми или пакувања: Бои во сетови *Боици за настава
7.	9608 40 00 00	Патент моливи
8.	9608 10 92 00 9608 10 99 00	Пенкала: друго со изменлива влошка Пенкала: друго
9.	Ex. 4820 10 90 00	Регистри, книговодствени книги, нотеси, книги за порачки, признанички книги, агенди, меморандум блокови, дневници и слични производи: Друго *Блокови
10.	Ex. 9608 20 00 00	Фломастери и маркери со врв од филц или друг порозен материјал *Фломастери
11.	Ex. 9017 80 10 00	Инструменти и апарати за цртање, обележување или математичко сметање (на пример, апарати за скицирање, пантографи, агломери, прибор за цртање во сет, логаритмари, калкулатори во форма на тркалезна плоча); инструменти за мерење должина, што се држат во рака (на пример. мерни прачки и ленти, микрометарски мерила, мерила со нониус), неспоменати ниту опфатени на друго место во оваа глава: Други инструменти: Мерни шипки, мерни траки и ленири со мерна поделба *Ленири
12.	Ex. 9017 20 10 00	Инструменти и апарати за цртање, обележување или математичко сметање (на пример апарати за скицирање, пантографи, агломери, прибор за цртање во сет, логаритмари, калкулатори во форма на тркалезна плоча); инструменти за мерење должина, што се држат во рака (на пример. Мерни прачки и ленти, микрометарски мерила, мерила со нониус), неспоменати ниту опфатени на друго место во оваа глава: Други инструменти за цртање, обележување или математичко сметање: Други инструменти за цртање *Шестар
13.	Ex. 3407 00 00 90	Маси за моделирање, вклучувајќи приготвени за детска забава: Друго *Пластелин
14.	Ex. 8214 10 00 00	Други ножарски производи: Ножеви за хартија, за отварање на писма, за бришење (стружење-радирање) за острење на моливи и сечила за нив *Острилка
15.	4016 92 00 00	Други производи од гума, освен од тврда гума: Друго: Гуми за бришење
16.	Ex. 3824 99 92 00	Хемиски производи и препарати, претежно сочинети од органски соединенија, на друго место неспоменати или опфатени; Во форма на течност на 20°C *Коректор
17.	Ex. 3824 99 93 00	Хемиски производи и препарати, претежно сочинети од органски соединенија, на друго место неспоменати или опфатени: Друго *Коректор

16. Пелети, печки на пелети и котли на пелети, распоредени во следниве тарифни броеви/подброеви/ознаки/глави од Царинската тарифа:

Ред. бр.	Глава/ тарифен број/ подброј/ ознака	Наименување на стоките според Номенклатура на царинска тарифа
(1)	(2)	(3)
1.	4401 31 00 00	Дрвени пелети
2.	7321 89 00 10	Печки за загревање на простории и други апарати исклучиво на пелети
3.	8403 10 10 10	Котли за централно греење, освен котлите од тар. број 8402: Котли од леано железо: Исклучиво на пелети
4.	8403 10 90 10	Котли за централно греење, освен котлите од тар. број 8402: Котли: Друго: Исклучиво на пелети

17. Топлинска енергија за греење.
Топлинска енергија за греење е топлинската енергија која е:
- произведена од производител на топлинска енергија,
- дистрибуирана од оператор на систем за дистрибуција на топлинска енергија и
- испорачана од снабдувач со топлинска енергија, чие работење и надоместоци се регулирани согласно прописите од областа на енергетиката.

Надоместокот за топлинска енергија за греење го вклучува надоместокот за топлинската енергија и другите надоместоци кои се уредени со прописите од областа на енергетиката.

(2) Повластената стапка на данокот на додадена вредност во смисла на член 30 од Законот се применува врз прометот на следните услуги:
1.Превоз на лица и нивниот придружен багаж.
2.Софтвер за машини за автоматска обработка на податоци и нивни единици (компјутери).
3.Услуги за одржување на јавна чистота и отпремување на отпад и тоа:
а) како услуги за одржување на јавната чистота се сметаат: рачно и машинско метење и миење на јавните сообраќајни површини, коловози, велосипедски и пешачки патеки, автобуски и железнички станици и постојки, аеродроми, пристаништа, тротоари, детски игралишта, плоштади, кејови, мостови, надвозници, подвозници, надземни и подземни пешачки премини, скалила и премини кои поврзуваат сообраќајници и јавни објекти, услуги на чистење на подлоги од јавни и протоколарни манифестации, расчистување на диви депонии, услуги на чистење на јавни сообраќајни површини од растурен отпад и од сообраќајни несреќи, услуги на чистење на јавни зелени површини, услуги на чистење на гробишта, услуги на чистење на пазари, услуги на чистење на зоолошки градини, услуги на чистење на спортски рекреативни објекти (стадиони, хиподроми, стрелишта и др.), услуги на чистењето на јавни капалишта, услуги на чистење на гранични премини, услуги на изнесување на фекалии и фекални води, услуги на носење на вода, услуги на користење на јавни тоалети, услуги на подигање на згазени и пцовисани животни и ловење на животни - скитници и нивно транспортирање и престој во стационар, услуги на чистење на канали и прокопи, водотеци, суводолици, реки и езера и услуги на чистење на снег и мраз, одржување на јавна чистота во вонредни и во услови на елементарни непогоди и услуги на чистење на отворени простори околу други јавни објекти и услуги на чистењето на други објекти и објекти на комунална инфраструктура.
б) како услуги на отпремување на отпад се сметаат: управување и постапување со отпад, транспортирање, селектирање, третирање, отстранување, собирање, складирање, депонирање и горење и/или согорување на комуналниот, индустриски неопасниот, опасниот, биоразградливиот, медицинскиот отпад и отпадот од пакување. Значењето на употребените термини за даночни цели се определува според значењето определено со Законот за управување со отпад и посебните закони кои го уредуваат постапувањето со посебните видови отпад и
4. Услуги на сместување (ноќевање) или сместување со појадок, полупансион или полн пансион, во сите видови на комерцијални угостителски објекти.
Под угостителски објекти се подразбираат угостителските објекти за сместување утврдени со Законот за угостителската дејност.
Услугата полн пансион опфаќа сместување (ноќевање) и три оброка (појадок, ручек и вечера), а полупансионот опфаќа сместување (ноќевање) со појадок и еден од останатите оброци.

НАПОМЕНА:
Основни правила за употреба на табелите по однос на распоредувањето на стоките/добрата според царинската номенклатура, а на кои стоки/добра се применува повластена даночна стапка:
Ако пред тарифен број/тарифен подброј/тарифна ознака/глава, во втората колона од табелите од став 1 на овој член не е наведена ознаката „ex", тогаш за сите стоки/добра кои согласно Законот за царинската тарифа се распоредуваат во тој/таа тарифен број/тарифен подброј/тарифна ознака/глава се применува повластена даночна стапка во смисла на член 30 став (1) од Законот за данок на додадена вредност.
Ако пред тарифен број/тарифен подброј/тарифна ознака/глава, во втората колона од табелите од став 1 на овој член е наведена ознаката "ex",тогаш повластена даночна стапка во смисла на член 30 став (1) од Законот за данок на додадена вредност, нема да се применува за сите стоки/добра кои согласно Законот за царинската тарифа се распоредуваат во тој тарифен број/ тарифен подброј /тарифна ознака/глава, туку повластена даночна стапка во однос на став 1, точки 2, 11, 13, 14, 15 од овој член, ќе се применува само за оние стоки/добра од тарифен број/тарифен подброј/тарифна ознака/глава кои се во согласност со текстот кој што е наведен во третата колона од табелата пред кои има симбол "*".

Член 3

Со денот на отпочнувањето на примената на оваа одлука престанува да важи Одлуката за определување на добрата и услугите кои подлежат на повластена стапка на данокот на додадена вредност („Службен весник на Република Македонија" бр. 102/06, 116/07, 126/07, 145/08, 41/11, 150/11, 147/12, 117/14, 31/16, 222/16 и "Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 174/19 и 184/19).

Член 4

Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија", а ќе отпочне да се применува од 1 јануари 2020 година.

Бр. 45-11023/1
28 декември 2019 година
Скопје

Заменик на претседателот
на Владата на Република
Северна Македонија,
д-р **Бујар Османи,** с.р.

4374.

Врз основа на член 4-а став (11) и член 12 став (2) точка 29 од Законот за технолошки индустриски развојни зони („Службен весник на Република Македонија" бр.14/07, 103/08, 130/08, 139/09, 156/10, 127/12, 41/14, 160/14, 72/15, 129/15, 173/15, 192/15, 217/15, 30/16 и 83/18), Владата на Република Северна Македонија, на седницата, одржана на 28 декември 2019 година, донесе

О Д Л У К А
ЗА ДАВАЊЕ СОГЛАСНОСТ НА ДОГОВОРОТ ЗА ДОДЕЛУВАЊЕ НА ДРЖАВНА ПОМОШ НА ДРУШТВО ЗА ПРОИЗВОДСТВО И ТРГОВИЈА ДУРА АУТОМОТИВЕ ЕКСТРУЖОНС ДООЕЛ ИЛИНДЕН – КОРИСНИК НА ТЕХНОЛОШКА ИНДУСТРИСКА РАЗВОЈНА ЗОНА СКОПЈЕ 2

Член 1

Со оваа одлука се дава согласност на Договорот за доделување на државна помош на Друштво за производство и трговија ДУРА АУТОМОТИВЕ ЕКСТРУЖОНС ДООЕЛ Илинден – корисник на Технолошка индустриска развојна зона Скопје 2.

Член 2

Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија".

Бр. 45-11026/1
28 декември 2019 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Северна Македонија,
Зоран Заев, с.р.

4375.

Врз основа на член 60-г став (1) од Законот за воздухопловство („Службен весник на Република Македонија" бр. 14/06, 24/07, 103/08, 67/10, 24/12, 80/12, 155/12, 42/14, 97/15, 152/15, 27/16, 31/16 и 64/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 220/19), Владата на Република Северна Македонија, на седницата, одржана на 28 декември 2019 година, донесе

О Д Л У К А
ЗА ОДОБРУВАЊЕ НА ПРОГРАМАТА ЗА ДАВАЊЕ НА УСЛУГИ НА ВОЗДУХОПЛОВНАТА НАВИГАЦИЈА ЗА 2020 ГОДИНА НА АКЦИОНЕРСКОТО ДРУШТВО ВО ДРЖАВНА СОПСТВЕНОСТ ЗА ВРШЕЊЕ НА ДЕЈНОСТА ДАВАЊЕ УСЛУГИ ВО ВОЗДУХОПЛОВНАТА НАВИГАЦИЈА М-НАВ АД СКОПЈЕ

1. Со оваа одлука се одобрува Програмата за давање на услуги на воздухопловната навигација за 2020 година на Акционерското друштво во државна сопственост за вршење на дејноста давање услуги во воздухопловната навигација М-НАВ АД Скопје, донесена од Управниот одбор на М-НАВ АД Скопје со Одлука бр.02-2452/2 од 19.11.2019 година.

2. Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија", а ќе отпочне да се применува од 1 јануари 2020 година.

Бр. 45-9873/1
28 декември 2019 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Северна Македонија,
Зоран Заев, с.р.

4376.

Врз основа на член 60-г став (1) од Законот за воздухопловство („Службен весник на Република Македонија" бр. 14/06, 24/07, 103/08, 67/10, 24/12, 80/12, 155/12, 42/14, 97/15, 152/15, 27/16, 31/16 и 64/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 220/19), Владата на Република Северна Македонија, на седницата, одржана на 28 декември 2019 година, донесе

О Д Л У К А
ЗА ОДОБРУВАЊЕ НА ГОДИШНИОТ ФИНАНСИСКИ ПЛАН ЗА 2020 ГОДИНА НА АКЦИОНЕРСКОТО ДРУШТВО ВО ДРЖАВНА СОПСТВЕНОСТ ЗА ВРШЕЊЕ НА ДЕЈНОСТА ДАВАЊЕ УСЛУГИ ВО ВОЗДУХОПЛОВНАТА НАВИГАЦИЈА М-НАВ АД СКОПЈЕ

1. Со оваа одлука се одобрува Годишниот финансиски план за 2020 година на Акционерското друштво во државна сопственост за вршење на дејноста давање услуги во воздухопловната навигација М-НАВ АД Скопје, донесен од Управниот одбор на М-НАВ АД Скопје со Одлука бр.02-2452/3 од 19.11.2019 година.

2. Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија", а ќе отпочне да се применува од 1 јануари 2020 година.

Бр. 45-9873/2
28 декември 2019 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Северна Македонија,
Зоран Заев, с.р.

4377.

Врз основа на член 36 став 6 од Законот за Владата на Република Македонија („Службен весник на Република Македонија" број 59/00, 12/03, 55/05, 37/06, 115/07, 19/08, 82/08, 10/10, 51/11, 15/13, 139/14, 196/15, 142/16 и 140/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија" број 98/19), а во врска со член 4 од Договорот за прашања на сукцесија („Службен весник на Република Македонија" бр. 12/02), Владата на Република Северна Македонија, на седницата, одржана на 28 декември 2019 година, донесе

Р Е Ш Е Н И Е
ЗА НАЗНАЧУВАЊЕ НА ПРЕТСТАВНИК НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА ВО ЗАЕДНИЧКИОТ КОМИТЕТ ЗА СУКЦЕСИЈА НА ДВИЖЕН И НЕДВИЖЕН ИМОТ ОД АНЕКСОТ А НА СПОГОДБАТА ЗА ПРАШАЊАТА НА СУКЦЕСИЈА

1. За претставник на Република Северна Македонија во Заедничкиот комитет за сукцесија на движен и недвижен имот од Анексот А на Спогодбата за прашањата на сукцесија се назначува Валентин Димитровски, раководител на одделение за движно културно наследство во Управата за заштита на културното наследство во Министерството за култура.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

Бр. 45-10264/1
28 декември 2019 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Северна Македонија,
Зоран Заев, с.р.

4378.

Врз основа на член 57 став (3) од Законот за ветеринарно здравство („Службен весник на Република Македонија“ бр. 113/07, 24/11, 136/11, 123/12, 154/15 и 53/16), Владата на Република Северна Македонија, на седницата одржана на 28 декември 2019 година, донесе

П Р О Г Р А М А
ЗА КОРИСТЕЊЕ НА СРЕДСТВАТА ЗА ВЕТЕРИНАРНО ЈАВНО ЗДРАВСТВО ВО 2020 ГОДИНА

I

Средствата за ветеринарно јавно здравство во 2020 година се утврдуваат во износ од 36.000.000 денари и тоа од следниот извор:

Средства од Буџетот на Република Северна Македонија за 2020 година, Раздел 14005 – Агенција за храна и ветеринарство на Република Северна Македонија, Програма 4, Подпрограма 40, ставка 464	36.000.000 денари

II

Средствата за ветеринарно јавно здравство за 2020 година ќе бидат искористени за плаќање на заостанати обврски во износ од 1.000.000 денари направени по активности предвидени со Програмата за ветеринарно јавно здравство во 2019 година и средства во износ од 35.000.000 денари за тековни активности.

III

Активностите за ветеринарно јавно здравство во 2020 година ги опфаќаат следните ставки:

1. Мониторинг на присуство на резидуи и недозволени супстанции кај живи животни, производи и суровини од животинско потекло	21.500.000,00 денари
2. Мониторингна исполнувањето на критериумите за микробиолошка исправност на храната од животинско потекло	4.200.000,00 денари
3. Мониторинг на критериумите за сурово млеко кај молзните грла чие млеко се користи за исхрана на луѓето	1.200.000,00 денари
4. Мониторингот на зоонози и причинители на зоонози и мониторинг на антимикробна отпорност	1.000.000,00 денари
5.Мониторинг на квалитет на храна од животинско потекло	3.000.000,00 денари
6. Мониторинг на безбедноста на храната за животни	3.000.000,00 денари
7.Мониторингнабезбедноста на нуспроизводите од животинско потекло	600.000,00 денари
8. Активности на Националниот центар за информирање за ветеринарно-медицинските препарати	500.000,00 денари
ВКУПНО	35.000.000,00 денари

IV

Средствата од дел III точка 1 на оваа програма во износ од 21.500.000,00 денари, ќе се користат за:

- трошоци за дијагностичко испитување на присуство на резидуи во суровините и производите од животинско потекло	19.000.000,00 денари
- трошоци за следење и откривање на присуство на резидуи во производите од животинско потеклоод увоз	2.500.000,00 денари

V

Средствата од дел III точка 2 на оваа програма во износ од 4.200.000,00 денари, ќе се користат за:

- трошоци за мониторинг на исполнување на критериумите за микробиолошка исправност на храната од животинско потекло	3.200.000,00 денари
- трошоци за мониторинг на исполнување на критериумите за микробиолошка исправност на храната од животинско потекло од увоз	1.000.000,00 денари

VI

Средствата од дел III точка 3 на оваа програма во износ од 1.200.000,00 денари, ќе се користат за:

- трошоци за мониторинг на критериумите за сурово млеко кај молзните грла чие млеко се користи за исхрана на луѓето	1.200.000,00 денари

VII

Средствата од дел III точка 4 на оваа програма во износ од 1.000.000,00 денари, ќе се користат за:

- трошоци за утврдување и следење на зоонози и причинителите на зоонози и антимикробната отпорност	1.000.000,00 денари

VIII

Средствата од дел III точка 5 на оваа програма во износ од 3.000.000,00 денари, ќе се користат за:

- трошоци за мониторинг на квалитет на храна од животинско потекло	2.000.000,00 денари
- трошоци за мониторинг на квалитет на храната од животинско потекло од увоз	1.000.000,00 денари

IX

Средствата од дел III точка 6 на оваа програма во износ од 3.000.000,00 денари, ќе се користат за:

- трошоци за мониторинг на безбедноста на храната за животни и другите производи за исхрана на животните	2.500.000,00 денари
- трошоци за мониторинг на безбедноста на храната за животни и другите производи за исхрана на животните од увоз	500.000,00 денари

X

Средствата од дел III точка 7 на оваа програма во износ од 600.000,00 денари, ќе се користат за:

- трошоци за мониторингна безбедноста на нуспроизводите од животинско потекло	200.000,00 денари
- трошоци за мониторингна безбедноста на нуспроизводите од животинско потекло од увоз	400.000,00 денари

XI

Средствата од дел III точка 8 на оваа програма во износ од 500.000,00 денари, ќе се користат за:

- спроведување на тековни активности на Националниот центар за информирање за ветеринарно-медицинските препарати	150.000,00 денари
- промовирање на рационалнатаупотреба на ветеринарно - медицинските препарати	150.000,00 денари
- следење на несаканите дејства на употребата за ветеринарно - медицинските препарати	200.000,00 денари

XII

Приоритет во спроведување на мерките на оваа програма ќе имаат активностите за следење и откривање на присуството на резидуи во суровините и производите од животинско потекло.

XIII

За спроведувањето на оваа програма се грижи Агенцијата за храна и ветеринарство.

XIV

Оваа програма влегува на сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“, а ќе почне да се применува од 1 јануари 2020 година.

Бр. 45-9465/1
28 декември 2019 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Северна Македонија,
Зоран Заев, с.р.

4379.

Врз основа на член 5 алинеја 1 од Законот за Геолошкиот завод на Република Македонија („Службен весник на Република Македонија“ бр. 136/12, 41/14, 61/16 и 64/18), Владата на Република Северна Македонија, на седницата, одржана на 28 декември 2019 година, донесе

П Р О Г Р А М А
ЗА ОСНОВНИ ГЕОЛОШКИ ИСТРАЖУВАЊА
ЗА 2020 ГОДИНА

I

Со оваа програма се утврдува висината на средствата, намената и начинот за нивното користење, видот и обемот на основните геолошки истражувања за 2020 година.

II

Средствата за финансирање на оваа програма се во износ од 1.200.000 (еден милион и двесте илјади) денари, обезбедени од Буџетот на Република Северна Македонија за 2020 година, раздел - 10001, програма 2, потпрограма 21 - Геолошки завод, категорија 48 - капитални расходи, ставка 485 - вложувања и нефинансиски средства.

III

Средствата за финансирање на оваа програма се со цел обезбедување на основните геолошки - хидрогеолошки карти и податоци за геолошко - хидрогеолошкиот состав и структура на земјината кора и ќе се користат за следната намена:

Ред. бр.	Опис	Износ (денари)
1.	Изработка на Основна хидрогеолошка карта во размер 1 : 100 000, лист Качаник (III/1 фаза на реализација)	1.200.000
	ВКУПНО:	1.200.000

IV

Реализацијата на оваа програма ќе се врши врз основа на склучен договор со изведувач кој ќе се избере по објавување на јавен повик и спроведена постапка за доделување на договор за јавна набавка на услуги.

Со најповолниот понудувач Геолошки завод на Република Северна Македонија ќе склучи договор за јавна набавка.

V

Оваа програма влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“, а ќе отпочне да се применува од 1 јануари 2020 година.

Бр. 45-9558/1
28 декември 2019 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Северна Македонија,
Зоран Заев, с.р.

4380.

Врз основа на член 14 од Законот за основање на Агенција за странски инвестиции и промоција на извозот на Република Македонија („Службен весник на Република Македонија“ бр. 57/10, 36/11, 41/14 и 64/18), Владата на Република Северна Македонија, на седницата, одржана на 28 декември 2019 година, донесе

О Д Л У К А
ЗА ДАВАЊЕ НА СОГЛАСНОСТ НА ПРОГРАМАТА ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ПРОГРАМАТА ЗА РАБОТА И ФИНАНСИСКИОТ ПЛАН НА АГЕНЦИЈАТА ЗА СТРАНСКИ ИНВЕСТИЦИИ И ПРОМОЦИЈА НА ИЗВОЗОТ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА ЗА 2019 ГОДИНА

1. Со оваа одлука се дава согласност на Програмата за изменување и дополнување на Програмата за работа и финансискиот план на Агенцијата за странски инвестиции и промоција на извозот на Република Северна Македонија за 2019 година, бр.01-1974/6 од 23.12.2019 година, усвоена од Управниот одбор на Агенцијата за странски инвестиции и промоција на извозот на Република Северна Македонија на седницата одржана на 23.12.2019 година.

2. Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

Бр. 45-9559/1
28 декември 2019 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Северна Македонија,
Зоран Заев, с.р.

4381.

Врз основа на член 5 став (2) од Законот за акредитација („Службен весник на Република Македонија“, бр.120/09, 53/11, 41/14, 53/16 и 83/18), Владата на Република Северна Македонија, на седницата, одржана на 28 декември 2019 година, донесе

П Р О Г Р А М А
ЗА РАБОТА НА ИНСТИТУТОТ ЗА АКРЕДИТАЦИЈА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА ЗА 2020 ГОДИНА

I. ВОВЕД

Согласно Законот за акредитација Институтот за акредитација на Република Северна Македонија (во понатамошниот текст: ИАРСМ) е јавна установа која ги врши работите и задачите на единствено национално тело за акредитација, согласно пропишана постапка за акредитирање врз основа на овој и други закони и врши надзор над исполнувањето на барањата за акредитација.

Акредитацијата е постапка за формално признавање на оспособеноста за извршување на одредени дејности во смисла дека определено тело за оцена на сообразност ги задоволува барањата предвидени со националните, европските и меѓународните стандарди, соодветната правна регулатива, процедурите на ИАРСМ, како и препораките на европската и светските организации за акредитација. Имајќи ја предвид нејзината улога како алатка на регулаторите и државата, во одредени области акредитацијата е пропишана како законски услов кој одреден субјект мора да го исполнува, доколку за своето работење треба да се здобие со одредено овластување издадено од надлежен државен орган.

Основни области во кои се изведуваат постапките на акредитација се:

- лаборатории за тестирање и калибрација,
- медицински лаборатории,
- тела кои вршат сертификација на производи, процеси и услуги
- тела кои вршат сертификација на системи за управување и
- тела кои вршат инспекција.

Акредитацијата е меѓународно призната алатка со која посредно се: обезбедува и гарантира безбедност и квалитет на производите и услугите, слободен развој на меѓународната трговија, се намалуваат трошоците и грешките во работењето, на сметка на зголемување на ефикасноста и економичноста во искористеноста на материјалните и човечките ресурси.

Акредитацијата обезбедува олеснување на светската трговија. Ова од причина што нејзиното примарно значење или придобивка се состои во тоа што еднаш испитаните/сертифицираните производи и услуги под знакот на акредитацијата, немаат потреба од повторно испитување. Имајќи го предвид фактот дека ИАРСМ е потписник на три значајни меѓународни договори со кои се обезбедува оваа придобивка, таа важи и за домашните производи и услуги кога се пласираат во и надвор од земјата.

Имено, ИАРСМ како полноправен член на Европската и Светските организации за акредитација е потписник на меѓународните Договори за взаемно признавање на сертификатите за акредитација со нив, и тоа:

- со Европската организација за акредитација (ЕА) е потписник на ЕА-MLA (Multilateral agreement – MLA[1]),
- со Меѓународната (светската) организација за акредитација на лаборатории, инспекциски тела и организатори на тестирања за оспособеност (ILAC) е потписник на ILAC-MRA (Mutual Recognition Arrangement- MRA[2]) и
- со Меѓународниот форум за акредитација (IAF) е потписник на IAF-MLA Multilateral agreement – MLA[3]) за прифаќање на сертификати и извештаи издадени од акредитираните тела за оцена на сообразност во светот.

Со потпишувањето на Договорите, ИАРСМ ги отвори вратите за домашните производи и услуги на европскиот и светскиот пазар, согласно принципот „еднаш акредитиран, насекаде прифатен“.

Имено, основната придобивка од Договорите е тоа што издадените документи од македонските акредитирани тела за оцена на сообразност, согласно стандардите МКС EN ISO/IEC 17025 за лаборатории за тестирање и калибрација, МКС EN ISO/IEC 17020 за инспекциски тела, МКС EN ISO 15189 за медицински лаборатории и МКС EN ISO/IEC 17065 за сертификациски тела за производи, процеси и услуги и МКС EN ISO/IEC 17021-1 за сертификациски тела за системи за управување, се признаваат на европско и светско ниво.

Досегашното успешно реализирање на клучните определби на ИАРСМ на меѓународен план, се само дополнителен поттик, но воедно и обврска, за исполнување на стратешкиот интерес и визија на ИАРСМ во правец на одржување и зајакнување на статусот на полноправен член во меѓународните организации за акредитација.

Реализацијата на активностите од оваа програма, воедно ќе биде основа и подготовка на ИАРСМ за следната редовна peer-evaluation оцена од страна на ЕА, која е веќе планирана за во месец октомври 2021 година.

II. Цели на Програмата за работа на ИАРСМ за 2020 година

Стратешки интерес и цел на ИАРСМ е континуирано одржување и зајакнување на системот за акредитација, кој ќе обезбеди доверба во компетентноста на телата за оцена на сообразност (сертификациските тела, лабораториите за тестирање и калибрација, медицинските лаборатории и инспекциските тела) и во нивните издадени документи и воедно ја обезбедува слободната трговија со домашните производи и услуги на пазарите во Европа и светот.

[1] 1 ЕА-MLA претставува договор потпишан помеѓу акредитациските тела, членки на ЕА, за признавање на еднаквост и доверливост, а со тоа и прифаќање на акредитираните сертификациски, инспекциски, калибрациски сертификати и извештаи од тестирање низ цела Европа.

[2] ILAC-MRA претставува договор потпишан помеѓу акредитациските тела, членки на ILAC, за признавање на еднаквост и доверливост, а со тоа и прифаќање на акредитираните инспекциски сертификати и извештаи од тестирање низ светот.

[3] 3 IAF-MLA претставува договор потпишан помеѓу акредитациските тела, членки на IAF, за признавање на еднаквост и доверливост, а со тоа и прифаќање на акредитираните сертификати издадени од акредитираните сертификациски тела за производи и системи за управување во светот.

Акредитацијата, како во светот, така и во Република Северна Македонија игра важна улога во јакнењето на внатрешниот пазар, квалитетот и безбедноста на живеење, а приматот во нејзината улога е развој на домашното стопанство и негово интегрирање во светски рамки. Но, за Република Северна Македонија таа е особено важен инструмент и како поддршка за нејзиното интегрирање кон Европската Унија.

Имајќи ги предвид придобивките од реализацијата на претходно зацртаните планови и цели на ИАРСМ, кои се признание за успешно вршење на акредитациската дејност, како и потенцијалите што произлегуваат од нив, треба да се има предвид и нивното повеќенаменско значење.

Оттука, главните активности на ИАРСМ во 2020 година ќе бидат насочени кон ревидирање, одржување и надградба на системот за управување со квалитет согласно барањата на новото издание на стандардот МКС EN ISO/IEC 17011:2018, како основен услов за одржување на договорите.

• Примарна цел за реализација на Програмата:

Целосно усогласување на системот за управување со квалитет на ИАРСМ согласно барањата на новото издание на стандардот МКС EN ISO/IEC 17011:2018, како основен и единствен стандард по кој ИАРСМ работи и ги изведува постапките за акредитација.

Во зависност од оцената на Извештајот од самооценување на ИАРСМ (Self assessment report EA 2/02 T01), што ќе ја даде ЕА во однос на начинот на имплементирање на новите барања на стандардот и степенот на задоволеност на истите, ИАРСМ ќе преземе натамошни соодветни активности.

• Посебни цели за реализацијата на Програмата се:

- зголемување на бројот на акредитирани тела од страна на ИАРСМ,

- институционално зајакнување преку нови кадровски и организациски решенија и координирање на акредитациските активности преку зголемување на бројот на технички оценувачи и експерти и надградба на компетенциите на оценувачите и вработените во ИАРСМ,

- постојано залагање за олеснување на глобалната трговија преку прифаќање на резултатите од акредитираните тела за оцена на сообразност,

- промовирање на услугите на телата за оцена на сообразност акредитирани од ИАРСМ,

- зајакнување на соработката и давање техничка поддршка на министерствата и останатите институции за сите прашања поврзани со постапките за акредитација,

- активна соработка со европските и меѓународните организации за акредитација,

- постојани активности за стекнување поголема доверба кај заинтересираните страни,

- продолжување на веќе воспоставената соработка со Стопанските комори во Република Северна Македонија, Организацијата на потрошувачи на Република Северна Македонија и економските оператори,

- продлабочување и проширување на соработката со националните тела за акредитација од регионот, Европа и светот и

- учество во реализација на меѓународни проекти.

Реализацијата на програмските цели ќе се обезбеди преку средствата обезбедени во Буџетот на Република Северна Македонија за 2020 година, како и преку учество во проекти како на пр.: TAIEX Инструментот на Европската комисија, ПТБ и други.

III. Предвидени активности за реализација на Програмата

Во Буџетот на Република Северна Македонија за 2020 година, раздел 10001 – Министерство за економија, во Подпрограма 51 – ИАРСМ, за категориите 40 – Плати и надоместоци, 42 – стоки и услуги, 46 – субвенции и трансфери и 48 – капитални расходи, планирани се финансиски средства во износ од 8.927.000,00 денари на сметка 637/603, 27.360.000,00 денари на сметката 631 или вкупно 36.287.000,00 денари.

- Околу 23% од средствата се наменети за плати на вработените од Буџетот на Република Северна Македонија - сметка 637/603 ИАРСМ.

- Околу 71% се наменети за стоки и услуги од сметка 637/603 и 631 ИАРСМ.

- Околу 3% од одобрените средства се наменети за субвенции и трансфери (за отпремнина при пензионирање)

- Околу 3% од средствата се наменети за капитални расходи.

Институт за акредитација на Република Северна Македонија

Категорија Ставка	Опис	Буџет 2020 (во 000 денари)		Вкупно расходи
		637/603	631	
	Расходи	8.927	27.360	36.287
40	Плати и надоместоци	8.547		8.547
401	Основни плати	6.400		6.400
402	Придонеси за социјално осигурување	2.147		2.147
42	Стоки и услуги	380	25.260	25.640
420	Патни и дневни расходи	80	2.500	2.580
421	Комунални услуги, греење комуникција, транспорт	50	2.600	2.650
423	Материјали и ситен инвентар	50	1.000	1.050
424	Поправки и тековно одржување	100	2.000	2.100
425	Договорни услуги	100	14.060	14.160
426	Други тековни расходи		3.100	3.100
46	Субвенции и трансфери		1.000	1.000
464	Разни трансфери		1.000	1.000
48	Капитални расходи		1.100	1.100
480	Купување на опрема и машини		500	500
481	Градежни објекти		200	200
485	Вложување и нефинансиски средства		400	400

За ревидирање и одржување на ефикасноста и за надградба на воспоставениот национален систем за акредитација согласно: Законот за акредитација, стандардот МКС EN ISO/IEC 17011:2018, правилата на Европската организација за акредитација, Светската организација за акредитација на лаборатории и Меѓународниот форум за акредитација (EA, ILAC и IAF) и интерните документи на ИАРСМ, потребно е да се реализираат следниве активности:

1. Акредитациски активности

Во официјалниот регистар на ИАРСМ во моментот на подготовка на Програмата има 186 активни акредитирани тела за оцена на сообразност, а во тек е постапка по 6 нови пријави за акредитација. Во 2020 година ќе се извршат редовни надзори на веќе акредитираните тела, а воедно ИАРСМ ќе постапува и по новодоставени пријави за акредитација, што ќе значи зголемување на бројот на акредитирани тела за оцена на сообразност.

Согласно Законот за акредитација, како и обврските што произлегуваат од потпишаните меѓународни договори, ИАРСМ ќе го ревидира и континуирано ќе го одржува и подобрува целокупниот систем за акредитација. Во рамките на развојните активности, ИАРСМ планира да развива нови шеми и области за акредитација, согласно специфичните потреби на Република Северна Македонија, како на пример: акредитација на тела за сертификација на персонал, акредитација на сертификациони тела за системи за менаџмент со безбедност и здравје при работа, акредитација на организатори на тестирање на оспособеност, како и акредитација на сертификациони тела за оценка на нивото на сигурност на шемата за електронска идентификација. Развојот на овие шеми и области ќе се одвива во соработка со заинтересираните страни, потпомогнати со работата на Техничките комитети и истите ќе се развиваат доколку се пројави интерес од заинтересирани клиенти.

Исто така, во текот на 2020 година ќе продолжат активностите за изведување на акредитациски активности и во странство, согласно правилата за прекугранична акредитација.

Потребни средства .....18.460.000,00 денари

2. Организирање на обуки

Одржувањето и надградувањето на компетентноста како на вработените оценувачи, така и на надворешните лица - оценувачи и експерти на ИАРСМ е неопходна потреба, но и примарна обврска што за ИАРСМ произлегува од меѓународните договори, бидејќи е основен предуслов за квалитетно и правилно изведување на постапките за акредитација.

Во време на подготовка на Програмата, Листата на оценувачи и експерти - активни ја сочинуваат: 19 водечки оценувачи и 2 водечки оценувачи во обука, 64 технички оценувачи, 7 оценувачи во обука и 39 експерти. Седуммина од водечките оценувачи се од редот на вработените во ИАРСМ, а останатите се надворешни соработници. Во листите покрај оценувачи и експерти од Република Северна Македонија, има оценувачи и експерти од други тела за акредитација, кои се членки на ЕА или со кои ИАРСМ има потпишан договор за соработка. Имено, со цел да бидат задоволени барањата на стандардите за акредитација, како и да се одговори на пројавените потреби за акредитација, во постапките за акредитација се ангажираат и технички оценувачи и експерти од странство. Процентот на нивен ангажман, од година во година се намалува, бидејќи ИАРСМ и натаму ќе настојува да го зголеми бројот на компетентни домашни оценувачи и експерти, со цел да се зголеми нивниот ангажман во постапките за акредитација.

Оттука, и во 2020 година посебен акцент ќе се стави на организација и учество на обуки, семинари и работилници со учество на кандидатите за оценувачи и техничките оценувачи и обуки со вклучување во оценувања под надзор.

Во 2020 година ИАРСМ планира да ги организира следниве обуки/работилници:

- Обуки на вработените и членовите на Советот на ИАРСМ за новото издание на стандардот МКС EN ISO/IEC 17011 - Општи барања за телата за акредитација кои акредитираат тела за оцена на сообразноста, стандард по кој работи ИАРСМ (задолжително, заради одржување на системот за акредитација),
- Обуки за стандардот за акредитација на медицински лаборатории ISO 15189:2012,
- Тренинг за Point-of-care testing (POCT), Барања за квалитет и компетентност (ISO 22870:2016),
- Обука за хармонизација во оценувањето на водечките и техничките оценувачи на ИАРСМ,
- Обука за водечки и технички оценувачи за стандардот МКС EN ISO/IEC 17020:2012,
- Обука за водечки и технички оценувачи за стандардот МКС EN ISO/IEC 17065,
- Обука за оценувачи и on site assessment за МКС EN ISO/IEC 17025 во лаборатории за тестирање на храна, животна средина и градежништво,
- Обука за оценувачи – on site assessment за стандардот МКС EN ISO/IEC 17021-1,
- Обука за Заштитена ознака за потекло, Заштитена географска ознака, Гарантиран традиционален специјалитет,
- Обука за земање мостри како самостојна активност,
- Обука за флексибилен опсег на акредитација,
- Обука за оценување и акредитација на мислења и толкувања,
- Обуки за барањата на стандардите: ISO 50001 и - ISO 13485, ISO 9001:2015, ISO 45001 ISO 14001 и IAF MD документите,
- Обука за оценувачи во Областа на органското производство (со сите негови специфики) особено органско производство во трети земји,
- Обука за оценување на непристрасноста и доверливоста кај телата за оцена на сообразност,
- Обуки за барањата на стандардот 17021-1 и за користење на IAF MD документи кои се поврзани со стандардот,
- Развој на Секторски шеми во согласност со EA-1/22, EA Policy for Conformity Assessment Schemes (Sector Schemes),
- Работилница / Обука / Размена на добри практики: Имплементација на EA-2/17,
- Обука за Регулатива (ЕУ) бр. 305/2011 (градежни производи),
- Обука за стандардот за управување со ризици (Risk management – Gudilines) и

- Обука за проценка на мерната неодреденост и нејзината примена при формулирање на правилото на донесување одлука при давање Изјави за сообразност.

Обуките ќе се организираат според појавени потреби и тековните транзициони периоди на меѓународните стандарди и на истите ќе учествуваат вработените од ИАРСМ и заинтересирани страни, оценувачи и експерти.

Дел од теоретските обуки ќе бидат организирани во ИАРСМ, а дел во странски акредитациски тела, членки на ЕА и потписнички на MLA.

Исто така, во рамки на Годишниот План за обуки на вработените во ИАРСМ ќе се реализираат и генерички и специјализирани обуки, согласно законските барања за надградба на професионалноста и компетентноста на административните службеници.

Потребни средства .....1.580.000,00 денари

• Човечки ресурси

Во Институтот за акредитација на Република Северна Македонија редовно се вработени вкупно 18 лица.

Потребни средства ..... 8.547.000,00 денари

3. Соработка со државни органи

ИАРСМ ќе продолжи со активности за продлабочување на активната соработка со државните органи преку учество во работата на повеќе работни групи формирани од страна на Владата на Република Северна Македонија, Министерството за економија, Министерството за животна средина и просторно планирање и Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство, како и други ресорни министерства.

Исто така, ИАРСМ ќе продолжи со активностите во рамките на Комитетот за надзор на пазарот и соработката со Стопанските комори во Република Северна Македонија, како и учество во работата на Техничките комитети при Институтот за стандардизација на Република Северна Македонија.

Потребни средства ..... 100.000,00 денари

4. Спроведување на интерна проверка

Согласно барањата на стандардот МКС EN ISO/IEC 17011:2018 реализирањето на редовната интерна проверка на вработените во ИАРСМ е задолжителна обврска и потреба заради одржување и унапредување на системот за управување со квалитет во ИАРСМ. Интерната проверка во 2020 година ќе се спроведе согласно барањата на стандардот МКС EN ISO/IEC 17011:2018.

5. Преиспитување на раководството

Согласно Политиката за квалитет и Процедурите за работа на ИАРСМ и барањата на МКС EN ISO/IEC 17011:2018 еднаш годишно се реализира преиспитување на раководството на ИАРСМ (директор, претседател на Совет, менаџер за квалитет, раководители на сектори и одделенија). Целта на преиспитувањето е преку анализа на документи, извештаи, жалби, приговори, забелешки и несообразности да се дефинираат и редифинираат политиките и целите на ИАРСМ и да се испита ефективноста на системот за управување со квалитет на ИАРСМ.

6. Промовирање на системот на акредитација

ИАРСМ се стреми кон постојано промовирање на потребата од акредитирани и овластени тела со седиште во Република Северна Македонија. Промоцијата на системот на акредитација е од клучно значење за јакнење на свеста за значењето и улогата што ја има акредитацијата во секојдневниот живот и за економијата.

Оттука, неопходно е информирање на јавноста за начинот на аплицирање и за начинот на добивање статус на акредитирано тело, односно приближување на заинтетресираните страни до условите за акредитација, како и промовирање на придобивките од неа. Исто така, ИАРСМ планира да организира нови промотивни настани со кои сите заинтересирани страни ќе бидат запознати со придобивките и корисноста од потпишувањето на меѓународните договори EA-MLA, ILAC-MRA, IAF-MLA и употребата на знаците со кои се докажува потписничкиот статус на истите.

Во рамките на промовирање на системот за акредитација, ИАРСМ планира да ги преземе следниве активности:

- Подготовка и издавање на промотивен и едукативен материјал од областа на акредитацијата, на теми препорачани од европската и светските организации за акредитација,
- Медиумска промоција на акредитацијата,
- Издавање на Годишен извештај за работата на ИАРСМ за 2019 година,
- Промоција за доделување на сертификати на акредитираните тела 2019/20 година, по повод 9ти Јуни „Меѓународниот ден на акредитацијата“,
- Организирање на прес конференции,
- Организирање на заеднички настани со Организацијата на потрошувачи во Република Северна Македонија,
- Организирање на средби со Стопанските комори во Република Северна Македонија,
- Организирање на средби со стопанственици во повеќе градови низ државата,
- Организирање и/или учество на конференции или други видови на собири на теми од значење за улогата на акредитацијата и
- Изработка, одржување и надградба на официјалната интернет страница на ИАРСМ.

Потребни средства .....1.500.000,00 денари

7. Работа на Советот на ИАРСМ и Одборот за надзор на материјално - финансиското работење на ИАРСМ

Советот на ИАРСМ го сочинуваат 11 члена, а Одборот за надзор на материјално - финансиското работење на ИАРСМ го сочинуваат 3 члена.

Потребни средства ..... 1.740.000,00 денари

8. Меѓународни активности

ИАРСМ е полноправен член на: Европската организација за акредитација (ЕА), Меѓународната (светската) организација за акредитација на лаборатории (ILAC) и Меѓународниот форум за акредитација (IAF).

Како полноправен член на трите организации, ИАРСМ задолжително треба да учествува на годишните состаноци на Генералните собранија на ЕА, ILAC и IAF, бидејќи е член со активно право и должност да учествува и гласа за нови мерки и резолуции од областа на акредитацијата во светски рамки, а кои потоа вертикално треба да се транспонираат на национално ниво во соодветна правна форма.

По основ на полноправното членство, ИАРСМ е задолжен да плаќа соодветен износ на име годишна членарина за 2020 година, и тоа:

- по основ на полноправно членство во ЕА и статус на потписник на MLA Договорот, ИАРСМ треба да плати годишна членарина во износ од, 10.769.00 евра,
- по основ на полноправно членство во ILAC и статус на потписник на MRA Договорот, ИАРСМ има обврска за плаќање на годишна членарина во износ од 5.082,00 австралиски долари,
- по основ на полноправно членство во IAF и статус на потписник на MLA Договорот, ИАРСМ има обврска за плаќање на годишна членарина во износ од 1.745,00 американски долари.

ИАРСМ ќе ја одржува и надградува соработката со националните тела за акредитација од регионот согласно потпишаните билатерални договори со: Србија, Црна Гора, Бугарија, Албанија, Хрватска, Турција, Косово, Босна и Херцеговина и Молдавија.

Исто така, ИАРСМ ќе ги одржува и надградува договорите за соработка склучени со Акредитацискиот сервис на Велика Британија (UKAS), Германското тело за акредитација (DAkkS) и Федералната служба за акредитација на Руската Федерација (RusAccreditation).

Целта на овие договори е организација на заеднички обуки за оценувачи, размена на експерти и оценувачи на регионално ниво, прекугранична акредитација што севкупно ќе придонесе за изградба на ефикасен систем за акредитација. Во рамки на договорената регионална соработка ќе се продолжи со започнатата активност на взаемно учество на набљудување при изведување на оцени од националните тела за акредитација од регионот.

Потребни средства .....2.600.000,00 денари

9. Менаџмент и тековно работење на ИАРСМ

За непречено одвивање на тековните активности на ИАРСМ, во Буџетот на ИАРСМ за 2020 година обезбедени се средства за одржување на хардверската и софтверската опрема (софтвер за спроведување на постапките за акредитација (Data management system), софтвери за сметководствено, благајничко и архивско работење), одржување на просториите, одржување на патнички моторни возила и за набавка на информатичко-комуникациска опрема.

Потребни средства .....1.760.000,00 денари

IV. Завршни одредби

1. Заклучно со 31.3.2021 година, ИАРСМ ќе достави Извештај со финансиски показатели за реализација на Програмата за работа на ИАРСМ за 2020 година до Владата на Република Северна Македонија, во кој ќе бидат опфатени постигнатите резултати и финансиските показатели, како и образложение за евентуалните отстапувања од планираните активности.

2. Оваа програма влегува во сила наредниот ден од денот на објавување во „Службен весник на Република Северна Македонија“, а ќе отпочне да се применува од 1 јануари 2020 година.

Бр. 45-10071/1
28 декември 2019 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Северна Македонија,
Зоран Заев, с.р.

_____

4382.

Врз основа на член 49 став (3) од Законот за здруженија и фондации („Службен весник на Република Македонија“ бр. 52/10, 135/11 и 55/16), Владата на Република Северна Македонија, на седницата одржана на 28 декември 2019 година, донесе

П Р О Г Р А М А
ЗА ФИНАНСИРАЊЕ НА ПРОГРАМСКИТЕ АКТИВНОСТИ НА ЗДРУЖЕНИЈАТА И ФОНДАЦИИТЕ ЗА 2020 ГОДИНА

1. Со оваа програма се утврдува намената на средствата обезбедени во Буџетот на Република Северна Македонија за 2020 година, Раздел 040.01 - Влада на Република Северна Македонија, Потпрограма 10 - Администрација, ставка 463 – Трансфери до невладини организации, наменети за финансирање на програмските активности на здруженијата и фондациите, во вкупен износ од 12.000.000,00 денари.

2. Средствата од точка 1 од оваа програма ќе се користат за финансирање на програмските активности на здруженијата и фондациите, преку 20 грантови во износ од 600.000,00 денари, за програми (проекти) во следниве приоритетни цели:

- промовирање на европските вредности во процесот на пристапување во Европската Унија, унапредување на човековите права и јакнење на владеењето на правото;
- воведување на концептот на еднаквост и недискриминација во сите области на општественото живеење, а особено во областа на образованието (преку еднакво и квалитетно образование за сите и градење на концепт на доживотно учење), здравството, социјалната заштита, работните односи и правосудството;

- унапредување на родовата еднаквост во сите области од општественото живеење и вклучување на родовата перспектива во креирањето на политиките и буџетите;

- зајакнување на капацитетите на општините, зголемување на нивната транспарентност, отчетност и инклузивност преку зголемено учество на граѓаните во донесувањето одлуки, поради подобрување на квалитетот на живеење;

- развивање на социјалното претприемништво и спроведување на мерки со кои младите полесно ќе дојдат до прво вработување и нивно задржување во земјата;

- дигитална трансформација при испорака на услуги за граѓаните и бизнисите и подигнување на јавната свест за сајбер безбедност;

- подигнување на јавната свест и едукација на населението за значењето на животната средина, намалувањето на влијанијата од климатските промени и постигнување на пониско ниво на емисија на штетни гасови.

3. Постапката за распределување на средствата од точка 1 од оваа програма ќе се спроведе согласно на добрата практика за обезбедување финансиска поддршка од Владата на Република Северна Македонија, утврдена со Кодексот на добри практики за финансиска поддршка на здруженија на граѓани и фондации.

4. За реализација на оваа програма се грижи Генералниот секретаријат на Владата на Република Северна Македонија.

5. Здруженијата и фондациите на кои ќе им бидат доделени средства согласно оваа програма, по завршувањето на своите програмски активности ќе достават извештај за користењето на средствата до Генералниот секретаријат на Владата на Република Северна Македонија, најдоцна до 31 јануари 2021 година.

6. Генералниот секретаријат на Владата на Република Северна Македонија ќе достави Извештај за реализација на оваа програма до Владата на Република Северна Македонија со финансиски показатели и образложение на постигнатите резултати, до 28 февруари 2021 година.

7. Оваа програма влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“, а ќе почне да се применува од 1 јануари 2020 година“.

Бр. 45-10059/1
28 декември 2019 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Северна Македонија,
Зоран Заев, с.р.

4383.

Врз основа на член 16 став (2) и (3) од Законот за здравствената заштита („Службен весник на Република Македонија“ бр.43/12, 145/12, 87/13, 164/13, 39/14, 43/14, 132/14, 188/14, 10/15, 61/15, 154/15, 192/15, 17/16, 37/16 и 20/19 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.101/19, 153/19 и 180/19), Владата на Република Северна Македонија, на седницата, одржана на 28 декември 2019 година, донесе

П Р О Г Р А М А
ЗА СИСТЕМАТСКИ ПРЕГЛЕДИ НА УЧЕНИЦИТЕ И СТУДЕНТИТЕ ВО РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА ЗА 2020 ГОДИНА

I. Вовед

Децата од училишна возраст се посебна популациона група која се карактеризира со интензивни физички, психолошки и социјални промени, што ги прави исклучително ранливи на неповолните ризик фактори од околината. Промените во правец на стекнување поголема независност придружено со склоноста кон експериментирање со нови животни стилови и активности, креираат нови здравствени ризици поврзани во прв ред со однесувањето. Поради тоа, раната детекција на здравствените како и на психо-социјалните, развојните и бихејвиоралните ризици треба да претставува приоритет во грижата за училишните деца и младина. Најчестите причини за морбидитет и морталитет кај оваа возрасна група се намерните и ненамерни повреди, последиците од ризичното сексуално однесување, пореметувања на менталното здравје (депресија, анорексија, булимија), недоволна физичка активност и неправилна исхрана.

Класичен метод за скрининг на здравјето на училишните деца и младина се систематските прегледи, кои се вршат организирано во јавните здравствени установи од страна на службите за превентивна здравствена заштита и превентивна стоматолошка заштита на училишни деца.

При систематскиот преглед се врши и редовна имунизација против заразни заболувања според Календарот за имунизација на Република Северна Македонија.

Посебно вулнерабилната група на деца и адолесценти е онаа која е надвор од образовниот систем. Здравствениот сектор во соработка со патронажната служба, Институтот за јавно здравје на Република Северна Македонија и невладините организации превзема активен пристап во откривањето на овие деца и нивно упатување до превентивните тимови кои обезбедуваат превентивна здравствена заштита на децата. Овој проблем е особено голем кај децата Роми кои не ги посетуваат редовно основните и средни училишта.

Целта на систематскиот преглед е:

- Следење на физичкиот и психосоцијалниот развој,
- Рана детекција на здравствени проблеми и навремен третман,
- Рано препознавање на ризични видови на однесување - детекција на бихејвиорални ризици,
- Едукација за усвојување на здрави животни стилови,
- Едукација за важноста на навремената и целосна вакцинација.

Возраст на вршење на систематски прегледи:

Задолжителни систематски прегледи се вршат во 1-во, 3-то, 5-то, 7-мо и 9-то одделение. Средношколците се опфатени со систематски прегледи во 1-ви и 3-ти клас, а студентите во 1-ва година. Содржината на систематскиот преглед зависи од возраста на ученикот.

Содржина на систематскиот преглед:

1. Општ лекарски преглед:
- мерење на телесната тежина и висина и одредување на ИТМ;
- преглед на кожата;
- согледување на постоење на деформитети на локомоторниот систем;
- општ лекарски преглед и преглед по системи (кардиоваскуларен, респираторен, дигестивен, нервен, урогенитален систем);
- мерење на пулсот и крвниот притисок;
- испитување на вид, слух и говорот;
- земање на податоци во врска со пубертетот кај двата пола и menarha (кај ученички и студентки);
- земање податоци во врска со сексуалната активност на адолесцентите и употребата на контрацепција и заштита од СПИ;
- земање на податоци за употреба и злоупотреба на супстанци (пушење, алкохол, таблети, дроги);
- земање податоци за рано откривање на знаци на депресија и други пореметувања на менталното здравје;
- земање на податоци за постоење на насилно однесување (булинг);
- давање препорака за понатамошни специјалистички прегледи доколку е потребно;
- прибирање на податоци од наставниците и психолозите за успехот и однесувањето на ученикот и давање на потребни совети;
- контрола на извршените вакцинации и ревакцинации и преземање мерки за комплетирање на вакцинал-ниот статус.

Наодите од систематскиот преглед се евидентираат во Картонот за систематски прегледи на училишни деца, изготвен од Заводот за здравствена заштита на мајки и деца, а отстапувањата се запишуваат во картонот со преземање на соодветни мерки за санирање и следење.

Контролни и целни прегледи: Во зависност од констатираните претходни состојби, се вршат контролни и целни прегледи за поедини видови на однесување или заболување/состојба.

2. Лабораториски преглед:
- хемоглобин во крв и
- албумен и билирубин во урина.

3. Стоматолошки преглед:
- контрола и евиденција на состојбата на забалото (млечни, трајни заби, кариес, екстракција и пломба индекс);
- откривање на деформитети и неправилности во развојот на забите и вилиците;
- евиденција на констатираната состојба во здравствениот картон;
- задолжителен преглед за сите ученици секоја учебна година од прво одделение во основно образование до завршна година на образование во средното образование.

4. Превентивна стоматолошка заштита

Превентивните стоматолошки тимови од јавните здравствени установи-здравствени домови во Република Северна Македонија спроведуваат превентивни активности кај деца до 14 години, меѓу другите:

- залевање на фисурите и јамичките (кај сите деца кои посетуваат прво одделение), при што се залеваат 4-те први трајни молари;
- кај дел од децата со специјални потреби кај кои има висок кариес ризик, потребни се материјали за локална заштита на нивните заби со троен ефект.

За извршување на овие активности и набавка на потребните материјали одговорни се ЈЗУ Здравствени домови и ЈЗУ Општи болници со проширена дејност во Република Северна Македонија и нивните превентивни тимови (стоматолог-сестра).

5.Превентивни прегледи за рана дијагностика на пречки во развојот на слух, говор и глас

Превентивните прегледи на децата од 4-6 годишна возраст ќе се спроведуваат во насока на рана дијагностика на пречки во развојот на слухот, говорот и гласот. Прегледите ќе се спроведуваат од страна на стручните тимови на ЈЗУ Здравствен дом „Панче Караѓозов“ Штип, ЈЗУ Завод за рехабилитација на слух говор и глас Скопје и ЈЗУ Завод за рехабилитација на слух говор и глас Битола со рамномерно распоредување на прегледите на територијата на целата држава. Целта на овие прегледи е рано откривање на деца со:
- Пречки во развојот на говорот од полесна до најтешка форма;
- Лесно до најтешко оштетување на слухот;
- Ортодонтски аномалии;
- Аутистичен спектар на симптоми и аутизам.

II. Моментална состојба

Според последните податоци добиени од Институтот за јавно здравје на Република Северна Македонија, во учебната 2018/2019 година бројот на учениците од основно и средно образование, како и на студентите кои биле прегледани, согласно Програмата за систематски прегледи на учениците и студентите во Република Северна Македонија за 2019 година изнесува 97.1 или 96.4% од подлежните. Опфатеноста на учениците со систематски прегледи во основните училишта е задоволителна и изнесува 96.3%. Опфатеноста кај учениците во средното образование изнесува 96.4%, а кај студентите е 100%.

III. Мерки кои треба да се преземат за подобрување на состојбите

Во насока на подобрување на здравствената состојба и квалитетот на превентивната здравствена заштита на децата од училишна возраст и младината, како и обезбедување на одржлив систем на надзор врз подобрување на здравјето, потребно е извршување на следните мерки:

1. Мерки за подобрување на превентивната здравствена заштита на децата од училишна возраст и младина:

- систематски прегледи во 1-во, 3-то, 5-то, 7-мо и 9-то одделение како и во 1-ва и 3-та година од средното образование;
- систематски прегледи на студенти во 1-ва година факултет;
- дополнителни превентивни контролни и целни прегледи кај учениците каде е најдено отстапување;
- превентивни стоматолошки прегледи.

2. Следење и евалуација на здравствената состојба на децата и адолесцентите:

- унапредување на системот на раководење со податоци за превентивна здравствена заштита на деца од училишна возраст и младина;
- воспоставување на систем за документирање на наодите од систематските прегледи преку примена на Картони за систематски прегледи кај училишни деца;
- изготвување на Извештај за здравствена состојба и заштита на децата со предлог мерки за унапредување на состојбата.

IV. Цели на Програмата

Главна цел на оваа програма е да обезбеди услови за зачувување и унапредување на здравјето на сите деца од училишна возраст и студентите преку превенција и рана детекција на здравствените ризици и нарушувањата на здравјето.

1. Специфични цели:

1.1. Превенција и рана детекција на здравствените ризици и нарушувањата на здравјето на учениците и студентите.

1.2. Документирање на податоци за здравствената состојба и здравственото однесување на учениците и студентите во национална база на податоци која ќе послужи како основа за креирање на навремени и соодветни јавно-здравствени интервенции.

V. Очекувани резултати (индикатори на успешност):

1.1. Обем на извршени систематски прегледи (над 90%).

1.2. Број на откриени и прегледани деца вон образовниот систем на терен.

1.3. Број (процент) на залеани заби кај ученици од прво одделение во однос на вкупниот број на деца.

1. Проценка на бројот на ученици и студенти за 2020 година

Бројот на учениците и студентите кои треба да бидат систематски прегледани во 2020 година е добиен од Министерство за образование и наука.

1.1. Основно образование:

Во 2020 година со систематски прегледи треба да бидат опфатени 100.386 ученици од основните училишта, од кои:

- 20.273 ученици во 1 одделение;
- 20.492 ученици во 3 одделение;
- 20.384 ученици во 5 одделение;
- 19.751 ученици во 7 одделение.
- 19.486 ученици во 9 одделение.

1.2. Средно образование:

Во средните училишта во текот на 2020 година, со систематски прегледи треба да бидат опфатени 38.362 ученици, и тоа:

- 18.724 ученици во први клас;
- 13.259 ученици во четврти клас.

1.3. Високо образование:

Во 2020 година, со систематски прегледи треба да бидат опфатени 16.345 студенти од прва година високо образование.

Вкупно ученици (основно и средно) како и студенти кои треба да бидат опфатени со систематски прегледи се 148.714.

VI. Потребни финансиски средства

	ПРОГРАМА ЗА СИСТЕМАТСКИ ПРЕГЛЕДИ НА УЧЕНИЦИ И СТУДЕНТИ	Потребни финансиски средства
1	Партиципација за осигурани студенти и ученици како и за лица од 7-18 години неопфатени во образовниот систем за извршени систематски прегледи која се трансферира до ЈЗУ	5.070.000,00
2	Општ систематски преглед, систематски стоматолошки и лабораториски систематски прегледи на неосигурани лица од 7-18 години неопфатени во образовниот систем. 1000 прегледи x 400 ден.	400.000,00
3	Превентивни прегледи за рана дијагностика на пречки во развојот на слух , говор и глас кај деца 3500 прегледи x 500 ден.	1.750.000,00
4	4.1. Средства за стоматолошки материјал за заштита (залевање, запечатување) на првите трајни молари кај децата во прво одделение.	2.000.000,00
	4.2. Средства за пасти за локална примена кај деца со посебни потреби наменети за превенција од кариес (за деца со посебни потреби до 14 години и со тежок вид на ментална и физичка попреченост во развојот).	1.500.000,00
5	Доставување на извештај со анализа и коментар за систематските прегледи извршени во 2018 година (ИЗ)	50.000,0
	Од основен Буџет на Република Македонија за 2019 година	7.000.000,00
	Од самофинансирачки средства на Министерството за здравство	3.000.000,00
	Од донации	770.000,00
	ВКУПНО	10.770.000,00

VII. Финансирање

Оваа програма ќе се реализира со финансиски средства во висина од 10.770.000,00 денари. Од основен буџет на Република Северна Македонија за 2020 година одобрени се 7.000.000,00 денари, 3.000.000,00 денари се обезбедени од самофинансирачки средства на Министерството за здравство, а 770.000,00 денари се обезбедени од донации.

Во рамки на средствата ќе бидат измирени заостанатите обврски од 2019 година.

Распределбата на средствата по Програмата ја врши Министерството за здравство квартално на ЈЗУ - извршители на активностите, врз основа на доставени фактури и извештаи за реализација на активностите содржани во оваа програма.

VIII. Извршители на Програмата

Систематските прегледи ќе ги извршуваат превентивните тимови од ЈЗУ- здравствени домови (доктор-сестра), а за студентите систематските прегледи ќе ги извршуваат превентивни тимови од здравствените до-

мови, како и специјализирани тимови за таа дејност во рамките на универзитите во градовите каде се наоѓаат универзитетите.

Превентивната стоматолошка заштита и набавката на потребните материјали ќе ја извршуваат превентивните стоматолошки тимови (стоматолог-сестра) од ЈЗУ- здравствени домови.

Заводот за здравствената заштита на мајки и деца во соработка со поливалентната патронажна служба и Институтот за јавно здравје на Република Северна Македонија ќе учествува во откривање на семејства кои имаат деца надвор од образовниот систем со цел вклучување на истите во здравствениот систем заради изведување на систематски прегледи, вакцинација и унапредување на нивното здравје.

Прегледите за рана дијагностика на пречки во развојот на слухот, говорот и гласот ќе се спроведуваат од страна на стручните тимови на ЈЗУ Здравствен дом „Панче Караѓозов" - Штип, ЈЗУ Завод за рехабилитација на слух говор и глас - Скопје и ЈЗУ Завод за рехабилитација на слух говор и глас - Битола.

Заводот за здравствената заштита на мајки и деца во соработка со превентивните тимови и членовите на локалните заедници и граѓанскиот сектор ќе учествуваат во здравствена едукација на деца од училишна возраст и младина кои живеат во рурални средини или припаѓаат на ромските заедници и не посетуваат училиште.

IX. Доставување на Годишни извештаи и рокови

Заводот за здравствената заштита на мајки и деца во соработка со Институтот за јавно здравје на Република Северна Македонија ќе достави Информација за извршување на мерките од Програмата до Министерството за здравство најдоцна до 30.12.2020 година.

Институтот за јавно здравје на Република Северна Македонија ќе изготви извештај за наодите од систематските прегледи и ќе го достави до Министерството за здравство најдоцна до 30.12.2020 година.

Оваа програма влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија", а ќе почне да се применува од 1 јануари 2020 година.

Бр. 45-10097/1
28 декември 2019 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Северна Македонија,
Зоран Заев, с.р.

4384.

Врз основа на член 27 став 2 од Законот за извршување на Буџетот на Република Северна Македонија за 2020 година („Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 265/19), Владата на Република Северна Македонија, на седницата, одржана на 28 декември 2019 година, донесе

П Р О Г Р А М А
ЗА КОЛЕКТОРСКИ СИСТЕМ ОХРИД И СТРУГА

I

Со оваа програма се утврдува намената на буџетски средства утврдени во Раздел 121.01 на Министерството за животна средина и просторно планирање, потпрограма 2Е-Колекторски систем Охрид и Струга, за 2020 година.

II

Средствата за реализирање на оваа програма се обезбедуваат од Буџетот на Република Северна Македонија за 2020 година од сметка 637-12, потпрограма 2Е, во износ од 150.000.000,00 денари.

Средствата од став 1 на овој дел ќе се реализираат како Капитални субвенции за претпријатија и невладини организации за Јавното претпријатие Колекторски систем Скопје, за реализација на проектотСанација и унапредување на функционалноста на колекторскиот систем на Охридското Езеро, согласно договори помеѓу Министерството за животна средина и просторно планирање и ЈП Колекторски систем Скопје.

Средствата од став 1 на овој дел ќе се реализираат врз основа на проектен Договор за санација и унапредување на ефикасноста на колекторскиот систем Охрид - Струга склучен помеѓу ЈП Колекторски системи Скопје и избрано правно лице врз основа на спроведена постапка за јавна набавка од страна на ЈП Колекторски систем Скопје.

III

Средствата од дел II став 1 на оваа програма ќе се користат од правното лице од дел II став 2 од оваа програма по доставена документација за извршени и реализирани активности (времени ситуации со предмер пресметка, градежен дневник и градежна книга, извештај од надзорен орган и Договор за цесија) за проектот Санација и унапредување на функционалноста на колекторскиот систем на Охридското Езеро.

IV

За начинот и динамиката на реализирање на оваа програма ќе се грижи Министерството за животна средина и просторно планирање.

V

Оваа програма влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија", а ќе отпочне да се применува од 1 јануари 2020 година.

Бр. 45-10146/1
28 декември 2019 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Северна Македонија,
Зоран Заев, с.р.

4385.

Врз основа на член 53 од Законот за извршување на Буџетот на Република Северна Македонија за 2020 година („Службен весник на Република Северна Македонија" бр.265/19), Владата на Република Северна Македонија, на седницата, одржана на 28 декември 2019 година, донесе

П Р О Г Р А М А
ЗА УНАПРЕДУВАЊЕ НА ЖИВОТНАТА СРЕДИНА ЗА 2020 ГОДИНА

I

Со оваа програма се утврдува намената на средствата утврдени во Раздел 121.01-Министерство за животна средина и просторно планирање, Подпрограма С1- Унапредување на животна средина и тоа средства од донации во вкупен износ од 25.636.000,00 денари.

II

Средствата за реализирање на оваа програма се приходи од:

1. Донаторски средства-сметка 785 (подсметки 785 -28, 785-А9, 785-Д2, 785-85, 785-Ј0 и 785-П7) во вкупен износ од 25.636.000,00 денари и тоа од следни приходи:

- 742 111-Приходи од Обединети Нации во износ од 5.786.000,00 денари,
- 742 114- Приходи од Европска Унија во износ од 19.750.000,00 денари и
- 742115 – Приходи од Европски Држави во износ од 100.000,00 денари.

Средствата од став 1 на овој дел ќе се користат врз основа на јавни набавки и конкурси, за ангажирање на правни и физички лица (експерти од поодделни области) кои ги објавува и спроведува Министерството за животна средина и просторно планирање, согласно Законот за јавните набавки.

III

За начинот и динамиката на реализирање на оваа програма ќе се грижи Министерството за животна средина и просторно планирање.

IV

Средствата од дел II став 1 на оваа програма се распределуваат за следните намени:

1. Финансирање на Проект Канцаларија Озон, донација од Обединетите нации, во висина од 76.000,00 денари;

2. Финансирање на Проект ПОПс, донација од Глобалниот еколошки фонд на Обединетите Нации, во висина од 5.660.000,00 денари;

3. Финансирање на Проект Зајакнување на капацитетот за учество во клириншка куќа, донација од Глобалниот еколошки фонд на Обединетите Нации во висина од 50.000, 00 денари;

4. Финансирање на проект Мониторинг на реките, донација од Швајцарската Влада , во висина од 50.000,00 денари;

5. Финансирање на Проект за соработка во животната средина и одржливиот развој (Подпроекти: „Интегрирано спречување и контрола на загадувањето во Македонија,“ и „Зајакнување на капацитетите за олеснување на спроведувањето на Европската шема за трговија со емисии во Република Македонија,“), донација од Кралството Норвешка во висина од 50.000,00 денари и

6. Финансирање на Проект Развој и имплементација на здравствен индекс за загадување на воздухот во прекуграничниот регион, финансиран преку ИПА 2 Програмата за прекугранична соработка меѓу Република Македонија и Република Грција 2014-2020 во висина од 19.750.000,00 денари.

V

Исплатата на средствата од дел II став 1 на оваа програма ќе се врши согласно Договорите склучени меѓу Министерството за животна средина и просторно планирање и правните и физички лица избрани согласно дел II став 2 од оваа програма.

VI

Оваа програма влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“, а ќе отпочне да се применува од 1 јануари 2020 година.

Бр. 45-10147/1
28 декември 2019 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Северна Македонија,
Зоран Заев, с.р.

4386.

Врз основа на член 172 став (4) од Законот за животната средина („Службен весник на Република Македонија” бр.53/05, 81/05, 24/07, 159/08, 83/09, 48/10, 124/10, 51/11, 123/12, 93/13, 187/13, 42/14, 44/15, 129/15, 192/15, 39/16 и 99/18), Владата на Република Северна Македонија, на седницата, одржана на 28 декември 2019 година, донесе

П Р О Г Р А М А
ЗА ИНВЕСТИРАЊЕ ВО ЖИВОТНАТА СРЕДИНА ЗА 2020 ГОДИНА

I

Со оваа програма се утврдува намената и се доделуваат средства за финансирање, кофинансирање и реализирање на програми, проекти и други активности од областа на животната средина за 2020 година.

II

Средствата за реализирање на оваа програма се обезбедуваат од надоместоците утврдени со член 162 од Законот за животната средина, во износ од 98.000.000,00 денари.

Дел од средствата од став 1 на овој дел ќе се доделуваат врз основа на Јавен конкурс којшто го објавува и спроведува Министерството за животна средина и просторно планирање, согласно Законот за животната средина, со склучување на договори за доделување на средства. Доделувањето на средствата ќе биде врз основа на дефинирани критериуми кои ќе го земат во предвид и критериумот за рамномерен регионален развој, согласно степенот на развиеност на планските региони во Република Северна Македонија, утврдени во Јавниот конкурс.

Дел од средствата од став 1 на овој дел ќе се наменат за поддршка на мерки и активности за намалување на загадување на воздухот со спроведување на постапка за јавна набавка.

III

За начинот и динамиката на реализирање на оваа програма ќе се грижи Министерството за животна средина и просторно планирање.

IV

Средствата од дел II став 1 на оваа програма се распоредуваат за следните намени:

1. Изработка на техничка документација и изградба на канализациони системи и системи за одведување и пречистување на отпадни води во износ од 35.000.000,00 денари;
2. Реализирање на проекти и активности за заштита на природата и биолошката разновидност во износ од 5.000.000,00 денари;
3. Реализирање на проекти и активности за подигање на јавната свест, едукација и обука во областа на животната средина во износ од 8.000.000,00 денари;
4. Поттикнување на образовни, истражувачки и развојни студии, програми и проекти за заштита и унапредување на животната средина и природата во износ од 7.000.000,00 денари;
5. Поддршка на мерки и активности за намалување на загадувањето на воздухот во Република Северна Македонија во износ од 10.000.000,00 денари;
6. Реализација на проекти и активности одобрени, согласно Програмите за инвестирање за 2018 и 2019 година во износ од 30.000.000,00 денари и
7. Трошоци за спроведување на програмата во износ од 3.000.000,00 денари.

V

(1) Средствата од дел II став 1 на оваа програма врз основа на поднесено и одобрено барање можат да се користат од следните субјекти:

1) Општини или здруженија на општини, општините во Градот Скопје и градот Скопје за намени од дел IV точка 1 на оваа програма;

2) Правни и физички лица, непрофитни и невладини организации, научни и образовни институции за намени од дел IV точки 2, 3 и 4 на оваа програма.

(2) Средствата од дел IV точка 5 на оваа програма ќе се реализираат со спроведување на постапка за јавна набавка.

(3) Средствата од дел IV точка 6 на оваа програма ќе се реализираат согласно Договорите за доделување на средства од Програмите за инвестирање во животната средина за 2018 и 2019 година.

(4) Средствата од дел IV точка 7 на оваа програма ќе се реализираат за исплата на трошоци за стоки и услуги за спроведување на оваа програма.

VI

Со средствата од оваа програма можат да бидат финансирани сите видови на трошоци за реализација на програми, проекти и други активности од областа на животната средина, освен за:

1) Закуп на земјиште;
2) Закуп на постојни згради;
3) Трошоци направени пред 1 јануари 2020 година;
4) Трошоци направени за да се покријат платите на вработените кои работат кај корисникот на средствата;
5) Трошоци за подготовка на Формуларот за аплицирање за добивање средства од Програмата;
6) Општи и административни трошоци на апликантот;
7) Камати на долгови, надоместоци за финансиски операции и останати чисто финансиски трошоци;
8) Законските обврски, казни и пенали и
9) Трошоци за функционирање на проектот по неговата изведба, а кои не се поврзани со обуката на персоналот или пробното тестирање.

VII

Оваа програма влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“, а ќе почне да се применува од 1 јануари 2020 година.

Бр. 45-10149/1
28 декември 2019 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Северна Македонија,
Зоран Заев, с.р.

4387.

Врз основа на член 27 став 1 од Законот за извршување на Буџетот на Република Северна Македонија за 2020 година („Службен весник на Република Македонија” бр. 265/19), Владата на Република Северна Македонија на седницата, одржана, на 28 декември 2019 година, донесе

П Р О Г Р А М А
ЗА ИНВЕСТИЦИИ ВО ЖИВОТНАТА СРЕДИНА ЗА 2020 ГОДИНА

I

Со оваа програма се утврдува намената на буџетски средства утврдени на Раздел 121.01 на Министерството за животна средина и просторно планирање, Потпрограма 21- Инвестиции во животната средина, за 2020 година.

II

Средствата за реализирање на оваа програма се обезбедуваат од Буџетот на Република Северна Македонија за 2020 година од сметка 637-12, потпрограма 21, во износ од 65.750.000,00 денари.

Средствата од став 1 на овој дел ќе се реализираат врз основа на:

1. Јавни набавки кои ги објавува и спроведува Министерството за животна средина и просторно планирање, согласно Законот за јавни набавки. Средствата ќе се наменат за финансирање на тековни и нови проекти како и кофинансирање на тековни донаторски проекти од областа животна средина.

2. Наменски дотации за општините од средства остварени по основ на надоместок за производство на енергија од фосилни горива за 2019 година. Средствата

ќе се наменат за финансирање на проекти од областа животна средина, доставени од општините Новаци, Битола, Могила, Кичево, Гази Баба, Аеродром, Центар, Кисела Вода и Чаир.

III

За начинот и динамиката на реализирање на оваа програма ќе се грижи Министерството за животна средина и просторно планирање.

IV

Средствата од дел II став 1 на оваа програма се распоредуваат за следните намени:

1. Кофинансирање на повеќегодишен Проект за изградба на систем за водоснабдување и прочистување на отпадни води во Делчево - фаза 1 (со вкупна пресметковна вредност од 16.481.000 CHF, од кои 14.457.000 CHF донација од Швајцарска Влада преку Државниот секретаријат за економски работи на Швајцарија- SECO и локална контрибуција од 1.194.000 CHF или 108.640.000,00 денари од Министерство за животна средина и просторно планирање и 840.002 CHF од општина Делчево) во износ од 27.000.000,00 денари за 2020 година.

2. Наменски дотации на општините Новаци, Битола, Могила, Кичево, Гази Баба, Аеродром, Центар, Кисела Вода и Чаир за проекти од областа животна средина во износ од 38.750.000,00 денари за 2019 година.

V

Средствата од дел II став 1 на оваа програма можат да се користат од правни лица врз основа на јавна набавка, за намени од дел IV точка 1 на оваа програма.

Средствата од дел II став 1 на оваа програма можат да се користат од општинитеНоваци, Битола, Могила, Кичево, Гази Баба, Аеродром, Центар, Кисела Вода и Чаир врз основа на наменски дотации и спроведени јавни набавки од страна на општините, за намени од дел IV точка 2 на оваа програма.

VI

Исплатата на средствата од дел II став 2 точка 1 на оваа програма ќе се врши согласно договорите склучени меѓу Министерството за животна средина и просторно планирање и правните лица.

Исплатата на средствата од дел II став 2 точка 2 на оваа програма ќе се врши согласно договорите склучени меѓу Министерството за животна средина и просторно планирање и општините Новаци, Битола, Могила, Кичево, Гази Баба, Аеродром, Центар, Кисела Вода и Чаир.

VII

Оваа програма влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“, а ќе почне да се применува од 1 јануари 2020 година.

Бр. 45-10153/1
28 декември 2019 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Северна Македонија,
Зоран Заев, с.р.

4388.

Врз основа на член 36 став (5) од Законот за Владата на Република Македонија („Службен весник на Република Македонија“ бр. 59/00, 26/01, 13/03, 55/05, 37/06, 115/07, 19/08, 82/08, 10/10, 51/11, 15/13, 139/14, 196/15, 142/16 и 140/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 98/19) Владата на Република Северна Македонија, на седницата, одржана на 28 декември 2019 година, донесе

П Р О Г Р А М А
ЗА КОНКУРЕНТНОСТ, ИНОВАЦИИ И ПРЕТПРИЕМНИШТВО ЗА 2020 ГОДИНА

I

Со оваа програма се уредува намената на средствата за конкурентност, иновации и претприемништво во вкупен износ од 47.940.000,00 (четириесет и седум милиони и деветстотини и четириесет илјади) денари и тоа :

- 34.740.000,00 (триесет и четири милиони и седумстотини и четириесет илјади) денари, обезбедени од Буџетот на Република Северна Македонија за 2020 година, - Потпрограма ДГ – Поддршка на развојот на мали и средни претпријатија, ставки 425, 462, 463 и 464, наменети за развој на микро, мали и средни претпријатија (во понатамошниот текст ММСП) и занаетчиство;

- 7.200.000,00 (седум милиони и двеста илјади) денари, обезбедени од Буџетот на Република Северна Македонија за 2020 година, – Потпрограма 11 – Индустриска политика, сметка 637, ставки 425 и 462, наменети за имплементација на мерки од Индустриската стратегија на Република Северна Македонија 2018-2027 и

- 5.000.000,00 (пет милиони) денари, обезбедени од Буџетот на Република Северна Македонија за 2020 година, – Потпрограма 11 – Индустриска политика, сметка 637, ставка 464, наменети за поддршка и развој на кластерското здружување во Република Северна Македонија.

- 1.000.000,00 (еден милион) денари, обезбедени од Буџетот на Република Северна Македонија за 2020 година, –Потпрограма 16 –Инвестиции и општествена одговорност, ставка 462 субвенции за приватни претпријатија.

Средствата од Буџетот на Република Северна Македонија за 2020 година наменети за реализација на оваа програма, ги распоредува Министерството за економија.

II

Програмата се состои од мерки во следните области:

А. ПОДДРШКА И РАЗВОЈ НА МИКРО, МАЛИ И СРЕДНИ ПРЕТПРИЈАТИЈА И ЗАНАЕТЧИСТВО

За поддршка и развој на микро, мали и средни претпријатија и занаетчиство и поттикнување на претприемништвото се наменети средства во износ од 34.740.000,00 (триесет и четири милиони и седумстотини и четириесет илјади) денари за реализација на следните четири групи на мерки:

МЕРКА 1. Мерки за развој и поддршка на претприемништвото и ММСП

1.1. Финансиска поддршка за микро, мали и средни претпријатија во вкупен износ од 14.000.000,00 денари.

Предмет на мерката е субвенционирање на микро, мали и средни претпријатија, кои вработуваат над три лица преку субвенционирање на 50% од докажаните трошоци, но не повеќе од 300.000,00 денари вкупно по апликант, направени за набавка на опрема и алати;

1.2 Финансиска поддршка за подобрување на вредносните синџири во вкупен износ од 1.500.000,00 денари.

Предмет на мерката е надоместување на дел од трошоците на деловните субјекти за инвестиција во опрема и алати наменета за нивните локални добавувачи со кои ќе им се подобри продуктивноста и тоа преку кофинансирање на 50% од докажаните трошоци на деловните субјекти, но не повеќе од 200.000,00 денари поединечно за секој апликант.

1.3. Кофинансирање на фаб-лабови во вкупен износ од 1.500.000,00 денари.

Предмет на мерката е кофинансирање на трошоци на компании специјализирани за научно-истражувачки дејности кои се однесуваат на воспоставување на Фаб Лабови или т.н. Лабаратории за фабрикување.

1.4. Финансиска поддршка за женско претприемништво во вкупен износ од 1.500.000,00 денари.

Предмет на мерката е субвенционирање на претпријатија во сопственост на жени (над 50%) и управувани од жени, преку кофинансирање на 50% од докажаните трошоци но не повеќе од 120.000,00 денари, направени за следните намени:

- Набавка на опрема и алати;
- Уредување/подобрување на деловниот простор;
- Воведување на софтверски решенија (50% од докажаните трошоци, но не повеќе од 60.000,00 денари).

1.5. Кофинансирање на проекти за развој и поддршка на ММСП и промоција на претприемништвото во Република Северна Македонија во износ од 3.000.000,00 денари.

Предмет на мерката е кофинансирање на проекти на фондации и здруженија на граѓани кои се однесуваат на развој и поддршка на ММСП, како и проекти за промоција на претприемништвото во Република Северна Македонија, преку надоместување на 75% од трошоците за реализација на проектот но не повеќе од 300.000,00 денари по апликант.

МЕРКА 2. Мерки за развој и поддршка на интернационализацијата на ММСП

2.1. Надоместување на дел од трошоците на деловните субјекти за сертификација на системи за квалитет според ISO стандарди во вкупен износ од 1.500.000,00 денари.

Предмет на мерката е надоместување на дел од трошоците на деловните субјекти за сертификација на системи за квалитет според ISO стандарди и тоа 50% од докажаните трошоци на деловните субјекти, но не повеќе од 100.000,00 денари поединечно за секој апликант. Предмет на субвенционирање се сите ISO стандарди освен оние кои се предмет на субвенционирање во делот Б -Имплементација на индустриската политика, од оваа програма.

2.2. Финансиска поддршка за сертифицирање на ХАЛАЛ систем во вкупен износ од 1.000.000,00 денари.

Предмет на мерката е финансиска поддршка за сертифицирање на ХАЛАЛ систем, и тоа 50% од докажаните трошоци на деловните субјекти, но не повеќе од 200.000,00 денари поединечно за секој апликант.

2.3. Финансиска поддршка на ММСП за учество на домашни и меѓународни саеми во вкупен износ од 1.500.000,00 денари.

Предмет на мерката е финансиска поддршка за ММСП за учество на домашни и меѓународни саеми преку кофинансирање на 50% од докажаните трошоци за закуп на штанд и тоа:

- за учество на домашни саеми (50% од докажаните трошоци, но не повеќе од 50.000,00 денари);
- за учество на меѓународни саеми, (50% од докажаните трошоци, но не повеќе од 100.000,00 денари).

МЕРКА 3. Мерки за развој и поддршка на занаетчиството

3.1. Кофинансирање на проекти на занаетчиските комори за развој и промоција на занаетчиството во Република Северна Македонија во износ од 1.740.000,00 денари.

Предмет на мерката е кофинансирање на проекти на занаетчиските комори кои се однесуваат на развој и промоција на занаетчиството во Република Северна Македонија преку надоместување на 75% од трошоците за реализација на проектот, но не повеќе од 250.000,00 денари по апликант.

3.2. Субвенционирање на трошоци за ангажирање на чираци во износ од 300.000,00 денари.

Предмет на мерката е субвенционирање на трошоци за ангажирање на чираци од страна на вршители на занаетчиска дејност преку субвенционирање на 75% од докажаните трошоци исплатени како надоместок за ангажирање на чирак, но не повеќе од 30.000,00 денари по апликант.

3.3. Субвенционирање на трошоци на занаетчии во износ од 4.500.000,00 денари.

Предмет на мерката е субвенционирање на занаетчии и вршители на занаетчиска дејност преку кофинансирање 50% од докажаните трошоци, но не повеќе од 180.000,00 денари, направени за следните намени.

- Набавка на опрема и алати,
- Уредување/подобрување на деловниот простор

МЕРКА 4. Мерки за поддршка за стручно оспособување на вработените во ММСП

4.1. Кофинансирање на дел од трошоците на претпријатија за купување на опрема, инструменти, алат кои ќе послужат и ќе се користат исклучиво за обука, настава на лица за стекнување на вештини и квалификации во вкупен износ од 1.500.000,00 денари.

Предмет на мерката е кофинансирање на дел од трошоците на приватни претпријатија акредititирани од страна на Центарот за едукација на возрасни за организирање на обуки и настава за дел од трошоците за

купување на опрема, инструменти, алат кои ќе послужат и ќе се користат исклучиво за обука, настава на лица за стекнување на вештини и квалификации и тоа 50% од докажаните средства но не повеќе од 250.000,00 денари поединечно по апликант.

4.2. Кофинансирање на дел од трошоците за едукација на вработените лица во ММСП во вкупен износ од 200.000,00 денари.

Предмет на мерката е кофинансирање на дел од трошоците за едукација на вработените лица во ММСП за учество на обуки организирани од верифицирани установи и институции акредititирани од страна на Центарот за едукација на возрасни. Обуките треба да придонесат за подобрување на стручноста на вработените, за професионална надградба и за развој на претпријатието. Со оваа мерка ќе се кофинансираат трошоци во висина од 50% од докажаните трошоци, но не повеќе од 20.000,00 по апликант.

МЕРКА 5. Студија за предлог-оддржлив модел за услуги за деловен развој за ММСП во вкупен износ од 1.000.000,00 денари.

Предмет на мерката е спроведување на јавна набавка за изработка на Студија за предлог-оддржлив модел за услуги за деловен развој на ММСП.

Постапката и критериумите за доделувањето на средства од мерките 1, 2, 3 и 4 од оваа област ќе биде дефинирана во јавни повици, упатства и насоки кои ќе бидат објавени на ВЕБ страната на Министерството за економија www.economy.gov.mk и порталот www.konkurentnost.mk, а мерката 5 ќе биде реализирана преку спроведување на постапка за Јавна набавка.

При спроведување на мерките 1.1, 1.2, 2.1, 2.2, 2.3, 3.3, 4.1 и 4.2 од оваа Програма, при доделувањето на средствата ќе биде применет стимулативен критериум доколку апликант е деловен субјект во сопственост и управуван од жена.

Б. ИМПЛЕМЕНТАЦИЈА НА ИНДУСТРИСКАТА ПОЛИТИКА

За мерките од областа Б. Имплементација на индустриската политика се наменети средства во вкупен износ од 7.200.000,00 денари и тоа за:

МЕРКА 1. Поддршка за зголемување на конкурентноста на деловните субјекти од преработувачка индустрија во вкупен износ од 4.500.000,00 денари преку следните мерки:

1.1 Надоместување на дел од трошоците на деловните субјекти за развој на деловниот субјект, развој на производ и развој на пазар во вкупен износ од 4.500.000,00 денари.

Предмет на мерката е надоместување на дел од трошоците на деловните субјекти и тоа во износ од 75 % од докажаните трошоци на деловните субјекти, но не повеќе од 300.000,00 денари поединечно за секој деловен субјект – барател на средствата за следните активности:

1.1.1 Изработка на техничка документација за нов производ односно за подобрување на постојниот производ и/или изработка на индустриски дизајн /редизајн на производ;

1.1.2 Изработка на студии за истражување на пазарот и/или маркетинг стратегија и/или активности за развој на бренд;

1.1.3 Набавка, имплементација, сертификација и обука за стандарди во областа на: хоризонтални стандарди (МКС EN ISO 50001; МКС EN ISO 14001; МКС EN ISO 45001; МКС EN ISO 31000); **хармонизирани и други стандарди и стандардизациски документи** од областа на преработувачката индустрија;

1.1.4 Експертска поддршка во развивање/имплементација на проект за оптимизација на производството преку воведување нови бизнис модели со напредни производни и менаџерски филозофии во насока на унапредување на продуктивноста и квалитетот и намалување на трошоците (Lean менаџмент, КАИЗЕН, итн.);

1.1.5 Развивање и имплементација на проекти за дигитална трансформација на претпријатијата од преработувачка индустрија: набавка на дигитални решенија за поддршка на бизнисот и производството (пр. набавка на систем за Enterprise Resource Planning (ERP), Customer Relationship Management (CRM), систем за компјутерска безбедност, дигитализација во производството и сл.), веб портал, дигитален маркетинг, развој на дигитална култура и стекнување нови дигитални вештини.

1.1.6 Кофинансирање на дел од трошоците за соработка меѓу компаниите и универзитетите (соработка и користење на лабораториите при универзитетите, истражувачките центри и сл.);

1.1.7 Експертска анализа и изработка на техничка–проектна документација или студија за техничка изводливост за: планирани инвестициони проекти, подготовка на претпријатието за **зголемување на енергетска ефикасност, воведување на концепт на циркуларна економија** (внатрешен систем за управување со отпад и систем за заштита на животна средина, зелена економија и сл.),

1.1.8 Изработка на проектна документација за поставување на фотонапонски панели за производство на електрична енергија од обновливи извори на енергија.

Финансиската поддршка е наменета за деловните субјекти од секторот Преработувачка индустрија, согласно Националната класификација на дејностите – НКД рев. 2.

МЕРКА 2. Кофинансирање за организирање на специјализирани обуки - длабински и детални технолошки обуки за преработувачка индустрија во вкупен износ од 1.200.000,00 денари.

Предмет на мерката е кофинансирање за организирање на обуки и тоа:

2.1. Кофинансирање за организирање на специјализирани обуки - длабински и детални технолошки обуки во следните сектори: автомобилска, текстилна, прехрамбена и металопреработувачка индустрија;

2.2. Кофинансирање за организирање на струково специјализирани обуки во кожарската и чевларската индустрија;

2.3. Кофинансирање за организирање на обуки за воведување на концептот на "зазеленување " во повеќе избрани сектори од преработувачката индустрија и

2.4. Кофинансирање за организирање обуки за воведување на концептот на циркуларна економија во преработувачката индустрија.

За активностите од оваа мерка, делот на трошоците се надоместуваат согласно оваа програма, во висина од 75% од докажаните трошоци за организација и реализација на обуките и тоа:

- детален извештај за реализација на обуките, со индикатори за успешност врз основа на прашалник дистрибуиран до учесниците, со број на учесници и име на компании;

- соодветни докази за реализација на обуките (фактури и сл.) и детален извештај за бројот на учесници и

- името на компаниите – учесници на обуките.

МЕРКА 3: Надоместување на дел од трошоците на деловните субјекти за акредитирање на лаборатории или проширување на опсегот на акредитација на постоечките лаборатории за испитување на градежните производи за пуштање на пазарот квалитетни и безбедни градежни материјали во вкупен износ од 1.500.000,00 денари.

Предмет на мерката е надоместување на дел од трошоците на деловните субјекти и тоа во износ од 50 % од докажаните трошоци на деловните субјекти, но не повеќе од 300.000,00 денари поединечно за секој деловен субјект – барател на средствата.

Постапката и критериумите за доделување на средства од мерките 1, 2 и 3, од оваа област ќе се изврши преку објавување на јавни повици на ВЕБ страната на Министерството за економија www.economy.gov.mk и www.konkurentnost.mk.

Трошоците наменети за реализација на оваа мерка, ќе им бидат исплатени на барателите во зависност од расположливите средства од Буџетот, по редоследот на нивното пријавување во архивата на Министерството за економија.

В. ПОДДРШКА И РАЗВОЈ НА КЛАСТЕРСКОТО ЗДРУЖУВАЊЕ

За мерките од областа В. Поддршка и развој на кластерското здружување се наменети средства во вкупен износ од 5.000.000,00 денари и тоа за:

МЕРКА 1. Поддршка на проекти од кластерските здруженија „Кластери за иновативни и меѓународно ориентирани бизниси", во вкупен износ од 5.000.000,00 денари кои ги вклучуваат активностите поврзани со:

- набавка на специфична опрема или технолошки решенија кои ќе се користат од членките на кластерите,

- соработка на кластерите со универзитетите и/или соработка меѓу кластерите,

- развој на бренд стратегија и развој на брендирани производи во рамките на кластерот (географско потекло),

- изработка или реализација на заеднички иновативни проекти кои се однесуваат на истражување и развој на нови или подобрени производи, процеси или услуги,

- усовршување на кластерите и нивните членки преку ангажирање консултанти, организирање на специјализирани обуки, работилници, семинари за поттикнување и размена на знаење и

- трговски и извозно промотивни активности за кластерите (организација и учество на бизнис настани – саеми, Б2Б средби, трговски и медиумски мисии итн.).

Постапката и критериумите за доделување на средства од мерка 1 од оваа област ќе се изврши преку објавување на јавен повик на ВЕБ страната на Министерството за економија www.economy.gov.mk и www.konkurentnost.mk.

Кластерските здруженија може да поднесат само по едно барање за наведените активности од мерка 1 од оваа област.

За активностите од мерка 1 од оваа област, делот на трошоците за оваа намена се надоместуваат согласно оваа програма во висина од 75% од проект, но не повеќе од 1.000.000,00 денари поединечно за секој барател по апликација.

Трошоците наменети за реализација на мерката 1 од оваа област, ќе им бидат исплатени на кластерските здруженија во зависност од расположивите средства од Буџетот на Република Северна Македонија.

Г. ОПШТЕСТВЕНА ОДГОВОРНОСТ

МЕРКА 1. Поддршка за развивање, одржување и применување социјално прифатливи практики на деловните субјекти во вкупен износ од 1.000.000,00 денари преку:

1.1 Надоместување на дел од трошоците на деловните субјекти за воведување и сертификација на систем за општествена одговорност на претпријатието, согласно стандардот SA 8000/ извештајот: BSCI/SMETA/FAIRWARE, кои обезбедуваат етичко управување при производство на стоки и услуги и бараат да се гарантираат основните права на работниците, во вкупен износ од 720.000,00 денари.

За активностите на оваа мерка, дел од трошоците се надоместуваат согласно оваа програма, во висина од 70% од докажаните трошоци на деловните субјекти, но не повеќе од 120.000,00 денари поединечно за секој барател на средствата.

1.2 Надоместување на дел од трошоците на деловните субјекти за воведување и сертификација на систем за одговорни односи на пазарот, согласно сертификатот „Фер со потрошувачот", кој обезбедува систем за електронско управување со поплаки од потрошувачи и купувачи и спогодбено решавање на проблеми и спорови, во вкупен износ од 280.000,00 денари.

За активностите на оваа мерка, дел од трошоците се надоместуваат согласно оваа програма, во висина од 50% од докажаните трошоци на деловните субјекти, но не повеќе од 27.675,00 денари поединечно за секој барател на средствата.

III

При распределбата на средствата од Програмата, ќе се имаат предвид критериумите од Одлуката за класификација на планските региони според степенот на раз-

виеноста за период од 2018-2023 година (Службен весник број 234 од 20.12.2018 година). Критериумите од Одлуката за класификација на планските региони според степенот на развиеноста за период од 2018-2023 година (Службен весник број 234 од 20.12.2018 година) ќе бидат земени во предвид при објавување на јавните повици во оние мерки од Програмата каде што тоа е применливо.

IV

За начинот и динамиката на реализирање на оваа програма ќе се грижи Министерството за економија.

V

Министерството за економија, заклучно со 31 март 2020 година, до Владата на Република Северна Македонија ќе достави извештај со финансиски показатели за реализација на програмата и наменско користење на средствата.

VI

Оваа програма влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“, а ќе почне да се применува од 1 јануари 2020 година.

Бр. 45-10466/1
28 декември 2019 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Северна Македонија,
Зоран Заев, с.р.

4389.

Врз основа на член 18 став 5 од Законот за извршување на Буџетот на Република Северна Македонија за 2020 година („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.265/19), Владата на Република Северна Македонија, на седницата, одржана на 28 декември 2019 година, донесе

П Р О Г Р А М А
ЗА НАМАЛУВАЊЕ НА АЕРОЗАГАДУВАЊЕТО ЗА 2020 ГОДИНА

I

Со оваа програма се утврдува намената на буџетски средства утврдени на Раздел 040.01 на Влада на Република Северна Македонија, Програма С - Унапредување на животната средина, Потпрограма С4-Програма за намалување на аерозагадувањето за 2020 година.

II

Средствата за реализирање на оваа програма се обезбедуваат од Буџетот на Република Северна Македонија за 2020 година од сметка 630 - Основен буџет, Раздел 040.01 на Влада на Република Северна Македонија, во износ од 100.000.000 денари.

Средствата од став 1 на овој дел ќе се реализираат врз основа на јавни набавки кои ги објавува и спроведува Генералниот секретаријат на Влада на Република Северна Македонија, согласно Законот за јавни набавки*.

Средствата ќе се наменат за финансирање на замена на постоечките нееколошки системи за греење, како и за подобрување на енергетската ефикасност во градинки, основни и средни училишта, здравствени објекти и административни објекти, како и уредување на зелени урбани површини во најзагадените градови во Република Северна Македонија.

III

За реализација на оваа програма ќе се грижи Генералниот секретаријат на Влада на Република Северна Македонија, во соработка со Министерството за животна средина и просторно планирање.

IV

Средствата од дел II став 1 на оваа програма се распоредуваат за следните намени:

	Намена	%	Планирани средства во (денари)
1.	1.1 Уредување на зелени урбани површини	10	**5.000.000**
	1.2 Систем за следење, мерење, алармирање и евиденција на податоци под мерна станица		**5.000.000**
2.	2.1 Замена на постоечките нееколошки системи за греење во градинки, основни и средни училишта, здравствени објекти и административни објекти во најзагадените градови во Република Северна Македонија: 2.1.1 Горилници на плин (гас); 2.1.2 Инвертер клима; 2.1.3 Топлински пумпи; 2.1.4 Сончеви панели 2.1.5 Печки на пелети.	50	**50.000.000**
3.	3.1 Енергетска ефикасност	40	**40.000.000**
	ВКУПНО	100	**100.000.000**

V

Средствата од дел II став 1 на оваа програма можат да се користат од правни лица врз основа на јавна набавка, за намени од дел IV на оваа програма.

VI

Исплатата на средствата од дел II став 2 на оваа програма ќе се врши согласно договорите склучени помеѓу Генералниот секретаријат при Владата на Република Северна Македонија и правните лица, избрани во согласност со дел V од оваа програма.

VII

Оваа програма влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“, а ќе почне да се применува од 1 јануари 2020 година.

Бр. 45-10488/1
28 декември 2019 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Северна Македонија,
Зоран Заев, с.р.

4390.

Врз основа на член 42-а став (2) од Законот за производи за заштита на растенијата („Службен весник на Република Македонија" бр. 110/07, 20/09, 17/11, 53/11, 69/13, 10/15, 129/15 и 39/16), Владата на Република Северна Македонија, на седницата, одржана на 28 декември 2019 година, донесе

ПРОГРАМА
ЗА СПРОВЕДУВАЊЕ НА МОНИТОРИНГ ВО ОБЛАСТА НА ПРОИЗВОДСТВОТО, ПРЕРАБОТКАТА, СКЛАДИРАЊЕТО, ДИСТРИБУЦИЈАТА, УПОТРЕБАТА И СООБРАЗНОСТА НА ПРОИЗВОДИТЕ ЗА ЗАШТИТА НА РАСТЕНИЈАТА И РЕЗИДУИ ОД ПРОИЗВОДИ ЗА ЗАШТИТА НА РАСТЕНИЈАТА ВО ПРОИЗВОДИ ОД ПРИМАРНО ЗЕМЈОДЕЛСКО ПРОИЗВОДСТВО ЗА 2020 ГОДИНА

I

Со оваа програма се спроведува мониторинг во областа на производство, преработка, складирање, дистрибуција, употреба и сообразност на производите за заштита на растенијата и резидуи од производи за заштита на растенијата во производи од примарно земјоделско производство.

II

Средствата за реализација на оваа програма во износ од 1 200.000 денари се утврдени во Раздел 140.01 - Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство, Програма 5 Заштита на растенија и семе и саден материјал, Потпрограма 51 Заштита на растенијата, ставка 46, Субвенции и трансфери, подставка 464 Разни трансфери, сметка 637.

III

Мониторингот на производство, преработка, складирање, дистрибуција, употреба и сообразност на производите за заштита на растенијата и резидуите од производи за заштита во примарните земјоделски производи од растително потекло се спроведува на следните параметри:

1. Мониторинг на производство и преработка на производи за заштита на растенијата кој опфаќа:
   - употреба на активни компоненти во процесот на производство и преработка на производи за заштита на растенијата.

2. Мониторинг во складирање, дистрибуција, употреба и сообразност на производите за заштита на растенијата, а со цел утврдување на неправилности кој опфаќа:
   - испитување на сообразноста на декларираната количина на активна компонента во соодветниот производ за заштита на растенијата.

3. Мониторинг на употреба на производи за заштита на растенија и резидуи од производи за заштита на растенија во производи од примарно земјоделско производство од растително потекло со цел да се утврди употребата на производите за заштита на растенијата на правилен начин кој опфаќа:

– проверка на присуство на резидуи од производи за заштита на растенија кои се користени за заштита на примарните земјоделски производи од растително потекло.

Вкупниот број на мостри кои ќе бидат земени и анализирани согласно оваа програма изнесува 308 мостри.

IV

Мониторинг на производство и преработка на производи за заштита на растенијата во висина од 19.711,20 денари, се спроведува согласно следниот план:

активна супстанца	вкупен број на мостри	временски период за реализација на активноста	количество на мостра од секој производ кој ќе се земе
производи за заштита на растенија	5	континуирано	во оригинална амблажа
ВКУПНО	5		

V

Мониторинг во складирање, дистрибуција, употреба и сообразност на производите за заштита на растенијата, а со цел утврдување на неправилности во промет на големо и мало и на граничен премин во висина од 126.258,80 денари се спроведува согласно следниот план:

ред. бр	активна компонента	вкупен број на мостри	Вкупна цена на чинење во денари (единечна цена од анализа по активна супстанца е 6.645,20)
1	Deltamethrin	5	6.645,20
2	Alpha-cypermethrin	3	6.645,20
3	Captan	5	6.645,20
4	Cymoxanil	5	6.645,20
5	Glyphosate	5	6.645,20
6	Difenoconazole	5	6.645,20
7	Dimethoate	5	6.645,20
8	Lambda cyhalothrin	5	6.645,20
9	Mancozeb	5	6.645,20
10	Nicosufuron	5	6.645,20
11	Tebuconazole	5	6.645,20
12	Pendimethalin	5	6.645,20
13	Azoxystrobin	5	6.645,20
14	Chlorpyriphos	5	6.645,20
15	Propiconazole	5	6.645,20
16	Folpet	5	6.645,20

17	Imidacloprid	5	6.645,20
вкупно		83	112.968,40
ред. бр	Релевантна нечистотија во производи за заштита на растенијата	вкупен број на мостри	Вкупна цена на чинење во денари (единечна цена од анализа е 6.645,20)
1	Etylen thyourea во Mancozeb 25	2	13.290,40
	вкупно	2	13.290,40

VI

Мониторинг на правилна употреба на производи за заштита на растенија и резидуи од производи за заштита на растенија во производи од примарно земјоделско производство од растително потекло со цел да се утврди употребата на производите за заштита на растенијата на правилен начин и утврдување на површините со најголем ризик во однос на правилна употреба на производи за заштита на растенија во висина од 1 054.030,00 денари, се спроведува согласно следниот план:

Растение или растителен производ	Број на мостри	Временски период на реализација на активноста	Количина на примерок	Реон на земање на мостри	Вкупна цена на чинење (единечна цена за анализа е 4.835,00 денари)
ЗЕЛЕНЧУК					
домати	40	март - ноември	најмалку 10 единици (плодови)не помалку од 1 кг	Гевгелија Валандово Струмица Кочани и Штип	193.400,00
пиперки	17	март - ноември	најмалку 10 единици (плодови)не помалку од 1 кг	Гевгелија Валандово Струмица и Прилеп	82.195,00
краставици	26	март - ноември	најмалку 5 единици (плодови)не помалку од 2 кг	Струмица Гевгелија Валандово, Кочани и Штип	125.710,00
зелена салата	20	февруари - ноември	најмалку 10 единици (плодови)не помалку од 1 кг	Струмица Гевгелија Валандово Скопје и Кочани	96.700,00
зелка	12	февруари - ноември	најмалку 5 единици	Струмица, Скопје Тетово	58.020,00

			(плодови)не помалку од 2 кг	Велес, Гевгелија, Штип и Валандово	
лубеница/диња	4	јули септември	најмалку 5 единици (плодови)	Гевгелија, Валандово, Струмица и Скопје	19.340,00
млад кромид	5	јуни - јули	најмалку 10 единици (плодови)не помалку од 1 кг	Струмица, Кочани и Гевгелија	24.175,00
ОВОШЈЕ					
грозје	30	јули-октомври	најмалку 5 единици (гроздови)не помалку од 2 кг	Кавадарци, Неготино, Велес, Скопје, Струмица, Гевгелија, Валандово и Штип	145.050,00
јаболка	31	септември-октомври	најмалку 10 единици (плодови) не помалку од 1 кг	Тетово, Ресен, Охрид, Струмица, Гевгелија, Скопје, Струга	149.885,00
праска	16	јуни-септември	најмалку 10 единици (плодови)не помалку од 1 кг	Росоман Кавадарци, Неготино Скопје, Струмица, Гевгелија, Валандово	77.360,00
цреша/вишна	12	мај - јули	1кг	Охрид, Ресен, Струга	58.020,00
сливи	5	август септември	најмалку 10 единици (плодови)не помалку од 1 кг	Скопје, Берово, Делчево Струмица, Гевгелија и Валандово	24.175,00
вкупно	218				1 054.030,00

VII

Мониторинг на производство и преработка на производи за заштита на растенијата опфаќа земање на мостри кај производителот при самото производство и преработка на производот за заштита на растенијата непосредно пред полнењето на производот.

Мониторинг во складирање, дистрибуција, употреба и сообразност на производите за заштита на растенијата, а со цел утврдување на неправилности опфаќа земање на мостри при увоз и во објектите каде што се врши пласирање на пазар на големо и мало на производи за заштита на растенијата.

Мониторинг на употреба на производи за заштита на растенија и резидуи од производи за заштита на растенија во производи од примарно земјоделско

производство од растително потекло со цел да се утврди употребата на производите за заштита на растенијата на правилен начин опфаќа земање на примероци на отворено поле или заштитени простори.

VIII

Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство - Фитосанитарна управа ја координира реализацијата на оваа програма. Надлежни институции за реализација на активностите од деловите IV, V и VI од оваа програма се Државниот инспекторат за земјоделство и Државната фитосанитарна лабораторија. Лабораториските анализи ги спроведува Државната фитосанитарна лабораторија, а мострите ги земаат инспекторите од Државниот инспекторат за земјоделство.

IX

Средствата од деловите IV, V и VI на оваа програма ќе се исплатат врз основа на решение на министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство по претходно доставен извештај за спроведените активности.

X

Оваа програма влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“, а ќе отпочне да се применува од 1 јануари 2020 година.

Бр. 45-10505/1
28 декември 2019 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Северна Македонија
Зоран Заев, с.р.

4391.

Врз основа на член 36 став (5) од Законот за Владата на Република Македонија („Службен весник на Република Македонија“ бр. 59/00, 12/03, 55/05, 37/06, 115/07, 19/08, 82/08, 10/10, 51/11, 15/13, 139/14, 196/15, 142/16 и 140/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 98/19) и член 9-б од Законот за здравјето на растенијата („Службен весник на Република Македонија“ бр. 29/05, 81/08, 20/09, 57/10, 17/11, 148/11, 69/13, 43/14, 158/14, 149/15, 39/16 и 83/18), Владата на Република Северна Македонија, на седницата, одржана на 28 декември 2019 година, донесе

ПРОГРАМА ЗА ФИТОСАНИТАРНА ПОЛИТИКА ВО 2020 ГОДИНА

I

Со оваа програма се утврдува висината на средствата, намената и начинот на нивното користење за функционирање на фитосанитарната политика во 2020 година.

II

Средствата за реализација на оваа програма се утврдуваат во Буџетот на Република Северна Македонија за 2020 година во износ од 25.400.000,00 денари и тоа од следниве извори:

1. Средства од Буџетот на Република Северна Македонија за 2020 година, раздел 14001-Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство, Програма 5 - Заштита на растенија и семе и саден материјал, Потпрограма 51 - Заштита на растенија, ставка 46 - Субвенции и трансфери, подставка 464 - Разни трансфери, сметка 637	**5.400.000,00**
2. Средства од Буџетот на Република Северна Македонија за 2020 година, раздел 14001-Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство, Програма 5 - Заштита на растенија и семе и саден материјал, Потпрограма 51 - Заштита на растенија, ставка 46 - Субвенции и траснфери, подставка 464 - Разни трансфери, сметка 631	**20.000.000,00**

III

Средствата во вкупен износ од 5.400.000,00 денари утврдени во дел II точка 1 од оваа програма ќе се користат за:

Намена	денари
1. Фитосанитарен мониторинг за 2020 година	**1.768.900,00**
2. Набавка на потребната ИТ опрема за одржлива хардверска платформа за Фитосанитарниот информациски систем, како и проширување и надградба на Фитосанитарниот информациски систем односно за фитосанитарните инспектори во рамките на Државниот инспекторат за земјоделство (ДИЗ) и за Државната фитосанитарна лабораторија (ДФЛ)	2.931.100,00
3. Активности поврзани со издавање и проширување на системот на пасоши на растенија кај останатите земјоделски и шумски видови растенија	700.000,00
вкупно	5.400.000,00

IV

Средствата во вкупен износ од 20.000.000,00 денари утврдени водел II точка 2 од оваа програма ќе се користат за:

Намена	денари
Активности кои произлегуваат од законската регулатива од областа на фитосанитарната политика; зајакнување на институционалниот капацитет на надлежните служби вклучени во фитосанитарниот систем, како и лицата одговорни за здравје на растенијата, производителите и дистрибутерите на растенија и растителни производи; одржување на Фитосанитарниот информациски систем; следење, прогноза и дијагноза на карантински и економски штетни организми на земјоделски и шумски растенија; спроведување на фитосанитарни мерки во случај на појава и сузбивање на карантински и економски штетни организми на земјоделски и шумски растителни видови; активности поврзани со обележување на Меѓународната година за здравје на растенијата 2020 (International Year for Plant Health - IYPH); известување, дијагностицирање и прогнозирање на статусот со штетни организми и преземање на мерки за управување со кризи во случај на појава на истите; пренесување на искуства и применливи техники од најновите научни достигнувања во областа на фитосанитарната политика; спроведување на активности за одобрување и оценување на производ за заштита на растенијата и финансирање на стручни комисии за регистрација на производи за заштита на растенијата, како и спроведување на активности за работа на стручните совети за здравјето на растенијата, производи за заштита на растенијата, педологијата, физиологијата на растенијата и агрохемијата и неподмирени обврски од 2019 година од Програмата за фитосанитарна политика во 2019 година.	**20.000.000,00**
вкупно	**20.000.000,00**

V

Средствата во вкупен износ од 1.768.900,00 денари утврдени во дел III точка 1 од оваа програма ќе се користат за:

Намена	денари
1. Фитосанитарен мониторинг за семенски и меркантилен компир	280.350,00
2. Фитосанитарен мониторинг за овошни видови и винова лоза	1.118.150,00
3.1 Фитосанитарен мониторинг за градинарски култури, поледелски култури, украсни и шумски растенија	280.900,00
3.2 Фитосанитарен инспекциски мониторинг во расадници (на семенски и саден материјал)	64.700,00
4. Фитосанитарен мониторинг за тутун	24.800,00
вкупно	**1.768.900,00**

VI

Средствата во вкупен износ од 280.350,00 денари утврдени во дел V точка 1 од оваа програма фитосанитарен мониторинг за семенски и меркантилен компир ќе се користат за:

семенски и меркантилен компир				
штетен организам	растенија домаќини	број на примероци за анализа	единечна цена (денари)	вкупни трошоци (денари)
Ralstonia solanacearum & Clavibacter michiganensis ssp.sepedonicus	*Solanum tuberosum L.* (кртоли, цели растенија, почва и вода)	180	850	153.000,00
Synchytrium endobioticum	*Solanum tuberosum L.* (кртоли)	60	500	30.000,00
Globodera spp (Globodera pallida & Globodera rostochiensis)	*Solanum tuberosum L.* (кртоли, цели растенија и почва)	90	490	44.100,00
Scrobipalpopsis (Tecia) solanivora & Phthorimaea operculella	*Solanum tuberosum L.*	40	370	14.800,00
Epitrix cucumeris, E. papa sp. n., E. subcrinita, E. tuberis	*Solanum tuberosum L.*	40	370	14.800,00
Meloidogyne spp (Meloidogyne chitwoodi, Meloidogyne fallax)	*Solanum tuberosum L.* (кртоли, почва)	20	490	9.800,00
Potato spindle tuber viroid	*Solanum tuberosum L.*	5	2.770	13.850,00
вкупно				**280.350,00**

VII

Средствата во вкупен износ од 1.118.150,00 денари утврдени во дел V точка 2 од оваа програма фитосанитарен мониторинг за овошни видови и винова лоза ќе се користат за:

винова лоза и овошни видови				
штетен организам	растенија домаќини	број на примероци за анализа	единечна цена (денари)	вкупни трошоци (денари)
Xylella fastidiosa	*Vitis, Prunus, Olea europea*	70	850	59.500,00
Xylophilus ampelinus	*Vitis* L.	50	850	42.500,00
Tomato ringspot virus	*Rubus spp., Prunus spp., Vitis L.*	50	850	42.500,00
Tobacco ringspot virus	*Malus, Rubus spp. Vitis L.*	50	850	42.500,00
Слободно живеачки нематоди (Xiphinema spp., Cherry rasp leaf virus, Grapevine fanleaf; + 7xQP, Longidorus spp.)	почва (матични растенија, расадници)	20	490	9.800,00
Xiphinema americanum Cobb *sensu lato, X. californicum*	почва (матични растенија, расадници)	70	490	34.300,00
Grapevine flavescence dorée	*Vitis* L.	60	2.200	132.000,00
Scaphoideus titanus (вектор*GFD)*	*Vitis* L.	30	370	11.100,00
Erwinia amylovora	*Malus Mill., Pyrus L., Cydonia Mill., Amelanchier Med., Chaenomeles Lindl., Cotoneaster Ehrh., Crataegus L., Eriobotrya Lindl., Mespilus L., Photinia davidiana (Dcne.) Cardot, Pyracantha Roem. u Sorbus* L.	40	850	34.000,00
Aromia bungii	*Prunus* L.	5	370	1.850,00
Monilinia fructicola	*Prunus* L.	100	2.770	277.000,00
Ca. *Phytoplasma mali (Apple proliferation)*	*Malus* Mill.	30	2.200	66.000,00
Ca. *Phytoplasma pyri (Pear decline)*	*Pyrus* L.	20	2.200	44.000,00
Ca. *Phytoplasma prunorum (Apricot chlorotic leafroll, ESFY)*	*Prunus* L.	20	2.200	44.000,00
Xanthomonas arboricola pv.pruni	*Prunus* L.	30	2.770	83.100,00
Pseudomonas syringae pv.persicae	*Prunus persica* (L.) Batsch	30	1.080	32.400,00
Plum pox potyvirus	*Prunus* L.	100	850	85.000,00
Grapholita inopinata & *Grapholita (Cydia) molesta*	*Cydonia* Mill., *Malus* Mill., *Prunus* L., *Pyrus* L.	100	370	37.000,00
Grapholita packardi	*Prunus avium* L.	50	370	18.500,00
Ceratitis capitata	*Prunus persica, Citrus reticulata, Citrus sinensis, Mangifera indica*	5	370	1.850,00
Acidovorax citrulli	*Citrullus lanatus, Cucumis melo*	5	2.770,00	13.850,00
Alternaria mali	*Malus domestica*	5	1.080,00	5.400,00
вкупно				1.118.150,00

VIII

Средствата во вкупен износ од 280.900,00 денари утврдени во дел V точка 3.1 од оваа програма фитосанитарен мониторинг за градинарски култури, поледелски култури, украсни и шумски растенија ќе се користат за:

градинарски култури, поледелски култури, украсни и шумски растенија				
штетен организам	растенија домаќини	број на примероци за анализа	единечна цена (денари)	вкупни трошоци (денари)
Ditylenchus dipsaci	*Medicago sativa (семе), Allium, луковици (Camassia Lindl., Chionodoxa Boiss., Crocus flavus Weston, Galanthus L., Hyacinthus)*	10	490	4.900,00
Ditylenchus destructor	Solanum tuberosum, луковици	10	490	4.900,00
Clavibacter michignensis ssp. michiganensis	*Solanum lycopersicum* L. (семе и расад)	30	850	25.500,00
Xanthomonas campestris pv.vesicatoria	*Solanum lycopersicum* L., *Capsicum* spp.,	30	850	25.500,00
Anthonomus eugenii	*Capsicum* L.	5	370	1.850,00
Tomato yellow leaf curl begomovirus (вектор: Bemisia tabaci)	*Solanum lycopersicum* L. (растенија за садење, освен семе)	60	850	51.000,00
Chrysanthemum stem necrotic tospovirus	*Dendranthema* (DC.) Des Moul., *Solanum lycopersicum* L.,	5	850	4.250,00
Xanthomonas campestris pv. phaseoli	*Phaseolus* L.	20	850	17.000,00
Liriomyza sativae, Amauromyza maculosa	зелјести растенија	50	370	18.500,00
Liriomyza huidobrensis, Liriomyza trifolii	зелјести растенија	50	370	18.500,00
Bemisia tabaci (вектор на: *Tomato yellow leaf curl virus & QP, Melon yellowing-associated virus, Squash vein yellowing virus, Tomato mild mottle virus, Cowpea mild mottle virus, Lettuce infectious yellows virus)*	растенија за садење, други од латентни растенија, растенија од култура на тки во, семиња, луковици, кртоли, изданци и ризоми	70	370	25.900,00
Tuta absoluta	*Solanum lycopersicum* L.	50	370	18.500,00
Thrips palmi	зелјести растенија, плодови од Solanum melongena L., Momordica L., резано цвеќе од Orchidaceae	30	370	11.100,00
Spodoptera frugiperda	Capsicum L., Solanum melongena L., Zea mays (Momordica L., Solanum aethiopicum L., Solanum macrocarpon L.)	10	370	3.700,00
Spodoptera eridania, Spodoptera litura	*Dendranthema* (DC.) Des Moul., *Dianthus* L., *Pelargonium*	10	370	3.700,00
Spodoptera littoralis	*Dendranthema* (DC.) Des Moul., *Dianthus* L., *Pelargonium*	10	370	3,700.00

Helicoverpa armigera	*Dendranthema* (DC.) Des Moul., *Dianthus* L., *Pelargonium, Solanaceae*	30	370	11.100,00
Popillia japonica	Vitis, Malus, Prunus, Rubus, Juglans, Acer, Aesculus, Betula, Castanea, Glycine, Platanus, Populus, Rosa, Salix, Tilia, Ulmus	5	370	1.850,00
Agrilus anxius	*(растенија, дрво) Betula spp.*	5	370	1.850,00
Agrilus planipennis	*(растенија, дрво) Fraxinus L., Juglans ailantifolia Carr., Juglans mandshurica Maxim., Ulmus davidiana Planch., Pterocarya rhoifolia*	5	370	1.850,00
Anoplophora chinensis	(растенија, дрво) *Acer spp., Aesculus hippocastanum, Alnus spp., Betula spp., Carpinus spp., Citrus spp., Cornus spp., Corylus spp., Cotoneaster spp., Crataegus spp., Fagus spp., Lagerstroemia spp., Malus spp., Platanus spp., Populus spp., Prunus laurocerasus, Pyrus spp., Rosa spp., Salix spp. u Ulmus spp.;*	5	370	1.850,00
Anoplophora glabripennis	(растенија, дрво) *Acer spp., Aesculus spp., Alnus spp., Betula spp., Carpinus spp., Cercidiphyllum spp., Corylus spp., Fagus spp., Fraxinus spp., Koelreuteria spp., Platanus spp., Populus spp., Salix spp., Tilia spp. u Ulmus spp.*	5	370	1.850,00
Bursaphelenchus xylophilus	*(растенија, дрво) Abies Mill., Cedrus Trew, Larix Mill., Picea A. Dietr., Pinus L., Pseudotsuga Carr. u Tsuga Carr.;*	5	490	2.450,00
Thaumatotibia leucotreta	*плодови од Capsicum (L.), Prunus persica (L.) Batsch, Citrus L., освен Citrus limon & Citrus aurantiifolia, u Punica granatum*	5	370	1.850,00
Frankliniella occidentalis	*Begonia x hiemalis Fotsch, Capsicum annuum L., Chrysanthemum L., Gerbera L., Impatiens L. New Guinea Hybrids, Pelargonium L.*	20	370	7.400,00
Xanthomonas arboricola pv. corylina	*Corylus avellana*	5	850	4.250,00
Diabrotica virgifera virgifera	*Zea mays*	5	370	1.850,00
Erwinia stewartii (Pantoea stewartii)	*Zea mays*	5	850	4.250,00
вкупно				**280.900,00**

Средствата во вкупен износ од 64.700,00 денари утврдени во дел V точка 3.2 од оваа програма фитосанитарен инспекциски мониторинг во расадници (на семенски и саден материјал) ќе се користат за:

фитосанитарен инспекциски мониторинг во расадници (на семенски и саден материјал)				
штетен организам	**растенија домаќини**	**број на примероци за анализа**	**единечна цена (денари)**	**вкупни трошоци (денари)**
Quadraspidiotus perniciosus	*Juglans L., Prunus L., Ribes L.*	30	370	11.100,00
Pepino mosaic potexvirus	*Solanum lycopersicum L.*	50	850	42.500,00
Frankliniella occidentalis	*Begonia x hiemalis Fotsch, Capsicum annuum L., Chrysanthemum L., Gerbera L., Impatiens L. New Guinea Hybrids, Pelargonium L.*	30	370	11.100,00
вкупно				**64.700,00**

IX

Средствата во вкупен износ од 24.800,00 денари утврдени во дел V точка 4 од оваа програма фитосанитарен мониторинг за тутун ќе се користат за:

Тутун				
штетен организам	**растенија домаќини**	**број на примероци за анализа**	**единечна цена (денари)**	**вкупни трошоци (денари)**
Peronospora tabacina	*Nicotiana tabacum L.*	20	500	10.000,00
Ephestia ellutela	*Nicotiana tabacum L.*	20	370	7.400,00
Lasioderme sericorne	*Nicotiana tabacum L.*	20	370	7.400,00
вкупно				**24.800,00**

X

Средствата од дел IV на оваа програма во износ од 20.000.000,00 денари ќе се користат за:

Намена	денари
1. Во рамките на оваа намена предвидено е следново: - активности кои произлегуваат од законската регулатива од областа на фитосанитарната политика (Законот за здравјето на растенијата, Законот за производи за заштита на растенијата и Законот за квалитет и безбедност на ѓубриња, биостимулатори и подобрувачи на својствата на почвата), - зајакнување на институционалниот капацитет на надлежните служби вклучени во фитосанитарниот систем, како и лицата одговорни за здравје на растенијата, производителите и дистрибутерите на растенија и растителни производи, - одржување на Фитосанитарниот информациски систем, - следење, прогноза и дијагноза на карантински и економски штетни организми на земјоделски и шумски растенија, што подразбира активности за давање на јавни услуги од областа на здравјето на растенијата со Факултетот за земјоделски науки и храна и Земјоделскиот институт, како и со Шумарскиот факултет. Во овој дел вклучена е и набавка на мамци за одредени штетни организми и останата опрема за следење, прогноза и дијагноза на карантински и економски штетни организми на земјоделски и шумски растенија, како и дневни, транспортни и други трошоци; подготвување на насоки, упатства, брошури итн. за здравје на растенијата и одржлива употреба на производите за заштита на растенијата. - спроведување на фитосанитарни мерки во случај на појава и сузбивање на карантински и економски штетни организми на земјоделски и шумски растителни видови, - активности поврзани со обележување на Меѓународната година за здравје на растенијата 2020 (International Year for Plant Health - IYPH), - известување, дијагностицирање и прогнозирање на статусот со штетни организми и преземање на мерки за управување со кризи во случај на појава на истите и - пренесување на искуства и применливи техники од најновите научни достигнувања во областа на фитосанитарната политика.	17.000.000,00
2. Спроведување на активности за одобрување и оценување на производ за заштита на растенијата и финансирање на стручни комисии за регистрација на производи за заштита на растенијата, како и спроведување на активности за работа на стручните совети за здравјето на растенијата, производи за заштита на растенијата, педологијата, физиологијата на растенијата и агрохемијата.	2.000.000,00
3. Неподмирени обврски од 2019 година од Програмата за фитосанитарна политика во 2019 година.	1.000.000,00
Вкупно	20.000.000,00

XI

Реализацијата на фитосанитарниот мониторинг од деловите VI, VII, VIII и IX од оваа програма се врши со спроведување на здравствени прегледи согласно планови-те за следење и мониторинг на карантинските штетни организми.

XII

Средствата од оваа програма ќе се исплатуваат со решение од министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство.

XIII

За спроведување на оваа програма се грижи Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство - Фитосанитарна управа.

XIV

Оваа програма влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“, а ќе почне да се применува од 1 јануари 2020 година.

Бр. 45-10506/1
28 декември 2019 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Северна Македонија,
Зоран Заев, с.р.

_____

4392.

Врз основа на член 33 став 1 од Законот за извршување на Буџетот на Република Северна Македонија за 2020 година („Службен весник на Република Северна Македонија” бр.265/19), Владата на Република Северна Македонија, на седницата, одржана на 28 декември 2019 година, донесе

П Р О Г Р А М А
ЗА ИЗГРАДБА, ОПРЕМУВАЊЕ И ОДРЖУВАЊЕ НА ОБЈЕКТИ ЗА ДЕТСКА ЗАШТИТА ЗА 2020 ГОДИНА

I. Со оваа програма се уредува користењето на средствата утврдени во Буџетот на Република Северна Македонија за 2020 година за изградба, опремување и одржување на објекти за детска заштита во 2020 година.

Со оваа програма се планира финасирање на градежни работи за изградба на детски градинки, адаптација на простор за детски градинки, изведување на градежни работи за доградба и реконструкција на простор за детски градинки и набавка, испорака и монтажа на опрема за детски градинки, во рамки на обезбедените средства во Буџетот на Република Северна Македонија за 2020 година.

Средствата за реализација на оваа програма во вкупен износ од 105.000.000 денари се обезбедени од Буџетот на Република Северна Македонија за 2020 година, Раздел 150.01 – Министерство за труд и социјална политика, Потпрограма 3А - Изградба, опремување и одржување на објекти за детска заштита, и ќе се користат за следните намени:

- изведување на градежни работи за изградба на детска градинка и набавка, испорака и монтажа на опрема за детска градинка во општина Сопиште,

- изведување на градежни работи за изградба на детска градинка и набавка, испорака и монтажа на опрема за детска градинка во Општина Василево,

- изведување на градежни работи за реконструкција со адаптација на постоечки простор на детска градинка и набавка, испорака и монтажа на опрема во детска градинка во Општина Делчево,

- изведување на градежни работи за доградба на објект на детска градинка и набавка, испорака и монтажа на опрема во детска градинка во Општина Струмица,

- изведување на градежни работи за доградба на објект на детска градинка и набавка, испорака и монтажа на опрема во детска градинка во Општина Гостивар,

- изведување на градежни работи за доградба на објект на детска градинка и набавка, испорака и монтажа на опрема во детска градинка во Општина Ѓорче Петров,

- набавка, испорака и монтажа на опрема за детска градинка во Општина Гостивар с. Бањица,

- набавка, испорака и монтажа на опрема за детска градинка во Општина Свети Николе,

- изведување на градежни работи (машински инсталации) и набавка, испорака и монтажа на опрема за детска градинка во Општина Илинден,

- изведување на градежни работи за изградба на објект на детска градинка и набавка, испорака и монтажа на опрема за детска градинка во Општина Чаир,

II. Во 2020 година со средствата од Потпрограма 3А - Изградба, опремување и одржување на објекти за детска заштита ќе се измират и обврски за капитални инвестиции за детска заштита за проекти започнати во 2019 година.

III. Следење на спроведувањето на оваа програма врши Министерството за труд и социјална политика и по потреба доставува извештај до Владата на Република Северна Македонија.

IV. Оваа програма влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“, а ќе отпочне да се применува од 1 јануари 2020 година.

Бр. 45-10510/1
28 декември 2019 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Северна Македонија,
Зоран Заев, с.р.

4393.

Врз основа на член 7 став (5) од Законот за ловството („Службен весник на Република Македонија” бр. 26/09, 136/11, 1/12, 69/13, 164/13, 187/13, 33/15, 147/15, 193/15 и 83/18), Владата на Република Северна Македонија, на седницата, одржана на 28 декември 2019 година, донесе

П Р О Г Р А М А
ЗА РАЗВОЈ И УНАПРЕДУВАЊЕ НА ЛОВСТВОТО И ЗА ОДГЛЕДУВАЊЕ И ЗАШТИТА НА ДИВЕЧОТ ПОД ЗАШТИТА ВО РЕПРОЦЕНТРИТЕ ЗА 2020 ГОДИНА

I

Со оваа програма се утврдува видот и обемот на активностите кои ќе се финансираат со средствата од Буџетот на Република Северна Македонија за 2020 година (“Службен весник на Република Северна Македонија” бр. 265/19), извршителите на работата, изворот и износот на средствата, како и начинот на користење на средствата за развој и унапредување на ловството и за одгледување и заштита на дивечот под заштита во репроцентрите за 2020 година.

II

За извршување на активностите од дел I на оваа програма, предвидени се средства во Буџетот на Република Северна Македонија за 2020 година, раздел 14001 - Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство, Програма 2-Шумарство, Потпрограма 20-Шумарство, Ставка 485 – Вложувања и нефинансиски средства, во износ од 2.400.000,00 денари и тоа за:

ВИД НА МЕРКА	КРИТЕРИУМ И ВИСИНА НА ПОДДРШКА	ВКУПНО ИЗДВОЕНИ СРЕДСТВА
Финансиска поддршка за развој и унапредување на ловството		
Исполнување на обврските на Владата на Република Северна Македонија за управување на државните ловишта Лешница, Полаки, Јасен и Јасен I		
А. Финансирање на трошоци за храна на дивечот	Критериум: - *потпишан договор за управување со дивечот во ловиште* Висина на поддршка: *50% од трошоците*	2.400.000,00
Б. Финансирање на трошоци за изградба на ловнотехнички објекти (хранилишта, солишта, појилишта и др.).	Критериум: - *потпишан договор за управување со дивечот во ловиште* Висина на поддршка: *50% од трошоците*	
ВКУПНО:		**2.400.000,00**

III

Финансиските средства од оваа програма ги користат управувачите со дивечот во државните ловишта.

IV

Исплатата на средства се врши согласно договорот за управување со дивечот во државното ловиште потпишан помеѓу Владата на Република Северна Македонија и управувачите со државните ловишта.

V

Оваа програма влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“, а ќе отпочне да се применува од 1 јануари 2020 година.

Бр. 45-10512/1
28 декември 2019 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Северна Македонија,
Зоран Заев, с.р.

4394.

Врз основа на член 96 од Законот за шумите („Службен весник на Република Македонија“ бр.64/09, 24/11, 53/11, 25/13, 79/13, 147/13, 43/14, 160/14, 33/15, 44/15, 147/15, 7/16 и 39/16), Владата на Република Северна Македонија, на седницата, одржана на 28 декември 2019 година, донесе

П Р О Г Р А М А
ЗА ПРОШИРЕНА РЕПРОДУКЦИЈА НА ШУМИТЕ ЗА 2020 ГОДИНА

I

Со оваа програма, согласно Буџетот на Република Северна Македонија за 2020 година („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.265/19), Раздел 14001 - Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство, Програма 2 - Шумарство, Потпрограма 20 - Шумарство, Ставка 485 – Вложувања и нефинансиски средства, се утврдува изворот и износот на средствата, видот и обемот на работите и мерките кои ќе се финансираат, извршителите на работите, како и начинот на исплата на средствата за извршени работи во 2020 година.

II

За извршување на работите и мерките од дел I на оваа програма, се утврдува изворот и износот на средствата и тоа:

Ред. број	Извор	Износ (денари)
1.	Буџет на Република Северна Македонија	15.600.000,00
Вкупно:		15.600.000,00

III

Средствата од дел II на оваа програма во износ од 15.600.000,00 денари ќе се користат за следните работи/мерки:

Ред. бр.	Вид на работа / мерка	Извршител	Количина и единечна мерка	Цена по единечна мерка (денари)	Износ (денари)
1.	**Пошумување на голини и ерозивни земјишта**				
	Во државна сопственост				
1.1	**Во приватна сопственост**	ЈП „Национални шуми“ сопственици на приватни шуми	70,00 ха	85.000,00	5.950.000,00
1.2			25,00 ха	85.000,00	2.125.000,00
2.	**Отстранување на последиците од шумски пожари на површина над 50 ха во рамките на една шумско стопанска единица преку вештачка обнова**	ЈП „Национални шуми“	59,25 ха	100.000,00	5.925.000,00
3.	**Заштита на шумите и шумските култури од растителни болести и штетници**				
3.1	Превентивна заштита на шумите и шумските култури преку организирана Извештајно дијагнозно прогнозна служба (ИДП служба)	Шумарски факултет - Скопје	/	/	800.000,00
3.2	Следење на здравствената состојба на шумите на биоиндикаторските точки на територијата на Република Македонија	Шумарски факултет- Скопје	/	/	200.000,00
3.3	Заштита на костеновите шуми од болести (рак на костенот)	Шумарски факултет - Скопје	/	/	600.000,00
				Вкупно:	**15.600.000,00**

Пошумување на голини и ерозивни земјишта со садници од точка 1 потточка 1.1 од табелата ќе се врши првенствено на локации со поголеми површини и кои се во состав или во непосредна близина на постоечките шуми, а пошумување на голини и ерозивни земјишта со садници од точка 1 потточка 1.2 од табелата, ќе се врши на локации кои се поголеми од 0,50 ха.

Отстранување на последиците од шумски пожари од точка 2 од табелата, ќе се врши на површини над 50 ха во рамките на една шумско стопанска единица преку вештачка обнова со пошумување со садници.

За реализација на мерките од точките 1 и 2 од табелата, извршителите на работите доставуваат до Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство оперативно - стручни програми, во кои се наведуваат основните податоци за локалитетот и подетални податоци за обемот и видот на работата, техниката, времето на реализација на работите и други важни податоци.

Заштита на шумите и шумските култури од растителни болести и штетници од точка 3 потточки 3.1 и 3.2 од табелата, ќе се врши со превентивна заштита на шумите и шумските култури од потенцијални штетници кои можат да загрозат поголеми шумски простори, организирана преку Извештајно дијагнозно прогнозната служба (ИДП служба) за шумите во Република Северна Македонија и преку следење на состојбата на шумите на биоиндикаторските точки поставени на 16-километарска мрежа на територијата на Република Северна Македонија. Шумарскиот факултет – Скопје, до Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство, ќе достави Извештај за здравствената состојба на шумите во Република Северна Македонија за 2019 година, со предлог мерки и Извештај за здравствената состојба на шумите на биоиндикаторските точки на територијата на Република Северна Македонија за 2019 година.

Заштитата на костеновите шуми од болести (рак на костенот) од точка 3 потточка 3.3 од табелата, ќе се врши со соодветно третирање на болеста-рак на питомиот костен. За таа цел Шумарскиот факултет-Скопје ќе достави до Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство стручно- оперативна програма за спроведување на мерката, а по извршената работа, ќе достави извештај за соодветното третирање на болеста на питомиот костен, со препораки за понатамошно делување.

IV

Исплата на средствата за реализација на работите од дел III, ќе се врши врз основа на склучени договори помеѓу Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство и извршителите на работите и врз основа на документација за извршени работи.

Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство на извршителите на работите од точка 3 потточки 3.1 и 3.2 од табелата, за вршење на теренски увиди на локалитети на цела територија на Република Северна Македонија за следење на здравствената состојба на шумите и шумските култури од болести и штетници, ќе им исплати аванс во висина од 30% од утврдената сума, а на извршителот на работите од пот-

точка 3.3 од табелата, ќе му исплати аванс во висина од 50% од утврдената сума, по потпишување на договорите.

Во случај на неисполнување на активностите за кои авансно се исплатуваат средствата, извршителот на работите добиените средства ги враќа во Буџетот на Република Северна Македонија на начин утврден во договорите.

V

Оваа програма влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“, а ќе отпочне да се применува од 1 јануари 2020 година.

Бр. 45-10514/1
28 декември 2019 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Северна Македонија,
Зоран Заев, с.р.

_____

4395.

Врз основа на член 42 став 2 од Законот за квалитет и безбедност на ѓубриња, биостимулатори и подобрувачи на својствата на почвата („Службен весник на Република Македонија“ бр. 27/14, 154/15 и 39/16), Владата на Република Северна Македонија, на седницата, одржана на 28 декември 2019 година, донесе

П Р О Г Р А М А
ЗА СПРОВЕДУВАЊЕ НА МОНИТОРИНГ ВО ОБЛАСТА НА ПРОИЗВОДСТВОТО, ПРЕРАБОТКАТА, СКЛАДИРАЊЕТО, ДИСТРИБУЦИЈАТА, УПОТРЕБАТА И СООБРАЗНОСТА НА ЃУБРИЊАТА, БИОСТИМУЛАТОРИТЕ И ПОДОБРУВАЧИТЕ НА СВОЈСТВАТА НА ПОЧВАТА, КАКО И КОНТРОЛА НА КВАЛИТЕТОТ НА ЃУБРИЊАТА, БИОСТИМУЛАТОРИТЕ И ПОДОБРУВАЧИТЕ НА СВОЈСТВАТА НА ПОЧВАТА ЗА 2020 ГОДИНА

I

Со оваа програма се спроведува мониторинг на производството, преработката, складирањето, дистрибуцијата, употребата и сообразноста на ѓубриња, биостимулаторите и подобрувачите на својствата на почвата, како и контрола на квалитет на ѓубриња, биостимулаторите и подобрувачите на својствата на почвата, односно видовите на мониторинг, видовите и типовите на ѓубриња, биостимулатори и подобрувачи на својствата на почвата, вкупниот број на мостри за временскиот период на реализација на активностите и субјектите кои ќе ја спроведуваат програмата.

II

Средствата за реализација на оваа програма во износ од 398.160,00 денари се утврдени во Раздел 140.01- Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство, Програма 5- Заштита на растенијата и семе и саден материјал, Потпрограма 51- Заштита на растенијата, ставка 46 Субвенции и траснфери, подставка 464 Разни трансфери, сметка 637.

III

Средствата утврдени во дел II од оваа програма ќе се користат за:

1. Мониторинг на производство на ѓубриња, биостимулаторите и подобрувачите на својствата на почвата во износ од 97.410,00 денари; и

2. Мониторинг при внатрешен промет на ѓубриња, биостимулатори и подобрувачи на својствата на почвата, кој опфаќа земање на мостри од неоргански и органски ѓубриња, биостимулатори и подобрувачи на својствата на почвата, како и исполнување на квалитетот и сообразноста на компоненти со декларираните податоци во износ од 300.750,00 денари.

Вкупниот број на мостри кои ќе бидат земени и анализирани изнесува 82 мостри.

IV

Средствата од дел III точка 1 од оваа програма ќе се користат за:

тип на ѓубре	вкупен број на мостри	цена на единечна мостра со вклучен ДДВ (18%) во денари	планирани средства од буџетот (денари)
еднокомпонентни неоргански ѓубриња (еден елемент)	2	2.950,00	5.900,00
двокомпонентни неоргански ѓубриња (два елементи)	2	4.130,00	8.260,00
трокомпонентни неоргански ѓубриња (три елементи N + P + K)	5	4.720,00	23.600,00
трокомпонентни неоргански ѓубриња со присуство на 1 секундарен макроелемент или микроелемент	1	5.220,00	5.220,00
трокомпонентни неоргански ѓубриња со присуство на 4 секундарни макроелементи или микроелементи	3	6.720,00	20.160,00
трокомпонентни неоргански ѓубриња со присуство на 6 секундарни макроелементи или микроелементи	1	7.720,00	7.720,00
органски ѓубриња	5	5.310,00	26.550,00
вкупно	**19**		**97.410,00**

V

Средствата од дел III точка 2 од оваа програма ќе се користат за:

тип на ѓубре	вкупен број на мостри	цена на единечна мостра со вклучен ДДВ (18%) во денари	планирани средства од буџетот (денари)
еднокомпонентни неоргански ѓубриња (еден елемент)	10	2.950,00	29.500,00
двокомпонентни неоргански ѓубриња (два елементи)	15	4.130,00	61.950,00
трокомпонентни неоргански ѓубриња (три елементи N + P + K)	10	4.720,00	47.720,00
трокомпонентни неоргански ѓубриња со присуство на 1 секундарен макроелемент или микроелемент	5	5.220,00	26.100,00
трокомпонентни неоргански ѓубриња со присуство на 2 секундарни макроелементи или микроелементи	5	5.660,00	28.300,00
трокомпонентни неоргански ѓубриња со присуство на 3 секундарни макроелементи или микроелементи	5	6.220,00	31.100,00
трокомпонентни неоргански ѓубриња со присуство на 4 секундарни макроелементи или микроелементи	5	6.720,00	33.600,00
органски ѓубриња	8	5.310,00	42.480,00
вкупно	**63**		**300.750,00**

VI

За реализација на оваа програма се грижи Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство - Фитосанитарна управа.

Спроведувањето на мониторинг во областа на производството, преработката, складирањето, дистрибуцијата, употребата и сообразноста на ѓубриња, биостимулаторите и подобрувачите на својствата на почвата ја координира Фитосанитарната управа, мострите ги земаат Државните инспектори за земјоделство, а лабораториските анализи ги спроведуваат акредитирани лаборатории во Република Северна Македонија.

VII

Средствата од деловите IV и V на оваа програма ќе се исплаќаат врз основа на решение на министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство, по претходно доставен извештај за спроведените активности.

VIII

Оваа програма влегува на сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“, а ќе отпочне да се применува од 1 јануари 2020 година.

Бр. 45-10515/1
28 декември 2019 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Северна Македонија,
Зоран Заев, с.р.

4396.

Врз основа на член 57 став (2) од Законот за семенски и саден материјал за земјоделски растенија („Службен весник на Република Македонија” бр.39/06, 89/08, 171/10, 53/11, 69/13, 187/13, 43/14, 129/15, 39/16, 71/16 и 83/18), Владата на Република Северна Македонија, на седницата, одржана на 28 декември 2019 година, донесе

П Р О Г Р А М А
ЗА СЕМЕ И САДЕН МАТЕРИЈАЛ ВО 2020 ГОДИНА

I

Со оваа програма се спроведува внесување на сорти на земјоделски растенија во националната сортна листа и постконтрола над производството на сертифициран семенски и саден материјал од земјоделски растенија.

II

Средствата од оваа програма во износ од 1.500.000,00 денари се обезбедуваат од:

	денари
Буџетот на Република Северна Македонија за 2020 година, Раздел 14001, Програма 5, Потпрограма 52, Категорија 46 - Субвенции и трансфери, Ставка 464 - Разни трансфери	**1.500.000,00**

III

Средствата утврдени во дел II на оваа програма ќе се користат за:

Намена	**денари**
1. Финансиска поддршка за внесување на сорти на земјоделски растенија во националната сортна листа	**410.000,00**
2.Финансиски средства за постконтрола на партии семе од домашно производство и увезени партии на семе	**676.000,00**
3. Неподмирени обврски на Управата за семе и саден материјал за извршена постконтрола на партии семе од домашно производство и увезени партии на семе од 2019 година	**414.000, 00**
ВКУПНО	**1.500.000,00**

IV

Средствата од дел III точка 1 на оваа програма во износ од 410.000,00 денари ќе се користат за:

Намена	денари
- Испитување на сорти од разни видови на земјоделски растенија на отворено поле и заштитен простор	200.000,00
- Надоместок за работата на Комисијата за национална сортна листа	150.000,00
- Статистичка обработка на добиените резултати од испитувања на сортите	60.000,00
Вкупно	**410.000,00**

Средствата од дел III точка 2 на оваа програма во износ од 676.000,00 денари ќе се користат за:

Намена	денари
- Организирање на постконтрола во опитни полиња на репрезентативен примерок од партии на семе, вклучувајќи и увезени партии на семе	416.000,00
- Електронска база на податоци за упис во регистри на снабдувачи со семенски и саден материјал, евиденција на производство и постконтрола	260.000,00
Вкупно	**676.000,00**

Средствата од дел III точка 3 на оваа програма во износ од 414.000,00 денари ќе се користат за:

Намена	денари
- Неподмирени обврски за извршена постконтрола на партии семе од домашно производство и увезени партии на семе од 2019 година	414.000,00
Вкупно	**414.000,00**

V

Исплатата на средствата од оваа програма ја врши Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство.

Исплатата на средствата од оваа програма се врши врз основа на:

а) договор што го склучува министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство со правно лице за намените од дел IV став (1) алинеи 1 и 3, ставови (2) и (3) од оваа програма и

б) решение на министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство за намена од дел IV став (1) алинеја 2 од оваа програма.

VI

Средствата од оваа програма се неповратни.

VII

Оваа програма влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“ , а ќе отпочне да се применува од 1 јануари 2020 година.

Бр. 45-10526/1
28 декември 2019 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Северна Македонија,
Зоран Заев, с.р.

4397.

Врз основа на член 20 став 2 од Законот за заштита на децата („Службен весник на Република Македонија“ бр. 23/13, 12/14, 44/14, 144/14, 10/15, 25/15, 150/15, 192/15, 27/16, 163/17, 21/18 и 198/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 104/19 и 146/19) и член 35 од Законот за извршување на Буџетот на Република Северна Македонија за 2020 година („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 265/19), Владата на Република Северна Македонија, на седницата, одржана на 28 декември 2019 година, донесе

П Р О Г Р А М А
ЗА РАЗВОЈ НА ДЕЈНОСТА ЗА ЗАШТИТАТА НА ДЕЦАТА ЗА 2020 ГОДИНА

I.Вовед

Заштитата на децата како систем на организирани мерки и активности на државата за грижа и заштита на децата се остварува согласно со Законот за заштита на децата и подзаконските акти.

Развојот на дејноста за заштитата на децата се утврдува со оваа програма која е во функција на спроведување и унапредување на системот на заштитата на децата. Остварувањето на оваа програма е во согласност со утврдените програми со Буџетот на Република Северна Македонија за 2020 година, како и врз основа на одредбите во Законот за извршување на Буџетот на Република Северна Македонија за 2020 година во делот на надоместоците за детска заштита.

II. Цели и приоритети на развојот на заштитата на децата

Основна цел на дејноста заштита на децата и во текот на 2020 година е обезбедување на услови за оптимален опфат на децата во системот на правата за заштита на децата, како и на зголемен опфат на децата со згрижување и воспитание на децата од предучилишна возраст, целосно и рационално искористување на просторните, кадровските и другите ресурси, како и на создадените услови за други форми на згрижување и воспитание на популацијата деца до 6 години живот.

Активностите во насока на подобрување на заштитата на децата во 2020 година ќе бидат насочени кон остварување на следните основни задачи:

- заокружувањето на процесот на децентрализацијата во дејноста заштита на децата ќе продолжи преку соработка со органите на единиците на локалната самоуправа, односно со продолжување на давањето поддршка за основање на општински детски градинки со цел самостојно функционирање на објектите на јавните установи за деца кои се лоцирани на нивната општина, како и основање на нови јавни установи за деца со помал капацитет и усогласен со потребите на општината, давање поддршка на општините и општините во градот Скопје во создавањето и обезбедувањето на нови или дополнителни просторни услови – детски градинки/центри за ран детски развој за давање услуги згрижување и воспитание на деца од предучилишна возраст, давање на препораки и насоки и воспоставување на партнерски однос во реализирање на развојот на дејноста;

- плурализација во дејноста преку функционирање на приватниот сектор со основање на нови приватни установи за деца, како и во рамките на со закон создадените услови за давање можност и на други физички и правни лица да вршат одредени работи од дејноста згрижување и воспитание на децата од предучилишна возраст како професионална дејност со посебен акцент на: функционирањето на вршењето на одредени работи од дејноста на физички лица во давањето услуги чување и нега на деца од предучилишна возраст (до пет деца) од страна на физичко лице ангажирано од страна на родител, (со склучување на договори за начинот на вршењето на услугата); функционирање на агенции основани од домашни физички и правни лица за давање услуги на повик за чување и нега на деца од предучилишна возраст, од страна на ангажирани квалификувани и лиценцирани лица;

- изградба на нови објекти, доградба, реконструкција и одржување на објектите во дејноста на заштитата на децата, со приоритетно, целосно и рационално искористување на сите кадровски, просторни и други ресурси, како и развој на разни видови програми за дејноста со различно траење и цена на чинење;

- обезбедување на поквалитетни услуги во јавните детски градинки со воведување на други програмски активности, од областа на културата, издавачката, згрижувачката и воспитната дејност, екологијата, уметноста, здравиот начин на живот, рекреативни и слободни активности и спорт, според нови програми;

- унапредување на инклузивната пракса во установите за деца (детски градинки) преку формирање на мултидисциплинарни/инклузивни тимови во советувалиштата за родители и деца во јавните установи за деца;

- подобрување на квалитетот на раното учење и развој во установите за згрижување и воспитание на деца - во соработка со канцеларијата на УНИЦЕФ во Скопје и со поддршка на Британската влада ќе продолжи имплементирањето на програмата за подобрување на квалитетот на раното учење и развој во установите за згрижување и воспитание на деца;

- подобрување на системот на вработување како и унапредување на постапката за обновување и продолжување на лиценците за работа во дејноста згрижување и воспитание на деца;

- подигање на материјалниот стандард на стручниот и друг кадар и на директорите во јавните установи за деца преку системот на плати, унапредување и кариерен развој;

- со поддршка на УНИЦЕФ ќе продолжат отпочнатите активности за електронско поврзување на јавните установи за деца со Министерството за труд и социјална политика во делот на водење на педагошката евиденција и документација и реализација на програмските активности како и ќе се отпочне со активности за давање можност за електронско аплицирање за запишување на децата од предучилишна возраст во јавните установи за деца и

-имплементирање на унапредените социјални услуги со финансиска поддршка, кредит од Меѓународна банка за обнова и развој - Светка банка, кој проект има за цел да го подобри пристапот до услуги за згрижување и воспитание на деца од предучилишна возраст и пристапот до социјалните надоместоци и услуги. Преку компонентата за проширување на пристапот и подобрување на квалитетот на предучилишните услуги ќе се зголеми пристапот до квалитетни предучилишни услуги за децата од 3 до 6 години низ целата земја, со посебен акцент на децата од ранливите групи и децата за попреченост. Проектот ќе вклучува и проширување

на капацитетите за предучилишно воспитание и образование преку изградба на нови објекти, пренамена или надградба на постоечката инфраструктура за предучилишни програми. Исто така ќе се имплементираат активности за зголемување на квалитетот на услугите за установите за деца-детски градинки/центри за ран детски развој преку унапредување на програмите, обуки на кадарот и друго;

- обезбедување на редовна и навремена исплата на со законот утврдени парични права за децата.

1.Права за заштита на децата

Правата за заштита на децата како парични надоместоци, под услови утврдени со Законот за заштита на децата ги обезбедува државата со средства од Буџетот на Република Северна Македонија.

Поголем обем на права од определените права во Законот може да обезбеди општината, општината во Градот Скопје и Градот Скопје доколку за тоа обезбеди средства од сопствени извори.

Паричните надоместоци согласно Законот се остваруваат како право на: детски додаток, додаток за образование, посебен додаток, еднократна парична помош за новороденче, партиципација и на родителски додаток за дете согласно Законот се остваруваат како права за заштита на децата и истите имаат за цел преку обезбедувањето на материјална помош на родителите да им помогнат за издржување, подигање, грижа и заштита на детето.

Во рамките на средствата утврдени со Буџетот на Република Северна Македонија за 2020 година се предвидува парични примања на деца да користат во просек повеќе од 100.000 деца, како придонес во остварувањето на примарната одговорност на родителите во обезбедувањето на услови за живот, потребен за развој на детето, односно животен стандард што одговора на неговиот физички, ментален, душевен, морален и социјален развој.

2. Облици на заштита на децата

а) Згрижување и воспитание на децата од предучилишна возраст - како дејност се организира за згрижување, престој, нега, исхрана, воспитание, образование, спортско-рекреативни, културно-забавни активности, мерки и активности за подобрување и зачувување на здравјето и за поттикнување на интелектуалниот, емоционалниот, физичкиот, менталниот и социјалниот развој на детето до 6 години живот, односно до вклучување во основното образование и се обезбедува и остварува во детска градинка.

Дејноста се остварува и во центри за ран детски развој, кои спроведуваат програма за рано учење и развој на деца од предучилишна возраст од три до шест години, односно до поаѓање во основно училиште.

Одредени работи од дејноста згрижување и воспитание на деца, можат да вршат и правни и физички лица.

Дејноста на детските градинки ќе се остварува преку организирање и спроведување на програми кои според времетраењето на програмата се програми за: целодневен престој, полудневен престој, скратени програми, пилот програми, програма за продолжен престој, вонинституционални форми на активности со деца, а во центрите за ран детски развој според времетраењето ќе се организираат и спроведуваат скратени програми за деца од 3 до 6 години во траење од три часа дневно, со флексибилно работно време според потребите на родителите и заедницата.

Во состав на јавна детска градинка ќе се формираат советувалишта за деца и родители, во функција на социјализација на децата и рано откривање на пречки и проблеми во раниот детски развој како и пружање помош на родителите.

Мрежа на установи за децата

Згрижувањето и воспитанието на децата од предучилишна возраст на почетокот на 2020 година ќе се остварува во вкупно 71 јавни установи за деца - детски градинки распоредени во 60 општини. Покрај тоа во 21 општина ќе функционираат 41 група за згрижување на деца во други просторни услови и тоа: во состав на детската градинка „23 Август“–Берово во с. Смојмирово (Општина Берово), во состав на детската градинка „7 Септември“- Пехчево во селата Робово, Умлена,Чифлик, Црник и Панчарево; во состав на детската градинка „Гоце Делчев“–Виница во с.Блатец, во с. Трсино; во состав на детската градинка „Естреја Овадија Мара“–Битола во селата Бистрица, Кукуречани и Долно Оризари; во состав на детската градинка „8 Март“- Кисела Вода во с. Зелениково во Општина Зелениково; во состав на детската градинка „Ацо Караманов“- Радовиш во с. Воиславци и с Калуѓерица. с. Ињево и во с. Ораовица; во состав на детската градинка „Калинка”- Валандово во Пирава; во состав на детската градинка „Младост“ Тетово во с.Нераште (Општина Теарце) и во с.Боговиње (Општина Боговиње); во состав на детската градинка „Наша Иднина“ Прилеп во с.Тополчани, с. Беровци, с. Канатларци и с. Големо Коњари (Општина Прилеп), во состав на детската градинка „11 Септември“ Ресен во с.Јанковец (Општина Ресен); во состав на детска градинка „Фемо Кулаков“ Неготино во с.Криволак, с. Тремник и с.Пепелиште (Општина Неготино); во состав на детска градинка „Павлина Велјанова“-Кочани во с. Бели (Општина Кочани), во состав на детска градинка „Детелинка“–Крива Паланка во с. Ранковце (Општина Ранковце); во состав на детска градинка „Димче Мирчев“- Велес во с.Градско (Општина Градско), во состав на детска градинка „Јасна Ристеска “-Охрид во с. Велгошти, с.Лескоец, с. Пештани и во населба Радојца Новачиќ и во состав на детска градинка „Брешиа “- Дебар во с. Могорче и с. Скудриње (Општина Маврово – Ростуше); во состав на детска градинка „Рахилка Гонева“ – Свети Николе и во состав на детска градинка „Ангел Шајче“–Куманово во с. Младо Нагоричане (Општина Старо Нагоричане), Росоман во склоп на детска градинка „Праскичка“– Росоман, Кавадарци с. Марена во состав на детската градинка „Рада Поцева“, Кичево во с. Пласница во состав на детска градинка „Олга Мицевска“ .

Во рамките на 13 јавни општински установи за деца има 35 центри за ран детски развој и тоа во: „Буба Мара“ Аеродром - Скопје во с.Д.Лисиче; „Гоце Делчев“- Пробиштип во с. Ратовица; „Детска радост“– Гостивар во с. Дебреш, н. Циглана, с. Равен и с. Форино, Општина Гостивар; „Младост“– Тетово во с. Фалиште, с. Селце, Голема Речица, н.м. Поток ,н.м. Теќе , с. Шипковица, с. Бродец и с. Гајре Општина Тетово; во подрачното ОУ „Димитар Влахов“, Општина Штип, во состав на ЈОУДГ „Астибо„- Штип и во состав на ЈОУДГ „Вера Цировири Трена“ – Штип; во н.м Шеин Маале, с. Јаргулица, с. Подареш, с. Злеово и с. Покрајчево во Општина Радовиш, во состав на ЈОУДГ „Ацо Караманов”- Радовиш; во подрачното ОУ „Тоше Перев“ с. Десово, Општина Долнени и во н.м. Тризла во состав на ЈОУДГ „Наша Иднина“ - Прилеп; во состав на ЈОУДГ “Анѓел Шајче“-Куманово во ОУ „11 Октомври“ и во ОУ „Х.Т.Карпош“ во Општина Куманово; во Општина Битола во состав на ЈОУДГ „Мајски цвет“-Битола во просториите на ОУ „Ѓорги Сугарев“ и УЗ „Таки Даскало“ и во состав на ЈОУДГ „Естреја Овадија Мара“-Битола во с. Горно Оризаре, с. Карамани и с. Логоварди; во Општина Виница во состав на ЈОУДГ „Гоце Делчев“ – Виница во с. Лески, во Кочани во состав на детска градинка „Павлина Велјанова“ во с. Тркање, и во Крушево во состав на детска градинка „Гонџа Туфа“ во н,м Буџим а има и три јавни центри за ран детски развој и тоа во: објект во с. Конче, Општина Конче, објект во о. Жупа, објект во О. Могила.

Во текот на 2020 година, како резултат на исполнетите услови со Законот и со Правилникот за стандардите и нормативите за вршење на дејноста на установите за деца, ќе се зголеми бројот на јавни детски градинки.

Згрижувањето и воспитанието на деца од предучилишна возраст на почетокот во 2020 година ќе се остварува во 26 приватни установи за деца-детски градинки, во пет приватни установи за деца-центри за ран детски развој и пет детски градинки организирани како организациони единици во состав на правни лица и две во рамки на приватни средни училишта.

Трендот на зголемување на опфатот на децата ќе продолжи и во 2020 година со адаптација од страна на Министерството за труд и социјална политика на други просторни услови (основни училишта и други просторни услови) во детски градинки во рурални средини, формирање на групи на деца во други просторни услови кои би функционирале во состав на постојните општински јавни установи – детски градинки.

Во 2020 година максималното подобрување и приближување на квалитетот на згрижувањето и воспитанието на децата од предучилишна возраст ќе биде и преку зголемен опфат на децата, а особено со акцент на децата од 3 до 6 години од руралните средини со отворање на групи во други просторни услови и на центри за ран детски развој (како јавни установи за деца или како објекти во состав на јавните општински детски градинки).

Со цел за поцелосно искористување на капацитетите во јавните детски градинки, ќе се продолжи со обезбедувањето престој и исхрана и за деца од над шест години, односно од поаѓање во основно училиште до десет години возраст.

Согледувајќи го значењето на раниот детски развој на децата особено за децата од ранливите групи на населението, во рамки на Декадата на Ромите и во 2020 година, ќе продолжи да се имплементира проектот „Инклузија на деца Роми во јавните предучилишни установи”.Финансирањето на овој проект се реализира со средства на Министерството за труд и социјална политика, РЕФ (Ромски едукативен фонд) и со средства на единиците на локалната самоуправа.

Во рамки на мултикултурализмот и почит кон различностите и во 2020 година, во јавните установи за деца – детски градинки од општини со различен етнички состав ќе продолжат да се реализираат активностите за почитување на разликите и градењето на мир, директна работа со децата и родителите, пилотирање на прирачници и сл. во правец на истакнување на важноста на мултикултурализмот преку градење култура на мир и почитување на различностите низ инклузивен процес за ран детски развој.

Вработени во јавните установи за деца-детски градинки

Дејноста згрижување и воспитание на деца од предучилишна возраст ќе ја вршат даватели на јавни услуги - негователи, воспитувачи, стручни соработници (музички педагози, ликовни педагози, по физичко воспитание, странски јазик и книжевност, виши медицински сестри) и стручни работници (педагог, психолог, социјален работник, дефектолог/специјален едукатор и рехабилитатор, логопед, доктор на медицина и доктор на стоматологија), административни работници (правник, економист, сметководител, и др.) и помошно-технички лица (готвачи, пом.готвачи, хигиеничари и др.).

Во 2020 година се очекува статусната структура на вработените во детските градинки да се подобри и ќе се продолжи со решавање на недостатокот на кадарот неопходен за вршење на дејноста згрижување и воспитание на деца од предучилишна возраст во установите за деца како и со зајакнување на стручните служби со соодветен стручен кадар, а се со цел подигање на квалитетот на услугите. Оваа определба треба да биде во контекст на имплементацијата на политиката на Владата на Република Северна Македонија за преземање на дополнителни мерки и активности за поголема грижа и заштита за најмладата популација, како и определбата за зголемен опфат на деца .

Во функција на подигнување на квалитетот на услугите, ќе продолжи да се врши лиценцирање на стручниот кадар и на раководниот кадар, а ќе се организираат и обуки за вработените за прашања кои се во функција на поквалитетна заштита на децата.

Воспоставувањето на професионалниот развој ќе се заснова на професионални компетенции за сите вработени. Дефинирањето на компетенциите ќе се одвива во две фази. Првата фаза е изработка на компетенции за воспитувачи кој ќе се изработат во соработка со Канцеларијата на УНИЦЕФ во Скопје. Втората фаза ќе подразбира дефинирање на компетенциите за: директори, негователи, стручни работници, и стручни соработници. Овие активности ќе се реализираат во рамки на ИПА 2017.

Изградба, опремување и одржување на објектите за заштита на децата

Проширувањето на мрежата на јавните установи за деца - детски градинки во 2020 година ќе се реализира согласно со Програмата за изградба, опремување и одржување на објекти за детска заштита.

Се предвидува акцент да се стави на руралните населби, но и во општини каде капацитетите се под потребите на родителите и децата за овој вид на заштита во функција на поцелосен опфат на оваа популација деца од предучилишна возраст, со посебен акцент на опфатот на генерацијата деца од пет до шест години живот.

Проширувањето на мрежата на јавните детски градинки ќе се поддржи од страна на Министерството за труд и социјална политика со процесот на преадаптација на слободни простории во детски градинки во рурални средини и групи/објекти во други просторни услови.

Со цел понатамошно унапредување, подобрување и зачувување на здравјето и поттикнување на интелектуалниот, емоционалниот, физичкиот, менталниот и социјалниот развој на детето до 6 години живот и во 2020 година ќе се инвестира во изградбата на детски градинки и адаптација и реконструкција на постоечки објекти во детските градинки. Во рамки на расположливите материјални можности во дел од постојните детски градинки ќе се интервенира со проширување на капацитетите преку доградба и адаптација на просторот.

Одржувањето на објектите ќе се остварува во рамки на расположивите средства во Буџетот на Република Северна Македонија за 2020 година со приоритетно извршување на неопходните работи заради обезбедување на нормално и безбедно функционирање и вршење на дејноста (замена на кровови, поправки на водовод, канализација и санитарни чворови, замена на дотраена дрвена столарија и термотехничка инсталација).

Министерството за труд и социјална политика во соработка со Светска Банка ќе продолжи да го реализира проектот за изградба – реконструкција на објекти наменети за зголемување на опфатот на деца од предучилишна возраст. Исто така и преку ИПА 2 компонентата се обезбедени средства наменети за изградба на детски градинки.

3.Одмор и рекреација на децата

Во периодот на зимскиот и летниот распуст од учебната 2019/2020 година, а во функција на продолжување на реализација на новиот пакет на економско – социјални мерки за реализација на проектот за користење услуга за одмор и рекреација на деца од семејства со социјален ризик и деца корисници на посебен додаток ќе се организира во детски одморалишта/туристички објекти шест односно седум дневен одмор на деца од семејства со социјален ризик, деца корисници на посебен додаток и слично (до 3000 деца/корисници).

4. Други облици на заштита на децата

Во рамките на системот на заштитата на децата ќе се спроведуваат и други програмски активности со кој се унапредува дејноста, меѓу кои се:

- спроведување на проекти за деца со пречки во телесниот и интелектуалниот развој;
- спроведување на проекти, програми и едукација на стручниот и друг кадар;
- програмски активности за оспособување на згрижувачко-воспитниот, воспитно-образовниот и друг кадар со најновите современи сознанија во работите кои ги вршат овие вработени и согласно закон (професионален развој на кадрите);
- програмски активности на соработка за унапредување на исхраната на децата, хигиено-техничките и здравствени услуги, дидактички материјал.

III. Финансирање на заштитата на децата

Средствата за остварување на Програмата за развој на заштитата на децата за 2020 година во Буџетот за 2020, на Раздел 150.01, предвидени се следните буџетски потпрограми:

1. Потпрограма 30 - Установи за детска заштита

Во 2020 година на оваа потпрограма се предвидени буџетски средства во износ од 4.325.000 денари, од основен буџет, и средства од самофинансирачки активности во износ од 5.455.000 денари.

2. Потпрограмата 3А - Изградба, опремување и одржување на објектите за детска заштита. Во Буџетот за 2020 година на оваа потпрограма се планирани 105.000.000 денари.

3. Потпрограмата А2- Пренесување на надлежности на ЕЛС. Во Буџетот за 2020 година на оваа ставка за пренесување на надлежности на ЕЛС се планирани 2.150.000.000 од кои 2.095,000.000 денари се наменети за блок дотации за детска заштита.

4. Програма 50 – Надоместоци за социјална заштита.

Во Буџетот за 2020 година за оваа потпрограма се планирани вкупно 3.000.000 денари за реализација на проектот за користење услуги за одмор и рекреација на деца од семејства со социјален ризик и деца корисници на посебен додаток.

5. Потпрограма 52 - Надоместоци за детска заштита. Во Буџетот за 2020 година за оваа потпрограма се планирани вкупно 4.512.000.000 денари средства од основен буџет наменети за исплата на утврдените парични права со Законот за заштита на децата (детски додаток, за образование, посебен додаток, еднократна парична помош за новороденче, партиципација и родителски додаток за дете),

Распределбата на финансиските средства наменети за заштита на децата е направена во согласност со обезбедените средства во Буџетот на Република Северна Македонија за 2020 година, со напомена дека во 2020 година ќе се измират и неизмирените обврски по основ на остварени права од 2019 година.

IV. Мерки и активности за развој на заштитата на децата

За остварување на основните цели и задачи утврдени во оваа програма ќе се преземат следните мерки и активности:

1. Имплементирање на реформираниот систем на правата за заштита на децата со зголемување на ефективноста на паричните давања од заштитата на децата врз намалувањето пред се на детската сиромаштија како и имплементирање на доградениот систем на заштита на децата особено во делот за организацијата и начинот на обезбедување на услови за заштита на децата, како дејност од јавен интерес во современи услови и со признавање на плурални односи во вршењето на дејноста; доследно респектирање на правата на децата, на обврските на родителите и на локалната и државната власт во однос на семејството и на заштитата на децата; заштитата на децата како организирана дејност заснована на правата на децата да се остварува преку грижа и заштита на децата, нивниот ран развој и запознавање со современи концепти на подигање на нивото и квалитетот на развој и на можностите и условите кои им се обезбедуваат на децата; зајакнување на стручните тимови; формирање на советувалишта за деца и родители; професионално усовршување на кадарот; дефинирање на улогата на стручниот и раководниот кадар со воведување и јакнење на професионалните компетенции; лиценцирање; зајакнување на контролните механизми во државата и општината за спречување на секакви злоупотреби на деца и институционално јакнење на инспекциите, стручниот надзор и контрола; поврзување на заштитата на децата во информатички систем кој би продуцирал дневни извештаи за бројната состојба и за потребите на децата, како и други податоци преку кои би се реализирале целите во овој домен во установите и другите облици на заштита на децата; создавање на пазарни можности и поттикнување на повеќе учесници да се јавуваат во обезбедување на услуги за децата;

2. Соработка со општините и општините во Градот Скопје при имплементацијата на процесот за децентрализација, а со општините во кои не се изградени објекти - детски градинки, ќе продолжи да се дава поддршка за остварување за организирано згрижување и воспитание на деца во други просторни услови давање поддршка на општините и општините во градот Скопје во создавањето и обезбедувањето на нови или дополнителни просторни услови – детски градинки за давање услуги згрижување и воспитание на деца од предучилишна возраст;

3.Вклучување на поголем број на деца од популацијата деца од 0 до 6 години живот со изградба на нови детски градинки како и проширување на постоечките капацитети, реконструкција и адаптација на јавни детски градинки како и на други објекти и просторни услови;

4. Доближување на детските градинки до поголем број на население со посебен акцент на руралните средини;

5. Поттикнување и давање поддршка на општините и приватниот сектор (правни и физички лица) за изградба на нови капацитети како и за реконструкција и адаптација на постојните капацитети;

6. Вклучување во системот на згрижување и воспитание на деца од предучилишна возраст на центрите за ран детски развој со формирање на центри за ран детски развој во склоп на детските градинки и основање на центри за ран детски развој со што им се овозможува на родителите од општините во кои нема капацитети за згрижување на децата како и во руралните средини децата од 3-6 годишна возраст да бидат опфатени со оваа форма на згрижување и воспитание на деца со цел зголемување на опфатот на оваа популација деца;

7. Реализација на програма за шест односно седум дневен одмор на деца од семејства со социјален ризик и деца корисници на посебен додаток (до 3000 деца/корисници во периодот на зимскиот и летниот распуст од учебната 2019/2020 година);

8. Спроведување кампања за подобрување на ставот на родителите кон предучилишното воспитание и сфаќање на неговото значење за развојот на децата од оваа возраст;

9. Реализација на програми во јавните детски градинки со цел обезбедување на поквалитетни програмски активности, од областа на културата, згрижувачката и воспитната дејност, екологијата, уметноста, здравиот начин на живот, традиционални игри, основни животни навики, запознавање со занимања, рекреативни и слободни активности и спорт;

10. Поцелосно искористување на расположивите капацитети со промовирање на скратени програми за децата од недоволно развиени подрачја и региони, со што ќе се реализира принципот на достапност и правичност на јавната услуга. Доколку родителите искажат потреба за згрижување на децата во втора смена и во сабота, Министерството ќе продолжи со давањето поддршка на единиците на локалната самоуправа во поширока реализација на таквата определба;

11. Надзор, спроведување и следење на остварувањето на Законот, како и мониторинг и евалуација на преземените активности и

12. Обезбедување на редовна исплата на паричните примања на децата.

V. Оваа програма влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“, а ќе почне да се применува од 1 јануари 2020 година.

Бр. 45-10527/1
28 декември 2019 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Северна Македонија,
Зоран Заев, с.р.

4398.

Врз основа на член 33 став 1 од Законот за извршување на Буџетот на Република Македонија за 2019 година („Службен весник на Република Македонија” бр.238/18), Владата на Република Северна Македонија, на седницата, одржана на 28 декември 2019 година, донесе

П Р О Г Р А М А
ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ПРОГРАМАТА ЗА ИЗГРАДБА, ОПРЕМУВАЊЕ И ОДРЖУВАЊЕ НА ОБЈЕКТИ ЗА ДЕТСКА ЗАШТИТА ЗА 2019 ГОДИНА

1. Во Програмата за изградба, опремување и одржување на објекти за детска заштита за 2019 година („Службен весник на Република Македонија“ бр. 16/19, 22/19 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.160/19), во дел I, став 3 износот „87.000.000“ се заменува со износот „87.500.000“.

2. Оваа програма влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

Бр. 45-10739/1
28 декември 2019 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Северна Македонија,
Зоран Заев, с.р.

4399.

Врз основа на член 79 став 2 од Законот за тутун, производи од тутун и сродни производи (*) („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 98/19), Владата на Република Македонија, на седницата, одржана на 28 декември 2019 година, донесе

П Р О Г Р А М А
ЗА ФИНАНСИРАЊЕ НА АКТИВНОСТИТЕ ВО ТУТУНСКОТО ПРОИЗВОДСТВО ЗА 2020 ГОДИНА

I

Средствата за финансирање на активностите во тутунското производство за 2020 година во вкупен износ од 1.800.000.000,00 денари, обезбедени согласно Буџетот на Република Северна Македонија за 2020 година („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 265/19) раздел 14004 - Агенција за финансиска поддршка на земјоделството и руралниот развој, програма 2 - Финансиска поддршка во земјоделството и руралниот развој, потпрограма 20 - Финансиска поддршка во земјоделството, ставка 464 - Разни трансфери, ќе се користат за следната мерка:

Број на мерка	*Мерка за поддршка на доходот на земјоделските стопанства*	Вкупен износ на мерката во денари
1.	Директни плаќања за произведен и продаден необработен тутун од реколта 2019 година	1.800.000.000

II

Корисници на оваа мерка се физички и правни лица кои своето производство на тутун од реколта 2019 година го продале во регистрирано откупно претпријатие согласно Закон за тутун, производи од тутун и сродни производи (*).

III

Висината на директните плаќања за произведен и продаден необработен тутун изнесува 80 денари по килограм за I класа, 70 денари по килограм за II класа и 60 денари по килограм за III класа, IV класа и ориенталските дополнителни тутуни I и II класа од типовите Прилеп, Јака и Џебел.

IV

Реализацијата на оваа мерка ќе се врши според откупени количини на необработен тутун од реколта 2019 година, внесени во Електронскиот систем за евиденција на тутун (ИСЕТ) од страна на правни лица регистрирани во Регистарот на откупувачи на тутун.

V

Крајниот рок за почетокот на исплата на средствата од оваа програма е април 2020 година.

VI

Оваа програма влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“, а ќе почне да се применува од 1 јануари 2020 година.

Бр. 45-10871/1
28 декември 2019 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Северна Македонија,
Зоран Заев, с.р.

4400.

Врз основа на член 9 алинеја 2 од Законот за социјалната заштита („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.104/19 и 146/19) и член 35 од Законот за извршување на Буџетот на Република Македонија за 2019 година („Службен весник на Република Македонија“ бр. 238/18) Владата на Република Северна Македонија, на седницата, одржана на 28 декември 2019 година, донесе

П Р О Г Р А М А
ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ПРОГРАМАТА ЗА ОСТВАРУВАЊЕ НА СОЦИЈАЛНАТА ЗАШТИТА ЗА 2019 ГОДИНА

I. Во Програмата за остварувањето на социјалната заштита за 2019 година („Службен весник на Република Македонија“ бр.246/18), точката IV. Средства за остварување на социјална заштита, се менува и гласи:

„ IV. Средства за остварување на социјална заштита

Средствата за остварување на Програмата за социјална заштита за 2019 година во Буџетот за 2019 година, на Раздел 150.01 предвидени се следниве буџетски потпрограми:

1. Потпрограма 40 - Центри за социјална работа и Завод за социјални дејности. Во 2019 година на оваа потпрограма, се предвидени буџетски средства во износ од 467.610.000 денари средства од основен буџет, средства од основен буџет (приходи) во износ од 1.130.000 денари, средства од самофинансирачки активности во износ од 230.000 денари и средства од донации во износ од 360.000 денари.

2. Потпрограма 41 - Дневни центри и прифатилишта за вонинституционална социјална заштита. Во Буџетот за 2019 година, на оваа потпрограма се планирани 84.256.000 денари средства од основен буџет, средства од основен буџет (приходи) во износ од 1.600.0000 денари, средства од самофинансирачки активности во износ од 290.000 денари и средства од донации во износ од 670.000 денари.

3. Потпрограма 42 - Установи за институционална социјална заштита. Во Буџетот за 2019 година на оваа потпрограма се планирани 207.678.000 денари средства од основен буџет, средства од основен буџет (приходи) во износ од 12.950.000 денари, средства од самофинансирачки активности во износ од 5.060.000 денари и средства од донации во износ од 2.448.000 денари.

4. Потпрограма 44 - Програма за условени парични трансфери. Во Буџетот за 2019 година на оваа потпрограма се планирани средства средства од основен буџет (приходи) во износ од 250.000 денари и средства од заеми 361.000 денари.

5. Потпрограма 4А - Изградба, опремување и одржување на објекти за социјална заштита. Во Буџетот за 2019 година на оваа потпрограма се планирани 13.200.000 денари.

6. Потпрограма 46 - Деинституционализација и социјални услуги. Во Буџетот за 2019 година на оваа потпрограма се планирани средства од во износ од 170.499.000 денари.

7. Потпрограма 47 - Подобрување на социјалниот сектор. Во Буџетот за 2019 година на оваа потпрограма се планирани средства од во износ од 135.478.000 денари, за финансирање на активностите предвидени со Проектот за подобрување на социјалните услуги, со средства од заем со Светска банка.

8. Потпрограма 50 - надоместоци за социјална заштита. Во Буџетот за 2019 година на оваа потпрограма се планирани 5.998.317.000 денари и тоа:

- на ставка 471 - 5.252.896.000 денари за социјални надоместоци;
- на ставка 433 - 111.421.000 денари трансфери до Фондот за здравствено осигурување и
- на ставка 464 - 634.000.000 денари за разни тренафери.

9. Потпрограма 51 - надоместоци за цивилни инвалиди од војната. Во Буџетот за 2019 година на оваа потпрограма се планирани 67.400.000 денари.

10. Потпрограма 54 - надоместоци за заштита на бегалци и азиланти. Во Буџетот за 2019 година на оваа потпрограма се планирани вкупно 12.640.000 денари средства од основен буџет наменети за исплата на права за лицата со признат статус на бегалец, лицата под супсидијарна заштита и барателите на азил, надоместок на правата за внатрешно раселените лица и лица вратени по основа на договорите за реадмисија.

Распределбата на финансиските средства наменети за социјална заштита е направена во согласност со обезбедените средства во Буџетот на Република Македонија за 2019 година, со напомена дека во 2019 година ќе се измират и неизмирените обврски по основа на правата од 2018 година.

II. Оваа програма влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.

Бр. 45-10991/1
28 декември 2019 година
Скопје

Заменик на претседателот
на Владата на Република
Северна Македонија,
д-р **Бујар Османи,** с.р.

4401.

Врз основа на член 33 став 2 од Законот за извршување на Буџетот на Република Македонија за 2019 година („Службен весник на Република Македонија“ бр.238/18), Владата на Република Северна Македонија, на седницата, одржана на 28 декември 2019 година, донесе

П Р О Г Р А М А
ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ПРОГРАМАТА ЗА ИЗГРАДБА, ОПРЕМУВАЊЕ И ОДРЖУВАЊЕ НА ОБЈЕКТИ ЗА СОЦИЈАЛНА ЗАШТИТА И ДОМОВИ ЗА СТАРИ ЛИЦА ЗА 2019 ГОДИНА

I. Во Програмата за изградба, опремување и одржување на објекти за социјална заштита и домови за стари лица („Службен весник на Република Македонија“ бр. 15/19), во делот I. во ставот 2, бројот „23.800.000“ се заменува со бројот „13.200.000,00“

II. Оваа програма влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

Бр. 45-10992/1
28 декември 2019 година
Скопје

Заменик на претседателот
на Владата на Република
Северна Македонија,
д-р **Кочо Анѓушев,** с.р.

4402.

Врз основа на член 22 став (3) од Законот за националната инфраструктура на просторните податоци на Република Македонија („Службен весник на Република Македонија“ бр. 38/14 и 106/16), Владата на Република Северна Македонија, на седницата, одржана на 28 декември 2019 година, донесе

ГОДИШНА ПРОГРАМА
ЗА НАЦИОНАЛНАТА ИНФРАСТРУКТУРА НА ПРОСТОРНИТЕ ПОДАТОЦИ ЗА 2020 ГОДИНА

I

Со оваа програма се уредува хармонизацијата на националното со европското законодавство во областа на просторните податоци, промоцијата на националната инфраструктура на просторни податоци, креирањето на метаподатоци, хармонизација и стандардизација на просторните податоци и креирање на веб-услуги.

II

Активностите за остварување на Годишната програма за националната инфраструктура на просторни податоци (НИПП) се:

II.1. Хармонизација на националното со европското законодавство

Во Законот за националната инфраструктура на просторните податоци на Република Македонија е транспонирана европската директива INSPIRE (2007/2/ЕС). Во насока на хармонизација на националното со европското законодавство е планирана следната активност:

Р.бр.	Назив на субјект во НИПП	Активност	Временска рамка	
			почеток (месец/година)	крај (месец/година)
1	Агенција за катастар на недвижности	- Изработка на Уредба за мрежни услуги	Јуни 2020	Декември 2020

II.2. Подигнување на јавната свест и разбирање на визијата, концептите и придобивките од НИПП

За подигнување на јавната свест се планирани следните активности:

Р.бр.	Назив на субјект во НИПП	Активност	Временска рамка	
			почеток (месец/година)	крај (месец/година)
1	Агенција за катастар на недвижности	Одржување две работилници со субјектите во НИПП на теми: – Подигање на јавната свест за НИПП – креирање и публикување на веб- услуги	Јануари 2020	Декември 2020
2	Агенција за катастар на недвижности	Воведување НИПП ден во РСМ	Јануари 2020	Март 2020

II.3. Креирање мета податоци

За креирање мета податоци за збирките на просторни податоци, на националниот геопортал е поставена веб-алатка уредувач на мета податоци која е достапна за користење за сите субјекти на НИПП. Креираните мета податоци директно се сместуваат во каталогот за мета податоци. Во следната табела се наведени збирките на просторни податоци за кои субјектите во НИПП планираат креирање на мета податоци и временскиот период за нивна реализација:

Р.бр.	Назив на субјект во НИПП	Збирка на просторни податоци	Временска рамка	
			почеток (месец/година)	крај (месец/година)
1	Агенција за катастар на недвижности	– Архивски оригинали на катастарски планови во размер: -1 :500, - 1:1000, -1:2500, - 1:5000 и - 1:10000.	Февруари 2020	Септември 2020
2	Централен регистар	– Адресни податоци	Јануари 2020	Јуни 2020
3	Министерство за животна средина и просторно планирање	– Заштитени подрачја	Февруари 2020	Декември 2020
4	Министерство за внатрешни работи	– Полициски станици	Септември 2020	Декември 2020

II.4. Хармонизација и стандардизација на просторните податоци со INSPIRE

Националниот геопортал обезбедува пристап до широка палета референтни и тематски податоци согласно со член 5 од Законот за националната инфраструктура на просторните податоци на Република Македонија, кои се сообразни со INSPIRE. Со оглед на фактот дека на геопорталот се достапни четири збирки на податоци и услуги кои се усогласени со техничките спецификации на INSPIRE-директивата, во текот на 2020 година ќе се одвиваат активности за хармонизација и стандардизација на збирките на просторни податоци наведени во следната табела:

Р.бр.	Назив на субјект во НИПП	Збирка на просторни податоци	Временска рамка	
			почеток (месец/година)	крај (месец/година)
1	Агенција за катастар на недвижности	– Патна мрежа во размер 1:25000, – Железничка мрежа во размер 1:25000 и – Класификација на земјиште во размер 1:25000 – Мали објекти 1:25000 – Ортофото карта – Катастарски парцели – Згради	Јануари 2020	Јуни2020
2	Министерство за животна средина и просторно планирање	- Заштитени подрачја	Јануари 2020	Декември 2020

II.5. Изработка на веб-услуги за преглед на податоци (WMS) и нивно публикување на националниот геопортал

Националниот геопортал обезбедува пристап до широка палета референтни и тематски просторни податоци. Со оглед на фактот дека на геопорталот се достапни веб-услуги за преглед на четири збирки на податоци од Агенцијата за катастар на недвижности, две од Центарот за управување со кризи, една од Геолошкиот завод на Република Северна Македонија и една од Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство, во текот на 2020 година ќе се одвиваат активности за изработка и публикување на веб-услуги за преглед на збирките на податоци наведени во следната табела:

Р.бр.	Назив на субјект во НИПП	Збирка на просторни податоци	Временска рамка	
			почеток (месец/година)	крај (месец/година)
1	Агенција за катастар на недвижности	– Патна мрежа во размер 1:25000, – Железничка мрежа во размер 1:25000 и – Класификација на земјиште во размер 1:25000 – Мали објекти 1:25000 – Ортофото карта – Катастарски парцели – Згради	Јануари 2020	Март 2020
2	Министерство за животна средина и просторно планирање	– Заштитени подрачја	Јануари 2020	Јуни 2020
3	Министерство за внатрешни работи	– Полициски станици	Септември 2020	Декември 2020

II.6. Изработка на веб-услуги за преземање на податоци (WFS) и нивно публикување на националниот геопортал

Националниот геопортал обезбедува пристап до широка палета референтни и тематски просторни податоци. Со оглед на фактот дека на геопорталот се достапни веб-услуги за преземање на четири збирки на просторни податоци од Агенцијата за катастар на недвижности, во текот на 2020 година ќе се одвиваат активности за изработка и објавување на веб-услуги за преземање на збирките на податоци наведени во следната табела:

Р.бр.	Назив на субјект во НИПП	Збирка на просторни податоци	Временска рамка	
			почеток (месец/година)	крај (месец/година)
1	Агенција за катастар на недвижности	– Патна мрежа во размер 1:25000, – Железничка мрежа во размер 1:25000 и – Класификација на земјиште во размер 1:25000 – Мали објекти 1:25000 – Ортофото карта – Катастарски парцели – Згради	Март 2020	Јуни 2020
2	Министерство за животна средина и просторно планирање	– Заштитени подрачја	Мај 2020	Декември 2020

II.7. Создавање технички предуслови

За реализација на програмските цели како технички предуслови се планираат следните активности:

Р.бр.	Назив на субјект во НИПП	Активност	Временска рамка	
			почеток (месец/година)	крај (месец/година)
1	Агенција за катастар на недвижности	– Превентивно и адаптивно одржување на геопорталот на НИПП	Јануари 2020	Декември 2020
2	Министерство за одбрана	– Надградба на постоечката ГИС апликација и креирање на сервиси (локални и за поврзување со НИПП)	Јануари 2020	Декември 2020

III

Финансиските средства за реализација на активностите предвидени во оваа програма се обезбедени од Буџетот на Република Северна Македонија за 2020 година, во рамките на предвидените средства за секоја институција и се прикажани во следната табела:

Назив на субјект во НИПП	Програма	Ставка	Износ на финансиски средства во денари
Агенција за катастар на недвижности	2А	485230	7.900.000,00
Министерство за животна средина и просторно планирање	4/40	485	365.000,00
Министерство за одбрана	1А	480	1.500.000,00

IV

Оваа програма влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“, а ќе отпочне да се применува од 1 јануари 2020 година.

Бр. 45-10554/1
28 декември 2019 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Северна Македонија,
Зоран Заев, с.р.

4403.

Врз основа на член 33 став 2 од Законот за извршување на Буџетот на Република Северна Македонија за 2020 година („Службен весник на Република Северна Македонија” бр. 265/19), Владата на Република Северна Македонија, на седницата, одржана на 28 декември 2019 година, донесе

П Р О Г Р А М А
ЗА ИЗГРАДБА, ОПРЕМУВАЊЕ И ОДРЖУВАЊЕ НА ОБЈЕКТИ ЗА СОЦИЈАЛНА ЗАШТИТА И ДОМОВИ ЗА СТАРИ ЛИЦА ЗА 2020 ГОДИНА

I. Со оваа програма се уредува финансирањето за изградба, опремување и одржување на објекти за социјална заштита и домови за стари лица за 2020 година, вкупните средства потребни за извршување на оваа програма во целина и изворот на средствата.

Средствата за реализација на оваа програма во вкупен износ од 13.500.000,00 денари се обезбедени од Буџетот на Република Северна Македонија за 2020 година, Раздел 150.01 - Министерство за труд и социјална политика, Потпрограма 4А - Изградба, опремување и одржување на објекти за социјална заштита и домови за стари лица и ќе се користат за следните намени:

- Изведување на градежни работи за реконструкција и пренамена на Центар за поддршка на згрижувачки семејства при Ј.У „Дом за доенчиња и мали деца“ – Битола
- Набавка, испорака и монтажа на опрема за Центар за поддршка на згрижувачки семејства при Ј.У „Дом за доенчиња и мали деца“– Битола
- Изведување на градежни работи за реконструкција и пренамена на Центар за мајки и деца при Ј.У „Дом за доенчиња и мали деца“– Битола
- Набавка, испорака и монтажа на опрема за Центар за мајки и деца при Ј.У „Дом за доенчиња и мали деца“ – Битола
- Изведување на градежни работи за реновирање на простор за Дневен центар за лица со телесна или ментална попреченост во Берово
- Изведување на градежни работи за реновирање на простор за Дневен центар за лица со телесна или ментална попреченост во Пробиштип
- Изведување на градежни работи за реконструкција и пренамена на Центар за деца и прифатен центар за деца минувачи при Ј.У за згрижување на деца со воспитно социјални проблеми и нарушено поведение
- Набавка, испорака и монтажа на опрема за Центар за деца и прифатен центар за деца минувачи при Ј.У за згрижување на деца со воспитно социјални проблеми и нарушено поведение

- Изведување на градежни работи за реновирање на простор за Дневен центар за корисници од 16-26 годишна возраст при Ј.У „Завод за рехабилитација на деца и младинци“ – Скопје
- Набавка, испорака и монтажа на опрема за Дневен центар за корисници од 16-26 годишна возраст при Ј.У „Завод за рехабилитација на деца и младинци“ – Скопје
- Набавка, испорака и монтажа на опрема за Дневен центар за лица со интелектуална попреченост (Републички центар за поддршка на лица со интелектуална попреченост – „ПОРАКА“)

II. Во 2020 година, со средствата од Потпрограма 4А - Изградба, опремување и одржување на објекти за социјална заштита и домови за стари лица, ќе се измират и обврски за капитални инвестиции за објекти за социјална заштита и домови за стари лица за проекти започнати во 2019 година.

III. Следење на спроведувањето на оваа програма врши Министерството за труд и социјална политика и за истото доставува извештај до Владата на Република Северна Македонија, на секои шест месеци.

IV. Оваа програма влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“ а ќе отпочне да се применува од 1 јануари 2020 година.

Бр. 45-10562/1
28 декември 2019 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Северна Македонија,
Зоран Заев, с.р.

4404.

Врз основа на член 187 став (5) од Законот за енергетика („Службен весник на Република Македонија“ бр.96/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.96/19), Владата на Република Северна Македонија, на седницата, одржана на 28 декември 2019 година донесе

П Р О Г Р А М А
ЗА ФИНАНСИСКА ПОДДРШКА ЗА ПРОИЗВОДСТВО НА ЕЛЕКТРИЧНА ЕНЕРГИЈА ОД ПОВЛАСТЕНИ ПРОИЗВОДИТЕЛИ КОИ КОРИСТАТ ПРЕМИЈА ЗА 2020 ГОДИНА

Член 1

Со оваа програма се уредува вкупната инсталирана моќност на електроцентралите по вид на технологии за кои ќе се доделува премија по спроведена тендерска постапка и склучени договори за користење на премија во 2020 година и износот на средствата потребни за исплата на премиите за произведената и продадена електрична енергија во 2020 година.

Член 2

Средства за реализација на оваа програмата изнесуваат 12.450.000 денари и се утврдени во Буџетот на Република Северна Македонија за 2020 година, раздел 10001 Министерството за економија, потпрограма 32 – Развој на енергетика, ставка 46 – Субвенции и трансфери, потставка 464 –Разни трансфери.

Средства за реализација на оваа програмата се наменети за финансиска поддршка за производство на електрична енергија од повластени производители кои користат премија како дополнителен износ на цената која ја остварил со продажбата на произведената енергија на пазарот на електрична енергија.

Член 3

Средствата утврдени во член 2 став (1) од оваа програма ќе се користат за исплата на премии за произведената и продадена електрична енергија од повластени производители кои користат премија во 2020 година.

Член 4

Корисници на средства од оваа програма се производителите на електрична енергија кои што во согласност со Законот за енергетика се стекнале со право на користење на премија.

Член 5

Средствата од член 2 став (1) на оваа програма се наменуваат за исплата на премии на повластените производители кои произведуваат електрична енергија од фотонапонски електроцентрали, со вкупна инсталирана моќност не поголема од 100 MW.

Член 6

Максималниот референтен износ на фиксна премија за производство на електрична енергија во 2020година изнесува 15 €/MWh за фотонапонски електроцентрали.

Член 7

Средствата од член 2 став (1) на оваа програма се доделуваат врз основа на договори за користење на премија склучени помеѓу Министерството за економија и корисникот на средствата.

Член 8

Исплатата на средствата од член 2 став (1) на оваа програма се врши од страна на Министерството за економија на месечно ниво, врз основа на доставено барање за исплата на премија за продадена електрична енергија, произведена од сопствено производство за претходниот месец. Кон барањето се доставуваат : фактура за испорачана електрична енергија на купувачот и податоци од операторот на електропреносниот систем, односно електродистрибутивниот систем за измерена и испорачана енергија во соодветната мрежа како и друга документација согласно договорот за користење на премија склучени помеѓу Министерството за економија и корисиникот на средствата. Износот за плаќање на премија се изразува во денари според средниот курс на Народна Банка на Република Северна Македонија на последниот работен ден во календарскиот месец за кој се однесува фактурата.

Член 9

За начинот и динамиката за реализирањето на оваа програма се грижи Министерството за економија.

Член 10

Оваа програма влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија", а ќе отпочне да се применува од 1 јануари 2020 година.

Бр. 45-10575/1
28 декември 2019 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Северна Македонија,
Зоран Заев, с.р.

4405.

Врз основа на член 260 став 1 од Законот за социјалната заштита („Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 104/19 и 146/19), Владата на Република Северна Македонија, на седницата, одржана на 28 декември 2019 година, донесе

П Р О Г Р А М А
ЗА РЕФУНДИРАЊЕ НА СРЕДСТВА ПЛАТЕНИ КАКО ЦАРИНСКИ ДАВАЧКИ, ДАНОК НА ДОДАДЕНА ВРЕДНОСТ И АКЦИЗА ЗА НАБАВКА НА ПАТНИЧКИ АВТОМОБИЛ ЗА ЛИЦА СО ТЕШКА И НАЈТЕШКА ТЕЛЕСНА ПОПРЕЧЕНОСТ, ЛИЦА СО УМЕРЕНА, ТЕШКА И ДЛАБОКА ИНТЕЛЕКТУАЛНА ПОПРЕЧЕНОСТ, ЗА ПОТПОЛНО СЛЕПИ ЛИЦА СО ПРИДРУЖНИК И ЗА ПОТПОЛНО ГЛУВИ ЛИЦА ЗА 2020 ГОДИНА

Со оваа програма се уредуваат мерките, носителите, начинот на спроведување, потребната документација и обезбедените средства за рефундирање на средства платени како царински давачки, данок на додадена вредност и акциза за набавка на патнички автомобил за лица со тешка и најтешка телесна попреченост, лица со умерена, тешка и длабока интелектуална попреченост, за потполно слепи лица со придружник и за потполно глуви лица за 2020 година.

I. Корисници

Корисници на оваа програма се следните лица:

- лице со тешка и најтешка телесна попреченост,
- лице со умерена, тешка и длабока интелектуална попреченост,
- потполно слепо лице со придружник и
- потполно глуво лице.

II.Мерки

Рефундирањето на средства платени како царински давачки, данок на додадена вредност и акциза за набавка на патнички автомобил се врши во рамките на обезбедените средства со оваа програма.

Со оваа програма се предвидуваат средства за рефундирање во износ не поголем од 180.000,00 денари по одобрено барање.

III.Носители

Оваа програма ја спроведуваат Министерството за труд и социјална политика и центрите за социјална работа.

IV. Начин на спроведување

Барањето за рефундирање на средства платени како царински давачки, данок на додадена вредност и акциза за набавка на патнички автомобил се поднесува од страна на лицето од дел I од оваа програма, негов родител или старател, најдоцна до 30 септември, во тековната година по објавен јавен повик. Барањето со потребната документација се поднесува преку надлежниот центар за социјална работа до Комисијата за рефундирање на средства за набавка на патнички автомобил со потребната документација.

Од страна на Комисијата за вршење на увид во домот на подносителот на барањето, се врши увид најдоцна 30 дена од доставување на барањето.

Од страна на Комисијата за вршење на увид во домот на подносителот на барањето, записникот за извршен увид и барањето со приложената документација се доставува до Комисијата за рефундирање на средства за набавка на патнички автомобил најдоцна десет дена од извршениот увид.

Од страна на Комисијата за рефундирање на средства за набавка на патнички автомобил, по истекот на рокот за поднесување на барањата се разгледуваат доставените барања за рефундирање на средства со приложената документација, и најдоцна 30 дена по истекот на рокот се врши:

- електронско внесување на податоците,
- изготвување на предлог ранг - листа на лицата кои имаат поднесено барање за рефундирање на средствата по категории кориснички групи,
-изготвување на предлог до министерот за труд и социјална политика за исполнетоста на условите за рефундирање на средства и донесување на решение по барањата.

При утврдување на ранг - листата на лицата кои имаат поднесено барање за рефундирање на средствата платени како царински давачки, данок на додадена вредност и акциза за набавка на патнички автомобил и ги исполнуваат условите од оваа програма, максималниот број на бодови изнесува 50 бода, и тоа:

- еден член во семејство со попреченост– 15 бода,
- два и повеќе члена во семејство со попреченост – 30 бода,
- доколку лицето остварува приходи помали од просечната нето плата во државата за претходната година– 10 бода,
- доколку лицето е редовен студен, активен барател на работа или вработено лице – 10 бода.

V. Потребна документација

Кон барањето се поднесува следната документација:

-Наод, оцена и мислење од надлежна комисија за утврдена тешка и најтешка телесна попреченост, за утврдена умерена, тешка и длабока интелектуална попреченост, за потполно слепило и потполна глувост (или копија од документот заверена на нотар),

-Царинска декларација (примерок од електронска царинска декларација, потврда за регистрација издадена по извршено увозно царинење) не постари од 12 месеци од денот на подмирување на царинските давачки

и акцизи при увоз на патнички автомобил, издадени од царински орган (или копија од документот заверена на нотар),

-Доказ за платен данок на додадена вредност при набавка на патничкиот автомобил или

-Фактура за набавка на возило во државата,

- Доказ од овластена компанија за вградена специјализирана опрема (за возила со купопродажна вредност над 10.000 евра во денарска противвредност, но не повеќе од 20.000 евра во денарска противвредност),

- Наод и мислење за друг член на семејството со попреченост (или копија од документот заверена на нотар),

-Потврда за остварени приходи од Управата за јавни приходи за претходната година,

- Потврда за редовен студент (доколку лицето е студент),

- Потврда за заснован работен однос (доколку лицето е во работен однос),

-Потврда за регистриран активен барател на работа (доколку лицето е невработено лице).

VI. Обезбедени средства

Средствата за реализација на оваа програма се предвидени и обезбедени во Буџетот на Министерството за труд и социјална политика за 2020 година во износ од 3.000.000,00 денари, на Раздел 15001, потпрограма 50, ставка 464.

Оваа програма влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“, а ќе почне да се применува од 1 јануари 2020 година.

Бр. 45-10593/1
28 декември 2019 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Северна Македонија,
Зоран Заев, с.р.

4406.

Врз основа на член 57 став (3), од Законот за ветеринарно здравство („Службен весник на Република Македонија” бр. 113/07, 24/11, 136/11, 123/12, 154/15 и 53/16), Владата на Република Северна Македонија, на седницата, одржана на 28 декември 2019 година, донесе

П Р О Г Р А М А
ЗА КОРИСТЕЊЕ НА СРЕДСТВА ЗА ЗДРАВСТВЕНА ЗАШТИТА НА ЖИВОТНИТЕ ВО 2020 ГОДИНА

I

Средствата за здравствена заштита на животните во 2020 година се утврдуваат во износ од 344.000.000,00 денари и тоа од следните извори:

1. Средства од Буџетот на Република Северна Македонија, раздел 140.05 Програма 2, Подпрограма 20, ставка 464	**339.000.000,00**
2. Средства од Буџетот на Република Северна Македонија, раздел 140.05 Програма 2, Подпрограма 20, ставка 480	**5.000.000,00**

II

Средствата за здравствена заштита на животните во 2020 година, ќе се користат за:

1. Заостанати обврски од претходната година (2019 година)	**18.000.000,00**
2. Здравствена заштита на животните за 2020 година	**316.000.000,00**
3. Набавка на вакцини за мали преживари	**5.000.000,00**
4. Набавка на опрема и машини за подобра подготвеност и ефикасност во случај на појава на особено опасни заразни болести, материјали и печатење на едукативен материјал, брошури, лифлети или упатства за болести кај животните	**5.000.000,00**

III

Заостанати обврски од претходната година (2020 година), ќе се користат за:

1	Заостанати обврски од претходните години	**18.000.000,00**
1.1	Плаќање на заостанати обврски од претходната година (2019 година) по основ на активности за здравствена заштита на животните	**18.000.000,00**

IV

Активностите за здравствена заштита на животните во 2020 година, ги опфаќаат следните ставки:

Ред.бр	Вид на мерка	Износ во денари со ддв
1.	**Надзор на болести кај свињите**	**39.300.000,00**
1.1	Земање и испраќање на примероци за испитување на класична чума кај свињите	2.200.000,00
1.2	Дијагностичко испитување на класичната чума кај свињите	10.000.000,00
1.3.	Земање и испраќање на примероци за испитување на африканска чума кај свињите	2.300.000,00
1.4	Дијагностичко испитување на африканска чума кај свињите	12.800.000,00
1.5	Клинички преглед во одгледувалишта на свињи	12.000.000,00
2.	**Надзор на болести кај живината**	**7.300.000,00**
2.1	Земање на мостри и брисеви за мониторинг на присуство болести кај домашната и комерцијална и дива и водна живина	1.000.000,00
2.2	Дијагностичко испитување на њукастелска болест	2.800.000,00
2.3	Дијагностичко испитување на авијарна инфлуенца	1.500.000,00
2.4	Дијагностичко испитување на салмонелелоза кај живината	2.000.000,00
3.	**Надзор на заразни болести кај копитарите**	**1.715.000,00**
3.1	Вакцинација на копитари против антракс	10.000,00

3.2	Земање мостри за инфективна анемија кај копитарите и западно нилска треска	100.000,00
3.3	Дијагностичко испитување на присуство на западно нилска треска	955.000,00
3.4	Дијагностика на инфективна анемија кај копитарите	650.000,00
4.	**Надзор на болести кај пчелите**	**210.000,00**
4.1	Испраќање на материјал за испитување на американск чума на пчелно легло	10.000,00
4.2	Дијагностичко испитување на американска чума на пчелно легло	150.000,00
4.3	Дијагностичко испитување на други заразни болести кај пчели	50.000,00
5.	**Надзор и контрола на вектори**	**3.700.000,00**
5.1	Мониторинг и конторла на вектори (инсекти) (нивно броење и идентификација)	3.700.000,00
6.	**Надзор на заразни болести кај дивечот**	**18.125.000,00**
6.1	Застрелување и испраќање на примероци за мониторинг на оралната вакцинација против беснило кај дивечот (лисици и волци)	875.000,00
6.2	Мониторинг на беснило - лабораторија	2.000.000,00
6.3	Лабораториско испитување при сомнеж на беснило	250.000,00
6.4	Отстрел и земање и испраќање примероци од застрелани диви свињи и пријава на угината дива свиња	3.000.000,00
6.5	Дијагностичко испитување на класичната чума и африканска чима кај дивите свињи	9.000.000,00
6.6	Дијагностичко испитување на други заразни болести кај дивечот	100.000,00
6.7	Дијагностичко испитување на трихинела кај диви свињи и лисици	2.900.000,00
7.	**Надзор на заразни болести кај кучињата**	**50.000,00**
7.1	Земање и испраќање на мостри за беснило	25.000,00
7.2	Дијагностичко испитување на беснило	25.000,00
8.	**Надзор на заразни болести кај рибите**	**6.000.000,00**
8.1	Дијагностичко испитување на заразни болести кај рибите	6.000.000,00
9.	**Надзор на заразни болести кај овците и козите**	**118.300.000,00**
9.1	Земање, пакување и испраќање на материјал за лабараториско испитување на болести кај овците и козите	37.000.000,00
9.2	Дијагностичко испитување на бруцелозата кај овците и козите	60.000.000,00
9.3	Вакцинација против бруцелоза кај овците и козите	9.000.000,00
9.4	Превентивна вакцинација против антракс	800.000,00
9.5	Дијагностичко испитување на скрепи	500.000,00
9.6	Вакцинација против ентеротоксемија кај овците и козите	11.000.000,00
10.	**Надзор на заразни болести кај говедата**	**76.300.000,00**
10.1	Земање, пакување и испраќање на материјал за лабараториско испитување на болести кај говедата	16.000.000,00
10.2	Дијагностичко испитување на бруцелозата кај говедата	13.000.000,00
10.3	Превентивна вакцинација против антракс	250.000,00
10.4	Дијагностичко испитување на спонгиоформна енцефалопатија кај говедата	10.000.000,00
10.5.	Туберкулизација и ретуберкулизација на говедата	30.000.000,00
10.6	Земање на примероци од говеда за детекција на присуство на вирусот на болест на чвореста кожа	300.000,00
10.7	Дијагностика на болест на чвореста кожа	1.500.000,00
10.8	Клинички преглед во одгледувалишта на говеда	5.250.000,00
11.	**Надомест за заклани/еутаназирани болни животни, транспорт до објект за колење/нештетно отрстранување и трошоци за колење**	**18.000.000,00**
11.1	Надомест за заклани/еутаназирани болни животни, транспорт до објект за колење/нештетно отрстранување и трошоци за колење	18.000.000,00
12.	**Трошоци за дезинфекција и дезинсекција при контрола и сузбивање на особено опасни болести и болести предвидени со Годишната наредба за здравствена заштита на животните**	**3.000.000,00**
12.1	Трошоци за дезинфекција и дезинсекција при контрола и сузбивање на особено опасни болести и болести предвидени со Годишната наредба за здравствена заштита на животните	3.000.000,00
13.	**Земање на примероци, дијагностика и превентивни мерки за кокнтрола и сузбивање на особено опасни болести согласно член 49 од Законот за ветеринарно здравство**	**6.000.000,00**
14	**Надзор на болести од економски интерес за државата согласно член 49 од Законот за ветеринарно здравство кои не се предвидени со Годишната наредба за здравствена заштита на животните и за кои нема програма за контрола или сузбивање**	**5.000.000,00**
15	**Внос на податоци за активности од јавен интерес од областа на здравствената заштита на животните**	**13.000.000,00**
	ВКУПНО	**316.000.000,00**

V

Средствата од дел III потточка 1.1 ќе се исплаќаат врз основа на склучен договор меѓу Агенцијата за храна и ветеринарство со ветеринарните друштва, лаборатории и правни лица (ловни друштва, концесионери на ловиштата и национални паркови во Република Северна Македонија).

Средствата од дел III потточка 1.1 и дел IV потточката 11.1 од оваа програма ќе се исплаќаат на правни или физички лица кои ги исполнуваат условите пропишани со Законот за ветеринарно здравство и по донесено решение од Агенцијата за храна и ветеринарство.

Средствата од дел IV потточките 1.1, 1,3, 1.5, 2.1, 3.1, 3.2, 4.1, 5.1, 6.1, 6.4, 7.1, 9.1, 9.3, 9.4, 9.6, 10.1, 10.3, 10.5, 10.6, 10.8, 12.1, 13, 14 и 15 на оваа програма ќе се исплаќаат врз основа на склучен договор меѓу Агенцијата за храна и ветеринарство и ветеринарните друштва.

Средствата од дел IV потточките 1.2, 1.4, 2.2, 2.3, 2.4, 3.3, 3.4, 4.2, 4.3 5.1, 6.2, 6.3, 6.5, 6.6, 6.7, 7.2, 8.1, 9.2, 9.5, 10.2, 10.4, 10.5, 10.7, 13 и 14 ќе се исплаќаат врз основа на склучен договор меѓу Агенцијата за храна и ветеринарство и лаборатории.

Средствата од дел IV потточка 6.1, 6.2 и 6.4 од оваа програма се исплаќаат на правни лица врз основа на склучен договор меѓу Агенцијата за храна и ветеринарство и физички и правни лица (ловни друштва, концесионери на ловиштата и национални паркови во Република Северна Македонија).

VI

Приоритет во спроведување на мерките на оваа програма ќе имаат епизоотиолошките подрачја во кои се појавиле заразни болести во поголем обем.

VII

За спроведување на оваа програма се грижи Агенцијата за храна и ветеринарство.

VIII

Оваа програма влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија, а ќе отпочне да се применува од 1 јануари 2020 година".

Бр. 45-10697/1
28 декември 2019 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Северна Македонија,
Зоран Заев, с.р.

_____

4407.

Врз основа на член 40 став 2 од Законот за извршување на Буџетот на Република Северна Македонија за 2020 година („Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 265/19), Владата на Република Северна Македонија, на седницата, одржана на 28 декември 2019 година, донесе

П Р О Г Р А М А
ЗА ИЗГРАДБА И РЕКОНСТРУКЦИЈА НА СРЕДНИ УЧИЛИШТА ЗА 2020 ГОДИНА

1. Финансирањето на училишните објекти од средното образование се врши согласно член 101 од Законот за средното образование („Службен весник на Република Македонија“ бр. 44/95, 24/96, 34/96, 35/97, 82/99, 29/02, 40/03, 42/03, 67/04, 55/05, 113/05, 35/06, 30/07, 49/07, 81/08, 92/08, 33/10, 116/10, 156/10, 18/11, 42/11, 51/11, 6/12, 100/12, 24/13, 41/14, 116/14, 135/14, 10/15, 98/15, 145/15, 30/16, 127/16, 67/17 и 64/18).

Со оваа програма се планира отпочнување на нови градби, доградби, надградби, реконструкции, санации, како и завршување на отпочнати реконструкции на училишни објекти, обезбедување на стручно технички надзор во процесот на градежните активности, изработка на техничка документација и ревизија на документација за училишните објекти во рамките на обезбедените средства во Буџетот на Република Северна Македонија за 2020 година, врз основа на одредбите од Законот за извршување на Буџетот на Република Северна Македонија за 2020 година.

Средствата за реализација на оваа програма во вкупен износ од 30.000.000 денари се обезбедени од Буџетот на Република Северна Македонија за 2020 година, на Раздел 16001 – Министерство за образование и наука, Потпрограма ТГ – Изградба на средни училишта и Потпрограма ТД- Реконструкција на средни училишта, ставка 482.

Опис на планирани активности и распределба на финансиски средства обезбедени со Потпрограма ТГ – Изградба на средни училишта:

ОПИС НА АКТИВНОСТИ	ПЛАНИРАНИ ФИНАНСИСКИ СРЕДСТВА
Изградба, доградба и надградба на училишни објекти	7.000.000
Стручно-технички надзор при изградби, доградби и надградби на училишни објекти	500.000
Техничка документација, елаборати, ревизија на техничка документација и трошоци за обезбедување на податоци и услуги од страна на јавни институции, средства за непредвидени работи, дополнителни работи и вишоци по склучени договори	2.500.000
ВКУПНО (Потпрограма ТГ)	**10.000.000**

Опис на планирани активности и распределба на финансиски средства обезбедени со Потпрограма ТД – Реконструкција на средни училишта

ПРЕНЕСЕНИ ФИНАНСИСКИ ОБВРСКИ ЗА ОБЈЕКТИ			**БУЏЕТ 2020**
Општина	**Име на училишен објект и место**	**Опис на градежни активности**	
ГОСТИВАР	СОУ „Гостивар“	Санација (втора фаза) за реконструкција на топловодно греење во СОУ Гостивар, кров и санација објект 2	
		ВКУПНО ПРЕНЕСЕНИ ОБВРСКИ	**2.858.490**
ПЛАНИРАНИ ИНВЕСТИЦИИ ЗА ОБЈЕКТИ ВО 2020			
Општина	**Име на училишен објект и место**	**Опис на гладежни активности**	
СВЕТИ НИКОЛЕ	СОУ Кочо Рацин-Земјоделско училиште (Со Ученички дом кој е во состав на Училиштето)	Комплетна реконструкција	
ПРИЛЕП	СОУ Орде Чопела	Реконструкција на санитарни јазли	
ПРИЛЕП	Гимназија „ Мирче Ацев“	Замена на прозори на северна фасада и реконструкција на северна фасада	
ВКУПНО ПЛАНИРАНИ ИНВЕСТИЦИИ ЗА 2020			**13.141.510**
Стручно-технички надзор при реконструкција, санација и адаптација на училишни објекти, за обврски по склучени договори и за нови договори			1.000.000
Техничка документација, елаборати, ревизија на техничка документација и трошоци за обезбедување на податоци и услуги од страна на јавни институции, средства за непредвидени работи, дополнителни работи и вишоци по склучени договори			3.000.000
		ВКУПНО (Потпрограма ТД)	**20.000.000**

ВКУПНО (Потпрограма ТГ)	10.000.000
ВКУПНО (Потпрограма ТД)	20.000.000
ВКУПНО ПЛАНИРАНИ ИНВЕСТИЦИИ ЗА 2020	**30.000.000**

2. Оваа програма влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“, а ќе отпочне да се применува од 1 јануари 2020 година.

Бр. 45-10988/1
28 декември 2019 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Северна Македонија,
Зоран Заев, с.р.

4408.

Врз основа на член 7 од Законот за ученичкиот стандард („Службен весник на Република Македонија” број 52/05, 117/08, 17/11, 135/11, 15/13, 41/14, 146/15, 30/16, 64/18 и 20/19) и член 40 став 3 од Законот за извршување на Буџетот на Република Северна Македонија за 2020 година („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.265/19), Владата на Република Северна Македонија, на седницата, одржана на 28 декември 2019 година, донесе

П Р О Г Р А М А
ЗА ОСТВАРУВАЊЕ И РАЗВОЈ НА ДЕЈНОСТА ВО УЧЕНИЧКИОТ СТАНДАРД ЗА 2020 ГОДИНА

1. Програмата за остварување и развој на дејноста во ученичкиот стандард за 2020 година е изготвена согласно Законот за ученичкиот стандард („Службен весник на Република Македонија" број 52/05, 117/08, 17/11, 135/11, 15/13, 41/14, 146/15, 30/16, 64/18 и 20/19), Законот за посебните права на припадниците на безбедносните сили на Република Македонија и на членовите на нивните семејства („Службен весник на Република Македонија" бр. 02/02, 17/03, 30/04 и 66/07) и Законот за извршување на Буџетот на Република Северна Македонија за 2020 година („Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 265/19).

Програма за поддршка на средното образование на Роми е целосно обезбедена согласно Стратегијата за Роми на Република Македонија 2014-2020 година и Националниот акционен план за образование 2016-2020 година.

Финансирањето на ученичките домови се врши согласно член 73, став 1 од Законот за ученичкиот стандард („Службен весник на Република Македонија" број 52/05, 117/08, 17/11, 135/11, 15/13, 41/14, 146/15, 30/16, 64/18 и 20/19).

Во Република Северна Македонија постојат 18 ученички домови, од кои четири ученички домови се наменети за ученици со посебни образовни потреби и тоа за ученици со оштетен вид, со оштетен слух и говор и ученици со пречки во развојот.

Сместувањето и исхраната на учениците во ученичките домови е организирано според Правилникот за начинот и постапката за прием на ученици во јавните ученички домови („Службен весник на Република Македонија" бр. 55/10, 49/11, 50/15 , 59/16 и 41/17).

Во ученичките домови во Република Северна Македонија сместување и исхрана користат околу 2.700 ученици. Месечната цена за сместување и исхрана, која што ја плаќа Министерството за образование и наука, за еден ученик од средното образование е 7.500 денари, за најмногу 10 месеци во годината.

Со Програмата опфатени се следните видови на стипендии за ученици и тоа:

1. стипендии за талентирани ученици-спортисти од средното образование со месечна стипендија од 2.970 денари за девет месеци во учебната година;

2. стипендии за ученици со посебни потреби од средното образование во износ од 2.750 денари за девет месеци во годината;

3. стипендии за социјална поддршка на ученици од средното образование во износ од 2.200 денари за девет месеци во годината;

4. стипендии за ученици-деца без родители од средното образование во износ од 2.750 денари за девет месеци во годината;

5. стипендии за талентирани ученици од средното образование со месечна стипендија од 2.970 денари за девет месеци во учебната година;

6. стипендии за ученици-деца на бранителите од средното образование, кои се доделуваат согласно Законот за посебните права на припадниците на безбедносните сили на Република Македонија и на членовите на нивните семејства („Службен весник на Република Македонија" бр. 02/02, 17/03, 03/04 и 66/07) по основ на потпишани договори со Министерството за образование и наука и добиваат износ од 2.420 денари за девет месеци во годината;

7. стипендии за ученици-деца на починатите припадници на Армијата на Република Северна Македонија и Министерството за внатрешни работи во хеликоптерската несреќа, по основ на потпишани договори со Министерството за образование и наука во износ од 2.420 денари за девет месеци во годината;

8. стипендии за ученици од средното образование кои реализираат наставни програми од угостителско-туристичка струка во износ од 2.200 денари за девет месеци во годината;

9. стипендии за ученици Роми од средното образование од прва категорија со месечна стипендија во износ од 2.200 денари за девет месеци во годината;

10. стипендии за ученици Роми од средното образование од втора категорија со месечна стипендија во износ од 1.500 денари за девет месеци во годината;

11. стипендии за ученици Роми од средното образование од трета категорија со месечна стипендија во износ од 1.000 денари за девет месеци во годината;

12. стипендии за ученици Роми од средното образование од четврта категорија со месечна стипендија во износ од 1.000 денари за девет месеци во годината;

13. стипендии за ученици Роми од средното образование од петта категорија со месечна стипендија во износ од 600 денари за девет месеци во годината и

14. стипендии по други основи по основ на потпишани договори со Министерството за образование и наука.

Со Потпрограмата 50 - Ученички стандард согласно расположивите средства за 2020 година се планираат културно-забавни, спортско-рекреативни и други активности како и субвенционирање на музички инструменти за најдобрите ученици во завршните години од средното образование кои учат во државните средни музички училишта, покривање на трошоци за учениците и нивните ментори за учество на меѓународни научни олимпијади и покривање на трошоци за ученици кои ќе учествуваат на меѓународни школи за млади истражувачи.

Со Потпрограмата ТИ - Реконструкција на ученички домови, предвидени се средства за реконструкција на ученички домови во износ од 15.000.000 денари.

Во Потпрограма 32 - Поддршка на средното образование на Ромите, согласно расположливите средства за 2020 година се планираат стипендии за ученици Роми од средното образование.

Согласно одобрените средства со Буџетот на Република Северна Македонија за 2020 година, вкупните финансиски средства од раздел 16001 - Министерство за образование и наука за Потпрограма 50 - Ученички стандард, Потпрограма 32 - стипендии за ученици Роми од средното образование и Потпрограмата ТИ - Реконструкција на ученички домови, се следните:

Програма/ Потпрограма	Ставка	ОПИС	НАМЕНА	ИЗНОС
Програма 5			**ВКУПНО:**	**206.150.000**
Потпрограма 50	421	Стоки и услуги	Комунални услуги, греење, комуникации и транспорт	1.000.000
Потпрограма 50	426	Стоки и услуги	Други тековни расходи	150.000
Потпрограма 50	464	Субвенции и трансфери	Разни трансфери, стипендии за поддршка на талентирани ученици, сместување и исхрана на ученици во ученички домови, субвенционирање на музички инструменти за најдобрите ученици, покривање на трошоци за учениците и нивните ментори за учество на меѓународни научни олимпијади и покривање на трошоци за ученици кои ќе учествуваат на меѓународни школи за млади истражувачи.	205.000.000
	Ставка	**ОПИС**	**НАМЕНА**	**ИЗНОС**
Потпрограма ТИ			**ВКУПНО:**	**15.000.000**
Потпрограма ТИ	482	Капитални расходи	РЕКОНСТРУКЦИЈА НА УЧЕНИЧКИ ДОМОВИ	15.000.000
	Ставка	**ОПИС**	**НАМЕНА**	**ИЗНОС**
Потпрограма 32			**ВКУПНО:**	**11.147.000**
Потпрограма 32	420	Стоки и услуги	Патни и дневни расходи	100.000
Потпрограма 32	421	Стоки и услуги	Поправки и тековно одржување	135.000
Потпрограма 32	425	Стоки и услуги	Договорни услуги	432.000
Потпрограма 32	426	Стоки и услуги	Други тековни расходи	200.000
Потпрограма 32	464	Субвенции и трансфери	Разни трансфери	10.280.000
			СЕ ВКУПНО Програма 5, Потпрограма ТИ и Потпрограма 32:	**232.297.000**

2. Оваа програма влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“, а ќе отпочне да се применува од 1 јануари 2020 година.

Бр. 45-10984/1
28 декември 2019 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Северна Македонија,
Зоран Заев, с.р.

_____

4409.

Врз основа на член 8 од Законот за студентскиот стандард („Службен весник на Република Македонија” број 15/13, 120/13, 41/14, 146/15, 30/16, 178/16, 64/18, 20/19 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ број 124/19) и член 40 став 3 од Законот за извршување на Буџетот на Република Северна Македонија за 2020 гдина („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.265/19), Владата на Република Северна Македонија, на седницата, одржана на 28 декември 2019 година, донесе

П Р О Г Р А М А
ЗА ОСТВАРУВАЊЕ И РАЗВОЈ НА ДЕЈНОСТА ВО СТУДЕНТСКИОТ СТАНДАРД ЗА 2020 ГОДИНА

1. Програмата за остварување и развој на дејноста во студентскиот стандард за 2020 година е изготвена согласно Законот за студентскиот стандард, Законот за посебните права на припадниците на безбедносните сили на Република Македонија и на членовите на нивните семејства („Службен весник на Република Македонија“ број 2/02, 17/03, 30/04 и 66/07) и Законот за извршување на Буџетот на Република Северна Македонија за 2020 година („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 265/19).

Програмата за поддршка на високото образование на Роми е целосно обезбедена согласно Стратегијата за Роми на Република Македонија 2014-2020 година и Националниот акционен план за образование 2016-2020 година.

Финансирањето на студентските домови се врши согласно член 45 од Законот за студентскиот стандард („Службен весник на Република Македонија“ број 15/13, 120/13, 41/14, 146/15, 30/16, 178/16, 64/18, 20/19 и „Службен весник на Република Северна Македонија” број 124/19).

Сместување и исхрана на студенти во Република Северна Македонија се остварува во седум државни студентски домови, во три приватни студентски домови, како и во дел од сместувачките капацитети на ученичките домови. Во нив се сместуваат околу 5.550 студенти.

Сместувањето на студентите во студентските домови е регулирано со Правилникот за начинот на прием на студенти во државните студентски домови („Службен весник на Република Македонија“ број 89/13, 98/13 и 130/16).

Месечната цена за партиципација за сместување и исхрана, која ја плаќа Министерството за образование и наука изнесува 3.410 денари за еден студент, за најмногу 10 месеци во годината.

Министерството за образование и наука целосно ја плаќа цената за сместување и исхрана во студентските домови во износ од 6.820 денари за еден студент за најмногу 10 месеци во годината и тоа за студенти кои се сместени во студентските домови, а се: деца без родители и родителска грижа, деца со посебни потреби, деца на невработени родители, деца на самохрани родители, деца на корисници на социјална помош и постојана парична помош и деца на корисници на надоместок по основ на престанок на работен однос од деловни причини, за кои вкупните приходи во семејството се до нето минималната плата утврдена во Република Северна Македонија. Бројот на овие студенти е најмногу до 40% од вкупниот број на расположиви места во студентските домови.

За студентите согласно CEEPUS програма, Министерството за образование и наука ги покрива трошоците за сместување и исхрана во студентски домови за времето на престој во Република Северна Македонија. Цената за еден студент е 6.820 денари месечно.

Со оваа програма опфатени се следните видови на стипендии за студенти, како и останати права на истите:

1. стипендии „Прва група“ - стипендии за студенти од социјалните категории со месечна стипендија од 3.300 денари за девет месеци во годината;

2. стипендии „Втора група“:

- стипендии за студенти запишани на додипломски студии од прв циклус на јавните и приватните универзитети и високообразовни установи, за студенти кои постигнале особено висок успех во учењето од I-та до тековно запишаната студиска година од најмалку 8.50 за студентите запишани на техничките факултети и медицинските науки, а за студентите на факултетите од општествените науки и на факултетите од уметностите да имаат постигнато најмалку 9,00 просечен успех, со месечна стипендија од 4.400 денари за девет месеци во годината;

- стипендии за студенти запишани на додипломски студии од прв циклус на јавните и приватните универзитети и високообразовни установи, кои постигнале особено висок успех во учењето од I-та до тековно запишаната студиска година најмалку 9,00 просечен ус-

пех и тоа за студенти запишани на студиски програми по информатика, со месечна стипендија од 6.050 денари за девет месеци во годината;

3. стипендии „Трета група“:

- стипендии за студенти кои се запишани на студиски програми од научните подрачја на природно-математичките, техничко-технолошките, биотехничките и/или медицинските науки со месечна стипендија од 3.300 денари за девет месеци во годината;

- стипендии за студенти кои се запишани на додипломски студии од прв циклус на јавните и приватните универзитети и високообразовни установи во Република Северна Македонија, од научното подрачје на природно-математиките науки, на студиски програми по математика, хемија или физика, со месечна стипендија од 18.000 денари за девет месеци во годината;

4. стипендии „Четврта група“:

– стипендии за студенти кои се запишани во прва година на студиски програми на високообразовни установи за образование на наставен кадар во предучилишното воспитание, основното и средното образование со месечна стипендија од 6.050,00 денари месечно, за девет месеци во текот на студиската година;

5. стипендии за студенти - деца на бранителите, кои се доделуваат согласно Законот за посебните права на припадниците на безбедносните сили на Република Македонија и на членовите на нивните семејства („Службен весник на Република Македонија“ број 2/02, 17/03, 30/04 и 66/07), со месечна стипендија од 3.993 денари за девет месеци во годината, додека за сместување и исхрана цената за еден студент е 6.820 денари месечно;

6. стипендии за студенти - деца на починатите припадници на Армијата на Република Северна Македонија и Министерството за внатрешни работи во хеликоптерската несреќа, по основ на потпишани договори со Министерството за образование и наука со месечна стипендија од 3.993 денари за девет месеци во годината.

7. 25 стипендии за најдобрите студенти запишани на додипломски студии на Технолошко-металуршкиот факултет при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ - Скопје, со месечна стипендија од 5.150 денари за девет месеци во годината;

8. стипендии за редовни студенти Роми запишани на додипломски студии од прв циклус на јавните универзитети и високообразовани установи во Република Македонија;

9. стипендии за редовни студенти од прва година запишани на високообразовни установи за образование на наставен кадар во предучилишното воспитание, основното и средното образование, кои биле корисници на стипендија за талентирани ученици од Министерството за образование и наука, со месечна стипендија од 6.050 денари за девет месеци во годината;

10. стипендии за студенти запишани на еден од првите сто рангирани универзитети според последната објавена ранг-листа на глобални универзитети за високо образование од Институтот за високо образование при Шангајскиот Џио Тонг универзитет, и тоа на насоките утврдени со конкурсот објавен од Министерството за образование и наука. На корисникот на стипендија му се надоместуваат трошоците за уписнина и еден авионски билет на почетокот на студиите и еден авионски билет по завршување на студиите, а месечната стипендија се исплаќа согласно Листата на индекси на малопродажните цени за животните трошоци, која е објавена од надлежните органи на Организацијата на Обединетите Нации и е важечка на денот на објавувањето на конкурсот за доделување на студентски стипендии на студенти кои студираат во странство;

11. стипендии за студенти запишани на додипломски студии од прв циклус во прва година на Academy of Performing Arts (FAMU) во Прага, Република Чешка на студии од областа на филмската и музичката уметност која е од посебно научно и образовно значење за Република Северна Македонија. На корисникот на стипендија му се надоместуваат трошоците за уписнина и еден авионски билет на почетокот на студиите и еден авионски билет по завршување на студиите, а месечната стипендија се исплаќа согласно Листата на индекси на малопродажните цени за животните трошоци, која е објавена од надлежните органи на Организацијата на Обединетите Нации и е важечка на денот на објавувањето на конкурсот за доделување на студентски стипендии на студенти кои студираат во странство;

12. стипендии за студенти запишани на додипломски студии од прв циклус во странство од областите на ликовната уметност, кинематографија, музика и филмска продукција. На корисникот на стипендија му се надоместуваат трошоците за уписнина и еден авионски билет на почетокот на студиите и еден авионски билет по завршување на студиите, а месечната стипендија се исплаќа согласно Листата на индекси на малопродажните цени за животните трошоци, која е објавена од надлежните органи на Организацијата на Обединетите Нации и е важечка на денот на објавувањето на конкурсот за доделување на студентски стипендии на студенти кои студираат во странство;

13. стипендии за студенти со македонско потекло кои живеат во државите на Балканскиот полуостров, со месечна стипендија од 3.300 денари за девет месеци во годината, додека за сместување и исхрана цената за еден студент е 6.820 денари месечно;

14. стипендии за студенти од странство кои се од интерес на државата, за изучување на македонскиот јазик и писмо и/или англискиот јазик преку посета на обуки/курсеви на некој од државните универзитети во траење од 1 до 3 месеци, со месечна стипендија од 5.000 денари, трошоци за сместување и исхрана во студентски дом (појадок, ручек и вечера во студентски дом) во месечен износ од 8.620 денари за еден студент, како и бесплатна обука/курс за изучување на јазик, трошоци за дозвола за престој, примарно здравствено осигурување и повратен авионски билет;

15. стипендии по други основи.

Со Програмата 6 - Студентски стандард согласно расположивите средства за 2020 година се планираат културно-забавни, спортско-рекреативни и други активности (субвенционирање на музички инструменти за најдобрите студенти, патување за најдобрите студенти од првите три најдобро рангирани високообразовни

установи во Република Северна Македонија, рангирани согласно со Законот за високото образование, покривање на трошоци на студенти за учество на меѓународни студентски натпревари во знаење).

Во Потпрограма ТК - Изградба и реконструкцијана студентски домови се планира продолжување со реконструкција на дел од студентските домови.

Со Потпрограма 11 - Декада на Ромите, согласно расположливите средства за 2020 година се планираат стипендии за редовни студенти Роми запишани на додипломски студии од прв циклус на јавните и приватните универзитети и високообразовни установи во Република Северна Македонија.

Согласно одобрените средства со Буџетот на Република Северна Македонија за 2020 година вкупните финансиски средства од раздел 16001 - Министерство за образование и наука за Програма ТК - Изградба и реконструкција на студентски домови и Потпрограма 11 - Декада на Ромите, се следните:

Програма/ Потпрограма	Ставка	ОПИС	НАМЕНА	ИЗНОС
Програма 6			**ВКУПНО:**	**479.200.000**
Потпрограма 60	420	Стоки и услуги	Патни и дневни расходи	1.500.000
Потпрограма 60	421	Стоки и услуги	Комунални услуги, греење, комуникации и транспорт	2.000.000
Потпрограма 60	426	Стоки и услуги	Други тековни расходи	200.000
Потпрограма 60	464	Субвенции и трансфери	Разни трансфери, стипендии за студенти, партиципација за сместување и исхрана на студенти во студентски домови	455.000.000
Потпрограма 60	483	Капитални расходи	Купување на мебел	20.000.000
Потпрограма 60	485	Капитални расходи	Вложувања и нефинансиски средства	500.000
	Ставка	**ОПИС**	**НАМЕНА**	**ИЗНОС**
Потпрограма ТК			**ВКУПНО:**	**90.000.000**
Потпрограма ТК	482	Капитални расходи	ИЗГРАДБА И РЕКОНСТРУКЦИЈА НА СТУДЕНТСКИ ДОМОВИ	90.000.000
	Ставка	**ОПИС**	**НАМЕНА**	**ИЗНОС**
Потпрограма 11			**ВКУПНО:**	**10.835.000**
Потпрограма 11	421	Стоки и услуги	Патни и дневни расходи	200.000
Потпрограма 11	424	Стоки и услуги	Поправки и тековно одржување	85.000
Потпрограма 11	425	Стоки и услуги	Договорни услуги	4.500.000
Потпрограма 11	426	Стоки и услуги	Други тековни расходи	200.000
Потпрограма 11	464	Субвенции и трансфери	Разни трансфери, стипендии за студенти роми од прв циклус на студии	5.850.000
			СЕ ВКУПНО Програма 6, Потпрограма ТК и Потпрограма 11:	**580.035.000**

2. Оваа програма влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“, а ќе почне да се применува од 1 јануари 2020 година.

Бр. 45-10985/1
28 декември 2019 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Северна Македонија,
Зоран Заев, с.р.

4410.

Врз основа на член 26 од Законот за извршување на Буџетот на Република Северна Македонија за 2020 година („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.265/19) Владата на Република Северна Македонија, на седницата, одржана на 28 декември 2019 година, донесе

П Р О Г Р А М А
ЗА ПОДДРШКА НА ДОМАШЕН ТУРИЗАМ ЗА РАБОТНИЦИ СО НИСКИ ПРИХОДИ

I

Со оваа програма ќе се реализираат активности за поддршка на домашен туризам за работници со ниски приходи.

Средствата за реализација на оваа програма се утврдени со Буџетот на Република Северна Македонија за 2020 година („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.265/19) Раздел 100.01 – Министерство за економија, Потпрограма ДО – Поддршка на домашен туризам за работници со ниски приходи, ставка 464 – Разни трансфери, во износ од 20.000.000,00 денари.

II

Средствата од делот I од оваа програма ќе се користат за поддршка на домашен туризам за работници со ниски приходи.

Министерството за економија со цел за надминување на ефектите на социјалната исклучивост на лица со ниски примања и стимулирање на развојот на туризмот во Република Северна Македонија вон туристичката сезона организира одмор на работници со ниски приходи чии месечни примања во семејството не го надминуваат нето износот од 22.000,00 денари. Одморот ќе биде организиран во угостителските објекти за сместување во туристички центри на Република Северна Македонија, надвор од местото на живеење на лицето-подносителот на барањето, во период од не повеќе од пет дена.

Министерството за економија објавува Јавен повик за пријавување на интерес на угостителските објекти за сместување во туристичките центри во Република Северна Македонија кои се заинтересирани за учество во првиот квартал од 2020 година во два дневни весници и веб страната на Министерството за економија. Врз основа на доставените пријави за интерес, Министерството за економија утврдува Листа на угостителските објекти за сместување во туристички центри на Република Северна Македонија во кои работниците со ниски приходи ќе можат да го реализираат одморот.

III

Министерството за економија ќе објави Јавен повик за организирање на одмор на работници со ниски приходи кои ќе пријават интерес за користење на средства за организиран одмор, во два дневни весници и веб страната на Министерството за економија.

Едно лице може да поднесе само едно барање за добивање на потврда за одмор на работници со ниски приходи.

За учество по Јавниот повик работниците со ниски приходи - баратели до Министерството за економија треба да достават:

- пополнет образец на барање за добивање на потврда за одмор на работници со ниски приходи,
- потврда од работодавецот за висината на исплатена плата на барателот и на членовите на потесното семејство во последните три месеци кои заедно со него ќе го користат одморот,
- фотокопија од лична карта или патна исправа за барателот и членовите на потесното семејство кои заедно со него ќе го користат одморот,
- доказ за членовите на потесното семејство (извод од венчани, потврда за развод или умреница за член од семејството),
- изјава дека барателот лично или со членовите на потесното семејство кои се наведени во барањето ќе го користат одморот и
- изјава дека барателот морално, материјално и кривично одговара за внесените податоци (личните податоци и финансиските средства) во изјавата, потпишана од барателот.

Образецот на барањето за добивање на потврда за одмор на работници со ниски приходи може да се подигне во архивата на Министерството за економија или да се обезбеди преку интернет страната на министерството: www.economy.gov.mk.

Барањето за добивање на потврда за одмор на работници со ниски приходи се поднесува на образец, во А-4 формат, на хартија во бела боја.

Формата и содржината на барањето за добивање на потврда за одмор на работници со ниски приходи се дадени во Прилог 1 кој е составен дел на оваа програма.

Изјавата дека барателот лично или со членовите на потесното семејство кои се наведени во барањето ќе го користат одморот се поднесува на образец, во А-4 формат, на хартија во бела боја.

Формата и содржината на изјавата дека барателот лично или со членовите на потесното семејство кои се наведени во барањето ќе го користат одморот се дадени во Прилог 2 кој е составен дел на оваа програма.

IV

За спроведување на Јавниот повик за организиран одмор за работници со ниски приходи, се формира комисија од страна на министерот за економија, која ќе биде составена од три члена и нивни заменици од редот на вработените во Министерството за економија. Комисијата по пристигнувањето на сите барања за добивање на потврда за одмор на работници со ниски приходи доставени за времетраењето на Јавниот оглас, со записник ќе го утврдат точниот број на пристигнати барања и ќе изготви Листа за баратели кои имаат уредна и комплетна документација која заедно со извештајот ја доставува до министерот за економија.

Работниците со ниски приходи-баратели кои не доставиле уредна и комплетна документација нема да бидат утврдени во Листата на баратели.

Листата на баратели кои доставиле уредна и комплетна документација се објавува на веб страната на Министерството за економија најдоцна седум дена од денот на утврдувањето на Листата на баратели.

На работниците со ниски приходи – баратели, кои се утврдени во Листата на баратели, Министерството за економија им издава Потврда за користење на средства за организиран одмор во износ од 15.000,00 денари.

Потврдата за користење на средства за организиран одмор се издава по принципот "прв дојден прв услужен".

Потврдата за користење на средства за организиран одмор може да се користи само од работникот на кој му е издадена заедно со членовите на неговото потесно семејство кои се наведени во барањето за добивање на потврда за одмор на работници со ниски приходи.

Потврдата за користење на средства за организиран одмор се издава на образец во А4 формат на хартија во бела боја.

Формата и содржината на Потврдата за користење на средства за организиран одмор се дадени во Прилог 3 кој е составен дел на оваа програма.

V

Угостителските објекти од Листата на угостителски објекти за сместување во кои работниците со Потврдата за користење на средства за организиран одмор, го реализирале одморот, до Министерство за економија треба да го достават оригиналот од Потврдата за користење на средства за организиран одмор заедно со фактура за наплата на средствата за реализираниот одмор, најдоцна до 13.12.2020 година.

VI

Министерството за економија, заклучно со 31.3.2021 година до Владата на Република Северна Македонија ќе достави извештај со финансиски показатели за реализација на оваа програма.

VII

Оваа програма влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија", а ќе отпочне да се применува од 1 јануари 2020 година.

Бр. 45-10987/1
28 декември 2019 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Северна Македонија,
Зоран Заев, с.р.

Прилог 1

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
МИНИСТЕРСТВО ЗА ЕКОНОМИЈА
ул. „Јурij Гагарин“ бр. 15
1000 Скопје

Б А Р А Њ Е

ЗА ДОБИВАЊЕ НА ПОТВРДА ЗА ОДМОР НА РАБОТНИЦИ СО НИСКИ ПРИХОДИ

_____

(ИМЕ И ПРЕЗИМЕ НА БАРАТЕЛОТ)

Податоци за барателот:

1.	**Име и презиме на кандидатот-апликантот**	
2.	**Ден, месец и година на раѓање**	
3.	**Место на раѓање**	
4.	**Адреса на живеење**	
5.	**Регистарски број на лична карта и наслов на органот кој го издава**	
6.	**ЕМБГ**	
7.	**Телефон / телефакс / e-mail, web**	
8.	**Угостителски објект за сместување од листата на угостителски објекти**	

Членови од семејството

	Име и презиме	**Датум и место на раѓање**	**Сродство**
1			
2			
3			

_____ 2020 година **_____**
(потпис на подносителот на барањето)

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
МИНИСТЕРСТВО ЗА ЕКОНОМИЈА

Прилог 2

И З Ј А В А

За користење на одмор

Од _____датум и место на раѓање_____
(Име и презиме на барателот)

_____
(Адреса на живеење на подносителот на барањето)

Членови на семејството

_____датум и место на раѓање_____сродство_____
_____ датум и место на раѓање_____сродство_____
_____ датум и место на раѓање_____сродство_____
(име и презиме)

Изјавувам дека јас лично и членовите на моето потесно семејство ќе користам одмор во еден од угостителските објекти за сместување во туристичките центри на Република Македонија.

_____ 2020 година
Скопје

_____
Потпис на давателот на изјавата

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
МИНИСТЕРСТВО ЗА ЕКОНОМИЈА

Прилог 3

П О Т В Р Д А

ЗА
КОРИСТЕЊЕ НА СРЕДСТВА ЗА ОРГАНИЗИРАН ОДМОР

На лицето _____ роден-а на _____
(ден-месец-година)
во _____ ЕМБГ _____со место на
(град)
живеење _____ и членови на потесното
(улица и број)
семејство:
Име и презиме _____ сродство _____
Име и презиме _____ сродство _____
Име и презиме _____ сродство _____

МУ СЕ ИЗДАВА ПОТВРДА ВО ИЗНОС ОД
15.000,00 ДЕНАРИ

Бр. _____
Дата_____ 2020 година
Скопје

Министер за економија

МП

4411.

Врз основа на член 40 став 4 од Законот за извршување на Буџетот на Република Северна Македонија за 2020 година („Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 265/19), а во врска со член 49 став 1 од Законот за научно-истражувачката дејност („Службен весник на Република Македонија" бр. 46/08, 103/08, 24/11, 80/12, 24/13, 147/13, 41/14, 145/15, 154/15, 30/16 и 53/16), Владата на Република Северна Македонија, на седницата, одржана на 28 декември 2019 година, донесе

П Р О Г Р А М А ЗА НАУЧНО-ИСТРАЖУВАЧКАТА ДЕЈНОСТ ЗА 2020 ГОДИНА

I. Со оваа програма се финансираат активностите од научно-истражувачката работа и тоа за:

1. Програми на јавните научни установи и единиците насочени кон науката при државните универзитети,

2. Национални научно-истражувачки проекти,

3. Билатерални научно-истражувачки проекти,

4. Издавачка дејност (печатење на научни книги),

5. Организација на научни собири,

6.Учество на домашни истражувачи на меѓународни научни собири во странство,

7. Студиски престои во странство и престој на странски научни истражувачи во Република Северна Македонија,

8. Објавување на научни трудови во странски научни списанија (со импакт фактор), надомест за средства за објавени научни трудови во списание со импакт фактор

9. Стипендии за млади научно-истражувачки кадри на втор и трет циклус во земјата и странство:

- стипендии и уписнини за студии од втор циклус во странство според Шангајската ранг листа,
- стипендии и уписнини за студии од трет циклус во странство според Шангајската ранг листа,
- еднократен надомест за одбрана на магистерски труд,
- еднократен надомест за одбрана на докторски труд,
- стипендии и уписнини за студии од втор циклус за студии во странство од областите на ликовната уметност, кинематографијата и филмската продукција, драмската уметност и музиката,
- стипендии за последипломски студии на Јавна научна установа Институт за филм, филмска академија-Охрид,
- стипендии и уписнини за постдипломски студии по старотурски јазик,
- стипендии и уписнини за студии од втор циклус за ФАМУ, Република Чешка,
- објавување на творечки субвенции за творечки дејности,
- стипендии за студии од втор и трет циклус на студии на странски државјани кои престојуваат во Република Северна Македонија по основ на билателарна и мултилатерална меѓународна соработка,
- стипендии „Борис Трајковски" за студии од втор циклус за извршната МБА програма на Универзитетот Шефилд,
- стипендии и школарини за последипломски и докторски студии во согласност со Законот за правата на претседателот на Република Македонија и неговото семејство по престанување на функцијата („Службен весник на Република Македонија" бр.46/04, 09/06 и 157/07),

10. Програма за техничка култура,

11. Државна награда „Гоце Делчев" ,

12. Контрибуција разни членарини во меѓународни организации,

13. ЦЕЕПУС и

14. Други расходи-исплата на експертски и советодавни тела, рецензии за проекти и наплата на фактури за објавени конкурси и други активности.

1.1. Програми на јавните научни установи и единиците насочени кон науката при државните универзитети

Со оваа програма ќе се финансираат следните научно-истражувачки активности: научно-истражувачки проекти, издавачка дејност, организирање на научни собири, учество на домашни научни истражувачи на меѓународни научни собири, студиски престои во странство, научно-истражувачка инфраструктура и престој на странски научни истражувачи во Република Северна Македонија. Овие научно-истражувачки активности се од јавен интерес на државата од областа на историскиот и културниот идентитет на македонскиот народ, како и граѓаните кои живеат во нејзините граници кои се дел од албанскиот народ, турскиот народ, влашкиот народ, српскиот народ, ромскиот народ, бошњачкиот народ и другите што живеат во Република Северна Македонија.

1.2. Национални научно-истражувачки проекти

Континуираната научно-истражувачка работа низ научно-истражувачки проекти во природно-математичките науки, техничко-технолошките науки, медицинските науки и здравство, биотехнички науки, општес-

твени науки и хуманистички науки, претставува перманентна ориентација. Државните високо образовни установи вршат фундаментално, развојно и применето истражување, а кои се од големо значење за афирмирање на научно-истражувачката работа во нашата држава. Покрај фундаменталното значење, вложувањата во научно-истражувачката работа се во функција на забрзаниот економски развој.

Од друга страна, активното вклучување на младите истражувачи во научно-истражувачката работа превентивно делува на „одливот на мозоци" од државата, а користењето на потенцијалот на младиот научен кадар обезбедува временски далекусежно стабилен и континуиран развој на државата.

1.3. Билатерални научно-истражувачки проекти

Континуираната научно-истражувачка работа низ научно-истражувачки проекти во природно-математичките науки, техничко-технолошките науки, медицинските науки и здравство, биотехнички науки, општествени науки и хуманистички науки, претставува перманентна ориентација. Државните високо образовни установи вршат фундаментално, развојно и применето истражување, а кои се од големо значење за афирмирање на научно-истражувачката работа во билателарната соработка со: Словенија, Хрватска, Турција, Бугарија, Србија, Црна Гора, Кина, Албанија, Австрија, Полска, Чешка, Босна и Херцеговина, Франција и др. Покрај фундаменталното значење, вложувањата во научно-истражувачката работа се во функција на забрзаниот економски развој.

Од друга страна, активното вклучување на младите истражувачи во научно-истражувачката работа превентивно делува на „одливот на мозоци" од државата, а користењето на потенцијалот на младиот научен кадар обезбедува временски далекусежно стабилен и континуиран развој на државата.

1.4. Издавачка дејност (печатење на научни книги)

Резултатите од научно-истражувачката работа се главен индикатор за активноста на научните работници. Тие се верификуваат преку нивно објавување во форма на трудови во печатени научни книги и научни списанија, печатеното издаваштво е незаменлив начин на комуникација на научниот работник со соодветна научна јавност, но и пошироко.

1.5. Организација на научни собири

Програмата предвидува финансиска поддршка за организирање на научни собири од национален и меѓународен карактер во Република Северна Македонија каде што се презентираат најновите достигнувања во соодветна научна област преку презентација на научни трудови (орална и постер презентација).

1.6. Учество на домашни истражувачи на меѓународни научни собири во странство

Усовршувањето на домашни истражувачи на научни собири во странство се остварува преку нивно активно учество на конгреси, конференции, симпозиуми и семинари. За овие учества на научни собири во странство се покриваат дел од патните трошоци.

1.7. Студиски престои во странство и престој на странски научни истражувачи во Република Северна Македонија

Еден од инструментите за поддршка на усовршувањето на домашните научно-истражувачки кадри во странство е кофинансирањето на студиските престои. Во доделувањето на овие средства ќе се применат критериумите за селекција на апликантите за ваков вид на поддршка врз основа на должината на престојот, статусот на институцијата каде ќе се престојува, програмата на престојот и др.

1.8. Објавување на научни трудови во странски научни списанија (со импакт фактор) и надомест за средства за објавени научни трудови во списание со импакт фактор

Се доделуваат средства за печатење на научните трудови на наши научни истражувачи во странски научни списанија (вреднувани со импакт фактор) како и надомест на средства за научните работници кои платиле за објава на научен труд во меѓународно списание со импакт фактор.

1.9. Стипендии за млади научно-истражувачки кадри на втор и трет циклус во земјата и странство:

- стипендии и уписнини за студии од втор циклус во странство според Шангајската ранг листа,
- стипендии и уписнини за студии од трет циклус во странство според Шангајската ранг листа,
- еднократен надомест за одбрана на магистерски труд,
- еднократен надомест за одбрана на докторски труд,
- стипендии и уписнини за студии од втор циклус за студии во странство од областите на ликовната уметност, кинематографијата и филмската продукција, драмската уметност и музиката,
-стипендии за последипломски студии на Јавна научна установа Институт за филм, филмска академија-Охрид,

- стипендии и уписнини за постдипломски студии по старотурски јазик,

- стипендии и уписнини за студии од втор циклус за ФАМУ, Република Чешка,

- објавување на творечки субвенции за творечки дејности,

- стипендии за студии од втор и трет циклус на студии на странски државјани кои престојуваат во Република Северна Македонија по основ на билателарна и мултилатерална меѓународна соработка,

- стипендии ,,Борис Трајковски" за студии од втор циклус за извршната МБА програма на Универзитетот Шефилд,

- стипендии и школарини за последипломски и докторски студии во согласност со Законот за правата на претседателот на Република Македонија и неговото семејство по престанување на функцијата (,,Службен весник на Република Македонија" бр.46/04, 09/06 и 157/07).

1.10. Програма за техничка култура

Потребните средства за поттикнување и помагање на техничката култура се определени врз основа на предлог-програмите за работа/проектите, изготвени од носителите на техничката култура кои имаат јавни овластувања за вршење на оваа работа доделени од Министерството за образование и наука.

- Обука за техничка култура (програмски активности-програми за работа/проекти)

Средствата ќе се наменат за обука преку: организирање семинари и курсеви во домовите за техничка култура и струковите сојузи; организирање и учество на регионални, државни и меѓународни натпревари на талентирани ученици од основните и средните училишта во областа на природните и техничките науки; организирање и одржување собири, фестивали и изложби од државен и меѓународен карактер и други активности поврзани со развојот и унапредувањето на техничката култура.

Со средствата од Буџетот на Република Северна Македонија за 2020 година ќе се поддржат и следните конкретни активности на државно ниво: Државен натпревар на млади техничари и природници; Државен натпревар ,,Наука на младите"; Државен натпревар на млади и возрасни трактористи; Државен собир на радиоаматерите; Државен собир на воздухопловните и ракетните моделари; Државна изложба; Денови на македонската фотографија; Државен фестивал на непрофесионалниот филм; летни фото и филмски школи; МАКИНОВА 2020, ЕКОНОВА 2020; Посета и организирање на саемски манифестации од областа на техничката култура на Државно и меѓународно ниво и Изложба на наградени истражувачки и иновативни проекти на ученици од основното и средното образование од областа на техничката култура.

Со средствата од Буџетот на Република Северна Македонија за 2020 година ќе се финансираат и потребите за задолжителна котизација во меѓународните организации од областа на техничката култура.

- Материјални трошоци

Средствата за материјални трошоци за реалните потреби за остварување на програмските активности на носителите на јавни овластувања во техничката култура во Република Северна Македонија за 2020 година се предвидува да се обезбедат од страна на носителите на работата.

1.11. Државна награда „Гоце Делчев"

Согласно Законот за државните награди (,,Службен весник на Република Македонија" бр. 52/06, 54/07, 74/12 и 99/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 98/19) преку Министерството за образование и наука, во Република Северна Македонија се доделува државната награда ,,Гоце Делчев", со која се оддава општествено признание за особено значајни остварувања од интерес за државата, во областа на науката. Во една календарска година се доделуваат најмногу три награди.

1.12. Контрибуции-членарини во меѓународни организации

Министерството за образование и наука преку уплатата на овие контрибуции-членарини во меѓународните организации обезбедува учество на наши научни институции да можат да конкурираат за добивање на проекти од меѓународен карактер.

1.13. ЦЕЕПУС

Ќе се подржува престојот на постдипломци, универзитетски професори во Република Северна Македонија во рамките на ЦЕЕПУС програмата за 2020 година.

1.14. Други расходи-исплата на експертски и советодавни тела, рецензии за проекти, наплата на фактури за објавени конкурси и други активности

Се врши исплата на рецензии на научни работници кои извршиле рецензирање на нови проекти, годишни извештаи и завршни извештаи за национални и меѓународни проекти. Ќе се одвојуваат средства и за советодавни тела во областа на науката и др.

Табела Преглед на распределба на средства за научно-истражувачка дејност за 2020 година

П Р Е Г Л Е Д

НА РАСПРЕДЕЛБА НА СРЕДСТВАТА
ЗА НАУЧНО-ИСТРАЖУВАЧКАТА ДЕЈНОСТ ОД

ПРОГРАМАТА 7-НАУКА
ПОТПРОГРАМА 71-НАУЧНО-ИСТРАЖУВАЧКА РАБОТА ЗА 2020 ГОДИНА

		БУЏЕТСКИ СТАВКИ							ВКУПНО
Р. бр.	АКТИВНОСТИ	420-патни и дневни трошоци	421-Комунални услуги, греење, комуникации и транспорт	423-Материјали и ситен инвентар	424-Поправки и тековно одржување	425-Договорни услуги	426-Други тековни расходи	464-Разни трансфери	РАСПОРЕД НА БУЏЕТ-2020
1	Програма за развој и работа на јавни научни установи (научните институти), научно-истражувачки проекти, научно-истражувачка инфраструктура, издавачка дејност, организирање на научни собири, учество на домашни научни истражувачи на меѓународни научни собири и студиски престои во странство, престој на странски научни истражувачи во Република Северна Македонија	0	100.000	100.000	100.000	200.000	0	0	500.000
2	Научно-истражувачки проекти-факултети (национални)	0	100.000	100.000	100.000	200.000	0	0	500.000
3	Научно-истражувачки проекти (билатерални)	1.820.000	800.000	800.000	800.000	2.800.000	0	0	7.020.000
4	Издавачка дејност (печатење на научни книги)	0	0	0	0	2.000.000	0	0	2.000.000
5	Организација на научни собири	0	0	3.000.000	0	0	0	0	3.000.000
6	Учество на домашни истражувачи на меѓународни научни собири во странство	4.000.000	0	0	0	0	0	0	4.000.000
7	Студиски престои во странство и престој на странски научни работници во Република Северна Македонија	300.000	0	0	0	0	0	0	300.000
8	Објавување на научни трудови во странски научни списанија (со импакт фактор), надомест за средства за објавени научни трудови по списание со импакт фактор	0	0	0	0	9.000.000	0	0	9.000.000
9	Стипендии за млади научно-истражувачки кадри за втор и трет циклус во земјата и странство: - Стипендии и уписнини за студии од втор циклус во странство според Шангајската ранг листа, - Стипендии и уписнини за студии од трет циклус во странство според Шангајската ранг листа, - Еднократен надомест за одбрана на магистерски труд, - Еднократен надомест за одбрана на докторски труд - Стипендии и уписнини за студии од втор циклус за студии во странство од областите на ликовната уметност, кинематографијата и филмската продукција, драмската уметност и музиката, -Стипендии за последипломски студии на Јавна научна установа Институт за филмска академија-Охрид - Стипендии и уписнини за постдипломски студии по старогрчки јазик - Стипендии и уписнини за студии од втор циклус за ФАМУ, Република Чешка, - Објавување на творечки субвенции за творечки дејности, - Стипендии за студии од втор и трет циклус на студии на странски државјани кои престојуваат во Република Северна Македонија по основ на билатерална и мултилатерална меѓународна соработка, -Стипендии „Борис Трајковски„ за студии од втор циклус за изработка МБА програма на Универзитетот Шефилд, - Стипендии и школарини за последипломски и докторски студии во согласност со Законот за правата на претседателот на Република Северна Македонија и неговото семејство по престанување на функцијата.	0	0	0	0	0	39.200.000	39.200.000
10	Програма за техничка култура	0	0	0	0	5.000.000	0	0	5.000.000
11	Државни награди (награда Гоце Делчев)	0	0	0	0	300.000	0	500.000	800.000
12	Контрибуција за разни членарини во меѓународни организации.	0	0	0	0	0	10.000.000	0	10.000.000
13	ЦЕЕПУС	0	0	0	0	200.000	0	300.000	500.000
14	Други расходи -исплата на експертски и советодавни тела, исплата на рецензенти, објавување на огласи, конкурси и други активности.	0	0	0	0	300.000	0	0	300.000
	БУЏЕТ ЗА 2020 ГОДИНА	6.120.000	1.000.000	4.000.000	1.000.000	20.000.000	10.000.000	40.000.000	82.120.000

II. Оваа програма влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија”, а ќе отпочне да се применува од 1 јануари 2020 година.

Бр. 45-10990/1
28 декември 2019 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Северна Македонија,
Зоран Заев, с.р.

4412.

Врз основа на член 22 став 1 од Законот за просторно и урбанистичко планирање („Службен весник на Република Македонија", бр. 199/44, 44/15, 44/15, 193/15, 31/16, 163/16, 64/18 и 168/18), Владата на Република Северна Македонија, на седницата, одржана на 28 декември 2019 година донесе

ГОДИШНА ПРОГРАМА
ЗА ФИНАНСИРАЊЕ НА ИЗРАБОТКА НА ПРОСТОРЕН ПЛАН НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

1.Средствата за реализација на оваа програма се обезбедени во раздел 12101, програма 3, подпрограма 30, категорија 42, ставка 425 Договорни услуги, утврдени во Буџетот на Република Северна Македонија за 2020 година во износ од 31.000.000,00 денари.

2. Средствата од точка 1 од оваа програма ќе се користат за следните активности:

	Опис на активност	Вредност (денари)
2.1	Изработка на нов просторен план на Република Северна Македонија	23.484.871,00
2.2	Изработка на просторен план за националниот парк Пелистер – Предлог план	439.838,00
2.3	Изготвување на годишен извештај за спроведување на Просторниот План на Република Македонија за 2019 година	1.200.000,00
2.4	Обврски по потпишан Договор бр. 15-4291/1 од 01.08.2019 год. со Агенција за Планирање на Просторот на РСМ за изработка на Просторен План на Република Северна Македонија – подготвителни активности и согласно Договор бр. 15-4272/2 од 15.08.2018 год. за изработка на Просторен План на Источно Плански Регион – Предлог План.	5.875.291,00

3. За начинот и динамиката на спроведување на оваа програма ќе се грижи Министерството за животна средина и просторно планирање.

4. Оваа програма влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија", а ќе отпочне да се применува од 1 јануари 2020 година.

Бр. 45-10148/1
28 декември 2019 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Северна Македонија
Зоран Заев, с.р.

4413.

Врз основа на член 15 став (2) од Законот за хидрометеоролошка дејност („Службен весник на Република Македонија" бр. 103/08, 53/11, 51/15 и 149/15), Владата на Република Северна Македонија, на седницата, одржана на 28 декември 2019 година, донесе

П Р О Г Р А М А
ЗА РАБОТИ ОД ОБЛАСТА НА ХИДРОМЕТЕОРОЛОШКАТА ДЕЈНОСТ ВО 2020 ГОДИНА

I

Средствата за реализација на оваа програма во 2020 година во износ од 101.688.000,00 денари, обезбедени со Буџетот на Република Северна Македонија за 2020 година ("Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 265/19), раздел 14003-Управа за хидрометеоролошки работи (во понатамошниот текст: УХМР) ќе се користат за следните намени:

Ред. бр.	Назив на програмски активности	Износ на средства
1.	Програмски активности од областа на администрација	92.023.000,00
2.	Програмски активности од областа на хидрологија	3.800.000,00
3.	Програмски активности од областа на метеорологија	3.250.000,00
4.	Програмски активности од областа на прогноза и предупредување	1.805.000,00
5.	Програмски активности од областа на квалитет на води	810.000,00
	Вкупно:	**101.688.000,00**

II

Средствата од Дел I точка 1 од оваа програма во износ од 92.023.000,00 денари ќе се користат за следните намени:

Ред. бр.	Опис на активности	Износ на средства
1.	Активности за обезбедување на услови од правен, финансиски аспект, меѓународна соработка и активности од областа на човечки ресурси и внатрешна ревизија за реализација на другите програми во УХМР	92.023.000,00

III

Средствата од Дел I точка 2 од оваа програма во износ од 3.800.000,00 денари ќе се користат за следните намени:

Ред. бр.	Опис на активности	Износ на средства
1.	Хидролошки набљудувања и мерења во мрежата на станици за површински и подземни води и спроведување специјални хидролошки мерења и набљудувања	2.050.000,00
2.	Хидрометриски и контролни хидролошки мерења во мрежата на станици за површински и подземни води и спроведување на договори и меѓународни активности	650.000,00
3.	Осовременување на хидролошкиот мониторинг систем за подобрување на хидролошките следења, мерења и информации, како и развој на методи од областа на хидрологијата	400.000,00
4.	Изработка на хидролошки извештаи и информации од мрежата на хидролошки станици за површински и подземни води	300.000,00
5.	Одржување на хидролошки станици за спроведување на континуирани хидролошки мерења на површински и подземни води	400.000,00

IV

Средствата од Дел I точка 3 од оваа програма во износ од 3.250.000,00 денари ќе се користат за следните намени:

Ред. бр.	Опис на активности	Износ на средства
1.	Мерења и набљудувања во мрежата на метеоролошки станици и спроведување специјални мерења и набљудувања во мрежата на метеоролошките станици	1.600.000,00
2.	Редовна обиколка, контрола и интервенции на метеоролошките станици во Република Северна Македонија и спроведување на активности на меѓународен план во областа на метеорологијата	410.000,00
3.	Тековно одржување на мрежата на метеоролошките станици за спроведување на континуирани мерења на метеоролошките параметри	850.000,00
4.	Осовременување на метеоролошкиот набљудувачки систем за воспоставување на информационен систем за климатски услуги	170.000,00
5.	Изготвување на дневни, декадни, месечни,сезонски, годишни и повеќегодишни метеоролошки и климатолошки извештаи	220.000,00

V

Средствата од Дел I точка 4 од оваа програма во износ од 1.805.000,00 ќе се користат за следните намени:

Ред. бр.	Опис на активности	Износ на средства
1.	Одржување на системот за радарски мониторинг на облачните системи и меѓународни активности во областа на прогнозата на времето	170.000,00
2.	Изработка на редовни временски прогнози, метеоролошки билтени и информации,вонредни прогнози и предупредувања за опасни временски непогоди врз основа на радарскиот мониторинг, издавање на аларми во Европскиот систем МЕТЕОАЛАРМ	100.000,00
3.	Функционирање на системот за радарски мониторинг и информатичкиот систем	1.120.000,00
4.	Осовременување на радарскиот мониторинг и сателитскиот прием на податоци	415.000,00

VI

Средствата од Дел I точка 5 од оваа програма во износ од 810.000,00 денари ќе се користат за следните намени:

Ред. бр.	Опис на активности	Износ на средства
1	Меѓународни активности од областа на квалитет на води	90.000,00
2	Земање на примероци на вода од мрежата за квалитет на води во Република Северна Македонија(12 пати годишно)	170.000,00
3	Спроведување на хемиски и биолошки анализи на површински води од мрежата за квалитет на води	420.000,00
4	Осовременување на теренски мерења	130.000,00

VII

Ова програма влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“, а ќе отпочне да се применува од 1 јануари 2020 година.

Бр. 45-10509/1
28 декември 2019 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Северна Македонија,
Зоран Заев, с.р.

4414.

Врз основа на член 16 ставови 2 и 3 од Законот за здравствената заштита („Службен весник на Република Македонија“ бр. 43/12, 145/12, 87/13, 164/13, 39/14, 43/14, 132/14, 188/14,10/15, 61/15, 154/15, 192/15, 17/16, 37/16 и 20/19 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ број 101/19, 153/19 и 180/19), Владата на Република Северна Македонија, на седницата, одржана на 28 декември 2019 година, донесе

П Р О Г Р А М А
ЗАДОЛЖИТЕЛНА ИМУНИЗАЦИЈА НА НАСЕЛЕНИЕТО ВО РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА ЗА 2020 ГОДИНА

I. ВОВЕД

Имунизацијата е едно од најголемите достигнувања во историјата на медицината и претставува најбезбедна, најефикасна и економски најоправдана превентивна мерка која директно придонесува за намалување на морбидитетот и морталитетот на заразните заболувања. Со вакцинирање се спасуваат 2 до 3 милиони деца во светот секоја година (СЗО).

Благодарејќи на имунизацијата многу заразни болести кои во минатото претставувале значаен јавно-здравствен проблем затоа што предизвикувале висок морбидитет, односно морталитет кај децата и возрасните, или предизвикувале компликации и инвалидитет, денес се елиминирани или ставени под контрола, сведени на поединечни случаи без смртен исход и трајни последици.

Во Република Северна Македонија, задолжителната имунопрофилакса и хемопрофилакса е законски регулирана со Законот за заштита на населението од заразни болести („Службен весник на Република Македонија“ бр. 66/04, 139/08, 99/09, 149/2014, 150/15 и 37/16) и Правилникот за имунопрофилакса, хемиопрофилакса, лицата кои подлежат на овие мерки, начинот на изведување и водење на евиденција и документација („Службен весник на Република Македонија“ бр.177/15) (во натамошниот текст: Правилникот).

II. Моментална состојба

Задолжителната имунизација во Република Северна Македонија во 2018 година се спроведуваше со опфат и за примовакцинација и за ревакцинација под препорачаните 95%, на национално ниво за сите вакцини.

Во однос на 2017 година, се бележи благ пораст на опфатот за сите примовакцини, со исклучок на МРП вакцината која бележи значително опаѓање во однос на минатата година и опфат под 80%. Во однос на ревакцинацијата, опфатот го задржува трендот на опаѓање за сите ревакцини, како и минатата година.
Опфатот на примовакцинација со вакцините вклучени во поливалентните вакцини (Хепатит Б, ХиБ, ДиТеПер и Полио), бележат благ пораст во однос на 2017 година. Со оглед на фактот што ХиБ, ДиТеПер и ИПВ вакцините се содржани во поливалентните вакцини опфатот со примовакцинацијата со овие вакцини е потполно идентичен – 92,5%. Опфатот со вакцината против хепатит Б од 92,3% бележи благо зголемување во однос на 2017 година, и незначително се разликува од опфатот на останатите примовакцини. Опфатот со МРП вакцина од 74,8% во 2018 е најнизок регистриран опфат во изминатиот петгодишен период. Нискиот опфат на МРП вакцината го следи низок опфат со првата ХиБ, ДиТеПер и ИПВ ревакцинација (вклучени во поливалентните вакцини) на 18 месеци, која за сите три ревакцини е идентична и изнесува 80,2%.

Во однос на ревакцинацијата, опфатот со МРП ревакцинацијата има највисок опфат (93,8%) од сите ревакцини, иако не го надминува препорачаниот опфат од 95%. Вакцинацијата со ДиТе и ОПВ кај училишните деца на седум-годишна возраст се регистрира со исклучително низок опфат под 80%, што не било случај во изминатиот петгодишен период. Иако ревакцинацијата на 14-годишна возраст со ДиТе бележи опфат над 80%, сепак е низок и го следи уште пониският опфат на ОПВ вакцина од 79,4%. Ревакцинацијата против тетанус, иако има опфат над 90% сепак не го достигнува препорачаниот опфат од 95%.

Вакцината против ХПВ инфекција го надминува просечниот опфат за периодот 2013-2017, но повторно бележи најнизок опфат од сите вакцини (54,7%), како и во претходните пет години.

III. Мерки кои треба да се превземат за подобрување на состојбите

Согласно резултатите од спроведената задолжителна имунизација во Републиката во 2018 година кои покажуваат тренд на опаѓање на вакциналниот опфат за сите вакцини под 95%, а во насока на следење на препораките на Светската здравствена организација за опфат ≥ 95%, се наметнува потребата од превземање на одредени интензивни мерки и активности за подобрување на состојбата со задолжителната вакцинација во Република Северна Македонија, и тоа:

- Зголемување на опфатот со сите вакцини и ревакцини кои бележат понизок опфат од 95% на регионално и локално ниво, во целата република;
- Континуиран надзор и контрола над спроведувањето на имунизацијата од страна на надлежните институции - Центри за јавно здравје/подрачни единица (ЦЈЗ/ПЕ), Институт за јавно здравје на Република Северна Македонија (ИЈЗ), Државен санитарен и здравствен инспекторат (ДСЗИ);
- Строго придржување кон принципите за одржување и контрола на студениот синџир на сите нивоа - при набавката, транспортот, чувањето и ракувањето со вакцините;
- Континуирано и навремено снабдување со вакцини, затоа што недостаток или нередовно снабдување со вакцини несомнено доведува до пад на опфатот;
- Екипирање на вакцинални тимови со персонал кој недостасува, во сите вакцинални пунктови, како и зголемување на бројот на вакцинални тимови каде што има потреба;
- Месечно, наместо квартално снабдување со вакцини на здравствените институции во кои се складираат вакцините, со цел да се намалат негативните импликации при проблеми/прекини во снабдувањето со електрична енергија и трошоците за уништување/отстранување на оштетените вакцините кои не се за понатамошна употреба;
- Организирање кампањи за подигање на свеста на родителите за безбедноста и бенефитите на вакцините;
- Одржување на едукативни семинари за зголемување на свесноста на здравствените работници - матични лекари, педијатри, гинеколози, вклучително и здравствениот персонал кој ја спроведува вакцинацијата за значењето и бенефитите на имунизацијата, како и за безбедноста на вакцините.

- Спроведување на тренинзи/обуки за подигнување на нивото на нивните комуникациски вештини со цел враќање на довербата на родителите кон здравствениот систем и градење на позитивен став кон вакцинацијата;
- Спроведување на имунолошки студии со цел да се одреди имуниот статус на вакцинираните лица и утврдување на колективниот имунитет на населението, што е во согласност со препораките на СЗО;
- За навремено и успешно спроведување на континуираната имунизација во републиката потребно е да започне со работа системот за електронско евидентирање на спроведената имунизација, со кој ќе се подобри системот за планирање, изведување, евидентирање и надзор на спроведената имунизација.

IV. Цели на програмата

Основна цел на Програмата е постигнување на опфат над 95% на национално и регионално, и над 90% на локално ниво со сите вакцини, согласно Календарот за имунизација во 2020 година.

Оваа цел ќе се постигне преку ажурно спроведување на планираната рутинската, задолжителна континуирана вакцинација согласно Програмата, како и дополнителните активности за зголемување на опфатот (оддржување на национални и регионални денови на имунизација, Европска недела на имунизација, едукативни семинари, кампањи за промоција на вакцинацијата и др.).

Дополнително, треба да се стави акцент на активностите кои се во насока на постигнување на што поголем опфат кај тешко достапните популации: жители во руралните средини, кај ромската популација и кај лицата кои често го менуваат своето место на живеење и престојување (мобилни групи) - мигранти, бегалци итн. Ова значи дека е потребно е да се засилат активностите за изнаоѓање на неевидентирани, невакцинирани и некомплетно вакцинирани лица и да се спроведе нивна вакцинација (теренски активности за прочешлување на теренот, повикување, вакцинација од врата на врата и др.), во рутинската пракса и како дополнителна мерка.

V. Мерки и активности, очекувани резултати (индикатори на успешност)

Активностите предвидени во оваа програма ќе се спроведуваат во согласност со Правилникот, при што опфатот со сите вакцини треба да биде над 95% на национално и регионално, и над 90% на локално ниво. Тоа ќе претставува основен индикатор за успешноста на вакцинацијата односно реализација на оваа програма.

V.1. ИМУНИЗАЦИЈА ПРОТИВ ОДРЕДЕНИ ЗАРАЗНИ БОЛЕСТИ

Имунизацијата против одредени заразни болести се спроведува како:

1. Задолжителна активна имунизација на лица на одредена возраст, која се спроведува континуирано, во текот на целата година против: акутен вирусен хепатит Б (Hepatitis B), туберкулоза (Tuberculosis), заболувања предизвикани од хемофилус инфлуенца тип Б (Hib), дифтерија (Diphtheria), тетанус (Tetanus), голема кашлица (Pertussis), детска парализа (Poliomyelitis acuta), мали сипаници (Morbilli), заразни заушки (Parotitis epidemica), црвенка (Rubeola) и инфекции предизвикани од хуман

папилома вируси (HPV) за сите лица на одредена возраст согласно Календарот за имунизација.

1.1. **Имунизација против акутен вирусен хепатитис Б**

Задолжителна активна имунизација против акутниот вирусен хепатит Б се врши со давање на три дози НВ (Хепатитис Б) вакцина, како поединечна или во состав на поливалента вакцина.

А) Вакцинација се врши:

На сите новородени деца во 2020 година, на возраст определена со Календарот за имунизација:

- Првата доза на вакцина се дава во родилиште како поединеча НВ вакцина, во тек на првите 24 часа по раѓање, а децата кои не се родени во родилиште се вакцинираат веднаш, во надлежната установа која спроведува вакцинација.
- Втората доза на вакцина се дава на растојание не пократко од еден месец по давање на првата доза.
- Третата доза на вакцина се дава на растојание не пократко од шест месеци после давање на првата доза, односно не пократко од два месеца после давање на втората доза.

Сите деца кај кои не е отпочната вакцинација до 18 месеци од животот, се вакцинираат најдоцна до отпочнување на основното образование, со давање на три дози НВ вакцина по шема 0, 1 и 6 месеци.

Децата кои не се потполно вакцинирани до 18 месеци од животот, ги примаат преостанатите дози на вакцина до отпочнување на основното образование.

1.2. **Имунизација против туберкулоза**

Задолжителна активна имунизација против туберкулоза се врши со давање на една доза вакцина против туберкулоза (BCG вакцина) како примовакцинација.

А) Вакцинација се врши:

- На сите новородени деца во 2020 година, при отпуштање од родилиште.
- Децата кои не се родени во родилиште, се вакцинираат до навршени 2 месеци од животот.
- Сите невакцинирани деца до крајот на првата година од животот, се вакцинираат до навршување на 14 годишна возраст.
- Вакцинацијата кај децата до 12 месеци од животот се врши без претходно туберкулинско тестирање.
- Децата со навршена една година од животот до наполнети 14 години од животот, се вакцинираат после извршено туберкулинско тестирање, и тоа само оние со негативна туберкулинска реакција.
- Ревакцинација против туберкулоза не се врши.

1.3. **Имунизација против заболувања причинети од Хемофилус инфлуенца тип Б**

Имунизација против заболувања предизвикани од хемофилус инфлуенца тип Б се врши со давање на три дози на вакцина против заболувања предизвикани од Хемофилус инфлуенца тип Б (Hib вакцина) како примовакцинација и една доза Hib

вакцина како ревакцинација, во вид на поединечна вакцина или во состав на поливалентна вакцина.

А) Вакцинација се врши:

- На сите деца родени од 01.11.2019 до 31.10.2020, до навршени 6 месеци од животот, со давање на три дози Hib вакцина во состав на поливалентни вакцини, на растојание од 1 до 3 месеци.
- Децата кај кои примоимунизација била започната подоцна, со навршени од 6 до 12 месеци, Hib вакцинацијата се спроведува со давање на три дози Hib вакцина во состав на поливалентни вакцини, согласно одлука на Министерството за здравство бр. 22-4601/1 од 16.05.2016 година, а врз основа на заклучоците од Комитетот за имунизација.
- Децата кај кои примоимунизација се започнува по навршени 12 месеци, се врши со поливалентни вакцини во чиј состав е и Hib вакцината, и се спроведува со давање две или три дози, зависно од претходниот вакцинален статус, согласно одлука на Министерството за здравство бр. 22-4601/1 од 16.05.2016 година, а врз основа на заклучоците од Комитетот за имунизација.

Б) Ревакцинација се врши:

- На сите деца кои се примовакцинирани до 12 месеци возраст, со една доза Hib вакцина која се дава 6 месеци од последната примена доза, препорачливо до навршени 18 месеци.
- Доколку примовакцинацијата не се заврши до препорачаните 12 месеци возраст, и ревакцинацијата не може да се спроведе до препорачаните навршени 18 месеци возраст, ревакцинација може да се спроведе подоцна (Согласно одлука на Министерството за здравство бр. 22-4601/1 од 16.05.2016, а врз основа на заклучоците од Комитетот за имунизација).

1.4. Имунизација против дифтерија, тетанус и голема кашлица

Задолжителна активна имунизација против дифтерија, тетанус и голема кашлица се врши со давање на:

- Три дози комбинирана вакцина против дифтерија, тетанус и голема кашлица целуларна или ацелуларна (DTwP или DTaP вакцина), како поединечна или во состав на поливалентна вакцина, како примовакцинација.
- Една доза на DTwP или DTaP вакцина, како поединечна или во состав на поливалентна вакцина, како I ревакцинација.
- Две дози комбинирана вакцина против дифтерија и тетанус (DT или dT вакцина за возрасни (про адултис), како II и III ревакцинација.
- Една доза вакцина против тетанус (TT) или вакцина против дифтерија и тетанус про адултис (dT вакцина), како IV ревакцинација.

А) Вакцинација против дифтерија, тетанус и голема кашлица се врши:

- На сите деца родени од 01.11.2019 до 31.10.2020, на возраст определена со Календарот за имунизација во 2020 година.
- На сите деца најдоцна до навршени 5 години од животот, кои до таа возраст не биле уредно вакцинирани, а не прележале голема кашлица.
- Вакцинација против дифтерија, тетанус и голема кашлица се спроведува и кај деца од навршени 5 до навршени 14 години од животот, ако дотогаш не биле

вакцинирани или ако нема докази дека се вакцинирани против овие болести, со давање на три дози комбинирана вакцина (DTaP/IPV или dT/IPV вакцина), на растојание утврдено согласно Правилникот.

Б) Ревакцинација против дифтерија, тетанус и голема кашлица се врши:

– На сите деца комплетно вакцинирани против дифтерија, тетанус и голема кашлица во 2019 година, на возраст определена со Календарот за имунизација во 2020 година.

– Првата ревакцинација против дифтерија, тетанус и голема кашлица се спроведува со давање на една доза на DTwP или DTaP вакцина како поединечна или во состав на поливалентни вакцини кога ќе помине една година од потполната вакцинација.

А) Вакцинација против дифтерија и тетанус се врши:

– На сите деца до навршени 5 години од животот кои не се вакцинирани, а ја прележале големата кашлица.

– На сите деца родени од 2006 година наваму, ако не биле уредно вакцинирани против дифтерија и тетанус, на растојание утврдено согласно Правилникот.

Б) Ревакцинација против дифтерија и тетанус:

– На сите деца на 7-годишна возраст, односно во II (второ) одделение на основното училиште, кои претходно се уредно вакцинирани и ревакцинирани против дифтерија и тетанус, според Календарот за имунизација.

– Ревакцинацијата се спроведува со давање на една доза DTaP (во состав на четиривалентна DTaP-IPV) или против дифтерија и тетанус со давање на една доза DT за деца со неполни 7 години или dT (вакцина за возрасни) за деца со наполнети 7 години. (Согласно одлука на Министерството за здравство бр.09-6044/1 од 20.08.2019)

– На сите деца на 14-годишна возраст, односно во завршното одделение на основното училиште кои претходно се уредно вакцинирани и ревакцинирани против дифтерија и тетанус, според Календарот за имунизација. Ревакцинацијата се спроведува со давање на една доза dT (вакцина за возрасни) или Td (во состав на тривалентна Td-IPV вакцина). (Согласно одлука на Министерството за здравство бр.09-6044/1 од 20.08.2019)

– На сите деца до 14-годишна возраст, вакцинирани против дифтерија и тетанус прв пат во 2019 година, ако од вакцинацијата поминала една година.

А) Вакцинација против тетанус се врши:

– На сите лица од навршена 14-годишна возраст до навршена 18-годишна возраст, ако дотогаш не биле вакцинирани против тетанус или ако нема докази за вакцинирање, со давање на три дози вакцина против тетанус – тетанусен токсоид (ТТ вакцина), на растојание утврдено со Правилникот.

Б) Ревакцинација против тетанус се врши:

– На сите лица на 18-годишна возраст, односно во завршната година на средното образование, ако дотогаш биле уредно вакцинирани и ревакцинирани против тетанус, согласно Календарот за имунизација.

– На сите лица од 14-годишна возраст до 18-годишна возраст, кои во 2019 година прв пат биле вакцинирани против тетанус, ако од вакцинирањето поминала една година.

1.5. **Имунизација против детска парализа**

Задолжителна активна имунизација против детска парализа се врши со давање:

- Три дози вакцина против детска парализа со жива двотипна орална полио вакцина (во понатамошниот текст: OPV2), и/ или мртва тритипна инактивирана полио вакцина (во понатамошниот текст: IPV) како поединечна или во состав на поливалентни вакцини како примовакцинација.
- Една доза на OPV2 или IPV како поединечна или во состав на поливалентна вакцина, како I (прва) ревакцинација.
- Една доза на OPV2 или IPV како II (втора) и III (трета) ревакцинација, како поединечна или во состав на поливалентна вакцина.

А) Вакцинација се врши:

- На сите деца родени од 01.11.2019 до 31.10.2020, на возраст определена со Календарот за имунизација.
- На сите сите деца родени 2006 година наваму до 31.10.2019 година, кои порано не биле вакцинирани против детска парализа.

Б) Ревакцинација се врши:

- На сите деца комплетно вакцинирани против детска парализа во 2019 година, ако од потполната вакцинација поминала една година.
- На сите деца на 7-годишна возраст, односно во II (второ) одделение од основното образование, кои претходно биле вакцинирани и ревакцинирани според Календарот за имунизација.
- На сите деца на 14-годишна возраст, односно во завршното одделение на основното училиште, кои претходно биле вакцинирани и ревакцинирани според Календарот за имунизација.

1.6. **Имунизација против мали сипаници, заушки и црвенка - рубеола**

Задолжителна активна имунизација против мали сипаници, заушки и црвенка - рубеола се врши со давање на една доза вакцина комбинирана жива вакцина против мали сипаници, заушки и црвенка – рубеола (МРП вакцина), како и една доза МРП вакцина со цел ревакцинација.

А) Вакцинација се врши:

- На сите деца со навршени 12 месеци од животот, најдоцна до навршени 15 месеци.
- На сите деца после навршување на 15 месеци до 14-годишна возраст, кои претходно не биле вакцинирани со МРП вакцина.

Б) Ревакцинација се врши:

- На сите деца на 6-годишна возраст, односно во I (прво) одделение од основното образование, на почетокот на учебната година, а најдоцна до крајот на месец октомври со МРП вакцина
- На сите деца после 6-тата година од животот до навршување на 14-годишна возраст, ако дотогаш не биле ревакцинирани со МРП вакцина.

Децата кои од било кои причини не биле вакцинирани согласно Календарот, ќе примаат две дози МРП вакцина на растојание од најмалку 30 дена, најдоцна до 14-годишна возраст.

1.7. **Имунизација против инфекции од Хуман папилома вируси - ХПВ**

Задолжителната активна имунизација против инфекции причинети од Хуман папилома вируси (ХПВ) се врши со давање на две или три дози на вакцина против хуман папилома вируси (ХПВ вакцина).

А) Вакцинација се врши:

- На сите женски деца на 12 годишна возраст, односно на сите девојчиња во VII (седмо) одделение од основното образование, со давање на две или три дози вакцина, на растојанија согласно Календарот за имунизација.
- На сите женски деца најдоцна до 14 годишна возраст, а кои претходно не биле вакцинирани со оваа вакцина, со давање на две или три дози вакцина, на растојанија согласно Правилникот.

1.8. **Имунизација против инфекции предизвикани од ротавируси**

Имунизација против инфекции предизвикани од ротавируси се спроведува со 3 дози на жива орална петтовалентна ротавирусна вакцина (RV5), кај деца со навршени 60 дена од животот до навршени 32 недели од животот.

А) Вакцинација се врши:

- На сите деца родени од 01.11.2019 до 31.10.2020, на возраст определена со Календарот за имунизација во 2020 година.
- Со давање на три дози ротавирусна вакцина на растојание од 4-10 недели.
- Третата доза треба да се даде најдоцна до навршени 32 недели од животот.

(Задолжителна вакцинација против инфекции предизвикани од ротавируси се врши согласно Одлука на Министерството за здравство бр. 09-4194/1 од 03.06.2019 година.)

1.9. **Имунизација против инфекции предизвикани од Streptococcus pneumoniae**

Имунизација против инфекции предизвикани од Streptococcus pneumoniae се спроведува со давање на конјугирана пневмококна вакцина на деца со навршени 60 дена од животот (2 месеци), најдоцна до 5 години.

А) Вакцинација на децата родени од 01.11.2019 до 31.10.2020, се спроведува со 2 дози вакцина и една доза ревакцина (бустер доза).

- Растојанието помеѓу првата и втората доза вакцина треба да изнесува од 1 до 2 месеци.
- Ревакцинација се спроведува со давање на една (бустер) доза на возраст од 12-18 месеци

Б) Вакцинација на децата кои навршуваат возраст од 12 до 23 месеци во текот на 2020 година, се спроведува со давање на две дози вакцина на растојание не пократко од 2 месеци.

В) Вакцинација на децата кои навршуваат возраст од 2 до 5 години во текот на 2020 година, се спроведува со давање на една доза вакцина.

(Задолжителна вакцинација против инфекции предизвикани од ротавируси се врши согласно Одлука на Министерството за здравство бр. 09-4193/1 од 03.06.2019 година.)

Задолжителната активна имунизација против определени заразни болести на лица на одредена возраст, согласно оваа програма се спроведува согласно Календарот за имунизација во 2020 година, и тоа:

КАЛЕНДАР ЗА ЗАДОЛЖИТЕЛНА ИМУНИЗАЦИЈА ЗА 2020 ГОДИНА

Навршена возраст/ одделение/ клас / Вакцина	На раѓање	Месеци					Одделение во основно училиште / години				Клас во средно училиште/год.
	0	2	4	6	12	18	I (6 год.)	II (7 год.)	VII (12 год.)	IX (14 год.)	IV (18 год.)
BCG (Туберкулоза)	BCG[1]										
HepB (Хепатитис Б)	HepB[1]	Hep B[2]		Hep B[2]							
Hib (Хемофилус инфлуенца тип Б инфекции)		Hib[3]	Hib[4]	Hib[3]		Hib[3]					
Rota (Ротавирусни инфекции)		Rota[5]	Rota[5]	Rota[5]							
PCV (Пневмококни инфекции)		PCV[6]	PCV[6]		PCV[6]						
DTaP (Дифтерија, тетанус, пертусис)		DTaP[3]	DTaP[3]	DTaP[3]		DTaP[3]		DTaP[3]			
dT (Дифтерија и тетанус)										dT[7]	
IPV (Полиомиелитис)		IPV[8]	IPV[8]	IPV[8]		IPV[8]		IPV[8]		IPV[9]	
MRP (Морбили, рубеола и паротит)					MRP[10]		MRP[10]				
HPV (Хуман папилома вирусни инфекции)									HPV[11]		
TT (Тетанус)											TT[12]

Објаснување кон Календарот за имунизација:

Објаснување кон Календарот за имунизација:

[1] BCG вакцина се дава при отпуштање од родилиште. До крајот на првата година детето се вакцинира со BCG вакцина без претходно туберкулинско тестирање.

[2] HepB вакцина се дава во првите 24 часа од раѓање како поединечна вакцина.

[3] Детето се вакцинира (I и III доза) со шестовалентна вакцина која содржи (DTaP, Hib, HepB и IPV).

[4] Детето се вакцинира (II доза) и ревакцинира (прва ревакцина) со петовалентна вакцина која содржи (DTaP, Hib и IPV).

[5] Детето се вакцинира со петтовалентна ротавирусна вакцина (RV5). Вакцинацијата започнува најдоцна до 12-неделна возраст. Растојанието меѓу дозите е од 4-10 недели. Третата доза треба да биде дадена најдоцна до навршени 32 недели од животот.

[6] Вакцинација се спроведува најдоцна до 5 години. Бројот на дози зависи од возраста на детето во моментот кога е отпочната вакцинацијата. Кај деца на возраст од 2 до 11 месеци се даваат 2 дози вакцина и една (бустер) доза ревакцина.
Кај деца на возраст од 12 до 23 месеци се даваат две дози на растојание не пократко од 2 месеци, без бустер доза.
Кај деца на возраст од 2 до 5 години се дава 1 доза вакцина, нема бустер доза.
[7] Првата доза комбинирана МРП вакцина се дава на деца со навршени 12 месеци од животот, а втората доза (ревакцина) се дава при започнување на основното образование.
[8] Втора ревакцинација против дифтерија, тетанус и пертусис се спроведува кај деца со неполни 7 години или со наполнети 7 години со давање на една доза четиривалентна DTaP-IPV вакцина.
[9] Трета ревакцинација против дифтерија и тетанус се спроведува кај деца во завршно одделение на основно образование со давање на една доза тривалентна Td-IPV вакцина.
[10] Четврта ревакцинација против тетанус се спроведува со давање една доза ТТ вакцина на 18 годишна возраст, односно во завршна година на средното образование.
[11] Со ХПВ вакцина се вакцинираат само девојчиња, со наполнети 12 години, со давање на две дози на вакцина, на растојание од 6 месеци.

Вакцинацијата на деца кои не се редовно имунизирани, кои воопшто не биле претходно вакцинирани или кои пропуштиле дози на вакцина од редовниот Календар за имунизација, се спроведува согласно Календар за за Catch-up имунизација, со цел да го комплетираат вакцинирањето, и тоа:

КАЛЕНДАР ЗА CATCH-UP ИМУНИЗАЦИЈА ЗА 2020 ГОДИНА
(за деца на возраст од 5-18 години кои ја пропуштиле редовната вакцинација)

Навршена возраст/ одделение/ клас / Вакцина	Одделение во основно училиште/ години					Клас во средно училиште/години
	5 години	I 6 години	II 7 години	VII 12 години	IX 14 години	IV 18 години
[1]BCG (Туберкулоза)						
[2]HepB (Хепатитис Б)						
[3]/[4]DTaP (Дифтерија, тетанус, пертусис)			DTaP			
[4]dT (Дифтерија и тетанус)					dT	
[5]IPV (Полиомиелитис)			IPV		IPV	
[6]MRP (Морбили, рубеола и паротит)		MRP				
[7]HPV (Хуман папилома вирусни инфекции)				HPV		

Објаснување кон Календарот за Catch- up имунизација за деца од 5 до 18 годишна возраст кои воопшто не биле претходно вакцинирани или кои пропуштиле дози на вакцина од редовниот Календар за имунизација:

Редовна вакцинација

Catch- up вакцинација

[1] Децата кои сеуште не се вакцинирани против туберкулоза, подлежат на задолжителна BCG вакцинација до наполнети 14 години од животот, по претходно туберкулинско тестирање.

[2] Децата кои не се вакцинирани или се непотполно вакцинирани со HepB вакцина, се вакцинираат/ги примаат дозите на вакцина кои им недостигаат, најдоцна до отпочнување на основното образование (по шема 0, 1 и 6 месеци).

[3] Вакцинацијата против дифтерија, тетанус и пертусис се спроведува кај деца од навршени 5 до навршени 14 години живот, ако дотогаш не се вакцинирани против овие заболувања или ако нема докази дека се вакцинирани, со давање на три дози четиривалентна вакцина (DTaP-IPV) и тоа: прва доза на вакцината се дава веднаш, втората доза се дава на растојание не пократко од 1 месец од претходно дадената прва доза, а третата доза на растојание не пократко од 1 месец од втората доза и препорачано не подолго од 6 месеци од првата дадена доза. Ако детето претходно примило само една доза вакцина, ги

примаат дозите кои недостигаат, до вкупно три дози и тоа втората доза веднаш третата доза на растојание не пократко од еден месец од втората доза. Ако претходно примило две дози вакцина веднаш ја примаат третата доза која му недостасува.

Ревакцинација против дифтерија, тетанус и пертусис се спроведува една година од комплетирањето на вакцинацијата (со три дози) со давање на една доза четиривалентна DTaP-IPV вакцина. Ревакцинацијата ќе се спроведува зависно од возраста на детето и претходно применените дози, најдоцна до 14 годишна возраст.

[3] Поради промената во Календарот за имунизација, со која од 01.01.2017 година е укината ревакцинацијата со DTwP на 4- годишна возраст, децата од второ одделение (на 7- годишна возраст) кои примиле DTwP како втора ревакцина на 4-годишна возраст, ќе се ревакцинираат со dT-IPV вакцина, додека децата кои не примиле DTwP како втора ревакцина на 4-годишна возраст ќе се ревакцинираат со DTaP-IPV.

[4] Ревакцинација против дифтерија и тетанус се спроведува кај деца над 14 годишна возраст кои ја пропуштиле редовната вакцинација со давање на една доза тривалентна dT-IPV вакцина, најдоцна до 18 годишна возраст.

[5] Вакцинацијата против детска парализа се спроведува со давање на три дози вакцина која содржи компонента на IPV (DTaP-IPV или dT-IPV зависно од возраста и дозите кои му недостасуваат), најдоцна до 14 годишна возраст. Растојанието помеѓу две дози на вакцина не треба да бидат пократко од 4 недели.

Ревакцинација против детска парализа се спроведува една година од комплетирањето на примовакцинацијата (со три дози) со давање на една доза DTaP-IPV вакцина или dT-IPV зависно од возраста и дозите кои му недостасуваат на лицето во моментот на вакцинација. Ревакцинацијата ќе се спроведува зависно од возраста на лицето и претходно применените дози, најдоцна до 14 годишна возраст.

[6] Ако од било кои причини детето не е вакцинирано согласно Календарот, ќе се вакцинира и ревакцинира со MRP вакцина на растојание од најмалку 4 недели меѓу двете дози, најдоцна до 14 годишна возраст.

[7] Со ХПВ вакцина се вакцинира, по правило, најдоцна до 14 годишна возраст согласно календарот. Вакцинација кај девојчиња над 15 годишна возраст се врши со давање на три дози вакцина во период од 6 месеци. Растојанието помеѓу првата и втората доза ХПВ вакцина не треба да е пократко од 1 месец. Третата доза се дава на растојание не пократко од 1 месец од втората доза и на растојание 6 месеци од првата доза.

2. Задолжителна имунопрофилакса на лица експонирани на одредени заразни болести по епидемиолошки индикации, се спроведува кај сите експонирани лица по епидемиолошки индикации, сé додека истите траат и тоа како: активна имунизација против туберкулоза, активна имунизација против мали сипаници, активна и пасивна имунизација против акутен вирусен хепатит Б (Hepatitis B), активна и пасивна имунизација против беснило (Lyssa), активна и пасивна имунизација против тетанус (Tetanus) кај повредени лица и активна имунизација против цревен тифус (Typhus abdominalis).

2.1. Активна имунизација против туберкулоза

На задолжителна имунизација против туберкулоза подлежат здравствени работници и друг помошен персонал, при вработување во здравствени установи во кои се врши дијагностика и лекување на болни од туберкулоза, ако туберкулинскиот тест им е негативен.

2.2. Активна имунизација против мали сипаници

Задолжителна имунизација против мали сипаници ако постојат епидемиолошки индикации се врши и кај деца на возраст од 6 до 12 месеци од животот, но тие повторно мора да се вакцинираат од 15 до 24-месечна возраст.

На задолжителна имунизација против мали сипаници подлежат и деца од навршени 15 месеци до 14 години од животот, кои се имунизирани против мали сипаници, ако за тоа постојат епидемиолошки индикации (заболување на вакцинирани, епидемија на мали сипаници кај деца од таа возраст), што ги утврдил надлежниот орган на државата и ако од претходната вакцинација против мали сипаници поминало повеќе од една година.

2.3. Активна и пасивна имунизација против акутен вирусен хепатитис Б

А) Активната имунизација против вирусен хепатитис Б се спроведува кај:

- Сите невакцинирани и непотполно вакцинирани лица вработени во здравствените установи, вклучувајќи ги и учениците и студентите во здравствено образовните струки (медицина, стоматологија, фармација) кои доаѓаат во непосреден контакт со инфективен материјал (крв или серум);
- Хемофиличари;
- Болни на хемодијализа;
- Полови партнери на HBsAg позитивни лица;
- Штитеници на установи за социјална заштита;
- Лица кои инјектираат дроги;
- Инсулин зависни болни од шеќерна болест;
- Болни од хроничен хепатит Ц;
- Лица со ХИВ/СИДА;
- Лица со регистрирани сексуално преносливи инфекции (СПИ) и нивни сексуални партнери;
- Лица кои имале инцидент со инфективен материјал (крв или серум).

Лица кои се HbsAg и анти HbsAg негативни, а живеат во близок контакт со носители на HbsAg исто така треба да се вакцинираат со НВ вакцина, при што приоритет имаат нивните полови партнери.

За вакцинација на деца помлади од 10 години се дава педијатриска доза вакцина (0,5 ml), на лицата постари од 10 години им се дава доза за возрасни (1ml), додека за вакцинација на пациенти на дијализа се дава двојна доза вакцина за определена возраст.

Бројот на потребните дози вакцина против акутен вирусен хепатитис Б кај експонирани лица и растојанието меѓу нив, како и времето на давање се пропишани со Правилникот.

Ревакцинација се спроведува кај случаи на имунодефициенција и кај болните на дијализа, со една доза на НВ вакцина, 5 години после потполната вакцинација.

Б) Пасивна имунизација против вирусен хепатитис Б се спроведува со давање на хепатитис Б имуноглобулин (HBIG) на:

- невакцинираните и непотполно вакцинираните лица кои имале инцидент со инфективен материјал (крв или серум), и
- новородени деца на HBsAg позитивни мајки.

HBIG се аплицира интрамускулно, во количина која ја препорачува производителот, веднаш по инцидентот, односно по раѓањето, а најдоцна 12 часа од моментот на инцидентот, односно на раѓањето.
По исклучок, ако хепатитис Б имуноглобулинот (HBIG) кај новородени деца од HBsAg позитивни мајки не е даден во првите 12 часа, може да се даде најдоцна до 7 дена од раѓањето.
HBIG се дава истовремено со првата доза вакцина, на спротивниот екстремитет.

2.4. Активна и пасивна имунизација против беснило

А) Активната имунизација против беснило се спроведува со давање на современи инактивирани вакцини против беснило за хумана употреба, произведени на култура на клетки и препорачани од СЗО, со потенцијал од најмалку 2,5 I.E. по поединечна доза.

1. ***Предекспозициона вакцинација против беснило*** се спроведува кај лица кои непосредно професионално се изложени на инфекција со вирусот на беснило, согласно одредбите на Правилникот.

Предекспозициона вакцинација се спроведува со давање на три поединечни дози на вакцина против беснило интрамускулно, во пределот на делтоидниот мускул, наизменично на спротивната рака, по шема: 0, 7 и 21 ден.

2. ***Постекспозициона задолжителна имунизација против беснило*** се спроведува кај:

- Лице кое го каснало или на друг начин повредило бесно или на беснило сомнително диво или домашно животно;
- Лице кое го каснало куче или мачка на непознат сопственик, што не можат да се подложат на десетодневен ветеринарен надзор;
- Лице кое го каснало куче или мачка, што во рок од десет дена од денот на повредата на лицето ќе покажат знаци на беснило, ќе пцовисаат, ќе бидат убиени или ќе заскитаат, а беснилото на животното не може да се исклучи со лабораториски преглед;
- Лице кое можело да се зарази со вирусот на беснило преку слузница или оштетување на кожата.

Постекспозициона имунизација против беснило се спроведува веднаш после утврдувањето на индикациите, со давање на 5 поединечни дози на вакцина против беснило интрамускулно, во делтоидниот мускул (кај малите деца во предно-надворешниот дел на натколеницата), наизменично на спротивниот екстремитет, по шема: 0, 3, 7, 14 и 28 дена.

Б) Пасивната имунизација против беснило се спроведува истовремено со давањето на првата доза вакцина, во сите случаи, со примена на хуман антирабичен имуноглобулин (HRIG).

HRIG се дава еднократно, во дози од 20 I.E./ kg TT. Се инфилтрира во самата рана и околу раната, а остатокот од потребната количина се дава интрамускулно, во глутеалната регија.
HRIG се аплицира во сите случаи, без разлика на времето поминато од експозицијата на вирусот на беснило.

Во колку постекспозиционата имунизација е започната со давање само на вакцина, додатното давање на HRIG може да се примени најдоцна до осмиот ден од започнатата вакцинација.

Комплетно вакцинираните лица против беснило, после повторно утврдена индикација согласно Правилникот, се вакцинираат со давање на две поединечни дози

на вакцина против беснило во делтоидниот мускул, по шема: 0 и 3 дена, без давање на HRIG.

Кај некомплетно вакцинираните лица, како и лицата кај кои не постои документација за вакцинација или кај кои постои докажана имуносупресија, после повторно утврдената индикација, се спроведува комплетна активна и пасивна имунизација согласно Правилникот.

Истовремено со имунизацијата против беснило се врши и имунизација и против тетанус, согласно Правилникот.

2.5. **Активна и пасивна имунизација против тетанус кај повредени лица**

Имунопрофилакса против тетанус кај повредени лица се спроведува со аплицирање на адсорбирана ТТ (тетанус токсоид) вакцина или dT вакцина (**активна имунизација**), како и со давање на хуман антитетанусен имуноглобулин (HTIG) (**пасивна имунизација**), во дози и на начин кој зависи од претходниот имунолошки статус за тетанус, согласно критериумите пропишани со Правилникот.

Вакцината (ТТ или dT) и хуманиот антитетанусен имуноглобулин (HTIG) се даваат истовремено, интрамускулно, во различен екстремитет.

Во продолжение на текстот е дадена шема за активна и пасивна имунизација против тетанус кај повредени лица.

Активна и пасивна имунизација против тетанус кај повредени лица

Вакцинален статус на повредениот	Растојание од последната доза до повредата	*Вакцинација*	Имунопрофилакса
Потполно вакциниран и ревакциниран за своја возраст	Од последна примена доза до повреда - < 5 години	*Не е потребна вакцинација*	Нема потреба од HTIG
Потполно вакциниран и ревакциниран за своја возраст	Од последна примена доза до повреда - > 5 години <10 години	Една доза ТТ (или dT) вакцина веднаш по повредата	Нема потреба од HTIG
Потполно вакциниран и ревакциниран за своја возраст	Од последна примена доза до повреда - > 10 години	Една доза ТТ (или dT) вакцина веднаш по повредата	250 I.E. HTIG
Непотполно вакциниран, односно лице кои примило помалку од три дози ТТ(dT)		Продолжува со вакцинација до комплетирање на вакцинирањето (растојанието меѓу дозите да не е помало од 1 месец ниту подолго од 3 месеци)	250 I.E. HTIG

Невакцинирани лица или лица со непознат вакцинален статус или лица без документација на увид при повредата	Прва доза ТТ (или dT) вакцина веднаш по повредата, втора доза на растојание не помало од 1 месец ниту подолго од 3 месеци, трета доза 6 месеци после втората доза, а ревакцинација се врши со давање една доза, една година после давање на третата доза	250 I.E. HTIG веднаш по повредата заедно со првата доза

2.6 Активна имунизација против цревен тифус

Активна имунизација против цревен тифус по епидемиолошки индикации се спроведува кај:

- Лица вработени на чистење на канализација и септички јами, и на отстранување на смет и други отпадни материи од населени места;
-. Лица кои живеат во заедничко домаќинство со бацилоносител на цревен тифус;
- Лица вработени на ексхумација на тела на умрени лица;
- Лица припадници на други целни групи, согласно Одлука на Комисијата за заразни болести при Мнистерството за здравство, на предлог на надлежната епидемиолошка служба, за одредена територија.

Вакцинацијата се спроведува со давање на една доза вакцина според препораките на производителот.

Ревакцинација на вакцинираните лица по епидемиолошки индикации се спроведува со давање на една доза вакцина, после три години од вакцинацијата и се повторува на секои три години, сé додека трае индикацијата.

3. Активна имунизација по клинички и епидемиолошки индикации, се спроведува против: грип (Influenzae), заболувања предизвикани од хемофилус инфлуенца тип "Б" (Hib), заболувања предизвикани од Streptococcus pneumoniae (пнеумокок), менингококен менингит (Meningitis meningococcica), голема кашлица (Pertusis).

Во оваа смисла, имунизација може да се спроведува и против други заразни болести и возрасни групи, врз основа на одлука на министерот за здравство и оваа програма.

3.1. Активна имунизација против грип

Вакцинација против грип се спроведува по клинички и по епидемиолошки индикации.

По клинички индикации, вакцинацијата се спроведува кај лица постари од 6 месеци кои имаат хронични заболувања на белите дробови и кардиоваскуларниот систем, метаболни пореметувања (вклучително и шеќерната болест), состојби на имунодефициенција, бубрежна дисфункција, хемоглобинопатија, имуносупресија и друго.

По епидемиолошки индикации вакцинација се спроведува кај:

- Лица сместени во геронтолошки центри и кај лицата вработени во овие центри;
- Млади и стари лица сместени во установи за социјална заштита и кај лицата вработени во тие установи;
- Лица вработени во здравствени установи, кои даваат здравствени услуги и спроведуваат здравствена дејност, а особено вработените во одделенија со зголемен ризик, стационари за хронично заболени лица и друго;
- Лица вработени во јавни служби кои се посебно експонирани на инфекција, и
- Лица на возраст над 65 години.

Кај деца кои прв пат се вакцинираат, вакцинацијата се врши со давање на две дози вакцина на растојание од 30 дена, а наредните години се дава само по една доза вакцина, согласно упатството на производителот.

3.2 **Активна имунизација против заболувања предизвикани од хемофилус инфлуенца тип Б**

Вакцинација против заболувања предизвикани со хемофилус инфлуенца тип Б се спроведува со Hib вакцина, според **клиничките индикации**, кај деца постари од 2 години без оглед на претходниот вакцинален статус, во случај на:

- Трансплантација на органи и ткива;
- Спленектомија и српеста анемија;
- Хемиотерапија и терапија со зрачење кај малигни тумори;
- Симптоматски и асимптоматски HIV инфекции;
- Кај други, клинички утврдени состојби на имунодефициенција.

Бројот на потребните дози вакцина против хемофилус инфлуенца тип Б според клинички индикации, како и растојанието меѓу нив, пропишани се со одредбите на Правилникот.

Индикациите за спроведување на оваа вакцинација по клинички индикации, ја поставува доктор специјалист клиничар.

3.3. **Активна имунизација против заболувања предизвикани со Streptococcus pneumoniae (пнеумокок)**

Вакцинацијата против заболувања предизвикани со Streptococcus pneumoniae (пнеумокок) се врши со коњугирана или полисахаридна вакцина, во зависност од возраста, според **клиничките индикации** – кај лица во зголемен ризик од инвазивно пнеумококно заболување, односно лица со:

- Анатомска или функционална аспленија;
- Српеста анемија;
- Хронично кардиоваскуларно и белодробно заболување;
- Шеќерна болест;
- Хронично заболување на црниот дроб;
- Хронично заболување на бубрезите;
- Нефротски синдром;
- Алкохоличари;
- Симптоматска и асимптоматска HIV инфекција;
- Трансплантација на органи и ткива;
- Малигно заболување;
- Ликворна фистула;

- Клиничка историја на потврдена или суспектна пневмококна пневмонија;
- Кои примаат имуносупресивна терапија, вклучувајќи системски кортикостероиди;
- Постари од 65 години и деца под 5 годишна возраст кои се сместени во колективни установи (домови за згрижување на стари лица и градинки);
- Деца под под 5 годишна возраст со намален имунитет со чести инфекции на респираторниот систем.

Децата под 2-годишна возраст се вакцинираат со коњугирана пневмококна вакцина, а деца постари од 2 години и возрасни се вакцинираат со полисахаридна вакцина.

Двете пневмококни вакцини (и коњугираната и полисахаридната) се даваат во дози од 0,5 ml интрамускуларно или субкутано во делтоидната регија, согласно упатството на производителот.

3.4. **Активна имунизација против менингококен менингит**

Вакцинација против менингококен менингит **по клинички индикации** се спроведува со полисахаридна менингококна вакцина, и се дава кај деца постари од 2 години и кај возрасни. Само кај лица постари од 11 години со висок ризик од појава на ова заболување се користи коњугирана менингококна вакцина.

Клиничките индикациите за спроведување на вакцинација против менингококен менингит ги поставува доктор специјалист клиничар. Тие се :

- Анатомска и функционална аспленија (спленектомија, српеста анемија), и
- Имунодефициенција на комплемент (C5 – C9).

Вакцинација против менингококен менингит **по епидемиолошки индикации** се спроведува со коњугирана вакцина против менингококен менингит.
Индикацијата за спроведување на целна вакцинација, како и целните групи кои ќе подлежат на вакцинација против менингококен менингит по епидемиолошки индикации, на предлог на надлежната епидемиолошката служба за одредена територија, ја поставува Комисијата за заразни болести при Министерството за здравство.

Вакцинацијата против менингококен менингит со двата вида вакцина се спроведува со давање на една доза, веднаш по утврдувањето на индикацијата.

Лицата кои се професионално експонирани на причинители на менингококен менингит или со својата работа можат да го пренесат причинителот на други лица, се вакцинираат со една доза четиривалентна полисахаридна вакцина.

Ревакцинација се спроведува со давање на полисахаридна вакцина на растојание од 5 години после извршената вакцинација, во случај ако индикациите и понатаму постојат. Ревакцинацијата со полисахаридна вакцина може да се спроведе и доколку лицето е претходно вакцинирано со коњугирана вакцина.

Вакцината против менингкокниот менингит се аплицира во доза од 0,5 ml субкутано, во делтоидната регија.

3.5 Активна имунизација против голема кашлица

Вакцинацијата на децата од 2 месеци до 5 години живот, со ацелуларна вакцина против голема кашлица (DTaP) се спроведува врз основа на следниве клинички индикации:

– Температура (ректална) 40°C и поголема од 40°C, во рок од 48 часа од претходната доза на DTwP вакцина, а која неможе да се доведе во врска со друга можна причина;
– Упорно и континуирано плачење кое трае 3 и повеќе часа, а се јавува во рок од 48 часа од претходната доза на примена DTwP вакцина;
– Колапс или слична состојба на шок (хипотонички – хипосензитивни епизоди) во рок од 48 часа од претходно примена доза на DTwP вакцина;
– Конвулзии, било да се фебрилни или афебрилни кои се јавуваат до 3 дена од претходно примена доза DTwP вакцина.

Клиничките индикации за давање на DTaP вакцина ги утврдува Стручниот тим после разгледувањето на пријавата за поствакцинална компликација по имунизација на претходно дадена DTwP вакцина.
Вакцината DTaP се аплицира на начин кој е предвиден со упатството на производителот.

Вакцината DTaP е контраиндицирана кај еволутивни невролошки заболувања (неконтролирана епилепсија, инфантилни спазми, прогресивна енцефалопатија), како и за DTwP вакцина, се додека невролошкиот статус не се разјасни или стабилизира, за што одлучува Стручниот тим.

4. Активна имунизација на патници во меѓународен сообраќај ќе се спроведува согласно Меѓународниот Здравствен Правилник (IHR), против следните заразни болести: жолта треска (Febris flava), менингококен менингит (Meningitis meningococcica), цревен тифус (Typhus abdominalis), колера (Cholera), дифтерија (Diphtheria).
Активна имунизација на патници во меѓународниот сообраќај ќе се врши и против други заразни болести (акутен вирусен хепатит Б - Hepatitis B, беснило - Lyssa, тетанус - Tetanus, мали сипаници - Morbilli и друго).

Патниците во меѓународниот сообраќај подлежат на активна имунизација ако патуваат во ризични и ендемични зони или во земји кои бараат вакцинација против одредена заразна болест, и по епидемиолошки индикации, согласно Меѓународниот здравствен правилник.

4.1. Имунизација против жолта треска

Се спроведува со давање на една доза вакцина, најдоцна 10 дена пред патување во ендемското подрачје.
Повторна вакцинација против жолта треска нема потреба да се врши согласно најновите насоки на Светската здравствена организација.

4.2. **Имунизација против менингококен менингитис**

Вакцинација против менингококен менингитис се врши најдоцна 10 дена пред патување во ризичното/ендемското подрачје, со соодветна вакцина.

Се аплицира соодветен број на дози, во зависност од видот на вакцината која ги содржи соевите, кои на тие територии предизвикуваат заболување.

4.3. **Имунизација против колера**

Вакцинација против колера се спроведува со орална вакцина против колера, најдоцна 14 дена пред патувањето. Се дава во две дози на растојание од една недела, а се очекува заштитата да се манифестира една недела после втората доза.

Повторна вакцинација против колера се врши со давање на една доза орална вакцина против колера, после 10 години.

4.4. **Имунизација против други заразни болести**

Вакцинација на патници во меѓународен сообраќај може да се врши по епидемиолошки индикации и против: цревен тифус, дифтерија, акутен вирусен хепатит Б, беснило, тетанус, мали сипаници и други заболувања.

Апликацијата на овие вакцини се врши согласно препораките на производителот на соодветната вакцина.

V. 2. ХЕМИОПРОФИЛАКСА НА ОДРЕДЕНИ ЗАРАЗНИ БОЛЕСТИ

Хемиопрофилакса против одредени заразни болести се спроведува против: туберкулоза, маларија, менингококен менингит, скарлатина, како и против други заразни заболувања - по епидемиолошки индикации и по препорака на надлежната епидемиолошка служба на локално, регионално и национално ниво, за соодветната територија.

1. Хемиопрофилакса против туберкулоза

Хемиопрофилакса против туберкулоза се спроведува со соодветни дози на лекови против туберкулоза и времетраење, согласно меѓународни препораки:

1. Кај деца кои се во близок контакт со заболен од директно микроскопски потврдена туберкулоза, позитивна туберкулоза или тешки форми на белодробна туберкулоза;
2. Кај HIV позитивни лица и други состојби на имуносупресија.

Одлуката за хемиопрофилакса против туберкулоза се донесува после направена консултација со лекар пнеумофтизиолог, интернист пулмолог и педијатар.

2. Хемиопрофилакса против маларија

Хемиопрофилаксата против маларија се спроведува кај лица пред одењето, за време на целиот период на престој и по враќањето од земјата, односно подрачјата каде постои ендемија на маларија.

Препораки за изборот на видот и дозирањето на лековите за хемиопрофилакса против маларија, во согласност со препораките на СЗО, на епидемиолошките служби на Центрите за јавно здравје и подрачни единици (ЦЈЗ/ПЕ) им доставува епидемиолошката служба на ИЈЗ.

3. Хемиопрофилакса против менингококен менингит

Хемиопрофилакса против менингококен менингит се спроведува кај одредени целни групи по епидемиолошки индикации.

Индикациите, како и целните групи кои ќе подлежат на хемиопрофилакса против менингококен менингит по епидемиолошки индикации, на предлог на епидемиолошката служба на надлежниот ЦЈЗ/ПЕ за својата територија, Центар за јавно здравје - Скопје (ЦЈЗ -Скопје) за град Скопје и ИЈЗ за територијата на Република Северна Македонија, ја поставува Комисијата за заразни болести при Министерството за здравство.

Изборот на видот на лековите, нивното дозирањето според возраста, начинот на апликација на лекот и времетраењето на хемиопрофилаксата против менингококен менингит се во согласност со пропишаните критериуми во Правилникот.

4. Хемиопрофилакса против скарлатина

Хемиопрофилакса против скарлатина се спроведува во времетраење од 10 дена и е задолжителна:

1. Кај деца, во семејства во кои некој член од семејството има анамнеза на ревматска треска, а кои живеат во лоши социјални услови
2. При појава на скарлатина или стрептококен тонзилофарингит во колективи, по претходна консултација и препорака на епидемиолошката служба при надлежниот ЦЈЗ/ПЕ за своето подрачје и ЦЈЗ- Скопје за град Скопје.

Хемиопрофилаксата се врши со давање на пеницилински препарат, а кај лица преосетливи на пеницилин се дава еритромицин.

5. Хемиопрофилакса протиз други заразни заболувања

Хемиопрофилакса по епидемиолошки индикации, може да се спроведува и против други заразни заболувања, кај лица изложени на тие заразни заболувања, а врз основа на препораките на епидемиолошката служба на надлежниот ЦЈЗ/ПЕ за своето подрачје, ЦЈЗ- Скопје за град Скопје и ИЈЗ за територијата на Република Северна Македонија.

V.3. ИМУНИЗАЦИЈА И ХЕМИОПРОФИЛАКСА ПРОТИВ ЗАРАЗНИ БОЛЕСТИ ВО ПОСЕБНИ УЛОВИ И ПРИ ВОНРЕДНИ СОСТОЈБИ

Имунопрофилакса и хемиопрофилакса на населението може да се спроведува и за други заразни болести и тоа во случај на вонредни состојби, како што се природни и други несреќи, изложеност или сомнение на изложеност на заразни болести, тероризам со биолошки агенси и друго.

Имунопрофилакса и хемиопрофилакса во вакви случаи, на предлог на Комисијата за заразни болести при Министерството за здравство, се одредуваат од страна на Министерот за здравство.

VI. ИНДИКАТОРИ

За оценување на успешноста на предвидените активности со Програмата, ќе се користат следните индикатори на успешност:

- Опфат над 95% од подлежачката популација за сите видови задолжителни вакцини на национално и регионално ниво и над 90% на локално ниво;

- Тромесечни извештаи за спроведена имунизација на подрачјето на Центрите за јавно здравје/Подрачните единици и Центарот за јавно здравје Скопје, по истекот на првото и третото тромесечје, се доставуваат до ИЈЗ;
- Шестмесечен извештај за спроведената имунизација на подрачјето на Центрите за јавно здравје/Подрачните единици и Центарот за јавно здравје Скопје, по истекот на шестмесечјето, се доставуваат до ИЈЗ;
- Шестмесечен табеларен извештај за спроведената имунизација во Република Северна Македонија, изготвен од ИЈЗ, со опфат по видови вакцини и територијална распределба по Центри за јавно здравје/Подрачни единици;
- Годишен извештај за спроведената имунизација на подрачјето на Центрите за јавно здравје/Подрачните единици и Центар за јавно здравје Скопје доставен до ИЈЗ, со опфат по видови вакцини и територијална распределба;
- Годишен табеларен извештај за спроведената имунизација во Република Северна Македонија, изготвен од ИЈЗ, со опфат по видови вакцини и територијална распределба по Центри за јавно здравје/Подрачни единици;
- Годишен извештај за спроведената имунизација во Република Северна Македонија со епидемиолошки коментар, изготвен од ИЈЗ, со опфат по видови вакцини и територијална распределба по Центри за јавно здравје/Подрачни единици;
- Теренските посети и увиди во вакциналните пунктови во републиката со цел надзор и контрола на спроведувањето на имунизацијата од сите аспекти и изготвени информации за состојбата на теренот, со констатации и предлог мерки.

VII. ФИНАНСИРАЊЕ НА ПРОГРАМАТА

Програмата ќе се реализира во рамките на средствата одобрени од Буџетот на Република Северна Македонија за 2020 година во висина од 395.000.000,00 денари.

Исплата за неизмирени обврски за набавка на вакцини од 2019 година, ќе се подмират од оваа програма.

Од Буџетот на Република Северна Македонија за 2020 година ќе се обезбедат финансиски средства за набавка на потребните количини на вакцините за 2020 година во висина од 394.810.000 денари.

Вакцини и серуми по клинички и епидемиолошки индикации за заштита и лекување на пациенти, или за заштита на свои вработени лица, ги обезбедуваат јавните здравствени установи од сопствени буџети.

Финансиските средства за обезбедување на вакцини и хемиопрофилактички средства за спроведување на имунизацијата на патници во меѓународниот сообраќај ги обезбедуваат институциите овластени за вршење на оваа вакцинација.

Набавените вакцини од страна на Министерството за здравство, ќе се дистрибуираат од страна на добавувачите до овластените здравствени установи-извршители, врз основа на доставени списоци од Министерството за здравство согласно искажаните потреби од вакцини на здравствените установи.

Финансиските средства потребни за набавка на вакцините се доставуваат до најповолните добавувачи на вакцини, по достава и прием на вакцините.

Исто така предвидени се и следните активности:

Одржување на 15 едукативни работилници на превентивните тимови вклучени во имунизација за нови сознанија за вакцинацијата и воведување на нови вакцини вакцинација со цел јакнење на комуникациски вештини со родителите. За оваа активност се предвидени 90.000,00 денари.

Одржување на 10 едукативни семинари за зголемување на свесноста на здравствените работници - матични лекари, педијатри, гинеколози, вклучително и здравствениот персонал кој ја спроведува вакцинацијата за значењето и бенефитите на имунизацијата, како и за безбедноста на вакцините. За оваа активност се предвидени 60.000,00 денари.

Печатење на Календар за задолжителна имунизација за секоја мајка во родилиште со цел запознавање со имунизацијата. За оваа активност се предвидени 25.000,00 денари

Осовременување на Упатство за имунизација за здравствени работници. За оваа активност се предвидени 15.000,00 денари

VIII. Извршители на Програмата

Активностите предвидени со оваа програма ќе ги спроведуваат превентивните тимови при здравствените домови во Република Северна Македонија, Универзитетската Клиника за инфективни болести и фебрилни состојби и Универзитетската Клиника за детски болести, инфективните одделенија при Општите и Клиничките болници во Република Северна Македонија, други здравствени установи во Република Северна Македонија овластени за вршење на вакцинација, како и Центрите за јавно здравје и нивните подрачни единици и ИЈЗ и ДСЗИ кои се надлежни за спроведување на надзор и контрола на активностите предвидени со оваа програма.

IX. Доставување на годишни извештаи и рокови

Центрите за јавно здравје/Подрачните единици и Центарот за јавно здравје Скопје, збирните годишни извештаи за спроведената имунизација на својата територија ги доставуваат до ИЈЗ, а за спроведена имунизација против туберкулоза до Институтот за белодробни заболувања и туберкулоза до 01.02.2020, за спроведената имунизација во 2019 година.

ИЈЗ ги обработува и евалуира прибраните годишни извештаи, изготвува посебна анализа и извештај за состојбата со спроведената имунизација во 2019 година и опфатот со одделни вакцини на локално, регионално и национално ниво во Републиката и овој извештај го доставува до Министерството за здравство, Фондот за здравствено осигурување на Република Северна Македонија, ДСЗИ и други надлежни институции, до 29.02.2020 година.

Институтот за белодробни заболувања и туберкулоза доставува годишен извештај за спроведената имунизација против туберкулоза на територијата на Република Северна Македонија во 2019 година, до Министерството за здравство и ИЈЗ, најдоцна до 29.02.2020 година.

X. Следење на реализација на Програмата (мониторинг и евалуација)

Реализација на Програмата ќе биде перманентно следена од страна на епидемиолошките служби при Центрите за јавно здравје/Подрачните единици (координатори за имунизација) и ДСЗИ, како и од страна на Одделението за контрола и надзор на имунизацијата при ИЈЗ.

Интензитетот на следењето ќе се спроведува на месечно ниво, од страна на ЦЈЗ/ПЕ, а квартално од страна на ИЈЗ и ДСЗИ.

Оваа програма влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија", а ќе отпочне да се применува од 1 јануари 2020 година.

XII

Оваа програма влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија", а ќе отпочне да се применува од 1 јануари 2020 година.

Бр. 45-10331/1
28 декември 2019 година
Скопје

Претседател на Владата на
Република Северна Македонија,
Зоран Заев, с.р.

4415.

Врз основа на член 15 од Законот за рибарство и аквакултура („Службен весник на Република Македонија" бр. 7/08, 67/10, 47/11, 53/11, 95/12, 164/13, 116/14, 154/15, 193/15, 39/16 и 83/18), Владата на Република Северна Македонија, на седницата, одржана на 28 декември 2019 година, донесе

П Р О Г Р А М А
ЗА ФИНАНСИСКА ПОДДРШКА ВО РИБАРСТВОТО И АКВАКУЛТУРАТА ЗА 2020 ГОДИНА

I

Средствата за финансиска поддршка во рибарството и аквакултурата за 2020 година во вкупен износ од 90.000.000,00 денари, обезбедени согласно Буџетот на Република Северна Македонија за 2020 година („Службен весник на Република Северна Македонија" бр.265/19) раздел 14004 – Агенција за финансиска поддршка во земјоделството и руралниот развој (во понатамошниот текст Агенција) потпрограма 20 – Финансиска поддршка во земјоделството, ставка 464 - разни трансфери во износ од 50.000.000,00 денари и согласно потпрограма 2А-Финансиска поддршка на рурален развој, ставка 489 - капитални субвенции за претпријатија и невладини организации во износ од 40.000.000,00 денари, ќе се користат според намените, критериумите и условите утврдени со оваа програма и тоа за:

1.	Финансиска поддршка во рибарството	13.000.000,00
2.	Финансиска поддршка во аквакултурата	44.000.000,00
3.	Техничка помош	500.000,00
4.	Пилот - проекти	2.000.000,00
5.	Развој на нови пазари и промотивни кампањи	500.000,00
6.	Пренесени обврски од Програмите за финансиска поддршка во рибарството и аквакултурата по однос на склучени договори и поднесени барања за исплата од 2018 и 2019 година	30.000.000,00
	Вкупно	90.000.000,00

II

(1) Средствата од дел I точка 1 на оваа програма наменети за финансиска поддршка во рибарството во вкупен износ од 13.000.000,00 ќе се користат за реализација на следните активности:

1.	Финансиска поддршка во рибарството		
	Мерка	Опис	Средства
1.1.	Финансиска поддршка за порибување на риболовни подрачја	100% од прифатливи трошоци	7.500.000,00
	- Охридско Езеро со подмладок од Охридска пастрмка		6.000.000,00
	- Дојранско Езеро со подмладок од крап		750.000,00
	- Преспанско Езеро со подмладок од крап		750.000,00
1.2.	Финансиска поддршка за порибување на риболовни зони	100% од вредноста на набавениот подмладок	300.000,00
1.3.	Риболовни пунктови – изградба на нови, реконструкција и адаптација на постоечки риболовни пунктови, надомест за услуга за користење на постоечки пунктови	100% од вредноста на инвестицијата или од надоместот за услугата	1.000.000,00
1.4.	Финансиска поддршка за рехабилитација на риболовни води со доградба, надградба и опремување на постоечките капацитети/мрестилишта за производство на репродуктивен и порибителен материјал	100% од прифатливи/одобрени трошоци	1.500.000,00
1.5.	Изградба и реконструкција на мандри за традиционален лов на риба на Дојранското Езеро	100% од прифатливи/одобрени трошоци	1.000.000,00
1.6.	Дополнителна заштита на рибите во риболовните води	100% од прифатливи трошоци	1.500.000,00
1.7.	Набавка на опрема за заштита на рибите во риболовните води	100% од прифатливи трошоци	200.000,00
	Вкупно		13.000.000,00

(2) Средствата од став (1) потточка 1.1. од овој дел се наменети за надомест на прифатливи трошоци за изведување на активностите за вештачки мрест и порибување на риболовните подрачја предвидени во Програма за изведување вештачки мрест и порибување изработена од регистрирани репроцентри за производство на репродуктивен и порибителен материјал, кои изведуваат вештачки мрест и порибуваат риболовни води со определени видови риби.

(3) Средствата од став (1) потточка 1.2. од овој дел се наменети за обезбедување на порибителен материјал и порибување на риболовните зони, како и за надомест на трошоци за обезбедување на порибителен материјал.

(4) Средствата од став (1) потточка 1.3. од овој дел се наменети за инвестиции во изградба на нови и реконструкција и адаптација на постоечки риболовни пунктови, како и за исплата на надомест за услуга за користење на постоечки пунктови кои се во приватна сопственост.

Средствата за изградба на нови и реконструкција на постоечки риболовни пунктови се наменети за инвестиции кои се однесуваат на:

- изработка или промена на урбанистички проект за определување на локација за изградба на риболовен пункт;
- изработка на проект за изградба на риболовен пункт;
- набавка на материјали за изградба и
- изведување на изградба на риболовен пункт.

Средствата за адаптација на постоечки риболовни пунктови (сопствени или сопственост на други правни или физички лица), а се наменети за инвестиции кои се однесуваат на подобрување на условите за истовар, манипулација, складирање и продажба на рибите од риболовниот пункт и тоа:

- обезбедување на довод на вода и електрична енергија;
- набавка на опрема за поправки и одржување на опремата во пунктот и риболовна опрема;
- опремување со компјутери за водење на евиденции;
- подобрување на работните и сигурносните услови и
- складирање и третман на отпадот.

Средствата за исплата на надомест за услуга за користење на постоечки пунктови се наменети за користење на пунктови кои се во сопственост на други правни или физички лица, а концесионерите ги користат за вршење стопански риболов.

(5) Средствата од став (1) потточка 1.4. од овој дел се наменети за рехабилитација, доградба, надградба и опремување на постоечките капацитети/мрестилишта за производство на репродуктивен и порибителен материјал во регистрираните репроцентри и тоа за:

- интелектуални услуги за изработка на градежен проект не повеќе од 3 % од вкупната прифатлива вредност на проектот за услуги за изработка на градежен проект;
- изградба и обновување на рибни базени - градежни работи;
- обновување на мрестилишна сала - градежни и занатски работи;
- обновување и опремување на рибни базени;
- набавка и инсталирање на опрема (филтри, апарати за аерација, UV стерилизатори, заштитни мрежи и друга потребна опрема);
- набавка на градежни материјали и елементи за конструкција наменети за обновување и /или подигнување нови базени, кади, матични базени, одгледувалишта, растилишта и младичници;
- набавка на градежни метеријали и елементи за конструкција наменети за мрестилиште (инкубациска сала) и инкубација на икра вклучително и опрема за мрестење и инкубација на икра (инкубатори и лежници);

- набавка на опрема за чување на храна и хранење на рибите;
- набавка на опрема за сортирање риба во мрестилишта;
- набавка на опрема за прочистување на влезни или испусни води (пумпи, филтри и цевки);
- набавка на опрема за транспорт на жива риба;
- набавка на опрема за аерирање на вода;
- оперативни трошоци за градење, инсталирање на елементи за конструкција и опрема, вклучително и софтвер;
- набавка и инсталирање на опрема за следење на хемиски карактеристики на вода;
- набавка на агрегат за струја и
- набавка на пумпи за вода на течни горива.

(6) Средствата од став (1) потточка 1.5. од овој се наменети за изградба на нови или обновување на постоечките објекти (мандри) за лов на риба на Дојранското езеро и тоа за:
- интелектуални услуги за изработка на градежен проект не повеќе од 3 % од вкупната прифатлива вредност на проектот за услуги за изработка на градежен проект;
- набавка на градежни материјали и елементи за конструкција и
- изведба на работите.

(7) Средствата од став (1) потточка 1.6. од овој дел се наменети за надомест на прифатливи трошоци за дополнителна физичка заштита на рибите која се врши во време на природен мрест на рибите утврден во риболовната основа и донесеното решение за забрана на риболов по одделни риболовни води за периодот од 1 Ноември 2019 година до 30 Септември 2020 година.

(8) Средствата од став (1) потточка 1.6. од овој дел ќе се користат за надомест на направени трошоци и тоа за:
- услуги од трети лица (рибочувари) за физичка заштита на рибите во висина од не повеќе од просечна месечна бруто плата во дејноста по ангажирано лице;
- набавено гориво за пловни објекти во сопственост на концесионерот или даден на користење на концесионерот;
- набавено гориво за возила во сопственост или дадени на користење на концесионерот и
- изнајмување на пловни објекти од трети лица.

(9) Средствата од став (1) потточка 1.6. од овој дел по корисник во зависност од условите на теренот и големината на риболовната вода, не треба да го надминат износот од:
- 30. 000,00 денари - за заштита на риболовните ревири и рекреативни зони;
- 150.000,00 денари – за заштита на риболовни зони и
- 400.000,00 денари – за заштита на риболовни подрачја.

(10) Средствата од став (1) потточка 1.7. од овој дел се наменети за надомест на прифатливи трошоци за набавка на опрема за видео надзор на риболовните води.

(11) Средствата од став (1) потточка 1.7. од овој дел по корисник во зависност од условите на теренот и големината на риболовната вода, независно од

вредноста на инвестицијата не треба да го надминат износот од 30. 000,00 денари .

(12) Корисници на средствата од став (1) потточки 1.1., 1.2. и 1.4. од овој дел се субјекти – регистрирани репроцентри за производство на репродуктивен и порибителен материјал, кои изведуваат вештачки мрест и порибуваат риболовни води со определени видови риби.

(13) Корисници на средствата од став (1) потточка 1.3. од овој дел наменети за инвестиции за изградба на нови и реконструкција и адаптација на постоечки риболовни пунктови се единиците на локални самоуправи за реализирање на предвидениот предмет на работа или услуга (субјекти кои се избрани како најповолни понудувачи за реализирање на предвидената активност), а корисници на средствата за надомест за услуга за користење на постоечки пунктови се концесионерите на рибите.

(14) Корисници на средствата од став (1) потточка 1.5. од овој дел се единиците на локална самоуправа или концесионерите на риби за вршење стопански риболов на Дојранското Езеро.

(15) Корисници на средствата од став (1) потточка 1.6. и 1.7. од овој дел се концесионерите на рибите од риболовните води. Еден концесионер може да користи средства само за еден одреден период на природен мрест и забрана за риболов или за набавка на опрема за видео надзор.

III

(1) Средствата од дел I точка 2 на оваа програма наменети за финансиска поддршка во аквакултурата во вкупен износ 44.000.000,00 денари ќе се користат за:

2.	Финансиска поддршка во акзакултурата		
	Мерки	Опис	Средства
2.1.	Финансиска поддршка за инзестиции во аквакултурата	50% од вредноста на инвестицијата	15.000.000,00
2.2.	Финансиска поддршка за порибителен материјал	40% од вредноста на набавен или сопствен подмладок	29.000.000,00
	Вкупно		44.000.000,00

(2) Средствата од став (1) потточка 2.1. од овој дел за инвестиции во аквакултурата се наменети за:

- изградба на нови капацитети за аквакултура,
- проширување, реконструкција, адаптација и модернизација на постојните капацитети за аквакултура;
- изградба на нови капацитети за преработка на рибите и
- набавка на опрема за доработка, преработка, складирање и пакување на рибите.

(3) Средствата од став (1) потточка 2.1. од овој дел за инвестиции за изградба на нови капацитети за аквакултура, како и за проширување, реконструкција, адаптација и модернизација на постојните капацитети за аквакултура можат да бидат наменети за:

- интелектуални услуги за изработка на градежен проект за обновување и/или подигнување нови капацитети за аквакултура не повеќе од 3% од вкупната прифатлива вредност на проектот за услуги за изработка на градежен проект;
- набавка на градежни материјали и елементи за конструкција наменети за обновување и/или подигнување нови капацитети за аквакултура (базени, кади) матични базени, одгледувалишта и гоилишта;
- набавка на градежни материјали и елементи за конструкција наменети за мрестилиште (инкубациска сала) и инкубација на икра вклучително и опрема за мрестење и инкубација на икра (инкубатори и лежници);
- набавка на кафези за кафезно одгледување на риба;
- набавка на платно за мрежи, набавка на мрежи за кафези и изработка на мрежи за кафезно одгледување;
- набавка на опрема за чување на храна и хранење на рибите;
- набавка на опрема за сортирање риба во рибници;
- набавка на опрема за складирање на риба во свежа состојба односно опрема за замрзнување на рибите опремено со систем за испуштање на јаглерод диоксид или течен азот или фрижидери;
- набавка на ледомати;
- набавка на опрема за прочистување на влезни или испусни води (пумпи, филтри и цевки);
- набавка на опрема за транспорт на свежа риба;
- набавка на опрема за автоматско или полу автоматско сортирање на риба;
- апарати за за додавање на течен кислород во водата;
- товарно возило со кабина и отворен товарен простор со носивост до 3000 kg;
- товарно моторно возило за транспорт на жива риба со носивост до 10 000 kg;
- цистерна до два тона вода, спрема за додавање на кислород во гасна состојба или течен кислород - распрскувачи, манометри, челични боци за складирање на кислородот или (специјализирано комплетно опремено возило за транспорт на жива риба);
- специјализирани товарни возила опремени со систем за ладење наменети за транспорт на свежа риба и носивост до 3000 kg;
- пловен објект (чамец) со максимална должина до 6 m и ширина до 2.5 m, со јачина мотор до 9 киловати;
- набавка на опрема за праќење на хемиските карактеристики на водата (присуство на растворен кислород, јаглероден диоксид, амонијак, сулфурдиоксид, pH и др.);
- набавка и монтажа на градежни материјали и опрема за производство на обновливи извори на енергија;
- набавка на агрегат за струја до 50 kw и

- оперативни трошоци за градење, инсталирање на елементи за конструкција и опрема, вклучително и софтвер.

(4) Средствата од став (1) потточка 2.1. од овој дел за инвестиции за изградба на нови капацитети за преработка на рибите можат да бидат наменети за:

- интелектуални услуги за изработка на градежен проект за подигнување нови преработувачки капацитети не повеќе од 3% од вкупната прифатлива вредност на проектот за услуги за изработка на градежен проект,
- набавка на градежни материјали и елементи за конструкција и
- оперативни трошоци за градење и инсталирање на елементи за конструкција.

(5) Средствата од став (1) потточка 2.1. од овој дел за набавка на опрема за доработка, преработка, складирање и пакување на риба можат да бидат наменети за:

- прием и чистење на рибата,
- обескостување и филетирање,
- димење (топло и/или ладно) на рибата,
- пакување и вакумирање на риба,
- опрема за ладење и одржување на полуготовиот и готовиот производ и
- оперативни трошоци за инсталирање на опрема вклучително и софтвер.

(6) Вкупната вредност на исплатени финансиски средства за инвестиции во аквакултурата од став (1) потточка 2.1. од овој дел не може да го надмине износот од 3.500.000,00 денари, за прифатени инвестиции од 7.000.000,00 денари назависно од вкупната вредност на инвестицијата.

(7) Средствата од став (1) потточка 2.1. од овој дел кои се исплаќаат по принцип на ко-финансирање на реализирани инвестиции можат да се зголемат во следниве случаи:

- 55% од вредноста на одобрената инвестиција за инвестиции поднесени од носител на земјоделско стопанство од 18 години старост до 40 години старост на денот на поднесување на инвестицијата или жена носител на земјоделско стопанство,
- 60% од вредноста на одобрената инвестиција за инвестиции поднесени од носител на земјоделско стопанство кое се наоѓа во ридско-планинско рурално подрачје и
- 65% од вредноста на одобрената инвестиција за инвестиции поднесени од носител на земјоделско стопанство од 18 години старост на денот на поднесување или жена носител на земјоделско стопанство кое се наоѓа во ридско-планинско рурално подрачје.

(8) Средствата од став (1) потточка 2.2. од овој дел се наменети за набавка или сопствено произведен порибителен материјал за насадување на рибниците во периодот од 1 февруари до 30 мај и од 1 јули до 30 септември 2020 година.

(9) Висината на вредноста на поддршката од став (1) потточка 2.2. од овој дел наменета за купен или сопствен подмладок ја утврдува Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство без разлика на набавната (фактурната) вредност на подмладокот и изнесува не повеќе од 40% од пазарната цена на подмладокот.

(10) Средствата од став (1) потточка 2.2. од овој дел се исплаќаат скалесто и тоа:

- за купен или сопствен подмладок до 2.500 кг – 100% од вредноста на утврдената цена на подмладокот
- за купен или сопствен подмладок од 2500 кг до 5000 – 75% од вредноста на утврдената цена на подмладокот
- за купен или сопствен подмладок до 5000 кг до 7500 – 50% од вредноста на утврдената цена на подмладокот
- за купен или сопствен подмладок над 7500 – 25% од вредноста на утврдената цена на подмладокот

(11) Корисници на средствата од став (1) потточка 2.1. од овој дел, наменети за изградба на нови капацитети за аквакултура се субјекти кои се регистрирани за дејност аквакултура и кои поседуваат или користат недвижен имот на кој планираат да изградат капацитет за аквакултура, или поседуваат дозвола за користење на вода за поставување на кафези во зоните предвидени за аквакултура.

(12) Корисници на средствата од став (1) потточка 2.1. од овој дел наменети за проширување, реконструкција, адаптација и модернизација на постојните капацитети за аквакултура се субјекти кои се регистрирани за дејност аквакултура и се запишани во регистарот на одгледувачи на риби што се води во Министерството.

(13) Корисници на средствата од став (1) потточка 2.1. од овој дел наменети за изградба на нови капацитети за преработка на рибите се микро, мали и средни претпријатија кои се регистрирани за дејност аквакултура и поседуваат или користат недвижен имот на кој планираат да изградат преработувачки капацитет.

(14) Корисници на средствата од став (1) потточка 2.1. од овој дел наменети за набавка на опрема за доработка, преработка, складирање и пакување на рибите се микро, мали и средни претпријатија кои поседуваат или користат објект наменет за преработка на риби.

(15) Корисници на средствата од став (1) потточка 2.2. од овој дел се субјекти кои поседуваат дозвола за производство на порибителен материјал од рибник наменет за промет кои немаат увезено порибителен материјал и жива риба во периодот декември 2019 - декември 2020 година од видот риба за која поседуваат дозвола за производство на порибителен материјал за сопствено насадување на рибникот како и субјекти запишани во Регистарот на одгледувачи на риби што се води во Министерството кои имаат купено подмладок од субјекти кои поседуваат дозвола за производство на порибителен материјал од рибник наменет за промет и кои немаат увезено порибителен материјал и жива риба во периодот декември 2019 - декември 2020 година.

IV

(1) Средствата од дел I точка 3 на оваа програма наменети за техничка помош во износ 500.000, 00 денари, ќе се користат за активности за размена на информации и зголемување на соработката во областа на рибарството и аквакултурата, како и за информации на корисниците на средствата во врска со реализација мерките од оваа програма.

(2) Корисник на средствата од став (1) од овој дел е Министерството за надомест на трошоци за спроведување на активностите поврзани со размена на информации и зголемување на соработката во областа на рибарството и аквакултурата, како и за информација на корисниците во врска со реализација мерките од оваа програма.

V

(1) Средствата од дел I точка 4 на оваа програма во износ од 2.000.000,00 денари за развојни, истражувачки и апликативни пилот проекти особено се наменети за:
- зголемување на производството на риба,
- заштита на рибите и животната средина,
- развој на риболовниот туризам и
- за истражување на пазарот и маркетинг на риби и производи од риби.

(2) Вкупната вредност на одобрени пилот проекти од став (1) од овој дел по поединечен корисник не може да го надмине износот од 400.000,00 денари независно од вкупниот износ на проектот.

(3) Корисници на средствата од ставот (1) од овој дел се овластени институции од областа на рибарството, научни и/или образовни установи од областа на рибарството, рибарски и риболовни здруженија, организации на производителите, концесионерите на рибите и вршителите на аквакултура.

(4) Доколку истражувачките и апликативните пилот проекти од став (1) од овој дел ги реализират рибарски и риболовни здруженија и организации на производители, концесионерите на рибите и вршителите на аквакултура, задолжително содржат соодветна научна верификација.

(5) Резултатите од пилот проектите финансирани од средствата од став (1) на овој дел задолжително се публикуваат во технички извештаи достапни за јавноста.

VI

(1) Средствата од дел I точка 5 на оваа програма наменети за Развој на нови пазари и промотивни кампањи во износ од 500.000,00 денари ќе се користат за спроведување на национални и/или меѓународни промотивни кампањи за производи од рибарство и аквакултура преку организација и/или учество на национални и меѓународни манифестации и саеми, како и за учество на меѓународни натпревари.

(2) Корисници на средствата од ставот (1) на овој дел се рибарски и риболовни здруженија, овластени установи од областа на рибарството и други научни и/или образовни установи и организации на произведители запишани во Регистарот на организации на произведители кој се води во Министерството за реализација на активности.

VII

(1) Средствата од дел I точка 6 на оваа програма се наменети за исплата на пренесени обврски од Програмите за финансиска поддршка во рибарството

и аквакултурата по однос на склучени договори и поднесени барања за исплата од 2018 и 2019 година во износ од 30.000.000,00 денари.

VIII

(1) Барањата за склучување на договори за рибување на риболовни подрачја и за рибување на води без концесионер и риболовни зони од дел II потточки 1.1. и 1.2. од оваа програма се доставуваат до Министерството најдоцна до 30.04.2020 година. Кон барањето за склучување договор од дел II потточка 1.1. од оваа програма се доставува и Програмата за изведување вештачки мрест и рибување од дел II став (2) од оваа програма.

(2) Барањата за користење средства од дел II потточки 1.1. и 1.2., дел V став (1) и дел VI став (1) од оваа програма се поднесуваат до Министерството најдоцна до 10.12.2020 година.

(3) Барањата за користење на средства од дел II потточки 1.3., 1.4., 1.5. 1.6. и 1.7., и дел III став (1) од оваа програма се поднесуваат до Агенцијата врз основа на рокови утврдени во објавен јавен повик.

IX

(1) Исплатата на средства од дел II точка 1 потточка 1.1. од оваа програма се врши по фази по доставено известување од Министерството до Агенцијата на барање поднесено од регистрираниот репроцентар. Фазите се утврдени во Договор за изведување вештачки мрест и рибување кој Министерството го склучува со регистриран репроцентар. Средствата предвидени за првата фаза не треба да надминат 30% од вкупните средства и се исплаќаат авансно со потпишување на Договорот за изведување вештачки мрест и рибување, кој министерството го доставува до Агенцијата во прилог на известувањето. Средствата предвидени за втората фаза се исплаќаат по нејзина реализација. Во прилог на барањето за исплата на втората фаза регистрираниот репроцентар доставува извештај за реализација и изјава за наменско искористување на средствата од првата и втората фаза, записник од државниот инспектор за земјоделство, Сертификат за здравствена состојба на животните, издаден од ветеринарното друштво и записник за извршена контрола на здравствената состојба на подмладокот од официјален ветерина. Известувањето за реализација на втората фаза Министерството го доставува до Агенцијата со потребните документи од доставеното барање.

(2) Исплатата на средствата од дел II потточка 1.2. од оваа програма се врши по извршено рибување. Министерството склучува договор за обезбедување на рибителен материјал и изведување на рибување со регистриран репроцентар. За исплата на средствата Министерството доставува известување до Агенцијата во чиј прилог е извештај за реализација на рибувањето и записник од Државниот инспекторат за земјоделство, Сертификат за здравствена состојба на животните, издаден од ветеринарното друштво и записник за извршена контрола на здравствената состојба на подмладокот од официјален ветеринар кои регистрираниот репроцентар ги доставува до Министерството во прилог на барањето за исплата.

(3) Исплатата на средствата од дел II потточки 1.3., 1.4., и 1.5. и дел III потточка 2.1. од оваа програма се реализира врз основа на одобрени барања за исплата по објавен јавен повик од Агенцијата. Агенцијата го објавува Јавниот повик не подоцна од 45 дена од денот на објавувањето на оваа програма.

(4) Исплатата на средствата од дел II точка 1 потточки 1.6. и 1.7. и дел III точка 2 потточка 2.2. од оваа програма се врши врз основа на доставено барање со потребна документација по објавен јавен повик од Агенцијата. Во јавниот повик Агенцијата го утврдува рокот за поднесување на барањата и ја утврдува и објавува потребната документација која се приложува кон барањата за користење на средствата. Агенцијата го објавува Јавниот повик не подоцна од 45 дена од денот на објавувањето на оваа програма.

(5) Исплатата на средствата од дел II точка 1 потточка 1.6 и 1.7. од оваа програма се врши по одобрени барања за исплата и тоа за:

- вршење дополнителна физичка заштита на рибите во период од 1 ноември 2019 до 20 март 2020 година,
- вршење дополнителна физичка заштита на рибите во период од 1 април до 15 јули 2020 година и
- набавена опрема за видео надзор.

(6) Исплатата на средствата од дел III точка 2 потточка 2.2. од оваа програма за насадување на рибниците со подмладок се врши по одобрени барања за исплата и тоа:

- за насадување на рибниците во периодот од 1 февруари до 31 мај и
- за насадување на рибниците во периодот од 1 јули до 30 септември.

(7) Исплатата на средствата од дел IV од оваа програма се врши врз основа на известување за исплата за реализирање на активности од Министерството, кое се доставува до Агенцијата најдоцна до 20 декември 2020 година.

(8) Исплатата на средствата од дел V и дел VI од оваа програма се врши врз основа на известување за исплата по предходно спроведен јавен повик од Министерството, кое се доставува до Агенцијата најдоцна до 20 декември 2020 година.

(9) Висината на финансиската поддршка по корисник за дел II точка 1 потточка 1.1., 1.2. и дел V од оваа програма се определува во зависност од планираната количина порибителен материјал наменет за порибување и во зависност од техничките потреби за реализација на пилот проектот.

(10) За барањата за користење на средства кои се поднесуваат до Агенцијата врз основа на рокови утврдени во објавен јавен повик, контролите на лице место ги врши Агенцијата.

X

Исплата на средствата од оваа програма по корисници ја врши Агенцијата на трансакциски или жиро сметки на барателите најдоцна до 30 јуни 2021 година.

XI

Средствата предвидени со оваа програма се неповратни.

Оваа програма влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“ , а ќе отпочне да се применува од 1 јануари 2020 година.

Бр. 45-10194/1
28 декември 2019 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Северна Македонија,
Зоран Заев, с.р.

4416.

Врз основа на член 16 став (1) алинеја 8 и став (3) од Законот за здравствената заштита („Службен весник на Република Македонија“ бр. 43/12, 145/12, 87/13, 164/13, 39/14, 43/14, 132/14, 188/14, 10/15, 61/15, 154/15, 192/15, 17/16, 37/16 и 20/19 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.101/19, 153/19 и 180/19), Владата на Република Северна Македонија, на седницата одржана на 28 декември 2019 година, донесе

П Р О Г Р А М А
ЗА ОБЕЗБЕДУВАЊЕ НА ТРОШОЦИТЕ ЗА БОЛНИ КОИ СЕ ТРЕТИРААТ СО ДИЈАЛИЗА И АКТИВНОСТИ ЗА ПАЦИЕНТИТЕ СО ХЕМОФИЛИЈА ВО РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА ЗА 2020 ГОДИНА

1. Болни со хронична бубрежна инсуфициенција и нивно третирање со дијализа

Пациентите со хроничната бубрежна инсуфициенција се лекуваат со хемодијализа за нивно оспособување за вршење на секојдневните активности.

1.1. Обезбедување на лекување на најмногу 20 пациенти од Република Албанија, како итни случаи за хемодијализа во траење од еден циклус, за една година во ЈЗУ Завод за нефрологија Струга кои се опфатени со Спогодбата меѓу Македонската Влада и Албанската Влада за соработка во областа на здравството и медицинските науки.

1.2. Покривање на трошоци за дијализа на лица без здравствено осигурување.

Со оваа активност се покриваат трошоците за хроничен дијализен третман за лица кои во периодот на отпочнување на хемодијализниот третман немаат здравствено осигурување во временски период од максимум 60 дена, кој е доволен за регулирање на здравственото осигурување.

Извршители:центри за хемодијализен третман
Индикатор: број на пациенти со покриени трошоци за хроничен хемодијализен третман

1.3. Превенција од вирусен хепатит Б за пациентите на хроничен дијализен третман кои се државјани на Република Северна Македонија

1.3.1 Групна набавка на Хепатит Б адулт вакцини од страна на ЈЗУ ЦЈЗ Скопје за потребите на 10-те центри за јавно здравје;

Извршител: ЈЗУ Центар за јавно здравје - Скопје
Рок на извршување: мај 2020
Индикатор: склучени договори по спроведена постапка за јавна набавка и записник од прием на вакцини

1.3.2 Спроведување на вакцинација и ревакцинација за сите пациенти на хемодијализа согласно протоколот за вакцинација на пациентите на хемодијализа

Извршител: 10-те центри за јавно здравје
Рок на извршување: континирано
Индикатор: извештај за број на пациенти на хемодијализа вакцинирани/ ревакцинацинирани со Хепатит Б вакцина .

2. ПРЕВЕНЦИЈА НА КОМПЛИКАЦИИ КАЈ ЛИЦАТА СО ХЕМОФИЛИЈА

2.1 Хемофилија А и хемофилија Б се наследни заболувања кои настануваат заради неспособноста на организмот да создава т.н. фактор VIII или фактор IX во доволни количини. Доколку овие лица адекватно и навремено не се лекуваат, кај нив може да настанат сериозни компликации.
Покрај активностите за лекување на лицата со хемофилија, потребен е и интегративен и сеопфатен пристап. Целта е подобрување на состојбата на овие лица преку рано препознавање и навремено лекување, нивна едукација и едукација на нивните семејства и други активности. Затоа Центарот за хемофилија при ЈЗУ Институтот за трансфузиона медицина (ЈЗУ ИТМ) заедно со граѓанските здруженија ги проширува досегашните активности со цел да прерасне во Центар за сеопфатна грижа.
2.2 Планирани активности за унапредување на грижата за лицата со коагулопатии во 2020 година, за која е неопходна координација помеѓу Министерството за здравство, Центарот за хемофилија при ИТМ, ЈЗУ УК за хематологија, ЈЗУ УК за детски болести и граѓанските здруженија на лица со коагулопатии.
2.2.1 Спроведување на анкети помеѓу здравствените работници, според што потоа ќе се организираат работилници со здравствени работници од примарна и секундарна здравствена заштита.
2.2.2 Спроведување на анкети со граѓаните како би можело да се процени нивното познавање на коагулопатиите и според тоа да се креира кампања за подигање на јавната свест.
2.2.3 Организирање на работилници со заедничко учество на Министерството за здравство, Центарот за хемофилија при ИТМ, ЈЗУ УК за хематологија, ЈЗУ УК за детски болести и граѓанските здруженија на лица со коагулопатии.
2.2.4 Спроведување на епидемиолошко и клиничко истражување за здравствениот статус и работната способност кај лицата со хемофилија и останати вродени нарушувања на системот за коагулација, како и примена на индивидуални здравствено-промотивни активности.
2.2.5 Превентивни кардиоваскуларни прегледи за возрасните лица со хемофилија и останати коагулопатии. Активностите треба да бидат спроведени во соработка

помеѓу, Центарот за хемофилија при ИТМ, ЈЗУ УК за кардиологија, ЈЗУ Универзитетски институт за клиничка биохемија и граѓанските здруженија на лица со коагулопати.

Извршители: Центарот за хемофилија при ИТМ, ЈЗУ УК за кардиологија, ЈЗУ УК за хематологија, ЈЗУ УК за детски болести, ЈЗУ Универзитетски институт за клиничка биохемија и граѓанските здруженија на лица со коагулопати.

Индикатор: број на спроведени анкети, број на спроведени едукативни работилници за здравствени работници, број на едукативни работилници за компликациите од коагулопатиите и број на превентивни кардиоваскуларни прегледи за возрасните лица со коагулопатии.

3. ФИНАНСИРАЊЕ НА ПРОГРАМАТА

Оваа програма ќе се реализира во обем и содржина во вкупен износ од 7.000.000,00 денари, согласно одобрените средства од основниот буџет во висина од 2.000.000,00 денари и 5.000.000,00 денари од буџетот на самофинансирачки активности. Распределбата на финансиските средства по планирани активности и извршители, прикажани се во Табела број 1.

Табела број 1

„

Вид на активост	Потребни финансиски средства (ден.)	Извршител
1.1 Потребни средства за дијализа на пациенти опфатени со Спогодбата меѓу Македонската Влада и Албанската Влада за соработка во областа на здравството и медицинските науки	2.500.000,00	ЈЗУ Завод за нефрологија Струга
1.2 Покривање на трошоци за дијализа на лица без здравствено осигурување до најмногу 60 дена	1.950.000,00	Хемодијализни центри
1.3 Превенција од вирусен хепатит Б за пациентите на хроничен дијализен третман кои се државјани на Република Северна Македонија	1.500.000,00	10-Центри за јавно здравје
2.1 Превенција на хемофилија по пат на едукативни активности (семинари,флаери и брошури)	50.000,00	ИТМ (Центар за хемофилија)
2.2 Планирани активности за унапредување на грижата за лицата со хемофилија и други вродени коагулопатии во 2020 година	1.000.000,00	Центарот за хемофилија при ИТМ, ЈЗУ УК за кардиологија, ЈЗУ УК за хематологија, ЈЗУ УК за детски болести, ЈЗУ Универзитетски институт за

		клиничка биохемија и граѓанските здруженија на лица со коагулопатии
ВКУПНО ПОТРЕБНИ СРЕДСТВА:	**7.000.000,00 денари**	

"

Во рамките на оваа програма ќе се исплатат и неизмирени обврски за 2019 година.

Со оглед на тоа дека здравствениот статус на населението не претставува константна категорија и истата подлежи на варијации во болестите и бројот на пациентите, не е можно да се предвиди апсолутно точен број на заболените.

4. ИЗВРШИТЕЛИ НА ПРОГРАМАТА

Извршители на оваа програма се ЈЗУ Завод за нефрологија Струга, здравствените установи во кои пациентите се лекуваат со хемодијализа, 10-те Центри за јавно здравје, ЈЗУ Институт за трансфузиона медицина-Центар за хемофилија, ЈЗУ УК за кардиологија, ЈЗУ УК за хематологија, ЈЗУ УК за детски болести, ЈЗУ Универзитетски институт за клиничка биохемија и граѓанските здруженија на лица со коагулопатии.

5. НАЧИН НА ФАКТУРИРАЊЕ НА УСЛУГИТЕ

Министерството за здравство месечно ќе ги распределува средствата до здравствените установи за хемодијализен третман извршители на активностите врз основа на доставени фактури и извештаи за реализација на активностите содржани во оваа програма, фактурирани согласно референтните цени на Фонд за здравствено осигурување на Република Северна Македонија. Здравствените установи каде се спроведува дијализа на пациентите, вршат поединечно фактурирање со прилог: за секој пациент со извештај, доказен материјал, пресметка и потврда за статус на неосигурано лице издадена од ФЗОРСМ со точни податоци за временскиот период за неосигураноста.

Центрите за јавно здравје доставуваат во прилог на фактурата и копија од рамковната спогодба за јавна набавка, копија од склучен договор за набавка со најповолен понудувач и испратница за достава на вакцините.

6. ДОСТАВУВАЊЕ НА ГОДИШНИ ИЗВЕШТАИ И РОКОВИ

Здравствените установи кои се извршители на оваа програма доставуваат месечни извештаи за реализирани активности согласно роковите за извршување наведени во оваа програма, а годишен извештај за реализирани активности за 2020 година до Министерството за здравство најдоцна до 15.02.2021 година.

7. МОНИТОРИНГ И ЕВАЛУАЦИЈА

Министерството за здравство ќе врши редовни контроли најмалку на секои три месеци во јавните здравствени установи извршители на оваа програма, во делот на реализирани активности согласно оваа програма.

Оваа програма влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија", а ќе отпочне да се применува од 01 јануари 2020 година.

Бр. 45-10088/1
28 декември 2019 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Северна Македонија,
Зоран Заев, с.р.

4417.

Врз основа на член 16 став 1 алинеја 7 и став 3 од Законот за здравствената заштита („Службен весник на Република Македонија" бр. 43/12 , 145/12, 87/13, 164/13, 39/14, 43/14 , 132/14, 188/14, 10/15, 61/15, 154/15 , 192/15, 17/16, 37/16 и 20/19 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 101/19,153/19 и 180/19), Владата на Република Северна Македонија на седницата, одржана на 28 декември 2019 година, донесе

П Р О Г Р А М А
ЗА ОРГАНИЗИРАЊЕ И УНАПРЕДУВАЊЕ НА КРВОДАРИТЕЛСТВОТО ВО РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА ЗА 2020 ГОДИНА

I. ВОВЕД

Крводарителството има нагласено општествено значење и претставува дејност од општ интерес за Република Северна Македонија. Без потребните количества на крв и крвни продукти не е можно да се обезбеди современа и квалитетна здравствена заштита. Во Република Северна Македонија крводарителството е доброволно и се спроведува преку крводарителски акции кои се организирани од Црвениот крст на Република Северна Македонија, а со помош на стручни тимови од Институтот за трансфузиологија,Скопје.Програмата претставува поддршка на крводарителството во Република Северна Македонија, а во неа се содржани мерки и активности за организирање и спроведување на крводарителски акции.

Министерството за здравство утврдува потреби на државата од единици на крв, крвни продукти и резерви, во соработка со Институтот за трансфузиона медицина и врши надзор над учесниците во спроведувањето на Програмата и утврдува систем на квалитет.

Министерството за здравство ги обезбедува финансиските средства и врз основа на доставени фактури и извештаи, врши исплата.

II.ЦЕЛИ НА ПРОГРАМАТА

Програмата претставува поддршка на крводарителството во Република Северна Македонија, а во неа се содржани мерки и активности за организирање и спроведување на крводарителски акции, изготвување наздравствено-воспитни пропагандни материјали, мотивациски средства за крводарителите, надоместок на трошоци за организирање на крводарителски акции за општинските организации на Црвениот крст на Република Северна Македонија по единица крв, активности на Институтот за трансфузиологија и партиципација при користење на здравствени услуги на дарители со над 10 крводарувња.

Недостаток во обезбедување крв во државата, ќе предизвика застој на хируршки и други интервенции за кои е потребно апликација на крв и спасување на многу животи.

III.ИЗВРШИТЕЛИ НА ПРОГРАМАТА И ПЛАНИРАНИ АКТИВНОСТИ

Црвениот крст на Република Северна Македонија и Институтот за трансфузиона медицина се извршители на програмата кои преку поединечни и заеднички активности ги реализираат планираните активностите.

1. **Црвениот крст на Република Северна Македонија** во областа на крводарителството, при реализација на Програмата, ги врши следните активности :
   - **Континуирана здравствено-воспитна и мотивациска работа кај населението;**

- Непосредна подготовка на крводарителските акции во сите средини;
- Изготвување на информативно-пропаганден материјал;
- Анкетирање и изготвување на списоци на потенцијални донори на крв;
- Учество на волонтери на самата акција за прифаќање на донорите на крв;
- Евиденција на крводарителските акции на посебни формулари ;
- Изготвување на периодични и годишни извештаи за работа, што ги доставува до Министерството за здравство;
- Доделување на признанија на крводарителите.

2. **Институтот за трансфузиона медицина** и трансфузиолошките служби, при реализација на Програмата, ги вршат следните активности:

- Ги утврдуваат потребите за крв и крвни продукти за населението во Република Северна Македонија, заедно со Министерството за здравство;

- Вршат организирано прибирање на крв од доброволни донори со мобилни екипи и во службите за трансфузиологија при болничките центри;
- Вршат контрола на крв, приготвување на крвни компоненти, нивно чување и експедиција;
- Во соработка со клиниките или болничките центри при медицинските центри вршат контрола на употребените крвни продукти;
- Обезбедуваат стандарди за прибирање на крв (стандарден состав на екипи, опременост, минимални ресурси за работа, стандарден број на единици кои треба да се прибираат дневно, месечно, годишно);
- Вршат здравствена контрола и се грижат за здравјето на донорите на крв;
- Водат национален регистар за донори на крв (според местото на давање, крвни групи, ретки крвни групи, типизирани, одбиени крводарители, донори на плазма и клеточни елементи);
- Изготвуваат книшка за донори на крв (со код за секој крводарител, крвна група, картон за возач со крвна група);
- Учествуваат во здравствено-воспитна, мотивациска, истражувачка работа за развој и унапредување на крводарителството;
- Обезбедуваат унифициран благодарен оброк за донори на крв.

3. **Заеднички активности на Црвениот крст на Република Северна Македонија и Институтот за трансфузиона медицина:**

- Планирање и организирање на крводарителските акции, како и изготвување на програма, оперативни планови, обврски и извештаи за реализација на Програмата за крводарителство;
- Планирање и утврдување на термин за изведување на крводарителска акција во одредена средини;
- Редовни контакти и посети во средина во која се планира да се изведе акцијата;
- Договор со организаторите за обезбедување на соодветен простор и услови за оптимално изведување на акцијата;
- Евалуација на постигнатите резултати, на терен и во установите за прибирање крв;
- Предлози за измени и дополнувања на програмата за организирање и унапредување на крводарителството;
- Прилагодување на новонастанати состојби и потреби од крв и крвни продукти (вонредни акции, сезонски потреби, ретки крвни групи);
- Организирање на вонредни крводарителски акции во случај на недостиг на единици на крв;
- Учество во работа на комисиите за крводарителство на разни нивоа;
- Редовно информирање за сите крводарителски акции преку средствата за јавно информирање;
- Постојано осовременување на промотивни материјали за крводарителство и соработка со размена на искуства од други земји;
- Севкупна анализа и конкретен тримесечен увид во извршените активности и нивното финансиско обезбедување.

4.ФИНАНСИРАЊЕ НА ПРОГРАМАТА

Вкупните средства за реализација на Програмата изнесуваат 25.000.000,00 денари. Програмата ќе се реализира во рамките на обезбедените средства во Буџетот на Република Севрерна Македонија за 2020 година во вкупен износ од 25.000.000,00 денари, од кои 5.000.000,00 денари од Основниот буџет и 20.000.000,00 денари од буџетот за самофинансирачки активности на Министерството за здравство. Од овие средства ке се плаќаат и неизмирените обрски за партиципација кон здравствените установи.

Програмските активности и финансиската рамка преставени се во табела број 1,2, 3 и 4 .

Табела бр.1 Здравствено-воспитни , пропагандни и едукативни активности

„

Реден број	Здравствено-воспитни , пропагандни и едукативни активности	**Количина**	**Единечна цена**	**Вкупно**
1	Плакат "повик"	10.000	5.00	50.000
2	Плакат за 17 Март	1.000	20.00	20.000,
3	Евидентни листови за крвни акции	10.000	2.00	20.000
4	Флаер/агитка	20.000	2,50	50.000
5	Картички за повик	40.000	0.60	24.000

6	Одбележување на 17 Март и 14 Јуни	2	100.000,00	200.000
7	Активности на дневен центар за крводарување	-	-	150.000
8	Републички едукативни семинари за едукација на мотиватори на крводарителство	3	125.000,00	375.000
Вкупно за здраствено-воспитни ,пропагандни и едукат активности				**889.000,00**

"

Табела број 2 Изготвување на мотивациски средства за крводарителите

"

Реден број	**Јубилејни признанија и мотивациони средства**	**Количин**	**Единечна цена**	**Вкупно**
1	Значка за 5-то дарување	1.800	65.00	117.000,00
2	Значка за 10-то дарување	1.300	65.00	84.500,00
3	Значка за 25-то дарување	700	65.00	45.500,00
4	Плакета за 50-то дарување	100	650.00	65.000,00
5	Плакета за 75-то дарување	60	650.00	39.000,00
6	Плакета за 100-то дарување	10	650,00	65.000,00
7	Признанија за општини со исполнет план за крводарителство	20	3.500	70.000,00
8	Печатење на Јубилејни благодарници	5.000	5.00	25.000,00
	Вкупно средства за јубилејни Признанија за крводарителство			**511.000,00**

"

Табела број 3 Средства за надоместок на трошоци за подготвување и организирање на крводарителски акции

"

Опис на активност	**Единечна цена (ден.)**	**Вкупно (ден.)**
За планирани 55.000 крводарувања на ООЦК	**120,00 ден**	**6.600.000,00**

"

Табела број 4 Средствата за надоместок за партиципација

"

Опис на активност	**Вкупно (ден.)**
Партиципација за крводарители по приложени пресметки	**17.000.000,00**

"

Средствата за надоместок за партиципација при користење на здравствени услуги за дарители со над 10 крводарувањаа кои се трансферираат на квартално ниво (тромесечно)до здравствените установи за околу 6.000 крводарители. Бројот на крводарители за исплатена партиципација е во зависност од висината на пресметаната партиципација за користење на здравствени услуги по крводарител во вкупен износ од 17.000.000.,00 денари.

Вкупно потребни средства за реализација на програмата по извршители :

„

Опис на активност	Извршител	Вкупно ден.
Организација на крводарителство	Црвен крст Република Северна Македонија	6.600.000,00
Здравствено-воспитни и пропагандни материјали		889.000,00
Јубилејни признанија и мотивациони средства		511.000.00
Средства за партиципација	Здравствени установи	17.000.000,00
Вкупно		**25.000.000,00**

“

IV.РАСПРЕДЕЛБА НА СРЕДСТВАТА

1. Распределбата на средствата по Програмата се врши квартално до извршителите на активностите, врз основа на доставени извештаи и фактури за реализација на мерките и активностите содржани во Програмата, и тоа за активностите во последниот квартал од 2019 година и за првите 3 квартали од 2020 година.
2. Распределба на средствата за надоместок за партиципација при користење на здравствени услуги на дарители со над 10 крводарувања се врши квартално до здравствените установи кои имаат склучено договор за пружање здравствени услуги со Фонд за здравствено осигурување на Република Северна Македонија за тековната година, а врз основа на доставена фактура, извештај/спецификација за периодот кој се фактурира за последниот квартал од 2019 година и за првите 3 квартали од 2020 година.

V.МОНИТОРИНГ И ЕВАЛУАЦИЈА

Мониторинг и евалуација за спроведување на оваа програма континуирано во текот на годината ќе врши Црвениот крст на Република Северна Македонија, и за тоа во извештаите ќе го информира Министерството за здравство.

Црвениот крст на Република Северна Македонија во соработка со Институтот за трансфузиона медицина формира стручен тим кој заедно со комисијата за развој и унапредување на крводарителството при Црвениот крст на Република Северна Македонија ќе ги следи и проценува зацртаните цели во оваа програма и ќе предлага мерки за надминување на одредени проблеми кои можат да произлезат во процесот на имплементација на утврдените задачи и активности во оваа програма.

VI.ДОСТАВУВАЊЕ НА ИЗВЕШТАИ

Црвениот крст на Република Северна Македонија најдоцна до 31.01.2021 година доставува до Министерството за здравство годишен извештај за реализираните активности предвидени со Програмата за 2020 година.

Оваа програма влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија", а ќе отпочне да се применува од 1 јануари 2020 година.

Бр. 45-10090/1
28 декември 2019 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Северна Македонија,
Зоран Заев, с.р.

4418.

Врз основа на член 16 ставови 2 и 3 од Законот за здравствената заштита („Службен весник на Република Македонија" бр. 43/12, 145/12, 87/13, 164/13, 39/14, 43/14, 132/14, 188/14, 10/15, 61/15, 154/15, 192/15, 17/16, 37/16 и 20/19 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 101/19, 153/19 и 180/19), Владата на Република Северна Македонија, на седницата одржана на 28 декември 2019 година донесе

П Р О Г Р А М А
ЗА ЛЕКУВАЊЕ НА РЕТКИ БОЛЕСТИ ВО РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ЗА 2020 ГОДИНА

1. ВОВЕД

Ретките болести претставуваат клинички хетерогена група болести со ниска преваленца во популацијата. Во светот до денес се идентификувани помеѓу 5.000 и 8.000 ретки болести со претежно генетска етиологија (конгенитални аномалии и деформации, моногенетски болести, наследни нарушувања на метаболизмот), но и болести со ретки автоимуни нарушувања, ретки дегенеративни нарушувања, ретки малигни заболувања и ретки инфекции. Ретките болести се карактеризираат со прогресивен неповолен тек, а многу често и со рана смрт. Најголемиот дел од ретките болести (75%) се појавуваат веднаш после раѓањето и во рана детска возраст.

И покрај различноста во етиологијата, ретките болести имаат многу заеднички елементи - неадекватно препознавање, неадекватна и/или непостоечка класификација, недоволна достапност на дијагностички постапки, како и ограничени и скапи терапавтски можности, До сега постои специфичен третман за околу 250 ретки болести со т.н. лекови -сираци (orphan drugs), кои се најчесто скапи и тешко достапни.

Иако опфаќаат многу мал процент од целокупната популација, тие претставуваат значаен процент во однос на морбидитетот, морталитетот и квалитетот на живот и здравјето на граѓаните. Касно и неадекватно препознавање и постапување на дијагноза на ретки болести често води до трајни оштетувања и смрт на заболените, со значајно влијание врз целокупниот статус на семејството.

Постојат голем број Европски иницијатови за обезбедување легислативи и униформност во организацијата на сервисите за обезбедување нега и лекување на пациентите со ретки болести. Здравствените власти во секоја земја во склоп на

сопствениот здравствен систем и своите можности создава специфичен национален план за лекување.

Согласно експертското мислење на Комисијата за ретки болести при Министерството за здравство на Република Северна Македонија , во „Регистар на ретки болести и на пациенти кои боледуваат од ретки болести" се вбројуваат единствено заболувања кои се наведени ОРФАН листата на ретки болести - ревидирана јануари 2019 година (https: //www.orpha.net/ orphacom/cahiers/ docs/ GB/ List_of_rare_diseases_in_alphabetical order.pdf). Ретка болест, според Европскиот експертски комитет за ретки болести, е **секоја болест или нарушување кое погодува мал дел од населението, односно со преваленца од не повеќе од 5 на 10 000 лица.** Во оваа група не се вбројуваат хронично изнемоштени или несоодветно третирани заболувања, како и болни со ретка секундарна компликација на честа болест.

Национална Комисија за ретки болести е стручно советодавно тело на министерот за здравство, формирана врз основа на член 55 од Законот за организација на работата на органите на управата, во која членуваат лекари специјалисти од ЈЗУ Универзитетските Клиники при „Клинички центар Мајка Тереза" во Скопје од редот на експерти кои ги познаваат ретките болести и кои ги лекуваат пациентите. Задачите на Комисијата се дефинирани со Деловникот за работа на истата, истите вклучуваат: услови за влез на пациентите во регистар за ретки болести и/или/програма за лекување во рамките на одобрениот буџет обезбеден од Владата на Република Северна Македонија; разгледување на документите за сите пријавени пациенти; донесување низа процедури за менаџирање на дистрибуција на лековите и др.

2. АНАЛИЗА НА МОМЕНТАЛНАТА СОСТОЈБА

Програмата за лекување на ретки болести започнува и е за првпат донесена во 2009 година за лекување на два пациенти со една иста ретка болест, а во последователните години беше постојано зголемувана листата на лекови-сираци и на лекувани пациенти со ретки болести.

Заклучно со декември 2019 година во Регистерот на ретки болести има регистрирано вкупно 520 лица, од кои за околу 180 лица се обезбедуваат лекови преку Програмата за ретки болести

Во 2019 година се воведени три нови лекови-сираци за терапија и тоа таблетарна терапија за болеста на Гоше како трет избор на лек, нов лек за терапија на

пациентите со идиопатска Пулмонална фиброза и лек за терапија на децата со спинална мускулна атрофија (СМА).

Сите пациенти ги исполнуваат критериумите и за нив е дадено позитивно мислење од Националната комисија за ретки болести.

3. ЦЕЛИ НА ПРОГРАМАТА И МЕРКИ КОИ Е НЕОПХОДНО ДА СЕ ПРЕВЗЕМАТ

Основна цел на Програмата за ретки болести е обезбедување на терапија со лекови-сираци за лицата со ретки болести кои се вклучени во Регистарот на ретки болести на Република Северна Македонија, за чиешто лекување постои одобрение од Комисијата за ретки болести при Министерството за здравство. **Преку Програмата за ретки болести ќе се лекуваат оние заболувања кои спаѓаат во ORPHAN листата на ретки болести, но чија преваленца во Република Северна Македонија не надминува 1 на 100 000 жители.**

Со оваа програма се обезбедува стандард на лекување на лицата со ретки болести, сличен на стандардот на лекување на другите болести во здравствениот систем, согласно светските нормативи за лекување и обезбедениот буџет наменет за ретките болести. Во Програмата не е вклучено обезбедување на потребите од ортопедски и други помагала, обезбедување на суплементи (масти и витамини и слично) како и за лицата кои се лекуваат преку Фондот за здравствено осигурување на Република Северна Македонија.

Комисијата за ретки болести предлага отпочнување на терапија на лице со ретка болест врз основа на усвоена стручна процедура на Комисијата за ретки болести и соодветна документација обезбедена од лекарот што го води пациентот. За поставување на терапија не може да се одлучува ретроактивно откако е одобрена терапија на друго ниво во државата, отпочнато лекување во друга држава, или ако е првично отпочната терапија преку донации. Медицинската документација за овие пациенти ќе бидат повторно пратени на разгледување на Комисијата. Болестите за кои преваленцијата во Република Северна Македонија е надмината, ќе се лекуваат преку Фондот за здравствено осигурување на Република Северна Македонија.

При одлучување на комисијата по одредено прашање, во предвид треба да се имаат следните критериуми:

- Преку Програмата за ретки болести можат да се лекуваат пациенти со ретки болести дадени во Orphan листата за ретки болести - ревидирана во јануари 2019 година

(ORPHAN list of rare diseases, https://www.orpha.net/orphacom/ cahiers/docs/ GB/ List _of_rare _diseases _in _alphabetical order.pdf).

Лекот задолжително треба да биде одобрен од страна на релевантни тела - EMEA-Европа или FDA-САД.

- За болеста мора да постои препорака за лекување со одреден т.н лек-сирак и истиот да не се обезбедува преку Фондот за здравствено осигурување на Република Северна Македонија.
- Треба да постојат однапред дефинирани критериуми за мерливост на ефектите на лекувањето врз основа на кои понатаму, во строго дефинирани временски пероди ќе се евалуираат ефектите од терапијата од страна на независно тело - комисија одредена од страна на Министерството за здравство.
- За секој лек кој треба да влезе во програмата треба да се достави позитивна фармакоекономска анализа од ИСПОР Македонија, како и да бидат обезбедени финансиски средства.
- Експериментална терапија или терапија која е во тек на клинички студии не може да биде одобрена за лекување. Ново-излезени лекови нема да се одобрат се додека не се добие меѓународна потврда дека истите даваат позитивни резултати, дека се препорачани од релевантни институции за употреба и дека се подготвени протоколи за примена.
- Доколку има повеќе лекови за иста болест, ќе се одобри лекот за кој има поголемо позитивно меѓународно искуство.
- Барање за одобрување за лекување на пациент со ретка болест до Националната комисија за ретки болести може да поднесе само лекар кој го дијагностицирал пациентот и/или го лекува пациентот, кој има позитивно мислење од стручниот колегиум од својата матична универзитетска клиника каде ќе биде лекуван пациентот. Барањето за поставување на пациентот на Програмата за ретки болести треба да биде одобрено од стручниот колегиум и потпишано од Директорот на соодветната ЈЗУ Универзитетска клиника.
- Евалуацијата на пациентите за ефектите од терапијата ќе ја врши посебно формирана стручна комисија составена од 3 члена, потврдена од националната комисијата за ретки болести, од кои барем еден мора да е од областа или од блиска област во која е групирана ретката болест и член на националната комисијата за ретки болести, во строго дефинирани временски периоди, најмалку еднаш годишно или пократко во зависност од видот на болеста.

- Сите пациенти со ретки болести кои се регистрирани за лекување се внесуваат во „Регистар на ретки болести и на пациенти кои боледуваат од ретки болести“ и истиот се обновува во годишни интервали врз основа на ефектите од лекувањето.

4. ФИНАНСИРАЊЕ НА ПРОГРАМАТА

Вкупните средства за реализација на оваа програма изнесуваат 527.000.000,00 денари од кои 300.000.000,00 денари се обезбедуваат од Буџетот на Република Северна Македонија за 2020 година и 227.000.000.00 денари се обезбедуваат од сопствени приходи на Министерство за здравство. Со програмата се предвидува и исплата на неизмирени обврски за 2019 година.

5. ИЗВРШИТЕЛИ НА ПРОГРАМАТА

Лековите за терапија на лицата заболени од ретки болести ќе ги набавува Министерството за здравство по пат на јавна набавка, како и дистрибуирањето до јавните здравствени установи, Универзитетски клиники каде се лекуваат пациентите со ретки болести, извршители на активностите, а врз основа на доставена потреба од лекови кои се набавени од страна на Министерството за здравство.

Јавните здравствени установи, Универзитетските клиники при Клинички центар „Мајка Тереза“- Скопје кои се извршители на активностите, водат евиденција за пациентите и дадената терапија согласно донесената процедура за дистрибуција и издавање на лекови/терапија, донесено од страна на Министерството за здравство по предлог на Комисијата за ретки болести како стручно советодавно тело на министерот за здравство.

Издавањето на оралната терапијата на пациентите од страна на Универзитетските клиники при Клинички центар „Мајка Тереза“- Скопје кои се извршители на активностите се врши за период од најмногу два (2) месеци.

6. СЛЕДЕЊЕ И РЕАЛИЗАЦИЈА НА ПРОГРАМАТА

Министерството за здравство го следи спроведувањето на оваа програма и по потреба поднесува извештај до Владата на Република Северна Македонија.

7. ДОСТАВУВАЊЕ НА ИЗВЕШТАИ

Јавните здравствените установи, Универзитетските клиники кои се извршители на оваа програма, доставуваат редовни тримесечни извештаи до Министерството за здравство за бројот на пациентите, количина на потрошени лековите и моментална залиха на истите.

Оваа програма влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија", а ќе отпочне да се применува од 1 јануари 2020 година.

Бр. 45-10084/1
28 декември 2019 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Северна Македонија,
Зоран Заев, с.р.

4419.

Врз основа на член 16 ставови 2 и 3 од Законот за здравствената заштита („Службен весник на Република Македонија“ бр. 43/12, 145/12, 87/13, 164/13, 39/14, 43/14, 132/14, 188/14, 10/15, 61/15, 154/15, 192/15, 17/16, 37/16 и 20/19 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.101/19, 153/19 и 180/19), Владата на Република Северна Македонија, на седницата одржана на 28 декември 2019 година, донесе

П Р О Г Р А М А
ЗА ИСПИТУВАЊЕ НА ПОЈАВАТА, СПРЕЧУВАЊЕ И СУЗБИВАЊЕ НА БРУЦЕЛОЗАТА КАЈ НАСЕЛЕНИЕТО ВО РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА ЗА 2020 ГОДИНА

I. ВОВЕД

Бруцелозата во Република Северна Македонија, како и во голем број други земји во Европа и во светот, сéуште претставува значаен јавно здравствен проблем.

Поради своите епидемиолошки карактеристики, јавување во епидемиска форма, оштетување на здравјето на луѓето кое може да доведе до инвалидитет, како и хоспитализација и долго лекување со можност за рецидиви и реинфекции, бруцелозата претставува не само медицински туку и социо - економски проблем.

II. АНАЛИЗА НА СОСТОЈБАТА

Постигнати резултати

Бруцелозата кај луѓето во Република Северна Македонија, во епидемиска форма за прв пат беше регистрирана во 1980 година, кога скоро сите заболени беа од територијата на општина Битола (вкупно пријавени 102 заболени), исто како и наредната, 1981 година, кога беа регистрирани 122 заболени лица.

Бројот на регистрирани заболени од бруцелоза во десетгодишниот период 2008-2017, бележи тренд на опаѓање. Најголем број на регистрирани случаи во овој период е во 2008 (n=490), а просечниот број на регистрирани заболени лица на годишно ниво изнесува 127 случаи, а просечната инциденца за овој период – 6,2/100.000 жители.

Ако се анализираат последните пет години (2013–2017), најголем број на заболени лица се регистрирани во 2014 (n=40, I=1,9/100.000), а најмал број и инциденца (22, I=1,1/100.000) во последните три години. За овој петгодишен период, просекот на годишно ниво изнесува 28 пријавени случаи на бруцелоза (I=1,4/100.000).

За намалувањето на бројот на заболени лица од бруцелоза голем придонес има воведувањето на вакцинација на животните против бруцелоза, со која се

започна во 2008 година, од кога се бележи тренд на нагло опаѓање на морбидитетот и бројот на заболени луѓе од ова заболување.

Обезбедување на потребни институционални ресурси

Превенцијата и контролата на заразните болести е комплексен јавно-здравствен проблем, врз кој влијаат повеќе фактори: социо-економски, фактори на околината и здравствениот систем во целина. Имајќи ги во предвид овие факти, потребно е проширување и зајакнување на системот со подобрување на мулти-дисциплинарниот пристап и соработка во контролата на заразните болести.

Посебно значајно е навремено да се обнови и зајакне кадровската структура во епидемиолошките служби при Центрите за јавно здравје и превентивните тимови во Здравствените домови, со цел да се обезбеди континуитет во рутинската работа, но воедно и да се спречат последици кои може да произлезат поради недостаток на едуциран здравствен персонал на сите нивоа (централно, регионално, локално ниво). Неопходно е да се обезбедат просторни, материјални и човечки ресурси, кои ќе овозможат брз и ефикасен одговор кон заканите од заразните заболувања во било кое време, што воедно е обврска согласно обврските од меѓународниот здравствен правилник 2005.

Потребно е да се подобри состојбата со воведување на сеопфатен интегриран информациски систем, кој ќе овозможи навремено детектирање и следење на заразните болести и редовната вакцинација преку поврзување на матичните доктори, болниците и превентивните служби при здравствените домови со центрите за јавно здравје и Институтот за јавно здравје на Република Северна Македонија, со цел да се обезбеди брз, ефикасен и навремен проток на информации во врска со заразните болести и вакцинација. На тој начин ќе се овозможи брзо и ефикасно спроведување на соодветни мерки за спречување на појавата, ширење и сузбивање на заразните болести, вклучително и бруцелозата, како и појава на епидемии.

III. ПРИОРИТЕТНИ ЦЕЛИ НА ПРОГРАМАТА

Генерална цел на Програмата е спречување и сузбивање на бруцелозата кај луѓето на територијата на Република Северна Македонија.

Притоа, основни цели на годишната Програма се:

1. Намалување на инциденцата на бруцелоза кај луѓето.
2. Спречување на појава на компликации, хронични форми и инвалидитет.
3. Спречување на појава на рецидиви.
4. Намалување на стапката на смртност.
5. Микробиолошка потврда на секој сомнителен случај.

6. Континуирана медицинска едукација, обновување на знаењата на здравствените и ветеринарните работници.
7. Информираност и здравствена едукација на општата популација и на професионално експонираните лица, со цел превенција на бруцелоза.

Овие цели, во 2020 година ќе се остваруваат преку следните активности:

- Спроведување на мерките и активностите за спречување на појавата, понатамошно ширење на бруцелозата и нејзино сузбивање на територија на целата Република, особено во критичните региони;
- Епидемиолошко следење и испитувања за рано откривање на изворите, патиштата и начинот на пренесување на заразата;
- Рано и активно откривање на заболените лица, нивно пријавување до надлежните институции, анкетирање, информација и едукација;
- Рано и адекватно лекување на заболените;
- Лабораториско докажување на бруцелозата;
- Континуирана медицинска едукација на здравствените работници;
- Информирање и здравствено едукативна дејност.

IV. УСПЕШНОСТА НА ПРОГРАМАТА ЌЕ СЕ ОЦЕНУВА ПРЕКУ ОСНОВНИТЕ ИНДИКАТОРИ НА ИСХОД:

1. Инциденца на бруцелоза
2. Појава на рецидиви и реинфекции
3. Информираност на населението, здравствените и ветеринарните работници

V. МЕРКИ, АКТИВНОСТИ И ПОКАЗАТЕЛИ НА УСПЕШНОСТ

За остварување на целите утврдени со оваа програма, во 2020 година ќе се спроведуваат следните мерки и активности:

1. Изготвување на 10 работни оперативни планови на регионално ниво, од страна на центрите за јавно здравје, со активностите за спречување и сузбивање на бруцелозата во 2020 година на територијата на подрачјето кое го покриваат, врз основа на епидемиолошката состојба на таа територија.

Извршители: ЦЈЗ/ПЕ, во соработка со Институт за јавно здравје на Република Северна Македонија.

Индикатор: Број на изготвени и доставени оперативни планови до Министерството за здравство.

Рок на извршување: 15 јануари 2020 година

2. Организирање на 6 регионални советувања/работилници на тема бруцелоза – епидемиолошка и епизоотолошка состојба при Центар за јавно здравје и епидемиолошката дејност, на кои здравствените работници од Републиката (епидемиолози, инфектолози, микробиолози, матични доктори, претставници од ДСЗИ и претставници од ветеринарната медицина) на регионално ниво ќе се запознаат со раширеноста на бруцелозата во Република Северна Македонија, со епизоотолошката и епидемиолошката состојба, со клиничката слика, дијагностиката и другите карактеристики на бруцелозата, како и со мерките и активностите кои треба да се спроведуваат за нејзино сузбивање. Институт за јавно здравје на Република Северна Македонија во соработка со Медицински факултет Скопје - Институт за епидемиологија со медицинска биостатистика и Агенција за храна и ветеринарство подготвува и доставува детален план (датум, место на одржување, планирани здравствени институции - учесници) за 2-те семинари, агенда со теми планирани и листа на предавачи до Министерство за здравство. Надлежните ЦЈЗ/ПЕ на чија територија ќе се одржуваат овие семинари, во соработка со ветеринарната дејност треба да обезбедат простор и слушатели од сите горенаведени професии.

Извршители: Институт за јавно здравје на Република Северна Македонија во соработка со Медицинскиот факултет Скопје - Институт за епидемиологија со медицинска биостатистикаи АХВ, ЦЈЗ.
Индикатор: Доставен план, квартален извештај (број на учесници, датум, место) за организирани регионални семинари.
Рок на извршување: во прв и четврти квартал по еден, а во втор и трет квартал по 2

3. Секој Центар за јавно здравје на својата територија организира 10 предавања за население во рурални средини како и 10 предавања за ризични групи на работници со цел запознавање на населението со оваа болест, начините на превенција и опасностите.

Извршители: ЦЈЗ.
Индикатор: Доставен план, квартален извештај (број на учесници, датум, место) за организирани предавања.
Рок на извршување: во прв и четврти по 2, во втор и трет по 3 предавања.

4. Активен епидемиолошки надзор на терен преку епидемиолошко извидување и епидемиолошки истражувања за секој откриен случај на бруцелоза кај луѓето или добиен податок за заболен добиток на одредена територија (од АХВ/ ветеринарни инспектори) како и за рано откривање и дијагноза, евидентирање, пријавување и анкетирање на сите сомнителни и дијагностицирани случаи на бруцелоза со цел да се откријат сите заболени лица во таа населба и навреме да се

подложат на медицински третман. ЦЈЗ/ПЕ зема материјали за серолошка дијагностика и изготвува информации.

Извршители: ЦЈЗ /ПЕ, во соработка со ветеринарната инспекција.
Индикатор: Број на епидемиолошки увиди за надзор и следење на бруцелозата и изготвување на информација за најдената состојба и број на епидемиолошки анкети, број на лабораториски тестирања.
Рок на извршување: континуирано во текот на целата година, информации периодично

5. Секој случај на заболување од бруцелоза се пријавува до епидемиолошката дејност на територијата каде е регистрирана болеста. Епидемиолошките служби при ЦЈЗ/ПЕ ги обработуваат и евидентираат пријавите и за секој случај го известуваат Институт за јавно здравје на Република Северна Македонија и ветеринарната инспекција надлежна за одредена територија. ЦЈЗ/ПЕ изработуваат епидемиолошка анкета за секој заболен и заедно со пријавата ги доставуваат до Институт за јавно здравје на Република Северна Македонија. Тука се врши внесување во дата-базата, обработка и анализа на пријавите и епидемиолошките анкети на заболените, врз база на што се изработуваат извештаи.

Извршители: Здравствените установи (ЈЗУ, ПЗУ) на примарно, секундарно и терцијарно ниво, ЦЈЗ/ПЕ, ИЈЗ.
Индикатор: Број на доставени и обработени пријави/анкети за заболени од бруцелоза.
Рок на извршување: континуирано во текот на целата година

6. Здравствен надзор над ветеринарните работници, сточарите, работниците во кланиците, млекарниците и во кожарската индустрија ќе се врши преку систематски здравствени прегледи, во кои се вклучени клиничко-серолошки испитувања на бруцелоза.

Извршители: ЦЈЗ/ПЕ.
Индикатор: Број на здравствени прегледи, број на лабораториски тестирања на професионално експонирани лица.
Рок на извршување: согласно планот на ЦЈЗ, известување квартално

7. За секој случај на заболување од бруцелоза кај добиток или докажување на причинителот во животински продукти, АХВ го известува Институт за јавно здравје на Република Северна Македонија, кој ја препраќа информацијата до надлежниот Институт за јавно здравје на Република Северна Македонија /ПЕ. Истовремено, по добивање на резултатите, надлежната ветеринарна инспекција ја известува епидемиолошката дејност при надлежниот ЦЈЗ/ПЕ, на

територијата каде е регистрирано заболувањето/позитивниот лабораториски наод.

Извршители: ИЈЗ, АХВ, ЦЈЗ/ПЕ и ветеринарна инспекција на локално ниво.
Индикатор: Број на информации за заболени животни/докажан причинител во животински продукти, доставени до ЦЈЗ/ПЕ.
Рок на извршување: 1.1.2020 до 31.12.2020 година

8. Во случај на зголемен број на заболени или појава на епидемија на бруцелоза, Центар за јавно здравје ќе прави епидемиолошки увиди за следење на состојбата на теренот во соработка со Институт за јавно здравје на Република Северна Македонија и ќе предлагаат мерки за спречување на понатамошно ширење/сузбивање на епидемијата кои ги доставуваат до ДСЗИ. За тоа ќе изработуваат информации со предлог мерки и ќе ги доставуваат до Министерството за здравство. АХВ ќе направи увид во епизоотолошката состојба во подрачјето и ќе го извести Институт за јавно здравје на Република Северна Македонија за најдената состојба.

Извршители:ЦЈЗ/ПЕ во соработка со ИЈЗ и ДСЗИ, АХВ.
Индикатор: Број на теренски увиди и доставени информации при епидемии.
Рок на извршување: 1.1.2020 до 31.12.2020 година

9. Микробиолошко - лабораториска дијагностика на бруцелозата кај луѓето ќе се врши во лабораториите на Центрите за јавно здравје за територијата за која се основани и во лабораториите на Институт за јавно здравје на Република Северна Македонија , со користење на следните микробиолошки испитувања: *Brucelacapt* (850) и *BAB* (900). Во вкупниот број тестирања, Институт за јавно здравје на Република Северна Македонија ќе учествува со 150 анализи на *BAB* и 150 анализи на *Brucelacapt.*

Извршители: Микробиолошките лаборатории при ЦЈЗ/ПЕ и ИЈЗ на РСМ.
Индикатор: Извештај за број на направени тестови *(Brucelacapt, BAB).*
Рок на извршување: квартално, до 15 ден по завршување на кварталот

10. Лабораториска конфирмација и верификација на сомнителните и позитивните серолошки наоди во ЦЈЗ/ПЕ ќе се врши во микробиолошката лабораторија на Институт за јавно здравје на Република Северна Македонија, со примена на PCR-дијагностика (50 тестови).

Извршители: Институт за јавно здравје на Република Северна Македонија
Индикатор: Извештај за број на конфирмирани/верифицирани лабораториски наоди.
Рок на извршување: квартално, до 15 ден по завршување на кварталот

11. За својата работа и спроведените активности, ЦЈЗ/ПЕ изготвуваат тромесечни табеларни и годишни табеларни и наративни извештаи за состојбата со бруцелоза на нивното подрачје и преземените мерки и активности. Извештаите ги доставуваат до Институт за јавно здравје на Република Северна Македонија и МЗ.

Извршители: ЦЈЗ/ПЕ.

Индикатор: Број на тромесечни извештаи, Годишен Извештај со епидемиолошки коментар за своето подрачје на покривање.
Рок на извршување: квартално, до 15 ден по завршување на кварталот

12. Епидемиолошката служба при Институт за јавно здравје на Република Северна Македонија, по обработка на индивидуалните пријави за бруцелоза, епидемиолошките анкети и теренските увиди, во текот на годината изготвува периодични информации за состојбата со ова заболување во Републиката, како и годишен извештај за бруцелоза. Информациите и Годишниот извештај, Институт за јавно здравје на Република Северна Македонија го доставува до МЗ, ДСЗИ, Фондот за здравствено осигурување на Република Северна Македонија, Агенцијата за храна и ветеринарство, Националниот соработник за бруцелоза и др. надлежни институции. Институт за јавно здравје на Република Северна Македонија изработува и квартални извештаи за остварените активности во текот на годината од страна на ЦЈЗ/ПЕ, како и за остварените активности од страна на Институт за јавно здравје на Република Северна Македонија, согласно Програмата за бруцелоза и ги доставува до МЗ по истекот на тромесечјето.

Извршители: Институт за јавно здравје на Република Северна Македонија.
Индикатор: Број на изготвени информации, изработен годишен извештај со епидемиолошки коментар и број на квартални извештаи (табеларен приказ) на спроведените активности по ЦЈЗ/ПЕ и за Институт за јавно здравје на Република Северна Македонија .
Рок на извршување: информации периодично, квартални извештаи до 15 ден по истекот на кварталот, годишен извештај до 15 март 2020 година

13. Изготвување на Предлог-програма за спречување и сузбивање на бруцелозата кај населението во Република Северна Македонија во 2020 година.

Извршители: Институтот за јавно здравје на Република Северна Македонија.
Индикатор: Изготвена Предлог Прорама за спречување и сузбивање на бруцелозата кај населението во Република Северна Македонија.
Рок на извршување: 31.10.2020 година

14. Институтот за јавно здравје на Република Северна Македонија ќе дава стручно-методолошка помош од областа на следење и надзор над состојбата со бруцелоза преку теренски увиди – во секој ЦЈЗ (10), односно во оние региони каде се регистрирани поголем број на заболени лица или епидемии на бруцелоза и преку други средства за комуникација со ЦЈЗ/ПЕ и други здравствени установи (web страна, електронска пошта), како и информирање за состојбите со ова заболување кај нас и во светот, за што ќе бидат изработени различни информации, упатства и стручни мислења.

Извршители: Институтот за јавно здравје на Република Северна Македонија.
Индикатор: Број на увиди, изработени информации, препораки, упатства и стручни мислења.
Рок на извршување: континуирано

15. Здравствено воспитување и едукација на населението се врши преку водење на разговори (при теренски посети и анкетирање), потоа по пат на организирани предавања во установи и институции, како и во населбите (ЦЈЗ/ПЕ); преку средствата за јавно информирање, постоечките web-страни (ИЈЗ, ЦЈЗ), при што населението се запознава со природата на болеста, начинот на пренесувањето и заштитата и друго.

Извршители: ЦЈЗ/ПЕ, Институтот за јавно здравје на Република Северна Македонија.
Индикатор: Број на остварени посети на семејства на заболени лица (анкети), број на предавања во различни установи/населби, број на настапи во медиуми, написи и интервјуа во јавни гласила, како и број на информации на интернет.
Рок на извршување: континуирано, извештаи квартално до 15 ден по завршување на кварталот

16. Институт за јавно здравје на Република Северна Македонија и 10-те ЈЗУ Центри за јавно здравје во текот на првиот квартал ќе подготват и испечатат флаери за населението со цел запознавање со природата на болеста, начинот на пренесувањето и заштитата кои ќе бидат дистрибуирани во текот на спроведувањето на здравствено едукативните активности.

Извршители: 10-те ЈЗУ Центри за јавно здравје и Институт за јавно здравје на Република Северна Македонија.
Индикатор: Број на отпечатени флаери и примерок.

Рок на извршување: еден месец по истекот на кварталот

17. Медицински факултет Скопје – Институт за епидемиологија и медицинска биостатистика ќе одржи две акредитирани предавања од областа на интервентна теренска епидемиологија со цел јакнење на капацитетите на епидемиолошките служби.

Извршители: Медицински факултет - Институт за епидемиологија и медицинска биостатистика.
Индикатор: Број на одржани предвања, број на слушатели.
Рок на извршување: 1.1.2020 до 31.12.2020 година

Табела број 1 :Приказ по обем и вид на активности по извршители

ЦЈЗ извршители	анкети	надзори	БАБ тест	Brucella capt.test	PCR	Вк.број предавања во рурални средини и за работници	Регионални семинари	Стручно методолошка помош	Интервентна епидемиологија	Бр.ој на отпечатени брошури
ЦЈЗ Штип	70	80	100	80	0	20	/	/	/	1400
ЦЈЗСкопје	47	47	47	50	0	10	/	/	/	100
ЦЈЗВелес	60	98	100	100	0	20	/	/	/	1400
ЦЈЗПрилеп	50	60	100	80	0	20	/	/	/	1400
ЦЈЗТетово	30	60	80	60	0	20	/	/	/	1400
ЦЈЗСтрумица	50	80	80	50	0	16	/	/	/	1400
ЦЈЗКуманово	50	60	80	50	0	16	/	/	/	1400
ЦЈЗБитола	30	55	80	40	0	16	/	/	/	1400
ЦЈЗОхрид	30	50	80	40	0	16	/	/	/	1400
ЦЈЗКочани	25	35	50	40	0	16	/	/	/	1000
ИЈЗ на РМ	0	0	100	80	50	0	3	10	/	3000
Медицински факултет	/	/	/	/	/	/	3	/	2	0
вкупно	**442**	**625**	**897**	**670**	**50**	**170**	**6**	**10**	**2**	**16.296**

VI.ИЗВРШИТЕЛИ НА ПРОГРАМАТА

Согласно предвидените активности, во извршувањето на оваа програма, ќе бидат вклучени следните институции:

- Институт за јавно здравје на Република Северна Македонија и 10-те ЈЗУ Центри за јавно здравје

- Медицински факултет Скопје - Институт за епидемиологија со медицинска биостатистика

VII.ДОСТАВУВАЊЕ НА ГОДИШНИ ИЗВЕШТАИ И РОКОВИ

Здравствените установи кои се извршители на активностите предвидени во оваа програма доставуваат тромесечни и годишни извештаи за спроведените активности до Министерство за здравство.

ЈЗУ Центри за јавно здравје и нивните подрачни единици, треба да подготват и да достават четири тромесечни и еден годишен извештај за состојбата со бруцелоза на нивното подрачје и преземените мерки и активности за нејзино спречување и сузбивање до Институт за јавно здравје на Република Северна Македонија, во точно определени рокови.

ЈЗУ Центри за јавно здравје доставуваат тромесечни извештаи до Институт за јавно здравје на Република Северна Македонија во рок од седум дена по истекот на тромесечјето.

Институт за јавно здравје на Република Северна Македонија подготвува и доставува квартални/тромесечни извештаи до Министерството за здравство во рок од десет дена по завршувањето на кварталот.

ЈЗУ Центри за јавно здравје годишниот извештај за реализација на активностите од оваа програма го доставуваат до Институт за јавно здравје на Република Северна Македонија најдоцна до 15 јануари 2021 година.Институт за јавно здравје на Република Северна Македонија доставува до Министерството за здравство годишен извештај за реализираните мерки и активности, предвидени со оваа програма најдоцна до 25 јануари 2021 година.

VIII. ПОТРЕБНИ ФИНАНСИСКИ СРЕДСТВА ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА ПРОГРАМАТА

За реализација на програмските активности за испитување на појавата, спречувањето и сузбивањето на бруцелозата кај луѓето за 2020 година, потребни се следните средства:

Број	Назив	Извршители	Количина (вкупно)	Единечна цена	Вкупно износ
1.	Епидемиолошки надзор на терен и истражување	10-теЦЈЗ	625	ден 500,00	ден 312.500,00
2.	Епидемиолошки анкети	10-теЦЈЗ	442	ден 100,00	ден 44.200,00
3.	ВАВ тест	ЦЈЗ и ИЈЗ	897	ден 220,00	ден 197.340,00
4.	Brucella capt.тест	10-те ЦЈЗ и ИЈЗ на РМ	670	ден 900,00	ден 603.000,00
5.	PCR	ИЈЗ на РМ	50	ден 3.500,00	ден 175.000,00
6.	Семинари едукативни	ИЈЗ на РМ и Медицински факултет - Скопје	6	ден 25.000,00	ден 150.000,00
7.	Предавања за население во рурални средини и експонирани работници	10-те ЦЈЗ	170	ден 1.500,00	ден 255.000,00
8.	Стручно методолошка помош	ИЈЗ на РМ	10	ден 5.000,00	ден 50.000,00
9.	Специфична едукација по интервентна епидемиологија	Медицински факултет - Скопје	2	ден 25.000,00	ден 50.000,00
10.	Печатење на флаери	10-те ЦЈЗ и ИЈЗ на РМ	16.296	ден 10,00	ден 162.960,00
	Средства обезбедени од основниот Буџет				ден 1.500.000,00
	Буџет на самофинансирачки активности на Министерството за здравство				ден 500.000,00
ВКУПНО					**2.000.000,00 денари**

Исплатата на средствата по оваа програма ќе се врши квартално од страна на Министерството за здравство, врз основа на доставените фактури и извештаи за реализација на активностите содржани во оваа програма и согласно работниот план.

Фактурирањето ќе се врши по утврдени цени на Фондот за здравствено осигурување на Република Северна Македонија и одобрени програмски цени.

Фактурирањето ќе се врши по утврдените програмски цени, на стандарден образец за фактура, објавен на веб страната на Министерството за здравство со извештај во прилог.

Следење на спроведувањето на оваа програма врши Министерството за здравство и по потреба поднесува извештај до Владата на Република Северна Македонија.

Реализацијата на програмските активности на регионално и локално ниво ја спроведуваат ЈЗУ Центрите за јавно здравје.

Оваа програма ќе се реализира во рамките на обезбедените средства во Буџетот на Република Северна Македонија за 2020 година во висина од **2.000.000,00 денари**, од кои 1.500.000,00 денари од основен буџет и 500.000,00 денари од сопствени средства на Министерството за здравство.

Оваа програма влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“, а ќе почне да се применува од 1 јануари 2020 година.

Бр. 45-10061/1
28 декември 2019 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Северна Македонија,
Зоран Заев, с.р.

4420.

Врз основа на член 16 став 2 и 3 од Законот за здравствената заштита („Службен весник на Република Македонија“ бр.43/12,145/12, 87/13, 164/13, 39/14, 43/14, 132/14, 188/14, 10/15, 61/15, 154/15, 192/15, 17/16, 37/16, 4/19, 20/19, „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.101/19, 153/19 и 180/19) и член 63 точка 7 од Законот за здравственото осигурување („Службен весник на Република Македонија бр.25/00, 96/00, 50/01, 11/02, 31/03,84/05, 37/06, 18/07, 36/07, 82/08, 98/08, 6/09, 67/09, 50/10, 156/10, 53/11, 26/12, 16/13, 91/13, 187/13, 43/14, 44/14, 97/14, 112/14, 113/14, 188/14, 20/15, 61/15, 98/15, 129/15, 150/15,154/15, 192/15, 217/15, 27/16, 37/16, 120/16, 142/16 и 171/17), Владата на Република Северна Македонија, на седницата, одржана на 28 декември 2019 година, донесе

П Р О Г Р А М А
ЗА ПАРТИЦИПАЦИЈА ПРИ КОРИСТЕЊЕТО НА ЗДРАВСТВЕНА ЗАШТИТА НА ОДДЕЛНИ ЗАБОЛУВАЊА НА ГРАЃАНИТЕ И ЗДРАВСТВЕНА ЗАШТИТА НА РОДИЛКИТЕ И ДОЕНЧИЊАТА ВО РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА ЗА 2020 ГОДИНА

Заради обезбедување на здравствена заштита на граѓаните од одделни заболувања, како и заради грижа во чувањето, следењето и унапредувањето на здравјето на родилките и на доенчињата се обезбедуваат средства за партиципација при користењето на здравствените услуги на товар на средствата од Буџетот на Република Северна Македонија, и од сопствени приходи на Министерството за здравство.

За реализација на мерките и активностите предвидени во оваа Програма, се обезбедуваат средства, од Буџетот на Република Северна Македонија и од сопствени приходи на Министерството за здравство, за покривање на партиципацијата при користењето на здравствена заштита на граѓаните на Република Северна Македонија за заболувањата предвидени со оваа програмата.

Со донесувањето на оваа програма, се обезбедуваат средства за партиципација при користењето на здравствената заштита:

1. НА РОДИЛКИТЕ И ДОЕНЧИЊАТА ДО 1 ГОДИШНА ВОЗРАСТ, ЗА СЛЕДНИТЕ ЗДРАВСТВЕНИ УСЛУГИ:

- интрапартална заштита на родилки (неоперативно и оперативно породување);
- специјалистички лекарски прегледи на доенчиња;
- ортопедски лекарски преглед со ЕХО на доенчиња и
- лекување на доенчиња до една година во болнички услови

2. НА ЛИЦАТА КОИ СЕ ЗДРАВСТВЕНО ОСИГУРАНИ, БЕЗ ОГЛЕД НА ВОЗРАСТА, ДОКОЛКУ НЕ СЕ ОПФАТЕНИ СО ДРУГА ПРОГРАМА ИМ СЕ ОБЕЗБЕДУВААТ СРЕДСТВА ЗА ПАРТИЦИПАЦИЈА ПРИ КОРИСТЕЊЕТО НА ЗДРАВСТВЕНА ЗАШТИТА ВО ВРСКА СО ЛЕКУВАЊЕТО НА СЛЕДНИТЕ ЗАБОЛУВАЊА:

1. Ревматска грозница
2. Прогресивни, нервни и мускуларни заболувања;

- Duchenne – ова мускулна дистрофија,
- Паркинсонова болест,
- Миотгонии,
- Митохондриални мниопатии,
- Мијастении,
- Спинални мускулни атрофии,
- Амиотрофична латерална склероза – болести на моторен неврон,
- Хередитарни сензомоторни невропатии;

3. Прогресивна системска склероза (Sclerodermia);
4. Церебрална парализа;
5. Мултиплекс склероза;
6. Цистични фибрози;
7. Епилепсија;
8. Пемфигус и лупус еритематодес;
9. Дислексија, дисграфија и дислалија ;
10. Афонија (Aphonija)
11. Заразни болести :

- ХИВ/СИДА,
- беснило (Lyssa ; Rabies),
- цревен тифус (Typhus abdominalis),
- црвенка (Rubeola),
- детска парализа (Poliomyelitis anteror acuta),
- бруцелоза (Brucellosis)
- дифтерија (Diphtheria),
- дизентерија (Dysenteria bacillaris),
- туберкулоза (Tuberculosis)
- ехинококоза (Echinococcosis),
- заразно воспаление на мозочните обвивки (Meningitis),
- заразно воспаление на мозокот (Encephalitis),
- голема кашлица (Pertussis),
- мали сипаници (Morbilli),
- овчи сипаници (Varicella),
- шарлах (Scarlatina),
- тетанус (Tetanus),
- хепатитис (Hepatitis),
- заушки (Parotitis epidemica),
- салмонелоза (Salmonellosis),
- колера (Cholera asiatica),
- маларија (Malaria),
- карантински заболувања (големи сипаници, вирусни хеморагични трески, чума),
- роговска грозница (Q – treska),

12. Испитувања за време на бременост

- здравствени услуги за бремени жени поврзани со бременоста, на сите нивоа на здравствена заштита.

3. НА БОЛНИ СО ХРОНИЧНА БУБРЕЖНА ИНСУФИЦИЕНЦИЈА И НИВНО ТРЕТИРАЊЕ СО ДИЈАЛИЗА

Основен критериум за започнување на лекувањето со дијализа претставува хроничната бубрежна инсуфициенција во терминален стадиум, односно потполно отсуство на функцијата на бубрезите. Единствен начин на надоместување на функцијата на бубрезите претставува дијализата, процес со кој се врши намалување на деградационите продукти (депурација и елиминација на вишокот на вода) од крвта, со цел овозможување живот на пациентот.

Како модалитети на бубрежна заместителна терапија се користат хемодијализата, перитонеланата дијализа и трансплантацијата на бубрег.

А. Согласно доктринарните ставови на медицинската наука, за успешно лекување на болните со хронична бубрежна инсуфициенција и нивното оспособување за вршење на секојдневните активности, оптимално секој пациент треба да биде три пати неделно третиран со хемодијализа, односно потребни се 156 дијализи за еден пациент годишно. За секоја дијализа потребен е: еден дијализер (се користи еднократно), потрошен материјал, лекови за процесот на дијализа и материјални трошоци. Исто така потребни се и редовни лабораториски анализи и дијагностички испитувања, кои се пропишани со нормите и стандардите за водење на хемодијализата.

Пациентите се лекуваат со хемодијализа (амбулантски) во дијализните центри во Република Северна Македонија и тоа: ЈЗУ ГОБ„8-ми Септември“ Скопје, ЈЗУ Клиника за нефрологија Скопје, ПЗУ Специјална болница за нефрологија и хемодијализа Диамед Скопје, ПЗУ - Центар за дијализа Диамед Македонија и ПЗУ-Центар за дијализа Систина Нефроплус Кавадарци, Завод за нефрологија - Струга.

За пресметување на вкупните средства кои се потребни за партиципацијата за сите пациенти кои се на хемодијализен третман, потребно е да се пресмета просечната цена на чинење на еднократна хемодијализа која варира во зависност од видот на дијализата и здравствената состојба на пациентот.

Вкупните трошоци по пациент на хемодијализа (дневна хемодијализа и трошоци) се 5.400,00 денари.

Со оглед на тоа што годишно за еден пациент потребни се 156 хемодијализи, просечно вкупните трошоци за еден пациент на годишно ниво се 842.400,00 денари. Секоја година бројот на заболени од оваа болест е во пораст.

По ова програма, за болните со хронична бубрежна инсуфициенција и нивно третирање со хемодијализа се признава 1 (еден) денар.

Б. Перитонеалната дијализа претставува модалитет на хронично дијализно лекување кое се изведува во домашни услови. Пациентите се регрутираат, започнуваат со перитонеална дијализа и се следат амбулантски на Клиниката за нефрологија. Постојат два вида на перитонеална дијализа и тоа: Континуирана

амбулаторна перитонеална дијализа (КАПД) и Автоматизирана перитонеална дијализа (АПД).За секоја перитонеална дијализа потребен е потрошен материјал, лекови за процесот на дијализа и материјални трошоци. Исто така потребни се и редовни лабораториски анализи и дијагностички испитувања, кои се пропишани со нормите и стандардите за водење на перитонеалната дијализа. На Клиниката за нефрологија се лекуваат до 30 пациенти годишно.

За пресметување на вкупните средства кои се потребни за партиципацијата за сите пациенти кои се на дијализен третман, потребно е да се пресмета просечната цена на чинење на еднократна дијализа која варира во зависност од видот на дијализата и здравствената состојба на пациентот.

Вкупните трошоци по пациент на дијализа (дневна дијализа и трошоци) се 5.400,00 денари.

Со оглед на тоа што годишно за еден пациент потребни се 156 дијализи, просечно вкупните трошоци за еден пациент на годишно ниво се 842.400,00 денари. Секоја година бројот на заболени од оваа болест е во пораст.

По ова програма, за болните со хронична бубрежна инсуфициенција и нивно третирање со дијализа се признава 1 (еден) денар.

4. МАЛИГНИ ЗАБОЛУВАЊА

Малигните заболувања претставуваат многу сериозен здравствен, социјален и економски проблем заради тежината на заболувањето, должината на лекувањето, долготрајната неспособност за работа како и лошата прогноза. Во Република Северна Македонија, малигните заболувања се на второ место по застапеност веднаш по кардиоваскуларните болести.

Во лекувањето на заболените од малигни болести учествуваат Институтот за онкологија и радиотерапија, Клиниката за хематологија, Клиниката за детски болести, Хируршките клиники и други здравствени установи во Република Северна Македонија. Здравствената заштита се состои од рано откривање и ефикасно лекување на заболените.

Програмата опфаќа лекување на малигните болести со хируршки третман, зрачење, апликација на хемиотерапија (цитостатици), дијагностички процедури поврзани со болеста и сите контролни прегледи поврзани со примарното малигно заболување. Видот и начинот на третманот зависи од природата и стадиумот на болеста.

Со оваа Програма се обезбедуваат средства за партиципација за осигурените лица, а осигурените лица правата од здравствената заштита ги остваруваат врз основа на своето здравствено осигурување.

5. ШЕЌЕРНА БОЛЕСТ - ДИАБЕТЕС МЕЛИТУС

Диабетес мелитус е метаболен синдром на висок шеќер во крвта, како резултат на апсолутен или релативен недостаток на инсулин и/или инсулинска резистенција со пореметен метаболизам на јаглени хидрати, масти и протеини и претставува едно од почестите заболувања во Републиката. Примарно се карактеризира со хипергликемија, како и појава на микроваскуларни (ретинопатија, нефропатија и невропатија) и макроваскуларни компликации (коронарна срцева болест, цереброваскуларна болест и периферна васкуларна болест), со зголемен морталитет и морбидитет и со намален квалитет на живот.

Истовремено се напоменува дека за секој инсулино-зависник пациент потребно е на секои два месеци да се врши по еден специјалистички контролен преглед или годишно шест прегледи по пациент.

6. ХОРМОН ЗА РАСТ

Хормонот за раст се користи кај децата, кај коишто е пореметен процесот на растење пред се заради недостаток на овој хормон, Тарнеровиот синдром,хронична бубрежна инсуфициенција и Прадер Вили синдром. Со неговата употреба се воспоставува рамнотежа на сите функции во организмот.

Во Република Северна Македонија годишно околу 105 деца имаат потреба од хормонска терапија. Вкупната бројка на деца кои примаат хормон за раст се определува врз медицински критериуми. Хормонот за раст се користи за децата кај кои не е завршено затворање на епифизните рскавици.

Децата се третираат на Клиниката за детски болести во Скопје.

За лекување на децата се користат пенкала од 5, 8, 10, 12, 15 mg (Norditropin, Genotropin, Omnitrope i Saizen).

7. ХЕМОФИЛИЈА

Хемофилија А и хемофилија Б се наследни заболувања кои настануваат заради неспособноста на организмот да создава фактори на коагулација VIII или IX во доволни количини. Неспособноста на организмот за создавање на овие фактори предизвикува крварења од микро и макротрауми кои не можат да се сопрат освен со употреба на заместителна терапија, така да доколку овие болни адекватно и навремено не се лекуваат, кај нив можат да настанат сериозни компликации.

Третманот на лицата со хемофилија се врши во Институтот за трансфузиона медицина, Клиниката за детски болести, Клиниките за хируршки болести, Клиниката за хематологија и останатите здравствени установи во Републиката. Европската и светската асоцијација на лицата со хемофилија препорачуваат лекување со концентрати на коагулациски фактор VIII или IX. Употребата на концентрати на коагулациски фактор VIII или IX е неопходна во лекувањето на овие болни заради

минимизирање на ризикот од трансмисија на вируси и поефикасно лекување на болните. Со тоа се намалуваат трошоците за болничко лекување, последиците кај болните во однос на инвалидитет и се зголемува можноста за нивно вклучување во секојдневниот живот.

Покрај активностите на лекувањето на пациентите со хемофилија, потребен е и интегративен и сеопфатен пристап, со цел подобрување на состојбата на пациентите преку рано препознавање и навремено лекување на овие пациенти, едукација на нивните семејства и др. За таа цел Центарот за хемофилија при Институтот за трансфузиона медицина заедно со граѓанските здруженија ги прошири активностите и прерасна во центар за сеопфатна грижа.

Превенција на компликации кај лицата со хемофилија во Република Северна Македонија се спроведува со редовни (6-12 месечни) контролни прегледи и континуирана едукација на медицинскиот персонал и лицата со хемофилија, како и членовите на нивните семејства.

Превентивните прегледи кај лицата со хемофилија се:

- контрола на присуство на вирусни маркери - a-HIV, a-HCV и HBsAg;
- определување на нивото на коагулациските фактори;
- определување на присуство на инхибитори и
- хепатални иследувања.

Потребно е продолжување на континуираната медицинска едукацијата на медицинскиот персонал кој е вработен во Центарот за хемофилија, и зајакнување на соработката помеѓу Центарот за хемофилија и граѓанските здруженија на лицата со хемофилија.

8. ПРЕГЛЕДИ ВО СЛУЖБИ ЗА СПОРТСКА МЕДИЦИНА

Во програмата се планира ослободување од партиципација за основен пакет прегледи во службите за спортска медицина (партиципацијата е 80,00 ден.), за млади лица на возраст од 14-29 години кои ќе се занимаваат со рекреативни спортски активности.

Прегледите ќе се реализираат со упат од матичен лекар, во служби за спортска медицина, и тоа:

1. Здравствен дом Скопје
2. Медицински факултет Скопје
3. Здравствен дом Гостивар
4. Здравствен дом Прилеп
5. Здравствен дом Битола
6. Здравствен дом Струга
7. Здравствен дом Кавадарци
8. Здравствен дом Струмица

Целта на ослободувањето на партиципација на прегледи во служби за спортска медицина е да се подигне свесноста кај младите дека прегледите на

спортска медицина се подеднакво важни за заштита на здравјето како и самата спортска рекреативна активност.

Согласно резултатите од прегледите, младите мора да ги следат препораките на лекарите за тоа кој вид на спортска активност им одговара според здравствената состојба и физичката подготвеност, со цел да ги почувствуваат здравствените придобивки од спортската рекреација.

ПОТРЕБНИ СРЕДСТВА ЗА РЕАЛИЗИРАЊЕ НА ПРОГРАМАТА

1. За здравствена заштита на родилките и доенчиња до 1-на годишна возраст, по точка 1 од оваа програма потребни се средства за:

1. Интрапартална заштита на родилки	
а) неоперативно породување – х 1.250 денари	13.000.000,00
б) оперативно породување-царски рез – х 3.200	17.000.000,00
2. Специјалистички лекарски прегледи на доенчиња до 1 година - х 40 денари	500.000,00
3. Лекарски ортопедски преглед со ЕХО на доенчиња до 1 година – х 40 денари	500.000,00
4. Лекување на доенчиња до една година во болнички услови	4.000.000,00
Вкупно:	**35.000.000,00**

2. За лекување во врска со наведените заболувања од точка 2 на оваа програма, потребни се средства за :

1. Специјалистички лекарски преглед - х 40 денари	1.000.000,00
2. Основни дијагностички испитувања:	
- лабараторија ЛУ 1	300.000,00
- рендген	200.000,00
3. Лекување во болнички услови	3.500.000,00
4. Здравстени услуги за бремени жени поврзани со бременоста, на сите нивоа на здравствена заштита	10.000.000,00
Вкупно:	**15.000.000,00**

3. За болни со хронична бубрежна инсуфициенција и нивно третирање со дијализа од точка 3 на оваа програма потребни се средства за:

1.	Партиципација за осигурени лица кои се третираат со дијализа - х 1,00 денар	170.000,00
	Вкупно:	**170.000,00**

4. За малигни заболувања од точка 4 од оваа програма, потребни се средства за:

1.	Партиципација за осигурени лица (лекување и контролни прегледи) - x 6000,00 денари максимум	40.000.000,00
	Вкупно:	**40.000.000,00**

5. За шеќерна болест – диабетес мелитус од точка 5 на оваа програма, потребни се средства за:

1.	Партиципација за специјалистички контролни прегледи x 40 денари	300.000,00
	Вкупно:	**300.000,00**

6. За хормон за раст од точка 6 од оваа програма потребни се средства за:

1.	Партиципација за осигурени 105 лица	630.000,00
	Вкупно:	**630.000,00**

7. За хемофилија од точка 7 од оваа програма, потребни се средства за:

1.	Партиципација за осигурени лица x 5.960,00 денари	3.000.000,00
2.	За секундарна и терцијарна превенција на хемофилија	800.000,00
	Вкупно годишно за хемофилијата се потребни	**3.800.000,00**

8. За прегледи во служби за спортска медицина од точка 8 од оваа програма потребни се средства за:

1.	Партиципација за прегледи во служби за спортска медицина (за млади лица од 14-29 години) x 80,00 денари	100.000,00
	Вкупно:	**100.000,00**

За точките 1, 2, 3, 4, 5, 6, 7 и 8 од оваа програма потребни се вкупно 95.000.000,00 денари од Буџетот на Република Северна Македонија за 2020 година, и тоа: 25.000.000,00 денари од основниот Буџет и 70.000.000,00 денари од Буџетот на самофинансирачки активности на Министерството за здравство.

Вкупно потребни средства за реализирање на оваа програма се 95.000.000,00 **денари** за партиципација на осигурените лица во врска со лекувањето на одделни заболувања, породувањата и здравствената заштита на доенчињата.

Средствата предвидени за партиципација во оваа програма, Министерството за здравство ги дозначува до јавните здравствени установи согласно планираните средства утврдени во табелите поединечно по основ на сите услуги на здравствена заштита врз основа на фактички документирана евиденција за ослободување од партиципација на корисниците на здравствените услуги за основите наведени во оваа програма.

Во програмата предвидени се средства за неизмирени обврски од 2018 и 2019 година, средства кои ќе се измират согласно обезбедените средства за реализација на програмата.

Здравствените установи имаат обврска најдоцна до 25 јануари 2021 година да достават до Министерството за здравство извештаи за реализацијата на средствата и наменското користење на истите .

Оваа програма влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија", а ќе почне да се применува од 1 јануари 2020 година.

Бр. 45-10243/1
28 декември 2019 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Северна Македонија,
Зоран Заев, с.р.

СЛУЖБЕН ВЕСНИК
на Република Северна Македонија

www.slvesnik.com.mk contact@slvesnik.com.mk

Издавач: ЈП СЛУЖБЕН ВЕСНИК НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА, ц.о. – Скопје
бул. „Партизански одреди" бр. 29. Поштенски фах 51.
Директор и одговорен уредник – Мартин Костовски
телефон: +389-2-55 12 400
телефакс: +389-2-55 12 401

Претплатата за 2019 година изнесува 10.100 денари.
„Службен весник на Република Северна Македонија" излегува по потреба.
Рок за рекламации: 15 дена.
Жиро-сметка: 300000000188798.
Депонент на Комерцијална банка, АД – Скопје.
Печат: Печатница ЕВРОПА 92 ДООЕЛ, Кочани.

ISSN 0354-1622
2019277